# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број** 222 | 17 **септември** 2020 **година** | **година** LXXV

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk



**Стр.**

2769. **Уредба** за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*)........................................................................................................ **2**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2769.**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 септември 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА(*)

Член 1

(1) Со оваа уредба се врши распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија.

(*)Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр.32001R0292, 32001R0306, 32001R0645, 32001R1200, 32001R2064, 32002R0141, 32002R0142, 32002R0763, 32002R0849, 32002R1017, 32002R1380, 32003R0055, 32003R0218, 32003R1020, 32003R1021, 32003R1224, 32003R1887, 32004R0231, 32004R0728, 32004R0926, 32004R1989, 32005R0223, 32005R0266, 32005R0635, 32005R1139, 32005R1196, 32005R1966, 32005R1967, 32005R2127, 32006R0227, 32006R0242, 32006R0338, 32006R0437, 32006R0600, 32006R0739, 32006R0781, 32006R1114, 32007R0160, 32007R0161, 32007R0166, 32007R0324, 32007R0377, 32007R0438, 32007R0455, 32007R0651, 32007R0652, 32007R0901, 32007R0902, 32007R0903, 32007R0904, 32007R1178, 32007R1231, 32007R1417, 32007R1439, 32007R1440, 32007R1452, 32008R0119, 32008R0155, 32008R0323, 32008R0334, 32008R0457, 32008R0724, 32008R0725, 32008R0833, 32008R1141, 32008R1142, 32008R1143, 32008R01156, 32008R1172, 32009R0051, 32009R0056, 32009R0446, 32009R0447, 32009R0198, 32009R0295, 32009R0299, 32009R0349, 32009R0475, 32009R0476, 32009R0477, 32009R0594, 32009R0609, 32009R0674, 32009R0717, 32009R0718, 32009R0872, 32009R0895, 32009R1051, 32010R0042, 32010R0109, 32010R0152, 32010R0153, 32010R0309, 32010R0310, 32010R0336, 32010R0380, 32010R0455, 32010R0465, 32010R0692, 32010R0716, 32010R0727, 32010R0731, 32010R0732, 32010R1065, 32010R1067, 32010R1076, 32010R1155, 32011R0111, 32011R0112, 32011R0113, 32011R0312, 32011R0313, 32011R0314, 32011R0315, 32011R0316, 32011R0428, 32011R0447, 32011R0497, 32011R0756, 32011R0757, 32011R0761, 32011R0762, 32011R0763, 32011R0772, 32011R0773, 32011R0774, 32011R0775, 32011R0776, 32011R0825, 32011R0826, 32011R0873, 32011R0874, 32011R0875, 32011R0884, 32011R1195, 32011R1196, 32011R1200, 32011R1201, 32011R1202, 32011R1203, 32011R1204, 32011R1247, 32011R1248, 32011R1249, 32011R1271, 32011R1272, 32011R1303, 32012R0074, 32012R0103, 32012R0104, 32012R0105, 32012R0106, 32012R0144, 32012R0145, 32012R0146, 32012R0211, 32012R0297, 32012R0298, 32012R0299, 32012R0300, 32012R0301, 32012R0399, 32012R0400, 32012R0401, 32012R0455, 32012R0491, 32012R0553, 32012R0554, 32012R0696, 32012R0697, 32012R0698, 32012R0714, 32012R0715, 32012R0726, 32012R0727, 32012R0749, 32012R0750, 32012R0894, 32012R1089, 32012R1108, 32012R1109, 32012R1110, 32012R1111, 32012R1112, 32012R1114, 32012R1123, 32012R1124, 32012R1125, 32012R1126, 32012R1127, 32012R1128, 32012R1129, 32012R1130, 32012R1144, 32012R1145, 32012R1170, 32012R1171, 32012R1172. 32013R0041, 32013R0042, 32013R0043, 32013R0069, 32013R0070, 32013R0273, 32013R0274, 32013R0275, 32013R0276, 32013R0277, 32013R0278, 32013R0279, 32013R0327, 32013R0384, 32013R0385, 32013R0386, 32013R0387, 32013R0442, 32013R0443, 32013R0535, 32013R0540, 32013R0615, 32013R0616, 32013R0641, 32013R0671, 32013R0699, 32013R0704, 32013R0705, 32013R0706, 32013R0707, 32013R0708, 32013R0709, 32013R0710, 32013R0711, 32013R0722, 32013R0728, 32013R0729, 32013R0766, 32013R0863, 32013R1156, 32013R1212, 32013R1405, 32014R0111, 32014R0112, 32014R0114, 32014R0115, 32014R0197, 32014R0198, 32014R0199, 32014R0310, 32014R0311, 32014R0336, 32014R0337, 32014R0349, 32014R0350, 32014R0453, 32014R0455, 32014R0456, 32014R0457, 32014R0458, 32014R0459, 32014R0550, 32014R0646, 32014R0647, 32014R0757, 32014R0758, 32014R0759, 32014R0760, 32014R0761, 32014R0764, 32014R0765, 32014R0766, 32014R0767, 32014R0858, 32014R0859, 32014R0860, 32014R0873, 32014R0874, 32014R0875, 32014R0877, 32014R0972, 32014R0973, 32014R1034, 32014R1035, 32014R1036, 32014R1037, 32014R1038, 32014R1213, 32014R1214, 32014R1215, 32014R1216, 32014R1217, 32015R0020, 32015R0021, 32015R0022, 32015R0023, 32015R0181, 32015R0184, 32015R0185, 32015R0221, 32015R0352, 32015R0386, 32015R0387, 32015R0388, 32015R0676, 32015R0677, 32015R0712, 32015R0803, 32015R0804, 32015R0805, 32015R1384, 32015R1385, 32015R1721, 32015R1722, 32015R1723, 32015R1785, 32015R1799, 32015R1800, 32015R2253, 32015R2254, 32015R2255, 32015R2315, 32015R2316, 32015R2317, 32015R2318, 32015R2319, 32015R2320, 32015R2321, 32015R2351, 32015R2455, 32016R0137, 32016R0283, 32016R0302, 32016R0613, 32016R0614, 32016R0615, 32016R0663, 32016R0664, 32016R0665, 32016R0666, 32016R0933, 32016R0934, 32016R0935, 32016R0936, 32016R0996, 32016R1140, 32016R1211, 32016R1320, 32016R1321, 32016R1354, 32016R1645, 32016R1758, 32016R1759, 32016R1760, 32016R1761, 32016R1957, 32016R1958, 32016R1962, 32016R2033, 32016R2221, 32016R2223, 32016R2224, 32016R2225, 32017R0181, 32017R0182, 32017R0183, 32017R0200, 32017R0209, 32017R0226, 32017R0268, 32017R0285, 32017R0635, 32017R01636, 32017R0960, 32017R1166, 32017R1167, 32017R1168, 32017R1169, 32017R1170, 32017R1233, 32017R1234, 32017R1267, 32017R1268, 32017R1465, 32017R1476, 32017R1971, 32017R1983, 32017R2157, 32017R2244, 32017R2245, 32017R2246, 32017R2247, 32017R2248, 32018R0077, 32018R0081, 32018R0220, 32018R0267, 32018R0407, 32018R0553, 32018R0603, 32018R0787, 32018R0837, 32018R0838, 32018R1207, 32018R1208, 32018R1209, 32018R1243, 32018R1489, 32018R1530, 32018R1531, 32018R1785, 32018R1864, 32018R2041, 32019R0321, 32019R0612, 32019R0613, 32019R0643, 32019R0644, 32019R0645, 32019R0646, 32019R0647, 32019R0705, 32019R0822, 32019R0823, 32019R0830, 32019R0921, 32019R0922, 32019R0923, 32019R0924, 32019R0925, 32019R0926, 32019R0927, 32019R0928, 32019R1082, 32019R1404, 32019R1661, 32019R1811, 32019R1812, 32020R0186 и 32020R0191.

(2) Стоките кои се распоредуваат во Комбинираната номенклатура се дадени во Прилозите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 146, 147, 148, 149, 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162, 163, 164, 165, 166, 167, 168, 169, 170, 171, 172, 173, 174, 175, 176, 177, 178, 179, 180, 181, 182, 183, 184, 185, 186, 187, 188, 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195, 196, 197, 198, 199, 200, 201, 202, 203, 204, 205, 206, 207, 208, 209, 210, 211, 212, 213, 214, 215, 216, 217, 218, 219, 220, 221, 222, 223, 224, 225, 226, 227, 228, 229, 230, 231, 232, 233, 234, 235, 236, 237, 238, 239, 240, 241, 242, 243, 244, 245, 246, 247, 248, 249, 250, 251, 252, 253, 254, 255, 256, 257, 258, 259, 260, 261, 262, 263, 264, 265, 266, 267, 268, 269, 270, 271, 272, 273, 274, 275, 276, 277, 278, 279, 280, 281, 282, 283, 284, 285, 286, 287, 288, 289, 290, 291, 292, 293, 294, 295, 296, 297, 298, 299, 300, 301, 302, 303, 304, 305, 306, 307, 308, 309, 310, 311, 312, 313, 314, 315, 316, 317, 318, 319, 320, 321, 322, 323, 324, 325, 326, 327, 328, 329, 330, 331, 332, 333, 334, 335, 336, 337, 338, 339, 340, 341, 342, 343, 344, 345, 346, 347, 348, 349, 350, 351, 352, 353, 354,355, 356, 357, 358, 359, 360, 361, 362, 363, 364, 365, 366, 367, 368, 369, 370, 371, 372, 373, 374, 375, 376, 377, 378, 379, 380, 381, 382, 383, 384, 385, 386, 387, 388, 389, 390, 391, 392, 393, 394, 395, 396, 397, 398, 399, 400, 401, 402, 403, 404, 405, 406, 407, 408, 409, 410, 411, 412, 413, 414, 415, 416, 417, 418, 419, 420, 421, 422, 423, 424, 425, 426, 427, 428, 429, 430, 431, 432, 433, 434, 435 , 436,437 и 438 кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Задолжителните тарифни информации издадени од Царинската управа кои не се во согласност со оваа уредба се применуваат најдоцна во период од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/14, 65/14, 113/14, 157/14, 17/15, 67/15, 126/15, 177/15, 2/16, 68/16, 133/16, 202/16, 22/17, 48/17, 162/17, 189/17, 44/18, 99/18, 157/18, 201/18, 234/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 45/19, 118/19, 201/19 и 277/19).

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-7644/1
14 септември 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**Прилог 1**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.292/2001** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Папучи собни изработени од текстил (фротирски материјал) горниште и надворешна влошка од пластика со централен дел покриен со тенок слој од текстил. На овој текстил кој покрива 58% од надворешната влошка, има испакнати ПВЦ точки.<br><br>**603 A**<br><br>**603 B** | 6404 19 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 (б) од Глава 64 дополнителна забелешка 2 од Глава 64 и наименованијата на тар.број 6404, 6404 19 и 6404 19 10.<br><br>Карактеристиките на слојот од текстилн материјал во ѓонот се смета како пластична влошка. Слојот од текстилниот материјал нема својства на издржливост и/или јакост која обично се бара за нормална употреба на ѓонот. Оттука ваквата стока се распоредува во тар. број 6405. |

Прилог 2

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.306/2001 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Печурки (од видот Агарицус) целосно готвени (инверзибилна инхибиција на полифенолната оксидазна активност). Конзервирани во солило (15 до 25% по маса сол) со додаден оцет или оцетна киселина, со слободно испарлива сорджина на киселина од 0,5 % по маса или повеќе, изразена како оцетна киселина. | 2003 10 30 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 1 од Глава 20 и наименованија за тар.број 2003, 2003 10 и 2003 10 30.<br><br>Производот е целосно готвен и не може да се распореди во Глава 7, затоа што содржината на сол надминува 2,5% по маса, производот е исклучен од тар. подброј 2001 90 50 со примена на Дополнителната забелешка 1 од Глава 20.<br>Понатаму, производот не може да се смета како привремено конзервирани печурки од тар. Подброј 2003 10 20 заради високата содржина на сол, оцетната киселина и процесот на готвење кој го прави производот погоден за долготрајно чување. |
| 1. Производ познат како лимон чај во форма на прав, за подготвување на чај, со следен композициски состав (проценти по маса):<br>- шеќер 90,1<br>- чај екстрат 2,5<br>и мали количини на малтодекстрин, лимонска киселина, лимон арома и агенс против згрутчување.<br>Производот е наменет да се консумира како пијалок после мешање со вода. | 2101 20 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованија за тар.број 2101, 2101 20 и 2101 20 92.<br>Производот се смета како препарат на база на чај екстрат со додаден шеќер во согласност со Коментарот на ХС за тар. Број 2101, прв параграф, точка 3. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Течен производ за приготвување чај со следен аналитички композициски состав (проценти по маса):<br>шеќер: 58,1<br>(94% пресметано на сува материја)<br>-вода: 38,8<br>-чај екстрат: 2,2<br>-трисодиум цитрат 0,9<br><br>Производот е наменет за комзумација како пијалок после мешање со вода | 2101 20 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованија за тар.број 2101. 2101 20 и 2101 20 92.<br>Производот се смета како препарат на база на чај екстрат со додаден шеќер во согласност со Коментарот на ХС за тар. Број 2101, прв параграф, точка 3. |
| 3. Течен ферментиран производ со следен аналитички композициски состав (проценти по маса):<br>вода: 81<br>-сахароза: 15<br>-лактоза: 1,5<br>-протеин: 1,2<br>-млечна киселина: 0,6<br>-декстроза: 0,4<br>-вкупни маснотии: 0,1<br>и мали количини на ароми.<br>Производот, е приготвен во 65-мл шишенце, и се користи директно како пијалок. | 2202 90 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованија за тар.број 2202, 2202 90 и 2202 90 91.<br><br>Поради малата количина на природни млечни конституенети и високата содржина на вода, производот не може да се смета како производ од Глава 4. Како погоден за директна конзумација, производот е опфатен со тар. број 2202. |

Прилог 3

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.645/2001 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Мешаница од ензими стабилизирана на носач (пченично брашно), со содржина по грам 2 500 единици од цsлaнce и 800 единици од протеаза, во форма на гранули.<br><br>Производот може да се употребува меѓудругото, како адитив во храна на животни (во однос на приближно 1 спрема 1000) на начин заради подобрување на нутритивната ефикасност на храната правејќи ја истата многу полесна за варење. | 3507 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 3507, 3507 90 и 3507 90 90.<br><br>Производот е распореден на база на активните супстанци кои ги содржи. Ензимите како протеински супстанцинод Глава 35 се исклучени од тар. Број 2309 (види Коментар на ХС за тар.број 2309, исклучување (ж).<br><br>Носачот се користи заради неговите својства, кој овозможува да ја абсорбира количината на ензимите и да ги стабилизира на висока температура и нема нутритивни својства. |

Прилог 4

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1200/2001 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цинк во форма на топчиња до дијаметар од приближно 5 цм, со содржина по маса од помалку од 98,5% цинк, со груба површина. | 7901 12 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 7901, 7901 12 и 7901 12 90.<br>Недостатокот на особини за идентификација како аноди, како и да бидат снабдени со куки или припремени како куки или со други особини, го исклучува распоредувањето во 7907 (види Коментар за ХС за тар. Број 7907, став 9). |
| Цинк во форма на парчиња од 2 до 2,5 см во должина, со содржина по маса од 97,5 % или повеќе но помалку од 98,5% цинк, со неправилна површина на прелом, направени со сешење на плочи, цевки или профили. | 7901 12 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 7901, 7901 12 и 7901 12 90.<br>Недостатокот на особини за идентификација како аноди, како и да бидат снабдени со куки или припремени како куки или со други особини, го исклучува распоредувањето во 7907 (види Коментар за ХС за тар. Број 7907, став 9). |

Прилог 5

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2064/2001** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Долго облекло (со должина на грбот околу 128 см), еднобојна, тенка, лесна, транспарентна ткаенина од синтетички влакна (100% полиестер).<br>Облеклото има јака со ревери и долги тесни ракави, отворено од предната страна, со копчиња десно и лево од струкот. Ткаенината е извртена и сошиена така да формира прав пораб и манжети.<br>Ова облекло е составено од три панели (две од предната страна и еден од задната страна) сошиени заедно по должина, има два раба на грбот од рамената према струкот и други два на предната страна од градите према стомакот.<br>(друго облекло)<br>(фотографија)<br> | 6211 43 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 1 од Глава 54 и забелешки 1 и 8 од Глава 64, и со наименуванија за тар.број 6211, 6211 43, 6211 43 90.<br>Тенкиот лесен и транспарентен материјал не нуди заштита од времето , со што е исклучено распоредувањето како капут од тарифен број 6202.<br>Види коментар на ХС за тарифен број 6101.<br>Без оглед на должината, облеклото не може да се носи без друго облекло кое би го поривало горниот дел од телото затоа што нема копчиња под струкот. Истото не е фустан.<br>Види истотака Коментар на ХС за тарифните подброеви 6104 41 00 и 6104 49 00.<br>Поради должината на облеклото која достигнува до под колена, распоредувањето како кошула/блуза во тарифен број 6206 е исклучено.<br>Види истотака Коментар на ХС за тарифен број 6106. |

**Прилог 6**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.141/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Мрежесто стаклен сад на три стаклени ногарки, со висина од приближно 9 см, на горната површина со кружен отвор со дијаметар приближно од 7,5 см. Во садот може да биде ставена свеќа.<br>Во прилог фотографија (А) | 7013 99 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 7013, 7013 99 00.<br><br>Садот не е направен за да ја придржи свеќата во фиксирана положба, поради што нема карактеристики на свеќник од тарифен број 9405. |
| 2. Три производа, спакувани во картонска кутија како сте наменет за малопродажба, кој се состои од:<br>- сад од безбојно стакло, о височина од приближно 15 см, со кружен отвор на горната површина со дијаметар од приближно 11см,<br>- цилиндрична свеќа со височина приближно од 4,5 см и дијаметар приближно 5см.<br>- приближно 150 грама фин песок ставен во пластична кеса.<br>Свеќата треба да се стави во песокот на дното од садот.<br>Во прилог фотографија (В).<br> | 7013 99 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 7013 и 7013 99 00.<br><br>Трите елементи го исполнуваат условот за распоредување на производот како сет. Стаклениот сад е елементот кој му дава битен карактер на сетот.<br>Садот не е направен за да ја држи свеќата фиксирана, заради тоа нема карактеристики на свеќник од тарифен број 9405. |

| | | |
|---|---|---|
|   в | | |

Прилог 7

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.142/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Мешавина од етил алкохол (88.5 %), етил ацетат (5%) и вода.<br>Етил ацетатот кој е додаден во мешавината, се смета како денатурант. | 2207 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименувания за тар.број 2207 и 2207 20 00.<br><br>Додадениот етил ацетат го прави производот непогоден за човечка употреба и е употреблив само за индустриски цели. Тој претставува денатуриран аклохол од тарифен број 2207. |
| 2. Мешавина од етил алкохол (90 %), етил ацетат (5%) и алдехиди, виши алкохоли и вода.<br>Етил ацетатот кој е додаден во мешавината, се смета како денатурант. | 2207 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименувания за тар.број 2207 и 2207 20 00.<br><br>Додадениот етил ацетат го прави производот непогоден за човечка употреба и е употреблив само за индустриски цели. Тој претставува денатуриран аклохол од тарифен број 2207. |
| 3. Мешавина од етил алкохол (78,2%), изопропанол (12,4%), н-пропанол (8,1%) и мали количини од други органски продукти.<br>Оваа мешавина е нус производ при производство на бензин. | 3814 00 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименувања за тар.број 3814, 3814 00 и 3814 00 90.<br><br>Поради количините на изопропанолот и н-пропанол присутни во мешаницата производот има карактеристики на органски растворувач од тарифен број 3814 и ги нема особините на етил алкохол од Глава 22. |

Прилог 8

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.763/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цевка за наводнување, капка по капка, направена од тенки свитливи пластични ленти превиткани по должината. Двата краја се опфатени и споени заедно за да формираат рамна перфорирана цевка. | 3917 32 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 кон Глава 39 и со наименуванија за тар.број 3917, 3917 32 и 3917 32 99.<br>Распоредувањето е извршено според материјалот од кој е направен производот. Производот е цевка направена од пластика.<br>Врз основа на Забелешка 8 од Глава 39 ќе се распореди во тарифен број 3917. Неможе да се смета за систем за наводнување од тарифен број 8424 или како дел од него. |

Прилог 9

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.849/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Обувки со надворешна долна страна и горниште од пластика, со долна страна и пета кои заедно имаат висина помала од 3 см.<br>Единечно парче од материјалот е употребено да формира долен дел и дел од горништето (издигнати странични парчиња).<br>Другиот дел од горништето се состои од пластичен каиш кој оди преку стапалото и е поврзан со помош на четири хоризонтални клинови со гореспоменатите странични делови.<br>(Види фотографија 621) (*)<br><br> | 6402 99 39 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 6402, 6402 99 и 6402 99 39.<br>Горништето на обувката се смета за делот кој го покрива страничниот дел и горниот дел на стапалото. Погледни ги Коментарските објаснувања кон Глава 64, Општо (Г).<br>Бидејќи клиновите не се прикачени на делот од обувките кои го формираат горништето, овие обувки не можат да се распоредат во тарифен број 6402 20 00. |

Прилог 10

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1017/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Тенок плетен бришач од 100% полиестер со приближни мерки од 21см x 21см. Сите четири коишња се топлотно залепени. (крпа за чистење)  | 6307 10 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (в) кон оддел XI, Забелешка 1 кон Глава 63 и со наименуванија за тар.број 6307, 6307 10 и 6307 10 10. Со оглед дека коишњата се топлотно залепени, производот се смета за готов производ. Погледнете ги Коментарските забелешки кон Одделот XI Општо (II), в готови конфекционирани производи, точка 3. Погледнете ги Коментарските забелешки кон тарифен број 6307, точка 1. |
| 2. Ткаена ѕвезда петокрака, која содржи метализирани и други конци, исполнета со синтетички материјал и со приближни мерки од 8см x 8см. Има петелка за закачување направена од метализиран конец на еден од краевите. (Друг готов производ за декорација)  | 6307 90 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (а) и (д) кон Оддел XI, Забелешка 1 кон Глава 63 и со наименуванија за тар.број 6307, 6307 90 и 6307 90 99. Ако го земеме во предвид генералниот изгледот на производот тој може да се употребува преку целата година, а не специјално или само како новогодишен украс. Распоредувањето во тарифен број 9505 е поради тоа исклучено. |

**Прилог 11**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1380/2002 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Течен производ кој се состои од лимунов сок, додадена линумска киселина (7,6% на цела тежина) и конзерванси, наменети за малопродажба во пластични шишиња (на пр. 100 мл) со капалка. Капалката содржи лимуново есенцијално масло. Производот се употребува за да и даде на храната и пијалоците кисел вкус. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 2106, 2106 90 и 2106 90 92.<br>Производот не може да се распореди во тарифен број 2009, бидејќи поради додатокот на лимонска киселина, тој го има изгубено карактерот на овошен сок (види Коментарски објаснувања на Хармонизираниот систем кан тарифен број 2009, тема (4)).<br>Земајќи го во предвид составот, производот не може да се смета за мешан сос или мешан зачин од тарифен број 2103 (Коментарски објаснувања кон тарифен број 2103). |
| 2. Маслена намаз паста, со следен состав (тежински проценти):<br>- вода 23,3<br>- доматно пире 17,7<br>- сирење 15,4<br>- салама 11,3<br>- домати во прав 9,6<br>- путер 6,0<br>- јогурт 3,6<br>- препарат од лук 2,8<br>- слатка сурутка во прав 2,4<br>- готварска сол 2,3<br>- мирудија 1,3<br>- маслиново масло 1,2<br>и мали количини емулзивен сол, шеќер, бибер, оригано, магдонос, арома, лецитин и калиум сорбат.<br>Препаратот е меѓупроизвод кој се користи во прехрамбената индустрија. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и со наименуванија за тар.број 2106, 2106 90 и 2106 90 98.<br><br>Производот не се смета како сос или мешан сос, бидејќи е меѓупроизвод кој не се додава кон храната за време на готвењето или при сервирање. Ниту пак се смета, согласно тарифен број 2103, како препарат кој се користи како арома на одредени јадења (Коментарски објаснувања кон Глава 2103 дел (А)). |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Заситен раствор на есенцијални масла во етил алкохол (60% волуменски) кој содржи приближно 3 грама на есенцијално масло од портокал на литар, кој се употребува како суровина во прехрамбената индустрија (на пр. пецива, чоколада). | 3302 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Глава 33 како и со наименувањата за тар.број 3302, 3302 10 и 3302 10 90.<br>Поради високот присуство на есенцијалните масла, производот не може да се употребува како пијалок. Ниту пак е наменет за производство на пијалоци, на пример со едноставно растворање во вода (Коментарски објаснувања кон тарифен број 3302). |

Прилог 12

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.55/2003 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Готово јадење, сочинето од следниве две компоненти, посебно спакувани, и подготвени за малопродажба како сет:<br>(а) полуприготвен ориз (150г.) и<br>(б) кари (200 г) составено од кокосово млеко (72%), пилешко месо (20%), мешаниа од зачини (7%), лист лимон (0,5%) и екстрат (анцховиес) (0,5%). | 1904 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 1904, 1904 90 и 1904 90 10.<br>Производот е подготвен за малопродажба согласно Основно правило 3 (б). Суштински карактер се смета дека има оризот (тарифен број 1904). |
| 2. Готово јадење, сочинето од следниве две компоненти, посебно спакувани, и подготвени за малопродажба како сет:<br>(а) полуприготвен ориз (150г.) и<br>(б) кари (200 г) составено од кокосово млеко (65%), пилешко месо (14%), мешаниа од зачини (13,2%), лист лимон (0,5%) и екстрат (анцховиес) (0,5%). | 1904 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 1904, 1904 90 и 1904 90 10.<br>Производот е подготвен за малопродажба согласно Основно правило 3 (б). Суштински карактер се смета дека има оризот (тарифен број 1904). |
| 3. Готово јадење, сочинето од следниве две компоненти, посебно спакувани, и подготвени за малопродажба како сет:<br>(а) полуприготвен ориз (150г.) и<br>(б) кари (200 г) составено од кокосово млеко (65,4%), пилешко месо (15,5%), компири (10%), мешаниа од зачини (7,1%), и екстрат (анцховиес) (2%). | 1904 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 1904, 1904 90 и 1904 90 10.<br>Производот е подготвен за малопродажба согласно Основно правило 3 (б). Суштински карактер се смета дека има оризот (тарифен број 1904). |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Готово јадење, сочинето од следниве две компоненти, посебно спакувани, и подготвени за малопродажба како сет:<br>(а) полуприготвен ориз (150г.) и<br>(б) кари (200 г) составено од кокосово млеко (50%), говедско месо (20%), компири (15%), мешавина од зачини (7%), орев јатки (3%), екстрат (анцховиес) (0,5%) и лук (2%). | 1904 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименувања за тар.број 1904, 1904 90 и 1904 90 10.<br>Производот е подготвен за малопродажба согласно Основно правило 3 (б). Суштински карактер се смета дека има оризот (тарифен број 1904). |
| 5. Производот е во форма на прав со следен состав (процентите се по маса):<br>- протеини 92<br>- колаген 65<br>- влага 4<br>- пепел (550Ц) 4<br>Производот кој е растворлив во вода, е добиен од коски со хидролиза. Се користи како врзиво за вода пример во месни производи. | 3504 00 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименувања за тар.број 3504 и тарифен подброј 3504 00 00.<br>Земајќи во предвид дека производот е добиен од коски и неговиот состав, истиот не може да се смета како екстракт од месо од тарифен број 1603. Не може да се смета ниту во поглед на колагенот и содржината на пепел, како желатин од тарифен број 3503.<br>Како резултат на високата содржина на протеин, производот има карактеристики на протеински изолат од тарифен број 3504. |

Прилог 13

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.218/2003 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Замрзнати полупровидни листови од тесто (20 x20 см), направени од пченично брашно, вода, растително масло и сол и подложени на загревање, третман на 90Ц за 15 секунди. Производот содржи 52,5% по маса скроб/глукоза и помалку од 4% по маса шекер.<br>Овие листови се користат директно после одмрзнувањето за подготвување на кифли, кои понатаму се готват пред да се конзумираат. | 1905 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 1905, 1905 90 и 1905 90 90.<br>Од третманот со загревање скробот главно е желатиниран. Оттука производот се смета како делумно готвен, и е исклучен од тарифен број 1901 (види Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 1901, дел 2, исклучување (г)). |

Прилог 14

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1020/2003 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Еднобојна навлака, погодна за машинско перење (димензии 73 x 42 см), направена од повеќеслоен прошиен текстилен производ, надворешниот слој е од ткаенина (65% полиестер, 25% памук и 10% полипропилен), средниот слој од полнењето и внатрешниот слој од еднобоен неткаен материјал (100% полипропилен). Навлаката е со патент од каде се става перницата.<br>(навлака за перница)<br><br>(види фотографија бр. 627) | 6302 32 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (А) и 7 од Оддел 11, забелешка за тарифен подброј 2(А) од Оддел 11, забелешка 1 од Глава 63 и со наименувања за тар.број 6302, 6302 32 и 6302 32 90.<br>Повеќеслојниот прошиен текстил е направен од производ од тарифен број 5811. Види Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 5811.<br>Овој производ се смета како рубелина за постела согласно наименуванието за тарифен број 6302. Види Коментар на ХС за тарифен број 6302 (1) кој ги вклучува навлаките за перници во тарифен број 6302.<br>Распоредувањето во тарифен број 9404 (предмети на постелнина) е исклучено, од причина што овој производ не е полнет ниту внатрешно снабден со друг материјал. Види Коментар на ХС за тарифен број 9404 (Б). Коментарот на ХС за 9404 (д) ги исклучува навлаките за перници и ги упатува во тарифен број 6302. |

**Прилог 15**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1021/2003 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на дискови (со димензии 4,5 см во дијаметар и 1 см дебелина), направени од експандиран ориз, еднострано покриен со тенок слој од темно браон глазура од шеќер, со дебелина не поголема од 0,5 мм и содржина помалку од 0,4% какао.<br>Производот исто така содржи шеќер, растителни масноти, обезмастено млеко и полу обезмастено млеко во прав, сурутка во прав, рогач во прав, соја лецитин, и материи за арома и боја. Подготвено за малопродажба.<br><br>(види фотографија) | 1904 10 30 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 18, Забелешка 3 од Глава 19 и со наименуванија за тар.број 1904, 1904 10 и 1904 10 30.<br>Производот, со примена на Забелешка 3 од Глава 19, помалку од 6% по маса какао пресметано на целосно обезмастена основа (види Коментар на ХС за Глава 19).<br>Производот не може да се смета со примена на Забелешката 3 од Глава 19 како препарат привлечен со чоколадо од тарифен број 1806 (види Коментар на ХС за Глава 18 исклучување (г)).<br>Се додека производот е добиен со бабрење или пржење на житарици, тој не може да биде опфатен во друг тарифен број од Номенклатурата, истиот се среќава во наименувањето за тарифен број 1904 (види Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 1904 Дел (А)). |

**Прилог 16**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1224/2003 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Безалкохолен пијалок составен од газирана вода, шекер, глукоза, лимунска киселина, таурин (0,4%), глукоронолактон (0,24%), кофеин (0,03%), иноситол, витамини, ароми и бои. Познат како енергетски пијалок во конзерви од 250мл. | 2202 10 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1. и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 22, дополнителна забелешка 1 од Глава 22 и со наименуванија за тар.број 2202 и 2202 10 00.<br>Фактот што производот содржи меѓудругото, таурин, кофеин и витамини не го исклучува овој производ ос тарифен подброј 2202 10 00 (види Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 2202 , дел (А) точка (2), и Коментар на Комбинираната номенклатура за тарифен подброј 2202 10 00). |
| 2. Филм од нецелурална пластика со вкупна дебелина од 0,011мм составен од филм на поли(етилен терефталат) (ПЕТ), метализиран од едната страна со алуминиум кој потоа е покриен со слој од алкилна меламинска смола (лак).<br>Пластика која доминира е поли(етилен терефталат).<br>Слојот од метал е нанесен со вакум депозиција и металиризаниот слој пропушта светлина.<br>Филмот може да се користи за производство на спасувачки кебиња. | 3920 62 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименуванија за тар.број 3920, 3920 62 и 3920 62 19.<br>Метализираниот пластичен филм не може да се смета како производ од тарифен број 3921 од причина што металниот слој е нанесен со вакуум депозиција која не се смета како зајакнување на пластичниот филм (Види исто така Коментар на Хармонизираниот систем за тарифен број 3920). |

Прилог 17

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1887/2003 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Обезмастено млеко во прав со додадена лактоза, со следен состав (процентите се тежински):<br>млечна маст 0,6<br>протеин 33,5<br>лактоза 57 | 0404 90 21 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 4 и наименованието на тар.број 0404, 0404 90 и 0404 90 21.<br>За целите на Глава 4, лактозата се смета како природен млечен конституент, повеќе отколку како шеќер или друг засладувач.<br>Иако производот е составен од природни млечни конституенти, тој не може да се распореди во тарифен број 0402, од причина што со додавањето на лактозата, производот повеќе го нема истиот состав како природно обезмастено млеко во прав. |

Прилог 18

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.231/2004 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Жолт, маслен, течен препарат со содржина по маса 70% или повеќе на масло од нафта и содржи адитиви.<br>Производот е со следниве карактеристики:<br>* Дестилација (АСТМ Д 86):<br>на 250 ЁЦ:0<br>на 266 ЁЦ: почеток на дестилацијата<br>на 339 ЁЦ: (крај на дестилацијата) повеќе од 85% по волумен<br>на 350 ЁЦ: повеќе од 85% по волумен<br>*Точка на палење (Пенскс Мартенс): повисока од 100 ЁЦ<br>*Инфраред спектроскопија: алифатични јаглеводороди<br>*Содржина на сулфур (ЕН ИСО 8754): помалку од 0,05% по маса<br>Препаратот може да се користи како масло за подмачкување. | 2710 19 41 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, дополнителни забелешки 1(г) и 1 (д) од Глава 27 и наименованието на тар.број 2710, 2710 19 и 2710 19 41.<br>Тешките масла согласно дефиницијата во дополнителна забелешка 1 (г) од Глава 27 ги опфаќа маслата и препараттие, терминот гасни масла согласно со дефиницијата во дополителна забелешка 1 (д) од Глава 27 исто така ги опфаќа маслата и препаратите.<br>Производот не може да се распореди како масло за подмачкување од причина што истиот ги исполнува условите од дополнителните забелешки 1(г) и 1 (д) од Глава 27. Оттука истиот ќе се распореди како гасно масло од тарифен подброј 2710 19 41 (Коментар на Комбинирана номенклатура за тарифни подброеви 2710 19 71 до 2710 19 99). |

Прилог 19

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.728/2004 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет од два дела облека наменета за малопродажба, се состои од:<br>А) Лесна облека сошиена од сјаен материјал со природна боја (100% полиестер), со крагна изработена во мандарин стил која тесно се припојува до грлото, со делумен отвор однапред која оди од центарот на вратот до левата подпазува и се закопчува од десната на левата страна со копчиња и отвори за копчиња. Копчињата се со гајки, кои се поставени на четири места од пазувата до крагната, однапред и на основата. Краевите на основатата и на ракавот се обработени со подвив и имаат странични отвори.<br>Облеката е право исечена и е наменета да го покрива горниот дел на телото до колковите. Има извезен мотив на предната страна.<br>(блуза)<br> | 6206 40 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 (б) и 8 кон Глава 62 од Глава 4 и наименованието на тар.број 6204, 6204 63, 6204 63 18, 6206, 6206 40.<br>Распоредувањето во еден тарифен број како целина е исклучено според забелешка 3 (б) кон Глава 62, бидејќи двата дела не се изработени од ист материјал.<br>Распоредувањето како пижами е исклучено, од причина што облеката по свои карактеристики не се идентификува како облека која исклучиво се носи за ноќевање.<br>Понатаму во прилог се и Коментарските објаснувања кон тарифен број 6206 во врска со распоредувањето на блузи. |
| Б) Широка и лесна облека изработена од сјаен штампан материјал (100% полиестер), неменета да го покрива долниот дел од телото , почнувајќи од половината па се до глуждовите, со две ногавици право исечени. Има еластичен дел околу половинатабез отвори и е обрабен со подвив на крајот на ногавицата.<br>Завтшетоците на ногавиците се овално исечени и имаат странични отвори.<br>(панталони) | 6204 63 18 | |

| | | |
|---|---|---|
| 632 B | | |

**Прилог 20**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.926/2004 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производот е изработен од еластичен материјал, исплетен во форма на цевка во комбинација со гумена трака (ластика) формирајќи алка кружна форма.<br>(стегач)<br> | 6117 80 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(ѓ) и 10 кон Одел XV од Глава 4 како и со наименованието на тар.број 6117, 6117 80 и 6117 80 10.<br>Зенајќи го предвид текстилниот состав на предметниот производ, истиот треба да се разгледа како шаловите, марамите, кравати и кравати-пеперутки, изработен додаток за носење.<br>Распоредувањето во тарифен број 9615 е исклучено, бидејќи производите од овој тарифен број вообичаено се изработени од пластика, слонова коска, коска, рогови, оклоп на желка, метал и друго.<br>Освен ова забелешка 10 кон Оддел XI експлицитно вклучува еластични производи кои се состојат од текстилни материјали во комбинација со гумена врвка (ластика) во Одделот XI. |
| 2. Готов производ сошиен во кружна форма кој се состои од еластична лента во потполност покриена со ткаен текстилен материјал. Материјал исплетен во форма на цевка во комбинаија со гумена трака (ластика) формирајќи алка кружна форма.<br>(стегач)<br> | 6117 80 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(ѓ) и 10 кон Одел XV од Глава 4 како и со наименованието на тар.број 6117, 6117 80 и 6117 80 10.<br>Зенајќи го предвид текстилниот состав на предметниот производ, истиот треба да се разгледа како шаловите, марамите, кравати и кравати-пеперутки, изработен додаток за носење.<br>Распоредувањето во тарифен број 9615 е исклучено, бидејќи производите од овој тарифен број вообичаено се изработени од пластика, слонова коска, коска, рогови, оклоп на желка, метал и друго. |

**Прилог 21**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1989/2004 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производот е зготвено месо со следниов состав (тежински проценти):<br>Џигер: 15<br>Сецкано свинско 5<br>Врат 2<br>Бубрег 6<br>Бели дробови 13<br>Слезинка 7<br>Кожа 20<br>Сало со кожа 20<br>Други состојки 2<br>Вода 10<br><br>Производот е приготвен во конзерви. | 1602 20 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 16 и наименованието на тар.број 1602, 1602 20 и 1602 20 90.<br>Џигерот е присутен во најголем количински дел, што на производот му дава карактер на производ од џигер (погледни ги коментарските објаснувања кон тарифен број 1602 20и 1602 20 90). |
| 2. Издвоени протеини од сурутка, во форма на прашок, кои содржат повеќе од 90% протеини по тежина пресметано на сува материја.<br>Производот е добиен со микрофилтрација на сурутката.<br>Протеинскиот профил е следен:<br>бета-лактоглобулин 50-60%<br>алфа-лактогуобулин 10-25%<br>имуноглобулини 5-7%<br>гликопептиди: ца. 20%<br>Содржината на лактоза и масти е помала од 1%.<br>Лецитинот може да биде присутен во мали количини кога се употребува како средство за влажнење за време на производството.<br>Производот е наменет за човекова употреба. | 3502 20 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 (б) од Глава 4 и наименованието на тар.број 3502, 3502 20 и 3502 20 91.<br>Производите се сметаат за концентрати на два или повеќе протеини од сурутка во смисол како во текстот во терифен број 3502, и не може да се сметка како изолиран од лактоглуболините од тарифен број 3504. |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Производот е шекерен раствор со мали количини на други состојки со следниот состав:<br>(тежински проценти)<br>*Производ 1*<br><br>Шекер 31,5<br>Гликозен сируп 28,5<br>Лимонска киселина 5<br>Јаболчна киселина 2,5<br>Ксантан гума 0,2<br>Натриум бензоат 0,05<br>Калиум ацесулфам 0,03<br>Аспартам 0,009<br>Арома 0,5<br>Боја 0,002<br>Вода остатоци<br><br>Производот е наменет за малопродажба, спакуван во мали пластични шишиња со капалка (x=6см, X=2см).<br>(Фотографија бр.1)<br><br>*Производ 2*<br><br>Шекер 34<br>Лимонска киселина: 5<br>Јаболчна киселина: 3<br>Фумарна киселина: 0,05<br>Натриум Карбоксиметил целулоза: 0,07<br>Калиум сорбат: 0,016<br>Натриум бензоат: 0,01<br>Калиум ацесулифам: 0,03<br>Аспартам 0,01<br>Арома 0,5<br>Боја 0,002<br>Вода остатоци<br><br>Производот е наменет за малопродажба, пакуван како спреј во мали пластични шишиња.<br>(x=10 см, X=1,5 см)<br>(Фотографија 2)<br>И двата производи се наменети за употреба веднаш, без потреба за додатно растворање со вода.<br><br>Фотографија 1 | 2106 90 59 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованието на тар.број 2106, 2106 90 и 2106 90 59.<br>Производот е во течна форма, поради што немаат влијание критериумите за производите од шеќер од тарифен број 1704. (Како и Коментарските објаснувања за распоредување на производи од шеќер во тврда или полутврда форма.)<br>Ниту пак може истите да се сметаат како безалкохолни пијалоци, тарифен број 2302 10 00, бидејќи не се конзумираат директно како пијалоци, поради содржината на киселина (Дополнителна забелешка 1 кон Глава 22). |

| | | |
|---|---|---|
| <br>Фотографија 2,<br> | | |

Прилог 22

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.223/2005 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Црвено обоена сирупеста течност со вкус на црвена рибизла, со бриксова вредност од 67 и со следниот состав на 1000 литри:<br>Вода 426,7 л<br>Сахароза 794,0 кг<br>Лимонска киселина 80,0 кг<br>Ароматизирана мешовина од тип на црвено овошје 120,0 кг<br>Натриум цикламат 4,6 кг<br>Ацесулфам К 3,5 кг<br>Натруим бенземат 1,0 кг<br>Аскорвинска киселина 2,0 кг<br>Три-натриум цитрат 7,0 кг<br>Материи за боење<br><br>Препаратот има содржина на алкохол во волумен 1,3% вол.<br>После растворањето со вода препаратот е готов за пиење. | 2106 90 20 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и со наименованието на тар.број 2106 и подброеви 2106 90 и 2106 90 20.<br>Поради аклохолната содржина на производот повеќе од 0,5% вол. Препаратот треба да се смета како сложена алкохолна мешавина (препарат), различни од оние на база на миризливи супстанци, од тип кои се користат за производство на пијалоци од тарифен број 3302 (види Дополнителна забелешка 3 на Глава 21 и Коментарот на Хармонизираниот систем за тарифен број 2106 параграф (7) и (12)) |

**Прилог 23**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.266/2005** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Обувки кои ги покриваат прсите од нозете и топчестиот долен дел од стапалото, оставајќија пртата и повеќе од половина од стапалото непокриена, со кожно горниште испреплетено со текстилна ткаенина од внатрешната страна и со ѓон од кожа, со внатрешен ѓон до должина помала од 24 см.<br>На стапалата се процврстуваат со помош на две елестични ленти кои одат околу петата.<br>(обувки за ритмичка гимнастика)<br><br> | 6403 59 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3(б) од Глава 64 и наименованието на тар.број 6403, 6403 59 и 6403 59 91.<br>Со примена на Основното правило 1 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, терминот ѓон е употребен, меѓу другото во тарифен број 6403 со значење на оној дел од обувката кој кога се носи обувката е во контакт со почвата. Види исто така Коментар на ХС на Глава 64 Општи одредби (В).<br>Од причина што единствено што топчестиот долен дел од стапалото доаѓа во допир со земјата во ритмичката гимнастика, овој дел од обувката единствено доаѓа во допир со почвата, и оттука овој дел се смета за ѓон согласно даденото во Глава 64. Освен тоа објективните карактеристики (како моделот и материјалот) на производот подразбира дека овој производ не може да најде друга примена освен како обувки за ритмичка гимнастика. |

Прилог 24

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.635/2005 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Диуретичен чај за бубрези, подготвен во кесички за малопродажба.<br>На етикетата се содржани следниве информации:<br>1) Состав на секоја кесичка (1.8г).<br>Медицински активни состојки.<br>хорсетаил 0,47г<br>лист од бреза 0,45г<br>голден род 0,38г<br>спинѕ рестхарроњ роот 0,20г<br>Други состојки:<br>Лушпи од шипинки, листови од цорифлоњер, пепермин листови, мариглод блоссом, сладок корен (лиљуорице).<br>2) Дозирање и начина на употреба:<br>Една шоља вода која вари (приближно 150 мл) се додава на врекичка од чајот, се покрива и се остава да отстои 15 минути и потоа се отстранува врекичката со чај. Освен ако поинаку не е препорачано, една шоља свежо подготвен чај се зема 3 до 4 пати на ден помеѓу оброци.<br>3) Примена:<br>За зголемување на волумен на урина во случај на бубрежни или катар на бешика и за превенција на мокрачните патишта од песок или камен. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 1 од Глава 30 и наименованието на тар.број 2106, 2106 90 и 2106 90 92.<br>Види Коментар на Хармонизираниот систем за тарифен број 2106, параграф 14 и Коментар на Комбинирана номенклатура за Глава 30.<br>Ниту упатството за употреба ниту пакувањето не содржи детали за типот и концентрацијата на активната супстанција (супстанции).<br>И на упатството и на пакувањето е декларирано само количината и типот на растение или делови на растенија кои се искористени.<br>Условите од дополнителната забелешка 1(б) на Глава 30 не се исполнети. |

Прилог 25

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1139/2005 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Неткаена плоча со димензии приближно 0,60м x 0,96м, прекриена од едната страна со мешавина од ароматски растенија (рузмарин 30%, оригано 15%, жалфија 15%, босилок 20%, мајчина душица 20%).<br>Неткаената плоча се сместува во садот пред варењето (готвење) на одредени јадења (глава, бут итн.) . Ароматските растенија се импегнираат (го исполнуваат) препаратот (јадењето) за време на готвењето.<br>Неткаената плоча не се сервира со јадењењето. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 9, Забелешка 1(а) од Глава 56 и наименованието на тар.број 2106, 2106 90 и 2106 90 92.<br>Производот не може да се распореди како неткаен материјал од Глава 56 затоа што неткаената плоча е исклучиво присутна само како носечки медиум (Забелешка 1(а) на Глава 56).<br>Мешаницата на ароматски растенија се состои од делови на растенија од тарифен број 0910 (мајчина душица 20%) и тарифен број 1211 (другите растенија 80%).<br>Вакви мешаници не се опфатени во тарифен број 0910 и тарифен број 1211 (Забелешка 1 на Глава 9 и Коментар на ХС за тарифен број 1211 , параграф 7).<br>Како проста мешаница на ароматски растенија без друг додаток, не се третира како мешана мирудија или мешани мирудиски средства од тарифен број 2103.<br>Производот се класифицира во тарифен број 2106 како што е наведено во Коментарот на ХС за тарифен број 1211, параграф 7. |

Прилог 26

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1196/2005 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Ракавици главно изработени од текстилна ткаенина. Поголемиот дел од надворешната површина на ракавиците, која одговара на задниот дел на ракавицата (освен задниот дел од прстите), аглобот, делот меѓу прстите, делот кај палецот и страничните делови, е изработен од текстилна ткаенина, превлечна од внатрешната страна со слој од нецелурална пластика.<br>Дланката, предниот дел од палецот и странично прстите према лицето на дланката како и врвовите на четирите прсти се од плетенина, превлечна надворешно со нецелурална пластика.<br>Задниот дел на прстите и делот освен палецот е изработен од целурална пластика комбинирана со плетенина од двете страни. Има парчиња од гума на задниот дел од прстите и палецот во делот на шаката и тенка трака од гума вдолж на показалецот.<br>Во делот на зглобот има еластифицирана трака на затегнување и на крајот на ракавицата врвка исто на затегнување. | 6216 00 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 4 и наименованието на тар.број 6216 и тарифен подброј 6216 00 00.<br>Види исто така Коментарот на Хармонизираниот систем за Основното правило 3(б) и тарифен број 6216.<br>Ракавиците се главно наменети за затоплување на рацете. Ткаенината е доминантниот материјал кој обезбедува задржување на топлината и истата му го дава битниот карактер на производот согласно значењето на ОП 3(б). |

| | | |
|---|---|---|
| <br> | | |

Прилог 27

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1966/2005 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е приготвен во форма на таблети во пакување за малопродажба со инструкции за составот и дозата за надминување на недостатокот на витамин С.<br>Една таблета кој тежи 750 мг содржи:<br>Аскорбинска кислеина 500мг<br>- Прашок од шипинки, целулоза, растителен скарин, билни цврсти масти, магнезиум скарат, силициум диоксид и прехрамбена глазура која содржи белковини: 250 мг | 3004 50 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 30 и наименованието на тар.број 3004, 3004 50 и 3004 50 10.<br><br>Погледнете ги исто така и Коментарските забелешки кон Царинската тарифа за Глава 30 (Општо).<br>Ако се земат во предвид дневните препорачани дози на витамин С (60мг), секој таблета јасно содржи многу поголема количина на витамин С (500мг).<br>Сите услови од Дополнителната забелешка 1 од Глава 30, се исполнети со што производот ќе се распоредува како лек во тарифен број 3004. |

**Прилог 28**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1967/2005 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производот претставува бистра лесно пенлива течност до окер боја. Тој има алкохолна јачина од 5,9% волуменски. Добиен е со ферментација на пивска шира со јачина од 15,3 степени. Ферментираниот раствор се подложува на бистрење и филтрација. Потоа кон овој раствор се додава 3,34% шекерен сируп, 0,14% ароматични компоненти (од кои 75% се текила), 0,11% лимонска киселина и 0,002% аскорбинска киселина. Производот има мирис и вкус на пиво. Производот е наменет за директна употреба. Тој претставува пиво пакувано во шишиња со содржина од 330мл/0,33л , соодветно етикетирани. | 2203 00 01 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 4 и наименованието на тар.број 2203 00 и 2203 00 01. Производот претставува пијалок и се смета како пиво добиено од слад од тарифен број 2203. Производот не може да се исклучи од тарифен број 2203 поради присутниот алкохол од додадените ароматски компоненти кои резултираат со вкупно 0,04% волуменски алкохол. Поради тоа производот не може да се распореди во тарифен број 2208. Коментарските објаснувања кон тарифен број 2203 укажуваат дека шекер, бои, јаглероден диоксид и други материи може да бидат додадени. Следователно и пивото од тарифен број 2203 може да биде ароматизирано. |
| 2. Медицинска градурна пластична безшевна цевка изработена од поливинил хлорид (ПВЦ) со дебелина на ѕид приближно 0,6мм и надворешен дијаметар од 5,7мм. Има притисок на кинење минимум 27,6 МПа и се увезува во котури со приближно 1200 метри должина. Производот се употребува за транспорт, спроведување или дистрибуција на гасови или течности. Иако, цевката исечена во соодветна должина, се употребува како дел од медицинска опрема, како на пример при анестезија, системи за интензивна нега, катетри и артеријални системи, сепак нема специфична употреба како дел од медицинската опрема. | 3917 31 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 39 и наименованието на тар.број 3917, 3917 31 и 3917 31 00. Поради фактот дека производот освен што се употребува со медиинските апарати, Глава 90, може да има и друга употребна вредност, не може да се смета за инструмент или прибор од тарифен број 9018. Распоредувањето се базира на формата и материјалот од кои е направен производот. Со примена на Забелешка 8 од Глава 39 овој производ се распоредува во терифен број 3917. |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Пластична евка од поли (винѕелидине флуриде) (ПВДФ) која се собира под дејство на топлина, безшавна, незајакната, со притисок на кинење помал од 27,,6 МПа, со приближна димензија од 25мм должина и 9мм дијаметар.<br>Кога ќе се поддложи на дејство на топлина таа се собира и потполно се прилепува околу предметот кој се вметнува во неа.<br>Производот главно се употребува за заштита на електрични жици. | 3917 32 39 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 39 и наименованието на тар.број 3917, 3917 32 и 3917 32 39.<br>Распоредувањето е базирано на материјалот од кои е изработен производот.<br>Овие цевки не може да се третираат како изолатори од тарифен број 8546. Во согласност со Коментарските забелешки кон тарифен број 8546 изолаторите се елементи кои се користат за фиксирање, поддржување или водење на проводниците на електрична струја и во исто време ги изолира еден од друг и од земјата. Овие цевки не може да се сметаат за изолациски цевки од 8547.<br>Во согласност со Коментарските забелешки кон Глава8547 (Б), цевки изработени во целост од изолационен материјал (на пр. Гума, пластика, плетени текстилни влакна, стаклена волна), без метална надворешност се исклучени и се распоредуваат согласно материјалот од кои се направени. |
| 4. Зелено обоена гмечена пулпа од авокадо (гуацамоле) со следниов состав (% тежински):<br>* авокадо 90,5<br>* други состојки (на пр сол, зачин, лимонска кислеина, антиоксидант, стабилизатор, конзерванс) помалку од 1<br>* содржината на различни шекери согласно Дополнителна забелешка 2(а) кон Глава 20 9,6<br><br>Продуктот е пакуван во пакувања со нето тежина која не надминува 1 кг. | 2008 99 67 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна Забелешка 2(а) и 3 од Глава 20 и наименованието на тар.број 2008, 2008 99 и 2008 99 67.<br>Производот не може да се смета како сос или мешан сос од тарифен број 2103 (коментарски забелешки кон тарифен број 2103), бидејќи не содржи значајни количини на сезонски состојки.<br>Бидејќи е припремен надвор од она што е предвидено во Глава 8, препаратот ќе се распореди во тарифен број 2008.<br>Производот се смета како производ со додаден шекер, согласно Дополнителната забелешка 3 кон Глава 20. |

**Прилог 29**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2127/2005 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Недовршено или несоставено ново возило на четири тркала, од "пик ап" тип со капацитет на цилиндар од 2500 см3, и бруто тежина на возилото од 2650 кг и вкупен карго капацитет од 1000 кг.<br>Возилото има еден ред седишта за двајца (вклучувајќи го и возачот) и отворен карго простор со должина од 2,28 м.<br>Сите делови се презентирани пред царинските органи на исто место и во исто време.<br>Радиаторот, прозорите, гумите, батерија, абсорбери на ударот, тапацирот на вратите и седиштата не се присутни. | 8704 21 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 2(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 8704, 8704 21 и 8704 21 91.<br>Возилото е распоредено во тарифен број 8704 бидејќи, како што е претставено има суштествен карактер на составено и завршено возило (Основно правило 2(а) првата реченица).<br>Погледнете ги исто така и коментарските забелешки на Царинската тарифа кон Глава 87, Општо.<br>Фактот дека возилото е претставено несоставено не влијае истото да се распореди како составени или довршени производи (Основното правило 2(а) , втора реченица). |

Прилог 30

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 227/2006 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........ 99,05<br>лимунска киселина........ 0,95 | 1701 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 1701, 1701 99 и 1701 99 90.<br>Производот не може да се смета како сиров шеќер согласно Дополнителната забелешка 1 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се распореди како друг шеќер од тарифен број 1701 99 90. |
| 2. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........ 99,5<br>лимунска киселина........ 0,5 | 1701 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 1701, 1701 99 и 1701 99 90.<br>Производот не може да се смета за бел шеќер согласно Дополнителната забелешка 2 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се распореди како друг шеќер од тарифен број 1701 99 90. |
| 3. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........ 99,5<br>лимунска киселина........ 0,4<br>аскорбинска........ 0,1 | 1701 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 1701, 1701 99 и 1701 99 90.<br>Производот не може да се смета за бел шеќер согласно Дополнителната забелешка 2 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се распореди како друг шеќер од тарифен број 1701 99 90. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........................ 99,95<br>лимунска киселина.............. 0,2<br>аскорбинска киселина......... 0,1 | 1701 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 1701, 1701 99 и 1701 99 90.<br>Производот не може да се смета за бел шекер согласно Дополнителната забелешка 2 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се распореди како друг шекер од тарифен број 1701 99 90. |
| 5. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........................ 90<br>какао путер.................... 10<br><br>Препаратот е светло жолто обоен, многу сладок, крупен прашок со вкус на путер од какао. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 2106, 2106 90 и 2106 90 98.<br>Овој препарат е наменет за човечка исхрана и е во форма на леплив прашок (Коментарска забелешка кон тарифен број 2106 тема под (Б)). |
| 6. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........................ 95<br>какао путер.................... 5<br><br>Препаратот се состои од бели, слатки лепливи кристали со слаб вкус на какао. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 2106, 2106 90 и 2106 90 98.<br>Овој препарат е наменет за човечка исхрана и е во форма на леплив прашок (Коментарска забелешка кон тарифен број 2106 тема под (Б)). |
| 7. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........................ 97,5<br>какао путер.................... 2,5<br><br>Препаратот е бел сладок кристален прашок и е замена за комерцијален бел шекер. | 1701 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 1701, 1701 99 и 1701 99 90.<br>Производот не може да се смета за сиров шекер согласно Дополнителната забелешка 1 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се распореди како друг шекер од тарифен подброј 1701 99 90, бидејќи содржината на какао нема суштинско влијание врз карактеристиките на шекерот. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........................................ 97,7<br>натриум хлорид..................... 2,3<br><br>Производот е бел кристален прашок со сладок и слабо соленкаст вкус.<br>Воглавно содржи кристали на сахароза, со примеси на ретко видливи коцкасти кристали на натриум хлорид. | 1701 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 1701, 1701 99 и 1701 99 90.<br>Производот е мешавина на кристална сахароза и натриум хлорид. Не може да се смета за суров шеќер согласно Дополнителната забелешка 1 кон Глава 17 од Царинската номенклатура.<br>Производот треба да се распореди како друг шеќер од тарифен подброј 1701 99 90. Присуството на мали количини на натриум хлорид (2,3 % тежински) не ги менува карактеристиките на производот како шеќер од Глава 17 од Царинската тарифа. |
| 9. Производ составен од (% тежински)<br>бел шеќер........................................ 90<br>пченично брашно ................. 10<br>Препаратот се состои од бели, слатки лепливи кристали со слаб вкус на какао. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 2106, 2106 90 и 2106 90 98.<br>Овој препарат е наменет за човечка исхрана и се распоредува во тарифната ознака 2106 90 98 00. |
| 10. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........................................ 95<br>лактоза.................................... 5 | 1701 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 1701, 1701 99 и 1701 99 90.<br>Производот ќе се распореди како друг шеќер од тарифната ознака 1701 99 90 00 од Царинската номенклатура, бидејќи содржината на лактоза не влијае на карактеристиките на производот како шеќер од Глава 17 од Царинската номенклатура. |
| 11. Производ составен од (% тежински)<br>сахароза........................................ 97<br>екстрат од сладок корен... 3<br><br>Производот е зрнест шеќер приготвен за малопродажба. | 1701 91 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 1701, 1701 91 и 1701 91 00.<br>Производот ќе се распореди како ароматизиран шеќер од тарифен број 1701 91 00 од Царинската номенклатура (Коментарска забелешка кон Глава 17, Општи одредби втора реченица и |

| | | |
|---|---|---|
| | | забелешка кон тарифен број 1701 петти параграф).<br>Присуството на мали количини на екстрат од сладок корен не ги менува карактеристиките на производот како шекер од Глава 17 од Царинската номенклатура. |

Прилог 31

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 242/2006 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Прехрамбен препарат составен од какао во прав и шекер (% по маса):<br>шекер 99,5 до 99,7<br>какао во прав 0,2 до 0,4<br>(пресметано на потполно обезмастена основа).<br>Производот е во форма на браонкасти кристали. | 1806 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 18 и наименованието на тар.број 1806, 1806 10 и 1806 10 90 00.<br>Производот не може да се распореди во Глава 17 затоа што содржината на какао во прав може да се детектира со хемиска анализа.<br>Производот е прехрамбен продукт кој содржи какао (забелешка 2 од Глава 18). |

**Прилог 32**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 338/2006** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Готов текстилен производ изготвен од плетена ткаенина (100% памук), небелена, правоаголна со приближни димензии 180 x 90 см, со порабени рабови по ширина и должина.<br>(креветски чаршав)<br> | 6302 31 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(в) кон Оддел XI, Забелешка 1 кон Глава 63 и наименованието на тар.број 6302, 6302 31 и 6302 31 00.<br>Производот е "изготвен" во смисол на Забелешката 7(в) кон Оддел XI, бидејќи два раба се порабени.<br>Земајќи ги во предвид карактеристиките на материјалот, погодноста за перење, димензиите и видот на ткаенината од која е направен, овој предмет одговара на карактеристиките на креветски чаршав, бидејќи го заштитува душекот од абење, кога ќе се прицврсти преку неговата ширина. Поради тоа овој предмет ќе се смета како креветски чаршав од тарифен став 6302 31 00 00.<br>Погледнети ги Коментарските забелешки кон Глава 6302, прв параграф и (1). |

**Прилог 33**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 437/2006 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Небоена лесна облека направена од плетен материјал од вештачки влакна (90% полиамид 10% еластомрен конец), наменета да го покрие долниот дел од телото, од појасот до средината на бутниот дел, опфаќајќи ја секоја нога посебно, со отвор на предниот дел без систем на затварање и без систем за отварање кај појасот. Облеката има еластична трака на појасот и е подвитката на краевите кај нозете.<br>Има џепови со процеп на двете страни од облеката и патент затворачи за затворање кој ги држи овалните подвижни вметоци. Вметоците се направени од тврд пластичен материјал од надворешната страна, исполнети со пена од внатершната страна.<br>Вметоците се направени за да ги спречат повредите на колковите, во случај на паѓање. Тие ги апсорбираат ударите, во делот на телото околу колковите.<br>(машки гаќи) | 6107 12 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Прв параграф од Забелешка 9 кон Глава 61 и наименованието на тар.број 6107 и 6107 12 00.<br>Вметокот е направен за превенција на повреди на колковите во случај на паѓање. Поради тоа облеката не може да се распореди во тарифен број 9021 како „ортопедско помагало" бидејќи вметоците не служат за превенција или корекција на деформитети на телото ниту пак ги поддржуваат или држат деловите од телото, во смисол на значење на прв параграф од Забелешка 6 кон Глава 90 општ дел. Производот не ги поседува суштинските својства на производ од Глава 90, на пр. висок степен на производство или висок степен на прецизност во начинот на нивното делување (погледни го параграф 37 од Пресудата на Европскиот суд за правда на збирни предмети од C-260/00 до C-263/00 од 7 ноември 2002 година и погледни го исто така прв параграв од Коментарските забелешки кон Глава 90, Општ дел (I)).<br>Освен тоа вметоците не се направени по мерка, ниту пак се подесени да го пратат специфичниот облик на телото на оној кој ги носи, што ја прави облеката „производ за општа употреба" и како таква е исклучена од тарифен број 9021 со дејство на параграф 37 од горната Пресуда.<br>Ова е сложен производ составен од текстилни гаќи и пластични вметоци. Изготвени се како гаќи кои во исто време овозможуваат и заштита од одредени повреди. Така, согласно Основното правило 3(б), суштинскиот карактер на производот го даваат |

| | | |
|---|---|---|
|       | | гаќите, а не вметоците.<br>Така производот ќе биде распореден како облека за мажи или момчиња, согласно прв параграф од Забелешка 9 кон Глава 61, бидејќи просечниот отвор (особено отворот напред) јасно укажува дека се работи за облека за мажи или момчиња. |

Прилог 34

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 600/2006 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот претставува темно црвена , непенлива течност, без талог. Тој има алкохолна јачина приближно 16% волуменски, согласно лабораториските анализи, од кои половината не е добиена од грозје.<br>Производот се добива од грозје, а за време на ферментацијата му се додаваат шеќер од шеќерна трска и етил алкохол добиен од пченка.<br>Производот содржи:<br>- вкупна содржина на шеќери 169,7г/л<br>- лимонска кислеина 1,4 г/л<br>- винска киселина 1,4 г/л<br>- јаболчна киселина 0,2 г/л<br>- оцетна киселина 0,3 г/л<br><br>Вкусот на производот е сладок, благо опор, кисел, ароматичен и лесно зачинет.<br>Производот е наменет за директна потрошувачка како пијалок. Пакуван е во шишиња од 0,75 л | 2206 00 59 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителната забелешка 5(в) кон Глава 22 и наименованието на тар.подброј 2206 00 и 2206 00 59.<br>Производот останува распореден во тарифен број 2206 дури и кога е појачан со алкохол, при што истиот ги задржува својствата на производ од овој тарифен број (коментарски објаснувања кон тарифен број 2206, трет параграф).<br>Производот не може да се распореди како вино од тарифен број 2204 поради присутноста на голема концентрација на лимонска кислеина и шеќер, кои го менуваат карактерот на виното од грозје од тарифен број 2204.<br>Во текстот на Коментарските забелешки од Хармонизираниот систем кон тарифен број 2204, параграф I, точка (4) се опишани десертните вина (ликер-вина) кои може да бидат појачани со алкохол.<br>Сепак производот не може да се смета за ликер-вино во склоп на тарифен број 2204, согласно Дополнителната забелешка 5(в) кон Глава 22 кон Номенклатурата на царинската тарифа, која кај ликер-вината дозволува додаток само на производ кој е добиен со дестилација на вино. |

Прилог 35

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 739/2006 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Плочи, направени од микропорозна клеточна пластика, од етилен винил ацетат кополимер, пресечени во правоаголници (димензии 15,5 x10.5x0.75) но понатаму необработени.<br>Плочите понатаму се предвидени да бидат пресечени на помали парчиња кои ќе бидат вметнати во жигови како резервоари за мастило. | 3921 19 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 10 кон Глава 39 и наименованието на тар.број 3921 и 3921 19 00.<br>Плочите се пресечени во форма на правоаголници, но и понатаму не се обработени, поради што не може да бидат распоредени како перничиња за мастило од тарифен број 9612. |

**Прилог 36**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 781/2006** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цврста картонска кутија со одвоен капак (без шарки или приствpстувач), двете компоненти се со надворешна хартиена обивка. Кутијата е со димензии: 5,5 см (должина) х 4,5см (широчина) х 3см (височина). На капакот има декоративна текстилна лента.<br>Во кутијата е вметнат синтетички сунѓер со дебелина од 1см, кој може да се отстрани. Сунѓерот е направен од клеточна пластика, при што неговата горна површина е обложена со текстилен материјал и прекриена со имитација на перниче од текстилен флок. Во средината има полукружен жлеб, пресечен точно низ сунѓерот, кој е направен да за задржи предмет од накит, на пример прстен.<br><br>(кутија за накит)<br> | 4202 99 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(ж) кон глава 48 и наименованието на тар.број 4202 и 4202 99 00.<br>Квалитетот на картонот укажува дека производот е погоден за повеќекратна употреба. Дури, димензиите на сунѓерот (одговараат на кутијата со својата дебелина), неговиот изглед (налик на фабричко перниче) и најмногу од се изгледот на жлебот го прават производот континјер со поклопец, многу сличен на „кутија за накит", направена за едно парче накит. Погледни коментарско објаснување кон тарифен бој 4202, седми параграф.<br>Понатаму производот е обложен со хартија, со што се исполнети поставените услови за контејнери споменати во вториот дел од текстот кон Глава 4202.<br>Земајќи ги во предвид објективните карактеристики (цврст картон, специфични карактеристики на сунѓерот) производот е направен за чување на специфична стока, како што е накитот. Поради тоа, тој е производ спомнат во вториот дел на текстот кон тарифен број 4202 и исто така исклучен е од Глава 48 согласно забелешката 2(ж) кон Глава 48. Погледнете исто така прва фраза од прв параграф од Коментарските забелешки кон тарифен број 4819. (A). |

| | | |
|---|---|---|
| 637 C | | |

Прилог 37

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1114/2006 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Течен производ на база на тинктура од араника (однос на араника/екстрат 1:10), наменети за малопродажба во шишиња од 50 мл волумен и со алкохолна јачина од 45% волуменски.<br>Согласно пакувањето, производот е наменет за човекова уптреба, друга освен за производство на пијалок.<br>Препорачана доза: 30 до 50 капки, растворени во половина чаша вода, 2 до 3 пати дневно. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(д) кон Глава 13 и наименованието на тар.број 2208, 2208 90 и 2208 90 69.<br>Како пијалок производот неможе да се распореди во Глава 13.<br>Исто така не може да се смета како лек од тарифен број 3004, бидејќи не го задоволува критериумот на Дополнителната забелешка 1 кон Глава 30.<br>Производот треба да се распореди како алкохолен пијалок од тарифен број 2208 (коментарска забелешка кон тарифен број 2208, трет параграф точка 16). |
| 2. Течен производ наменет за малопродажба во шишиња со волумен од 30мл, со алкохолна јачина од 68%, составен од:<br>- ливчиња од бобинки (Плантаго ланцеолата), мајчина душичка (Тхѕмус вулгарис) цвет од кари растение (Хелѕцхрѕсум италиум), 2,1г<br>- сув екстрат од прополис 84мг<br>- смрзнат-исушен екстрат од гринделија (Гринделија робуста) 45мг<br>- еукалиптус (еуцалѕптус глоболус) есенцијално масло 10,5 мг<br>- шкотски бор (Пинус сѕлвестрис) есенцијално масло 10,5 мг<br>- алкохол<br>- вода<br>Според пакувањето производот е за човечка употреба и се користи за подобрување на дишењето.<br>Препорачана доза:25 капки растворени во малу вода 3 пати дневно. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар.број 2208, 2208 90 и 2208 90 69.<br>Производот не може да се смета како лек од тарифен број 3004 бидејќи не ги задоволува критериумите од Дополнителната забелешка 1 од Глава 30.<br>Производот ќе се распореди како алкохолен пијалок од тарифен број 2208 (коментарски објаснувања кон тарифен број 2208, трет параграф, точка 16). |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Течен производ наменет за малопродажба спакуван во шишиња со волумен од 30мл, со алкохолна јачина од 70% волуменски, кој содржи:<br>- прополис (мин 38мг/мл, вкупните флавоноиди се изразени како галангин) 16% тежински<br>- алкохол<br>- вода<br>Согласно пакувањето производот е наменет за човечка употреба и ја подобрува природната одбрана на грлото.<br>Препорачана доза 40 до 60 капки во лажица со шеќер или мед. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(а) кон Глава 30 и наименованието на тар.број 2208, 2208 90 и 2208 90 69.<br>Производот не може да се смета како лек од Глава 30. |
| 4. Течен производ наменет за малопродажба, спакуван во шишиња со волумен од 30мл, со алкохолна јачина од 70% волуменски, кој содржи:<br>- водено-алкохолен екстрат од прополис (стандардизиран со природен сув екстракт од прополис) 0,6г<br>- алкохол<br>-вода<br>Согласно амбалажата, производот е наменет за човечка употреба со препорачана доза од 25 капки еднаш или двапати дневно, растворени во половина чаша вода. Исто така по потреба може да се употребува и за плакнење на устата, со растворање на 25 капки во вода. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Глава 33 и наименованието на тар.број 2208, 2208 90 и 2208 90 69.<br>Производот не може да се смета како течност за плакнење на уста од тарифен број 3306 бидејќи не е направен во форма специјално за таа употреба (коментарски забелешки Општи одредби , четврт параграф (б) кон Глава 33).<br>Производот треба да се распореди како алкохолен пијалок од тарифен број 2208 (коментарски забелешки кон тарифен број 2208, трет параграф, точка 16). |

| | | |
|---|---|---|
| 5. Течен производ на база на глицерин мацерат од црна рибизла (Рибес нигрум) (однос лек/екстракт 1:20), наменет за малопродажба, пакуван во шишиња од 100мл волумен, со аклохолна јачина од 38%.<br>Согласно амбалажата производот е наменет за човечка употреба , друга освен производство на пијалок.<br>Препорачана дневна доза 50 до 150 капки растворени во малку вода дневно. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(д) кон Глава 13 и наименованието на тар.број 2208, 2208 90 и 2208 90 69.<br>Производот не може да се распореди во Глава 13 бидејќи е пијалок.<br>Производот треба да се распореди како алкохолен пијалок од тарифен број 2208 (коментарски објаснувања кон тарифен број 2208, трет параграф точка 16. |
| 6. Производ наменат за малопродажба, спакуван во шишиња со волумен од 30мл, со алкохолна јачина од 20 волуменски %, кој содржи:<br>- водено-алкохолен екстрат на прополис 86,75%<br>- мед 13%<br>- природна арома (лимон) 0,1%<br>- ксантам гума 0,1%<br>- лимоново (Цитрус ломонум) есенцијално масло 0,005% | 3306 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Оддел VI,забелешка 3 кон Глава 33 и наименованието на тар.број 3306 и 3306 90 00.<br>Производот е приготвен во форма со специјална намена за хигиена на устата. (коментарски објаснувања кон Глава 33, Општо , четврт параграф, точка (б)). |

**Прилог 38**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.160/2007 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот претставува бистра темно кафеава течност со ароматичен мирис и горчлив вкус на билки. Тој има алкохолна јачина од 43% волуменски.<br>Производот се состои од мешавина на 32<br>вида на екстракти од медицински билки и екстракт од карамел, вода и алкохол (96%волуменски алкохол). Меѓу другото, за негово производство се употребуваат следниве состојки:<br>- Zedoary (*Radix Zedoariae*)<br>- Manna (*Manna*)<br>- Angelica root (*Radix Angelicae*)<br>- Carline root (*Radix Carline*)<br>- Myrra (*Myrra*)<br>- Camphor (*Camphora*)<br>- Saffron (*Flos Croci*)<br>Согласно пакувањето се препорачува производот да се зема во мали количини (по 1 лажица наутро и навечер, растворена во вода, чај или џус, може но не е задолжително).<br><br>Производот е приготвен за малопродажба во шишиња од 500 мл, наменет за директно консумирање. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителната забелешка 1(б) кон Глава 30, како и текстот кон тарифен број 2208 и 2208 90 и 2208 90 69<br><br>Производот не може да се смета како лек од глава 30. Ниту налепницата, ниту придружното упатство за начин на употреба, ниту пак амбалажата не содржат информации за видот и концентрацијата на активната супстанција(и). Споменати се само количините и видовите на билките и деловите од билки. Така да условите од Дополнителната забелешка 1(б) кон Глава 30 не се исполнети.<br>Производот е алкохолен пијалок од тарифен број 2208, кој има карактеристики на додаток кон исхраната, и е приготвен така што ја подобрува општата здравствена состојба, базиран на екстракти од билки (коментарски забелешки на ХС кон тар.број 2208 трет став, точка 16). |

Прилог 39

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.161/2007 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Течен производ на база на ферментирани млечни производи на кои со додадени растителни стероли и овошни ароми добиени од овошни препарати.<br>Составот (волуменски проценти) е следен:<br>сахароза/гликоза сируп 12.2<br>лактоза 2.5<br>протеини 2.6<br>маснотија 2.2<br>rastitelni steroli (stanol estri) 3<br>содржина на млечна маснотија помалку од 0.2<br>содржина на влага 76.9<br><br>и мали количини на витамини и препарати на ароми (ароматизери)<br>Производот е застапен со различни вкусови (на пример, јагода или портокал).Овошниот препарат се состои од овошен сок кој е добиен од концентрат на овошен сок на кој му е додаден стабилизатор (пектин).<br>Производот, кој е спакуван во шишенца од 65 мл, наменет е за директна употреба како пијалок. | 2202 90 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 2202, 2202 90 и 2202 90 91.<br>Како пијалок за директна употреба производот е опфатен во тарифен број 2202.<br>Производот е исклучен од тарифен број 0403, бидејќи станол естрите се супстанции кои не е дозволено да бидат додадени во производите од глава 4 (коментарски забелешки на ХС кон глава 4, општо, точка (I) втор став). Производот поради тоа не може да се смета како течен јогурт, ароматизиран или со содржина на додадено овошје, јатчесто овошје или какао, од тарифен број 0403.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 1901 е исклучено бидејќи производот има карактеристики на пијалок од глава 22(коментарски забелешки на ХС кон тарифен број 1901, точка(III) втор став). |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Производ со следниов состав(тежински проценти): јогурт(содржина на млечни маснотии 0.1% тежински) - 76 - ароматизиран препарат на алое вера 22 - шеќер - 2 Бојата на производот е зеленикаво бела. Конзистенцијата на супстанцијата е слична како на јогуртот. Деловите на алое вера се видливи во самата супстанција. Производот е спакуван во контенјери од 150 г. | 1901 90 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните Правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и текстот кон тарифен број 1901, 1901 90 и 1901 90 91. Алое вера не е овошје од глава 8, туку растение од глава 6. Поради тоа одредбите од наименованието на тарифен број 0403 не се однесуваат на овој производ. Препарати за исхрана на база на млечни производи се исклучени од Глава 4 (коментарски забелешки на ХС, кон глава 4, општи, точка(I), последен став, точка(а). Производот ќе се распореди во тарифен број 1901, поради тоа што освен природно млеко содржи и други компоненти кои не се дозволени во тарифните броеви од 0401 до 0404 (коментарски забелешки на ХС кон тарифен број 1901, точка (III), прв став). |

**Прилог 40**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.166/2007 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Сет од производи за тоалетна намена приготвени за малопродажба, кој се состои од:<br>- чаша;<br>- сад за сапун;<br>- цилиндричен држач за четкици за заби;<br>- диспензер за течен сапун;.<br>Диспензерот за течен сапун се состои од земјан контејнер опремен со пластична пумпа. И останатите компоненти се земјани садови.<br>Сите производи имаат ист дизајн.<br>Се употребуваат како тоалетни производи.<br> | 6912 00 50 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 6912 00 и 6912 00 50.<br><br>Тоалетните производи, како што се претставени, сочинуваат сет во смисол на основното правило 3(б).<br><br>Распоредувањето е направено согласно материјалот од кој е изработен сетот, керамика, кој му дава суштествен карактер на истиот. |
| 2.Производ кој се состои од:<br>- пластично седиште со капак за тоалетна шоља,<br>- електро-механички подвижен распрскувач и,<br>- електротермички апарат.<br><br>Производот врши неколку функции како: загревање на водата, распрскување на водата и сушење на просторот. | 8516 79 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 8516, 8516 79 и 8516 79 70.<br>Производот е комбиниран и се состои од различни компоненти. Секоја од компонентите се распоредува во различен тарифен број (пластичниот тоалетен прибор во тарифен број 3922, електромеханичкиот домашен распрскувач во тарифен број 8509, и електротермичкиот апарат во тарифен број 8516).<br>Ниту една од компонентите не му дава |

| | | |
|---|---|---|
| | | на производот суштински карактер. Поради тоа производот ќе се распореди, согласно основното правило 3(в) во тарифен број 8516 (последен по нумерички редослед помеѓу овие тарифни броеви кои подеднакво се земаат во предвид). |
| 3.Апарат кој се состои од:<br>- АМ/ФМ радио приемник,<br>- седум-канален засилувачки дел,<br>- дигитален процесор на звук,<br>- видео конвертор, и<br>- далечински управувач.<br>Самиот апарат овозможува домашна аудио и видео забава.<br>Уредот може да прими сигнали од различни извори (на пр. ДВД плеер, сателитски рисивер, касетен плеер, видео рекордер).<br>Звучниот сигнал може да се декодира,а потоа се упатува на дигитално/аналоген конвертер пред да биде засилен.<br>Видео сигналите се синхронизиирани со звучните сигнали. Исто така и овие може да се засилат за да се обезбеди квалитетна слика. | 8527 99 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон оддел XVI, како и наименованието на тарифен број 8527 и 8527 99.<br>Со примена на забелешка 3 кон оддел XVI, компонента која ја врши основната функција на комбинираната машина е радио-риемникот.<br>Засилувањето и процесирањето на звукот како и синхронизацијата и засилувањето на сликата се сметаат за споредни функции споредено со приемот на радио брановите.<br>Соодветно, комбинираната машина ќе се распореди како радиодифузен приемник во тарифен број 8527 99 00. |
| 4.Ново моторно возило на три тркала, со клипен мотор со внатрешно согорување со палење со помош на компресија и со бруто тежина на возилото со повеќе од 20 тони.<br>Возилото се состои од моторна шасија опремена со кабина.<br>Во истото не е вградена конструкција за транспорт, ниту земјоделска опрема, во моментот на увид. | 8704 23 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон глава 87 како и наименованието на тарифен број 8704, 8704 23 и 8704 23 91.<br>Моторна шасија е опремена со кабина, и на неа може да се монтираат различни конструкции за транспорт, опрема или земјоделски машини (кои не формираат интегрална механичка целина), поради што не може да се распореди во тарифен број 84.<br>Согласно Забелешка 3 кон Глава 87, возилото ќе се распореди во тарифен број 8704.<br>Види ги исто така Коментарските забелешки кон тарифен број 8432, 8704 |

| | | |
|---|---|---|
| | | и 8705. |
| 5.Ново моторно возило на три тркала, со клипен мотор со внатрешно согорување со палење со помош на компресија и со бруто тежина на возилото со повеќе од 20 тони. Возилото се состои од моторна шасија опремена со кабина. Распрскувач на цврста супстанција (работна машина) кој се употребува во земјоделски цели е монтиран на шасијата. Возилото може да се вози и на јавни патишта. | 8705 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 8705, 8705 90 и 8705 90 90. Возилото не е самодвижечка машина од тарифен број 8432 бидејќи неколку типови на работни машини може да бидат монтирани на моторната шасија. Бидејќи моторната шасија со кабината и работната машина не формираат интегрална механичка целина, возилото се смета дека е специјално моторно возило од тарифен број 8705. Коментарски забелешки кон тарифни броеви 8432 и 8705 се во прилог. |

Прилог 41

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.324/2007 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Три производи спакувани во сет за малопродажба, вклучувајќи:<br><br>а) ташна направена од проѕирна пластика, со текстилни рачки и"Велкро" затворање;<br><br>б) детска книга со картонска корица, која се состои од расказ илустриран на 16 страни со слики во боја на секоја од страните;<br><br>в) кукла со човечки изглед, облечена во облека која е во склад со прикázната во книгата. Куклата не е прицврстена за книгата, така да може да се игра со неа без да се користи книгата. | 4202 22 10<br><br>4901 99 00<br><br>9503 00 21 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа.<br>Трите производи не може да се сметаат како "сет за малопродажба", со употреба на Основно правило 3(б), бидејќи истиве сметани како сет, не учествуваат во извршување на една одредена активност.<br>Распоредувањето е утврдено со наименованието на тарфен број 4202,4202 22 и 4202 22 10.<br>Овој производ не може да се распореди во Глава 95, бидејќи Забелешка 1(г) кон Глава 95 особено ги исклучува спортските ташни или други контејнери од тарифен број 4202, 4303 и 4304.<br>Распоредувањето е утврдено согласно наименованието на тарифен број 4901 и 4901 99 00.<br>Производот не е детска сликовница од тарифен број 4903, бидејќи е напишана во форма на расказ. Тој се распоредува како книга со печатен текст.<br>Распоредувањето е утврдено со наименованието на тарифен подброј 9503 00 и 9503 00 21. |
| 2. Рачен електронски апарат, на батерии, со единечен плеер во пластично куќиште, со LCD екран и копчиња за вклучување.<br>Производот има повеќе од еден милион вградени SUDOKU игри-слагалици со различни нивоа на тешкотија.<br>Екранот покажува мрежа од девет коцки, секоја со димензии 3x3 келии.<br>Секоја коцка се пополнува, така што во секој ред и колона на коцката со димензии 3x3 келии се содржат | 9504 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 9504, 9504 90 и 9504 90 90.<br>Производот служи за играње на само еден играч. Има електронски дисплеј кој ги активира менталните способности.<br>Во поглед на физичките карактеристики (електронскиот уред) и поради натпреварувачкиот карактер (натпреварување со вештачки противник), тој е повеќе од слагалица |

| | | |
|---|---|---|
| цифрите од 1 до 9 но секоја само еднаш.<br>Апаратот, меѓу другото, има и функција на часовник, кој го покажува времето поминато во играње на играта. | | или играчка од тарифен број 9503.<br>Поради тоа производот ќе се распореди како игра на вештини, во тарифен број 9504. |

**Прилог 42**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.377/2007** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Препарат од лешници кој се состои од мешавина од лешници и шеќер, во форма на гранули (% тежински).<br><br>Лешник во зрно 40<br>Додаден шеќер 60<br><br>Зрната на лешник се печат на 140°C, 20-25 минути. Шеќерот се пече посебно на иста температура, 15-17 минути. Потоа печениот лешник и шеќер се мешаат и се печат заедно, уште 12-15 минути. Препаратот потоа се лади и дроби на парчиња со големина од 1 до 4 мм. Потоа се пакува во вреќи од 10 кг и поголеми кои се наменети за продажба на големо.<br>Производот е всушност полупроизвод кој не е наменет за директна човечка употреба, а се користи за производство на чоколади, сладоледи, слатки и торти.<br><br> | 2008 19 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 2008, 2008 19 и 2008 19 19.<br><br>Производот не се распоредува во глава 17 бидејќи тој е засладен јастив производ кој претставува мешаница од лешници и шеќер (Коментарски објаснувања на ХС кон глава 17, Општи одредби, прв став).<br><br>Тарифниот број 1704 не може да се примени на овие приготвени зашеќерени лешници, бидејќи тие ниту се продаваат ниту се користат како зашеќерени слатки (Коментарски забелешки на ХС кон тарифен број 1704, прв став).<br>Овој производ е опфатен во глава 20, бидејќи тој е пригиотвен со процес кој не е опфатен во во глава 8 ( Забелешка 1(а) кон глава 20 и Коментарски објаснувања на КН кон тарифен подброј 2008 11 10 до 2008 19 99).<br><br>Бидејќи се работи за јатчесто овошје помешано со шеќер што претставува препарат (печен), овој производ ќе се распореди во тарифен подброј 2008 19 19 (Коментарски забелешки на КН кон тарифните подброеви 2008 11 10 до 2008 19 99). |
| 2. Препарат од лешници кој е мешавина од лешници и шеќер, во форма на прав (% тежински).<br>Лешник во зрно 40<br>Додаден шеќер 60 | 2008 19 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифниот број 2008, 2008 19 и 2008 19 19. |

| | | |
|---|---|---|
| Зрната на лешник се печат на 140°C, 20-25 минути. Шеќерот се пече посебно на иста температура, 15-17 минути. Печениот лешник и шеќерот се мешаат и се печат заедно уште 12 до 15 минути.<br>Препаратот потоа се лади и дроби на парчиња со големина од 1 до 4 мм, пред да биде сомелен до големина на парчиња од 20 до 30 микрони. Потоа се пакува во вреќи од 12,5 кг и поголеми наменети за продажба на големо.<br>Производот е всушност полупроизвод кој не е наменет за директна човечка употреба, а се употребува за производство на чоколади, сладоледи, слатки и торти.<br> | | Производот не се распоредува во Глава 17 бидејќи е засладен јастив производ кој претставува мешаница од лешници и шеќер (Коментарски објаснувања на ХС кон глава 17, Општи одредби, прв параграф).<br>Тарифниот број 1704 не го опфаќа овој вид на производ , бидејќи тој е полупроизвод, а не готов кондиторски производ од овој тарифен број (Коментарски објаснувањана ХС кон тарифен број 1704, прв параграф од Коментарските објаснувања на КН кон тар. Подброеви 1704 90 91 до 1704 90 99, втор параграф).<br><br>Овој производ е опфатен во глава 20, бидејќи тој е пригитвен со процес кој не е опфатен во во глава 8 (Забелешка 1(а) кон глава 20 и Коментарските објаснувања на КН кон тарифен подброј 2008 11 20 до 2008 19 99).<br><br>Бидејќи се работи за јатчесто овошје помешано со шеќер кое претставува препарат (печен), овој производ ќе се распореди во тарифен подброј 2008 19 19 (Коментарски забелешки кон КН кон тарифните подброеви 2008 11 10 до 2008 19 99). |
| 3. Препарат од лешници кој е мешавина од лешници и шеќер, во форма на прав (% тежински).<br><br>Лешник во зрно 40<br>Додаден шеќер 60<br><br>Лешникот во зрно се пече на 140°C, 20-25 минути. Шеќерот се пече посебно на иста температура, 15-17 минути. Печениот лешник и шеќер се мешаат и печат заедно, уште 12-15 минути.<br>Препаратот потоа се лади и дроби на парчиња со димензии од 1-4 мм, пред да биде сомелен до димензии од 20-30 микрони. Сомелениот производ | 2008 19 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI, како и наименованието на тарифен број 2008, 2008 19 и 2008 19 19.<br>Производот не се распоредува во Глава 17 бидејќи е засладен јастив производ кој претставува мешаница од лешници и шеќер (Коментарски објаснувања на ХС кон глава 17, Општи одредби, прв параграф).<br>Тарифниот број 1704 не го опфаќа овој вид на производи, бидејќи тој е полупроизвод, а не готов кондиторски производ од овој тарифен број (Коментарски објаснувања на ХС кон тар. Број 1704, прв параграф од |

| | | |
|---|---|---|
| потоа се меша се додека не ја постигне формата на хомогена паста. Се пакува во вреќи од 20 кг и поголеми наменети за продажба на големо.<br>Производот е всушност полупроизвод кој не е неменет за директна човечка употреба и се користи за производство на чоколади, сладоледи, слатки и торти.<br> | | Коментарски објаснувања на КН кон тар. подброеви 1704 90 91 до 1704 90 99, втор параграф).<br>Овој производ е опфатен во глава 20, тој не е опфатен со процесите објаснети во Глава 8 (Забелешка 1(а) кон Глава 20 и Коментарски објаснувања на КН кон тарифен подброј 2008 11 10 до 2008 19 99).<br><br>Бидејќи се работи за јатчесто овошје помешано со шеќер кое претставува препарат (печен), овој производ ќе се распореди во тарифен подброј 2008 19 19 (Коментарски забелешки на КН кон тарифните подброеви 2008 11 10 до 2008 19 99). |

Прилог 43

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.438/2007 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Препарат во форма на желатински капсули. Секоја од капсулите се состои од:<br><br>- Coenzyme Q10: 30mg<br>- Soino maslo: 178 mg<br>- Соја лецитин: 6.3 mg<br>- Кокосово масло: 15.1 mg<br>- Пчелин восок: 15.1 mg<br>- Палмово масло: 45.5 mg<br><br>Маслата и восокот кои се присутни во препаратот се всушност носачи и полнители.<br><br>Производот е наменет за малопродажба.<br><br>Согласно спецификација на производот, компонентата Qoenzyme Q10 покажува антиоксидантни својства и се употребува како помошно средство при болести на системот за циркулација. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (а) кон Глава 30, како и наименованието кон тарифен број 2106, 2106 90 и 2106 90 92.<br><br>Производот е исклучен од тарифен број 1517 бидејќи маслата и восокот кои се содржат во производот имаат улога на носачи и полнители. Тарифното распоредување на овој производ е определено од Coenzyme Q10: неговата концентрација во препаратот е многу повисока од природната концентрација во растителните масла.<br><br>Производот не може да се распореди во Глава 30, бидејќи препорачаната доза на Coenzyme Q10 за профилактична и терапевтска употреба.<br><br>Производот ќе се распореди како прехрамбен производ во тарифен број 2106. |

**Прилог 44**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.455/2007 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Препарат во форма на алкохолен раствор наполнет во пипети за малопродажба. Составот е следен:<br>– Fipronil(ISO): 10g<br>– Butiliran hydroxyanisole: 0,02g (BHA, E 320)<br>– Butiliran hydroxytoluene: 0,01g (BHT, E 321)<br>– excipient q.s.p.: 100 ml<br>Препарат, кој се состои од супстанции кои покажуваат инсектицидни и акарицидни својства против паразити како што се болви, крлежи и вошки, наменет за надворешна употреба кај миленичиња (кучиња и мачки). | 3808 91 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието кон тарифен број 3808, 3808 91 и 3808 91 90.<br><br>Во прилог се и Коментарските забелешки на ХС кон тарифен број 3808 и тарифните подброеви од 3808 91 до 3808 99.<br><br>Производот нема терапевтско и профилактичко дејство, кое е опишано во тарифен број 3004. |
| 2. Препарат во форма на алкохолен раствор спакуван како спреј (распрскувач, пумпа) наменет за малопродажба. Составот е следниов:<br>– fipronil (ISO) : 0.25g<br>– excipient q.s.p.: 100 ml<br><br>Препарат, кој се состои од супстанции кои покажуваат инсектицидни и акарицидни својства против паразити како што се болви, крлежи и вошки, наменет за надворешна употреба кај миленичиња (кучиња и мачки). | 3808 91 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието кон тарифен број 3808, 3808 91 и 3808 91 90.<br><br>Исто така видете ги Коментарските забелешки на ХС кон тарифен број 3808 и тарифните подброеви од 3808 91 до 3808 99.<br><br>Производот нема терапевтско и профилактичко дејство, кое е опишано во тарифен број 3004.<br><br>Препаратот не содржи компоненти кои му даваат својства на тоалетен производ за животни. Поради тоа тој е исклучен од тарифен број 3307. |

**Прилог 45**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.651/2007 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Лесна облека за жени која го покрива телото до колковите, направена од плетен обоен материјал од синтетички влакна (80% полиамид и 20%еластин), ткаенината не содржи гумени нишки.<br>Облеката има ленти со широчина од 8 мм од вулканизирана гума (тарифен број 4008), кои се налепени на ивицата на околувратниот дел и на ивиците на отворите за раце и отворите за нозе.<br>Облеката има обликувани корпи прицврстени со жици, со опшиени уметоци и прерамки чија должина се прилагодува и има високо искроени отвори за нозете.<br><br>(костим за капење)<br> | 6112 41 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 6112, 6112 41 и 6112 41 90.<br><br>Бидејќи гумата е додадена на облеката а не е содржана во материјалот на облеката, оваа облека не може да се распореди во тарифен подброј 6112 41 10 (облека за жени и девојчиња од синтетички влакна која содржи 5%или повеќе гумени нишки).<br><br>Ако се земе во предвид целосниот изглед, кројот и природата на материјалот, облеката е во согласност со описот за распоредување на костими за капење за жени или девојчиња од синтетички влакна (тар. подброј 6112 41 90 други). |
| 2. Поставен текстилен производ кој е составен од два слоја на ткаен текстилен материјал (100% памук) споени со полнетицата со лепење.<br>Готовиот производот е споен со шиење и е со следниве карактеристики:<br>Производот е со приближно 90 см должина и има патент затворач кој започнува од околувратникот и е со должина 68 см. Има сошиен ластик за затегање на струкот. Во горниот дел производот има отвори за рацете а страните и дното се комплетно | 6211 42 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, Забелешка 7 кон Оддел XI, Забелешка 8 кон Глава 62, како и наименованието на тарифен број 6211, 6211 42 и 6211 42 90.<br>Согласно забелешка 4 а) кон Глава 62 овој производ не може да се смета за облека за бебиња бидејќи е тоа производ за мали деца чија височина на телото надминува 86 см. поради што распоредувањето на производот во тарифен број 6209 е исклучено.<br>Согласно коментарските објаснувања од |

| | | |
|---|---|---|
| затворени. Кројот на горниот дел му ја дава формата на производот.<br>(вреќа за спиење за деца)<br> | | Комбинираната номенклатура за тарифен број 6111, каде вреќите за спиење за бебиња со отвори за рацете или со ракави, се сметаат како облека, предметниов производ кој е направен на истиот начин како и оној за бебиња (горниот дел е искроен како облека), само со поголеми димензии, може исто така да се смета како облека.<br>Поради кројот на горниот дел на производот тој се смета како облека од Оддел XI, а не како постелнина или дел од мебел. Поради тоа распоредувањето во тарифен број 9404 е исклучено.<br>Бидејќи во главите во кои е опфатена облеката нема конкретен тарифен број за ваков вид на производ, тој мора да се распореди како"друга облека". |
| 3. Покривка од текстилен материјал која се употребува кај моторните возила. Наменета е да се постави на седиштето од моторното возило, и таа се состои од повеќеслојна ткаенина, каде надворешните слоеви се од ткаен материјал (памук) и среден слој кој не е ткаен и кој служи како полнетица.<br>(прекривка за седиште)<br> | 6304 92 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 6304 и 6304 92 00.<br>Во прилог се Коментарските забелешки на ХС кон тарифен број 6304, каде се вклучени покривки од текстилни материјали кои се употребуваат кај моторни возила.<br>Овој производ не претставува дел од седиштето туку е прибор кон седиштето, поради што не може да се распореди во тарифен број 9401. Во прилог се коментарските забелешки на ХС кон тарифен број 9401, за делови.<br>Бидејќи производот е наменет за употреба кај моторните возила, неможе да се смета *како постелнина или слични покривки.* Поради тоа распоредувањето во тарифен број 9404 е исклучено. |

Прилог 46

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.652/2007 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Копија на одреден модел на мобилен телефон (таканаречена "макета").<br>Производот е направен во најголем дел од пластика. Нема вградени електронски компоненти.<br>По големина, дизајн и тежина идентичен е со карактеристиките од конкретниот модел.<br>Опремен е со копчиња кои даваат привидно чувство како да се притиска вистинско копче. | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 3926, 3926 90 и 3926 90 97.<br>Поради неговата градба и фактот дека не ги извршува функциите на мобилниот телефон, производот е исклучен од тарифен број 8517.<br>Иако производот е копија на одреден тип на мобилен телефон, освен што го има неговиот изглед и копчиња кои даваат привидно чувство на вистинскиот мобилен телефон, нема друга функција или својства на конкретниот моделот за кој се работи. Негова главна задача е да покаже каков е изгледот на конкретниот тип на мобилен телефон. Поради тоа производот е исклучен од тарифен број 9023.<br>Производот ќе се распореди согласно материјалот од кој е изработен (пластика). |
| 2. Таканаречен " душек на самонадувување" за надворешна употреба, со следниве димензии: 185см (должина), 66см (ширина) и 3.8см (висина).<br>Надворешната површина на производот е направена од текстилен материјал од синтетички влакна обложен од внатрешната страна со пластика. Вграден е и слој од полиуретанска пена со клеточна структура (3.5см приближна дебелина).<br>Надворешната површина на | 6306 40 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 6306 и 6306 40 00.<br>Поради неговите видливи карактеристики (триење, отпорност на нечистотии, трајност) и поради фактот дека е наменет за надворешна употреба, производот претставува дел од камп опрема.<br>Тој е исклучен од Глава 94 бидејќи е пневматски душек (Забелешка1(а) кон Глава 94). |

| | | |
|---|---|---|
| производот го зголемува триењето во допир со други производи (на пример вреќа за спиење), издржлива е и отпорна на нечистотии, влага и убоди. Има вентил низ кој навлегува воздухот кога душекот ќе се одмота, и истиот излегува надвор од него кога тој ќе се свитка во ролна. | | Производот се распоредува во тарифен подброј 6306 40 00 како дел од камп опрема, и тоа пневматски душек од текстил. |
| 3. Пловило од типот "катамаран-сплав", наменет за превоз на луѓе. Има должина од приближно 49 метри и максимална брзина од 35 чвора (приближно 63 км на час). Може да пренесе до 600 патника. Направен е да може да работи на реки, речни сливови и крајбрежни води. | 8901 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 8901, 8901 10 и 8901 10 90. Катамаранот е пловило направено за превоз на патници на реки, речни сливови и крајбрежни води. Бидејќи не е конструирано за превоз на патници на поголеми далечини од крајбрежјето, не претставува пловило за транспорт на патници преку море. Соодветно, пловилото не може да се смета како "морско пловило"(Дополнителна забелешка 1 кон Глава 89). |
| 4. Модел(макета) на фудбалски стадион во намалена големина изработен во најголем дел од пластична маса поставен на постамент од иверица. Тој нема подвижни компоненти. | 9503 00 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 9503 и 9503 00 95. Овој производ не може да се распореди во тарифен број 9023 бидејќи не е наменет за демонстрирање. Производот нема да се распореди согласно материјалот од кој е изработено поради тоа што истиот е макета во намалена големина за рекреативни цели од тарифен број 9503. Ваквите модели немаат друга функција освен што се наменети за изложба, и не се направени за играње . |

Прилог 47

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.901/2007 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој се состои од сечени, ферментирани и сушени листови и гранчиња од билката роибос (*Aspalathus linearis*), исто така позната како "Црвена грмушка".<br><br>После берењето, зелените листови и гранчиња се сечат на парчиња со должина од 2-5 мм. Тие потоа се толчат, ферментираат и сушат.<br><br>Овој производ главно се користи за приготвување на инфузии. | 1212 99 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 1212, 1212 99 и 1212 99 70.<br>Распоредувањето во тарифен број 1211 е исклучено бидејќи производот не се користи првенствено за целите кои се наведени во наименованието на тарифниот број(..... од вид кој првенствено се употребува во парфимерија, фармација, инсектициди, фунгициди и слични цели„).<br>Соодветно, производот ќе се распореди како друг растителен производ од вид кој се употребува првенствено за човечка исхрана, на друго место неспомнат ниту вклучен, во тарифен број 1212. |

**Прилог 48**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.902/2007** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цели луковици од лук (*Allium cativum)* на температура помеѓу 0°C и -5°C, но не целосно замрзнати. | 0703 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 0703 и 0703 20 00.<br>Производот е исклучен од тарифен број 0710 бидејќи не е 'замрзнат' како што е предвидено во Глава 7 (Коментарски забелешки на ХС кон глава 7, општо, трет став).<br>Производот поради тоа се распоредува во тарифен број 0703 како разладен лук. |

Прилог 49

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.903/2007 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Рамна листови со димензии 32мм на 21мм, со следниве состојки(тежински проценти):<br>Натриум алгинат 24-32<br>Малтодекстрин 20-28<br>ароми 5-15<br>Вода 5-15<br>carageenan 5-15<br>Микрокристална целулоза 4-10<br>Глицерин 4-10<br>Лецитин, аспартам, натриум сахарин, ацесулфам-К, neohesperidine DC, боја E102 I боја E133.<br><br>Производот е со трговско име "ленти за освежување на здивот" кои се раствараат на јазикот. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 2106, 2106 90 и 2106 90 98.<br><br>Производот не може да се распореди во тарифен број 3306 како препарат за хигиена на устата, бидејќи не содржи специфични компоненти кои ја одржуваат лигавицата на усната шуплина чиста.<br><br>Производот ќе се распореди како прехрамбен производ за човечка употреба од тарифен број 2106 бидејќи содржи природни состојки (коментарски објаснувања на ХС кон тарифен број 2106, прв став, А, и втор став, Б, 9). |

Прилог 50

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.904/2007 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| "Pasta filata" е вид на сирење во облик на коцка кое е направено со додавање на ренин (*ензим*) и термофилна бактериа (на пр. *Streptoccocus thermophilus*) во млеко. Кајмакот се одвојува после засирувањето. Засиреното млеко потоа се загрева на температура од 80°С. Засиреното млеко се меси и растегнува за да се добие жилеста градба. Потоа производот се дели на определена големина (1 до 3 кг) и се посолува.<br><br>Сирењето се замотува со фолија за созревање и се чува после произведувањето една до две недели на ниска температура од (2 - 4 °С).<br>Сирењето е со следен состав (% тежински):<br>Сува материја ....... 54.2<br>Вкупни маснотии ....... 23.3<br>Содржина на маснотии во сувата материја ....... 43.0<br>Содржина на вода во немасниот дел ....... 59.7<br>Сирењето има мек, киселкаст, малку солен вкус. Се употребува, меѓу другото, како сирење за пица. | 0406 10 20 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 0406, 0406 10 и 0406 10 20.<br><br>Производот има јасни карактеристики и својства, кои воглавном произлегуваат од неговиот состав, изглед и вкус на свежо сирење и може да се консумира брзу после неговото произведување (коментарски забелешки на ХС кон тарифен број 0406, прв став, точка 1).<br><br>Поради тоа не може да се распореди во тарифен подброј 0406 90 кој одговара на "други сирења" неспоменати во претходните тарифни подброеви. |

**Прилог 51**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1178/2007** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој е направен од две плетени ткаенини со различа боја, од синтетички влакна. Ткаенината е погодна за костими за капење. Производот се носи дирекно на кожа и досега до под градите, има две обликувани корпи кои се тенко поставени и кои имаат вметната жица за подпирање.<br><br>Производот има тенки прерамки кои може да се вадат по потреба. Истиов се затвара на задната страна со помош на кукички. Делот од производот кој го обиколува грбот има внатрешни леплива трака која се прилепува на грбот на оној што го носи и го држи на место заедно со прерамките и со жичаните корпи.<br>(градник со изглед на горен дел од бикини)<br><br><br> | 6212 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, забелешка 2(а) кон глава 61 како и наименованието на тарифен број 6212, 6212 10 и 6212 10 90.<br>Иако, на прв поглед, според обликот и природата на влакната од кои е изработен, производот наликува на горен дел од дводелен костим за капење (бикини), но распоредувањето во тарифен број 6112 (костими за капење) е исклучено, бидејќи му недостасува долниот дел од „дводелниот костим за капење„. Погледните ги коментарските забелешки на ХС кон тарифен број 6112, (В).<br>Исто така производот не е „некомплетен производ„ од тарифен број 6112(костим за капење) согласно ОП 2(а), бидејќи тој нема основен карактер на готовиот производ ( пр. дводелен костим за капење), бидејќи неможе да се користи како костим за капење како таков.<br>Производот ќе се распореди како градник од тарифен број 6212, бидејќи овој тарифен број ги вклучува градниците од било кој вид. Види ги коментарските забелешки на ХС кон тарифен број 6212, втор став, (1). Двете поставени корпи зацврстени со жица се карактеристични за класичен градник. Заедно со лепливите ленти кои се прилепуваат на грбот на оној кој го носи, со или без прерамките кои се вадат, производот претставува „облека која се носи за придржување на телото„. Во прилог се коментарските забелешки на ХС кон тарифен број 6212, прв став. |

Прилог 52

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1231/2007 | Распоредување(Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Домашна сауна со инфрацрвени зраци, наменета да биде вградена во зграда, направена за две лица, и се состои од:<br>шест монтажни „ дрвени панели„,<br>клупа,<br>опрема за вентилација,<br>јонизатор.<br>Некои од панелите се опремени со:<br>врата со прозорец,<br>керамичка греалка со инфрацрвени зраци,<br>дигитални контролери,<br>- звучници.<br>Брановата должина на зраците произведени во керамичката греалка со инфрацрвени зраци е 5,6-15 μm.<br>Производот функционира комбинирано како сауна и како апарат за топлинска терапија со инфрацрвени зраци. Тој овозможува рекреативен и релаксирачки третман. | 8516 79 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а), 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI како и текстот кон тарифен број 8516, 8516 79 и 8516 79 70.<br><br>Механичките апарати и електронската опрема ја вршат суштинската функција на производот. Поради тоа, распоредувањето на истиот во тарифен број 4421 како „други производи од дрво„, е исклучено. Производот не врши никаков медицински третман и затоа неговото распоредување во во тарифен број 9018 како медицински инструмент или апарат е исклучено.<br><br>Распоредување во тарифен број 9406 е исклучено бидејќи производот не претставува „самостојна„ довршени или недовршени монтажни згради.<br><br>Бидејќи керамичката греалка со инфрацрвени зраци, ја извршува примарната функција на производот, кој е електро-термички уред со функција која е опфатена во глава 85 (тар.број 8516), тогаш распоредувањето во тарифен број 8543 ќе биде исклучено.<br><br>Керамичката греалка со инфрацрвени зраци, го загрева само телото а не го загрева просторот наоколу, па производот |

| | | |
|---|---|---|
| | | е затоа исклучен од тарифен подброј 8516 29 „апарат за загревање на простории„. Од сево ова произлегува дека истиот ќе се распореди во тарифен број 8516 79. |
| 2.Самостоен уред кој врши снимање на дигитален видео запис на дигитален версатилен диск (DVD), од видео камера рекордер.<br>Уредот е опремен со USB интерфејс за конекција со видео камера рекордерот или со машина за автоматска обработка на податоци.<br>Кога уредот ќе се поврзе со видео камера рекордерот, снимањето на видео записот може да се контролира преку овој вториот уред, и снимањето се врши само во видео формат.<br>Уредот може исто така да се употребува како уред за чување на податоци на DVD кога истиот работи поврзан со машина за автоматска обработка на податоци. | 8521 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 5(Е) кон Глава 84 како и наименованието на тарифен број 8521, 8521 90 00.<br>Бидејќи уредот има специфична функција, снимање на слики од камера, распоредувањето као уред за чување на податоци во тарифен подброј 8471 70 е исклучено (забелешка 5(Е) кон глава 84).<br>Поради тоа што производот е опфатен во тарифен број 8521 (како апарат за снимање на слики), распоредувањето како апарат за снимање од тарифен број 8471 (тарифен подброј 8471 90) е исклучено.<br>Бидејќи уредот има функција која е попрецизно опфатена во глава 85 (тарифен број 8521), распоредувањето во тарифен број 8543 е исклучено. |
| 3.Дигитална камера за сликање и снимање на слики на внатрешен уред за чување на податоци со капацитет од 22 MB или на мемориска картичка со максимум капацитет од 1 GB.<br>Оваа камера е опремена со 6 мегапиксели CCD и LCD дисплеј со дијагонална димензија од 6,35см (2,5 инчи) кој се користи | 8525 80 30 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон оддел XVI, како и наименованието на тарифен број 8525 и 8525 80.<br>Камерата не може да се распореди во тарифен подброј 8525 80 11 или 8525 80 19 како телевизиска камера затоа што |

| | | |
|---|---|---|
| како екран при сликање или снимање како и за покажување на претходно сликаните слики. Максималната резолуција на сликите е 3680 x 2760 пиксели. Со користење на најголемата резолуција и 1GB меморија на картичката, тој може да сними приближно 290 слики. Со користење на резолуција од 640X480 пиксели и 1 GB мемориска картичка, може да се снимат приближно 7550 слики. Максимална резолуција на слика е 640x480 пиксели. Користејќи ја најголемата резолуција и 1 GB мемориската картичка , може да сними приближно 11 минути видео снимка со 30 слики за секунда. Камерата нуди оптички зум, кој не може да се користи за време на снимањето. | | може и да слика и да снима. Производот може да слика и снима слики со голем квалитет. Како и да е, производот може да слика или снима слики со квалитет помал од 800x600 пиксели и неможе да врши зумирање за време на снимањето (коментарски објаснувања на ХС кон тарифен подброј 8525 80 30). Со примена на Забелешка 3 кон Оддел XVI , основната функција на камерата е сликање или снимање на слики и затоа производот ќе се распореди како дигитален фотоапарат од тарифен подброј 8525 80 30. |
| 4. Дигитална камера за сликање и снимање на слики на мемориска картичка со максимален капацитет од 1 GB. Оваа камера е опремена со 6 мегапиксели CCD и помошен визир на LCD дисплеј со дијагонална димензија од 5,08cm (2,0 инчи) кој се користи како екран при сликање или снимање како и за покажување на претходно сликаните слики. Максималната резолуција на сликите е 3680 x 2760 пиксели. Со користење на најголемата резолуција и 1GB меморија на картичката, тој може да сними приближно 300 слики. Со користење на резолуција од 640X480 пиксели и 1 GB мемориска картичка, може да се снимат приближно 7550 | 8525 80 30 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон оддел XVI, како и наименованието на тарифен број 8525 и 8525 80. Камерата не може да се распореди во тарифен подброј 8525 80 11 или 8525 80 19 како телевизиска камера затоа што може и да слика и да снима. Производот може да слика и снима слики со голем квалитет. Иако производот има изглед на видео камера рекордер, има зум кој функционира за време на снимањето и може да снима приближно 42 минути снимка, користејќи резолуција од 640x480 пиксели, снимањето на видео снимка станува секундарна |

| | | |
|---|---|---|
| слики. Максимална резолуција на слика е 640x480 пиксели. Користејќи ја најголемата резолуција и 1 GB мемориската картичка , може да сними приближно 42 минути видео снимка со 30 слики за секунда. Камерата нуди оптички зум, кој не може да се користи за време на снимањето. | | функција бидејќи апаратот може само да слика и да снима снимка со квалитет помал од 800x600 пиксели. (коментарски објаснувања на комбинирана номенклатура за тарифен подброј 8525 80 30). Во контекст на значењето на Забелешка 3 кон Оддел XVI, основната функција на камерата е сликање и снимање на слики, затоа, производот се распоредува како дигитална камера од тарифен подброј 8525 80 30. |
| 5. Дигитална камера за сликање и снимање на слики на мемориска картичка со максимален капацитет од 2 GB. Оваа камера е опремена со 5 мегапиксели CCD и помошен визир на органска светлосно-емитувачка диода (OLED) со дијагонална димензија од 5,59см (2,2 инчи) кој се користи како екран при сликање или снимање како и за покажување на претходно сликаните слики. Опремен е со влез за микрофон и аудио-видео излез. Максималната резолуција на сликите е 1280 x 720 пиксели. Користејќи ја најголемата резолуција и 2 GB мемориската картичка , може да сними приближно 42 минути видео снимка со 30 слики за секунда. Со користење на резолуција од 640X480 пиксели и 2 GB мемориска картичка, може да се снимаат два часа видео снимка со 30 слики за секунда. Максимална резолуција на сликите е 3680x2760 пиксели. Користејќи ја најголемата резолуција и 2 GB мемориската картичка , може да сними приближно 600 слики. Со | 8525 80 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон оддел XVI, како и наименованието на тарифен број 8525 и 8525 80 и 8525 80 91. Камерата не може да се распореди во тарифен подброј 8525 80 11 или 8525 80 19 како телевизиска камера затоа што може и да слика и да снима. Согласно Забелешка 3 кон Оддел XVI, основната функција на камерата е сликање и снимање на видео снимка, бидејќи може да сними видео снимка со висок квалитет поголем од 800x600 пиксели за приближно 42 минути употребувајќи резолуција од 1280x720 пиксели, на 30 слики во секунда. Понатаму, камерата нуди оптички зум кој може да се користи за време на снимањето. (коментарски објаснувања на Комбинирана номенклатура за тарифен подброј 8525 80 91 и 8525 80 99). Производ кој може да снима звук и слика само од телевизиска камера , се распоредува како телевизиски видео камери во тарифен подброј 8525 80 91. |

| | | |
|---|---|---|
| користење на резолуција од 640X480 пиксели и 2 GB мемориска картичка, може да се снимат приближно15500 слики.<br>Камерата нуди оптички зум, кој може да се користи за време на снимањето. | | |
| 6. Портабл уред кој се состои од глобален рисивер систем за лоцирање (GPS) со вградена антена и персонална дигитална единица(PDA) со оперативен систем во едно кукиште.<br>Надворешните димензии се: 11,2(должина) x 6,9(ширина) x 1,6(дебелина).<br>Опремен е со:<br>- приклучно место за мемориска картичка,<br>- 8,9 см(3,5") LCD колор екран на допир,<br>- LED задно светло,<br>- 32 MB флеш меморија,<br>- GPS вграден модул со одделна антена,<br>- рекордер за глас,<br>- MP3 вграден плејбек и звучник,<br>- приклучок за слушалки, USB подлога, и др.<br>- копчиња за вклучување, календар, забелешки, контакти. | 8526 91 20 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 8526 и 8526 91 и 8526 91 20.<br>Уредот се состои од две компоненти: ADP машина од тарифен број 8471 и GPS рисивер од тарифем број 8526.<br>Ниту системот за лоцирање(GPS) ниту единицата за процесирање на податоци (PDA) не може да се сметаат за основни функции.<br>Поради тоа, уредот ќе се распореди со примена на основно правило 3(в), во тарифен број 8526. |
| 7. Моторно возило на четири тркала со дизел мотор со капацитет од 132 kw и максимална брзина од 40 км/h.<br>Возилото има комплетна автоматска трансмисија на четири тркала на предна влеча и едно тркало на задна влеча, со затворена кабина и седиште | 8701 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 8701, 8701 90 и 8701 90 90.<br>Возилото не се распоредува во тарифен број 8709, бидејќи не е |

| | | |
|---|---|---|
| само за возачот.<br>Шасијата има и „петто тркало„.<br>Петтото тркало е кренато на височина од 60cм и со максимален капацитет на носивост од 32000 кг. Неговата намена е да овозможи поврзување на приколка со возилото.<br>Возилото е специјално направено за употреба во дистрибутивни центри за манипулација со приколки. | | направено, ниту пак е наменето самостојно да превезува стоки, поради што и не е погодно да се употребува на платформи на железничка станица.<br>Судот на правда на Европските заедници во случајот C 495/03(1) одлучи дека ваков тип на возило ќе се распореди во тарифен број 8701.<br>Истово нема да се распореди како друмски влекачи за полуприколки од тарифен подброј 8701 20, бидејќи не е направено да се употребува на јавен пат за транспорт на стоки на одредени растојанија.<br>Поради тоа возилото ќе се распореди како трактор од тарифен подброј 8701 90 90. |

**Прилог 53**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1417/2007 | Распоредување(Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Сет за уредување на нокти кој се состои од:<br>48 вештачки нокти<br>мала туба со лепак<br>подлога за нокти<br>стапче за маникирање и<br>декоративни налепници за нокти.<br>Вештачките нокти се направени од лиена пластика и се со различна големина.<br>Сетот е приготвен за малопродажба. | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 3926, 3926 90 и 3926 90 97.<br>Производите, како што е објаснето, сочинуваат сет, во духот на Основно правило 3(б).<br>Сетот не содржи производи за маникир од тарифен подброј 3304 30 00, бидејќи содржи само уметоци од вештачки нокти кои се налепуваат на ноктите од прстите а не содржи препарати кои служат за едноставна грижа и разубавување на природните нокти и раце (коментарска забелешка на ХС кон тарифен број 3304, (Б)).<br>Сет кој се состои од различни производи и се распоредува во тарифен подброј 3926 90 97 поради пластичните вештачки нокти кои му даваат суштествен карактер на сетот. |
| 2. Обликувани пластични вештачки нокти.<br>Тие се направени да се залепат врз природните нокти со употреба на акрилен сврзувачки раствор.<br>Спакувани се по 50 во пакување, со иста величина. | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 3926, 3926 90 и 3926 90 97.<br>Производот не може да се смета дека се употребува како средство за маникир од тарифен подброј 3304 30 00 бидејќи содржи само уметоци од вештачки нокти кои се налепуваат на ноктите од прстите а не претставува препарат кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | служат за едноставна грижа и разубавување на природните нокти и раце (коментарска забелешка на ХС кон тарифен број 3304. (Б)).<br>Поради тоа истиве ќе се распоредат како производи од пластика во тарифен подброј 3926 90 97 согласно материјалот од кој се направени. |
| 3.Раствор за врзување составена од:<br>ethyl cianoacrylate<br>Silica<br>Poly(methyl methacrylate)<br>Calixarenes<br>Hydroquinone<br>Triglycerides<br>Растворот е наменет за врзување на обликуваните вештачки пластични нокти врз природните нокти. Тој полека се стврднува при што овозможува да се обликуваат ноктите убаво.<br>Растворот е спакуван во шишиња со мала шприцалка, за лесно и прецизно нанесување. Нето тежината не надминува 1 кг. | 3506 10 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 3506 и 3506 10 00.<br><br>Производот не се смета како препарат за маникир или педикир од тарифен број 3304.<br><br>Производот претставува лепак или адхезив од тарифен број 3506. |

Прилог 54

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1439/2007 | Распоредување(Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет кој се состои од неколку фластери и перничиња на кои се додадени следниве состојки (% тежински):<br>- tourmaline 4<br>- chitosan 5<br>- wood vinegar 30<br>- pearl powder 4<br>- pure silica 4<br>- glycolic acid 3<br>- dextrin 50<br>Согласно информацијата на пакувањето производот ја подобрува циркулацијата на крвта во стапалата, го поттикнува метаболизмот на клетките во ткивата и го детоксифицира телото.<br>Перничињата се ставаат на табаните од стапалото, се прицврстуваат со фластер и се носат 8-10 часа.<br>Производот е спакуван во картонско пакување за единечна продажба. | 3824 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 3824, 3824 90 и 3824 90 98.<br>Производот не може да смета за препарат за нега на кожата ниту за нега на стапалата затоа што не е приготвен да се употребува за таа намена примарно (коментарски објаснувања на ХС кон тарифен број 3304, (А)(3), и (Б)).<br>Перничињата му даваат основен карактер на производот. Тие немаат научно докажано терапевтско дејство, за намалување на токсините во целото тело и затоа не може да се распоредат во тарифен број 3004 или 3005. Тие треба да се распоредат како други хемиски препарати неспомнати или опфатени на друго место. |

**Прилог 55**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1440/2007** | **Распоредување(Тар.ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Мал плик, со приближни димензии од 40x50 мм, самолеплив, кој се состои од две топлотно залепена сложена фолија направена од пластика-алуминиум, која содржи примерок на парфем во форма на гел. На него е отпечатено името на парфемот.<br>Фолијата може да се подигне за да испушти примерок од парфемот во доволна количина за да се почувствува мирисот кога ќе се нанесе на зглобот од шаката.<br>Производот не е наменет за малопродажба. Тој се залепува на брошури, флаери, картички или рекламни страници на списанија на кои се испечатени името и сликата на одреден парфем заради негова реклама. | 3303 00 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Оддел VI како и текстот кон тарифен број 3303, 3303 00 10.<br>Производот ќе се распореди како парфем од тарифен подброј 3303 00 10 бидејќи парфемот е присутен во доволна количина за да му даде мирис на човечкото тело. |
| 2. Печатени рекламни страници, А4 формат, делумно или целосно превиткани. Страната е покриена врз превиткaниот дел со примерок од парфем во форма на микрокапсула, кој е во вид на прашок или паста. Превиткaниот дел е топлински залепен.<br>Превиткaниот дел може да се поткрене за да испушти примерок од парфемот во доволна количина за да се почувствува мирисот кога ќе се нанесе на зглобот од шаката. | 4911 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 4911, 4911 10 и 4911 10 90.<br>Производот не може да се распореди во трарифен подброј 3303 00 10 бидејќи парфемот не е присутен во доволна количина за да му даде мирис на човечкото тело.<br>Производот ќе се распореди во тарифен подброј 4911 10 90 како печатен рекламен материјал бидејќи печатената реклама му дава основен карактер |

| | | |
|---|---|---|
| Производот не е наменет за малопродажба. Тој е наменет како прилог во некое списание или слично каде што се испечатени името и сликата на одреден парфем заради негова реклама. | | (коментараски објаснувања на ХС кон глава 49, општи одредби, прв став). |

Прилог 56

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1452/2007 | Распоредување(Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Вртлив прстен, кој се состои од два концентрични ковани челични прстени, од кои едниот има врежани запци.<br>Прстените може да се ротираат ако се одделат со два реда челични куглични лежишта.<br>Челичниот прстен кој има запци го овозможува вртењето при ротацијата.<br>Производот се вградува во машина за копање. | 8483 90 89 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(а) кон Оддел VI како и текстот кон тарифен број 8483,8483 90, 8483 90 89.<br>Бидејќи вртливиот прстен, со оглед на неговата функција припаѓа на стоки опфатени со тарифните броеви од глава 84, поради што распоредувањето во тарифен број 8431 како дел од машина за копање е исклучено.<br>Не се сметаат за „запчаник или преносник„ од тарифен подброј 8483 40 бидејќи тој се состои од единечен пазабен прстен.<br>Ротирањето кое е овозможено од запците, ја определува функцијата на производот и поради тоа, овој вртлив прстен се распоредува како трансмисиони елементи во тарифен број 8483 90 89. |
| 2. Возило на три тркала, така наречен „Trike„ со мотор со внатрешно согорување со палење со помош на свеќичка со зафатнина на цилиндарот од 1584 $cm^3$.<br>Возилото нема работна каросерија и може да превезе две лица.<br>На него е вграден рачен управувач со управувачки механизам како кај моторциклите.<br>Возилото има исто така и менувач со четири брзини, и една брзина за наназад, и | 8703 23 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 8703, 8703 23 и 8703 23 19.<br>Иако возилото е управувано со рачен управувач и има изглед на моторцикл, не може да се смета за моторцикл од тарифен број 8711, поради брзината за наназад и диференцијалот.<br>Поради тоа производот ќе се распореди како моторно возило со поедноставна конструкција, направено за превоз на луѓе, од |

| | | |
|---|---|---|
| диференцијал. | | тарифен број 8703 (коментарски објаснувања на ХС кон тарифен број 8703, втор став). |

Прилог 57

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.119/2008 | Распоредување(Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат за отстранување на влакна и нега на кожата кој работи со помош на интензивен сноп на светлина (intense pulsed light IPL) технологија со следниве димензии: 34,5(висина)x30,5(ширина)x50,5(длабочина) см и тежина од 25 кг.<br>Апаратот се употребува за отстранување на влакна и извршување на козметички третмани за подмладување од отстранување на брчки од стареење до третман при нееднаква пигментација и проширени вени. Тој се користи во салоните за убавина.<br>Апаратот содржи електричен мотор за ладење, кој нема никаква улога во самиот процес на одстранување на влакната и третманот на кожата. | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и текстот кон тарифен број 8543, 8543 70 и 8543 70 90.<br>Бидејќи процесот на одстранување на влакна се врши со интензивен сноп на светлина (IPL), а не со повлекување на влакната и нивно откинување заедно со коренот со помош на електричниот мотор, кој учествува во процесот на ладење, распоредувањето во тарифен број 8510 како апарат за одстранување на влакна со сопствен еклектричен мотор е исклучено (коментарски објаснувања кон тарифен број 8510).<br>Распоредувањето во тарифен број 9018 како медицински инструменти или апарати е исто така исклучено бидејќи апаратот не врши никаков медицински третман и не е наменет за професионална употреба (коментарски објаснувања кон |

| | | |
|---|---|---|
| | | тарифен број 9018). Апаратот ќе се распореди во тарифен број 8543 бидејќи тој претставува електричен уред кој има индивидуална функција, неспомената на друго место во глава 85. |

Прилог 58

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.155/2008 | Распоредување(Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој се состои од две излеани корпи од мека клеточна пластика обложени од двете страни со плетен материјал. Плетени траки се сошиени на рабовите од корпите за да ја зацврстат нивната овална форма. Корпите се споени со магнетен метален затворач.<br>Внатрешноста на секоја од корпите е обложена со леплива материја која е заштитена со пластичен филм. Кога ќе се отстрани пластичниот филм, лепливиот слој им овозможува на корпите да се залепат на градите кога непосредно ќе се допрат до кожата.<br>Производот е наменет да се носи директно на кожа.<br>(градник)<br> | 6212 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 2(а)(5) кон Глава 59 и 2(а) кон глава 61 како и текстот кон тарифен број 5903, 6212, 6212 10 и 6212 10 90.<br>Бидејќи клеточната пластика на корпите е комбинирана со текстилен материјал од двете страни, се смета дека текстилниот материјал има поголема улога отколку само засилувачка согласно забелешка 2(а)(5) кон глава 59, што ни укажува на суштинскиот карактер на текстилот во комбинираниот материјал од кој се направени корпите (коментарски објаснувања на ХС кон глава 39, општо, „комбинации на пластични маси со текстилни материјали„ (г), и седми став). Поради тоа, производот е текстилен производ од Оддел XI а не пластичен производ или облека од тарифен подброј 3926 20.<br>Производот има карактеристики на градник, на пример корпите имаат овална форма, и претставуваат лиени пластични корпи |

| | | |
|---|---|---|
| | | засилени по ивиците, кои заедно со магнетниот метален затворач ги држат градите на место. Наместо класичните прерамки кои досегаат преку грбот на телото, овој производ се залепува на телото со помош на лепливата материја на внатрешноста на корпите. Поради дебелината на корпите направени од клеточна пластика, кога тие ќе се залепат на долната страна на градите тие ги придржуваат градите така што ги туркаат нагоре. Уште повеќе, кога производот се поставува горниот дел на корпите се фиксира на кожата над градите високо колку што е тоа можно, поради што градите внатре во корпите се кренати и прицврстени. Од ова произлегува дека производот е од вид кој се употребува за придржување на телото, согласно забелешките на ХС кон тарифен број 6212, прв став. Понатаму, како и другите градници, производот се носи директно на кожа. Производот се распоредува како градник од тарифен број 6212, бидејќи овој тарифен број ги вклучува сите видови на градници (коментарски објаснувањана ХС кон тарифен број 6212, втор став,(1)). |

Прилог 59

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 323/2008 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Пластичен свитлив производ со специфична форма кој содржи обоена течност, раствор со следен состав (% по волумен):<br>- вода 40<br>-пропилен гликол 60<br>Овој производ е дизајниран за отстранување на главоболка кога се става на лице, а претходно изладен во фрижидер. | 3824 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 3824 и тар. подброеви 3824 90 и 3824 90 97.<br><br>Растворот содржан во пластичиот плик се користи како разладувач и му дава на производот суштински карактер на препарат од тар. број 3824.<br><br>Производот нема терапевтски или профилактички ефект, согласно Глава 30. |
| 2. Плик изработен од пластични листови со содржина на мешавина на вода и масло за вметнување во чашките од пливачки оддела или градници. | 3926 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 3926 и тар. подброј 3926 20 00.<br><br>Со тоа што производот е диизајниран за вметнување во чашките од пливачки оддлеа или градници за жени, во смисол на тар. број 3926, треба да се распореди како прибор за облека од тар. подброј 3926 20 00. |
| 3. Ткаено марамче во форма на појас, со содржина на обични пченични зрна, кое откако ќе се загрее во микровална, се користи за ослободување од болка во долниот дел на грбот. | 1001 90 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 1001 и тар. подброеви 1001 90 и 1001 90 99.<br>Обичната пченица која е содржана во појасот се користи за трансфер на акумулираната топлина и му дава на производот битен карактер на жито од тар. број 1001.<br>Производот нема терапевтски или профилактички ефект, согласно Глава 30. |

Прилог 60

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 334/2008 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е со следен состав (% по маса):<br>- етил алкохол преку 90,0<br>- вода помалку од 7,4<br>- Етилен гликол 1,3<br>- бутанон 1,3<br><br>Производот е спакуван во шишиња од 1 и 3 литри и во контејнери од околу 100 литри.<br>Согласно на пакувањето производот може директно да се користи или може да се разреди со вода за употреба како флуид против замрзнување или флуид за размрзнување. | 2207 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 2207 и тар. подброј 2207 20 00.<br><br>Додатокот на бутанон , и во помала мера етилен гликол, го прави производот непогоден за човечка консумација но не за индустриски цели.<br><br>Нискиот процент на етилен гликол не му дава на производот карактер на флуид против замрзнување или флуид за размрзнување од тар. број 3820.<br><br>Оттука производот се распоредува како денатуриран етил алкохол од тар. подброј 2207 20 00. |

**Прилог 61**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 457/2008 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ составен од кварцна плоча превлечена со хром и фотоотпорен слој со димензии од 15 (висина) x 15(ширина) x 0,6 (дебелина) см (таканаречена „photomask blank„).<br><br>Производот се осветлува и развива за да биде „фотомаска„ за употреба во производство на полупроводнички единици. | 3701 99 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 3701 и тар. подброј 3701 99 00.<br><br>Производот се распоредува во тар. број 3701 бидејќи е неосветлена фотографска плоча прекриена со фотоосетлив материјал (види Коментар на ХС за тар. број 3701). |
| 2..Производ составен од кварцна плоча прекриена со хром со димензии од 15 (висина) x 15(ширина) x 0,6 (дебелина) см на која е произведен дијаграм од печатено коло на ист начин како во случај на осветлени и развиени фотографски плочи (т.н. „фотомаск„).<br><br>Производот се употребува во производство на полупроводнички вафери (подметувачи) за фотографско трансферирање на дијаграмите на колата на ваферите. | 3705 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 37 и наименувања за тар. број 3705 и тар. подброеви 3705 90 и 3705 90 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8486 е исклучено, зашто „фотомаската„ не е интегрален дел од машината која се користи за производство на полупроводнички картички или плочи, туку независен, потрошен и изменлив алат со карактеристични својства.<br><br>Плочата се распоредува во тар. број 3705 зашто истиата е осветлена и развиена фотографска плоча од вид кој се употребува за проекцијата на сликата на ваферот (плоча). |
| 3.Уред дизајниран да ја зголеми количината на природна светлина во соба, сочинет од призматичен купола објектив, систем од цевки и дифузер леќи.<br><br>Уредот ја фаќа светлината преку купола на покривот и ја трансферира до плафонот на собата преку неговиот внатрешен | 9013 80 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 9013 и тар. подброеви 9013 80 и 9013 80 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9405 како лампа или расветна опрема е исклучено зашто уредот не креира |

| | | |
|---|---|---|
| рефлективен систем, каде светлината се растура. | | светло, туку ја фаќа светлината, трансферира и растура со користење оптички средства.<br><br>Оттука уредот треба да се распореди како оптички уред во тарифен број 9013 |

Прилог 62

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 724/2008 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот во течна состојба направен како сос од пиперки, подготвен од чаури од пиперки кој е измешан со сол и е ферментиран преку три години.<br><br>После ферментацијата додаден е оцет. Производот е достапен во различни варијетити, пр. како сос од зелена пиперка. | 2103 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 2103 и тар. подброеви 2103 90 и 2103 90 90.<br><br>Мешањето со сол, ферментацијата и додатокот на оцет се смета како процес на производство кој не припаѓа на процесот спомнат во Забелешка 1 кон Глава 9. Оттука производите повеќе не го задржуваат својот суштински карактер на стоки од Глава 9<br><br>Заради составот и употребата на производот, истиот се распоредува во тар. број 2103. Види исто така и Коментар на Хармонизиран Систем за тар. број 2103 (А), став два, последна реченица. |

Прилог 63

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 725/2008 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ составен од (% по маса):<br>урда 32,4<br>Обрано млеко 32,9<br>Павлака (33,5 % маснотии) 12,4<br>шеќер 4,5<br>и исто така овошен препарат , сурутка, стабилизатор, јогурт култура.<br>Содржина на маснотии е 4,3 % по маса. Бојата на производот е светло црвена. На изглед супстанцијата е како свежо сирење. Делови од овошниот препарат може да се видат во производот.<br>Производот е спакуван во контејнери со содржина од 150 г. | 0406 10 20 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 0406 и тар. подброеви 0406 10 и 0406 10 20.<br>Производот содржи повеќе од 70% по маса млечни производи, каде урдата го дава суштинскиот карактер. Истиот, оттука ја задржува природата на свежо сирење и сурутка.<br>Од тие причини производот се распоредува во тарифен број 0406. |
| 2. Производ составен од (% по маса):<br>Урда 41,7<br>Обран јогурт 29,7<br>Овошен препарат 20<br>Фруктозен сируп 5<br>Протеински концентрат 2<br>Врзиво 0,9<br>Павлака 0,7<br>Содржина на маснотии е 0,4 % по маса. Производот има два слоја: белата супстанција ја содржи урдата на површината и овошниот препарат е под него. На изглед супстанцијата на површината е како свежо сирење.<br>Производот е спакуван во контејнери со содржина од 125 г. | 0406 10 20 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 0406 и тар. подброеви 0406 10 и 0406 10 20.<br>Производот содржи повеќе од 70% по маса млечни производи, каде урдата го дава суштинскиот карактер. Истиот, оттука ја задржува природата на свежо сирење и сурутка.<br>Од тие причини производот се распоредува во тарифен број 0406. |

**Прилог 64**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 833/2008** | **Распоредување(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| 1) | (2) | (3) |
| Несоставена аголна туш кабина која се состои од:<br>- Туш-када од пластика со следните димензии: 80 см (ширина) x 80 см (дијаметар) x 10 см (висина),<br>- Конструкција целосно изработена од алуминиум,<br>- Четири панели од стакло прицврстени во алуминиумски рамки со следните димензии: 40 см (ширина) x 180 см (висина).<br><br>Овалната конструкција се монтира на туш-кадата и прицврстува на ѕидовите.<br><br>Двата стаклени панели функционираат како лизгачки врати.<br><br>(Види слика)(*)<br> | 3922 10 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а), 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованиата на тарифните броеви 3922, 3922 10 00.<br><br>Производот е сложен артикал, кој се презентира несоставен, а се состои од различни компоненти.<br><br>Компонентата која на туш кабината и дава суштински карактер е пластичната туш-када, бидејќи е основа за конструкцијата на кабината.<br><br>Затоа производот се распоредува во тарифниот број 3922 10 00 како туш када. |

(*) На сликата производот е во склопена состојба.

Прилог 65

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1141/2008 | Распоредување(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Систем за линеарно движење составен од лизгачки механизам со два жлеба и правоаголно куќиште во кое е сместено тркалечко лежиште.<br><br>Куќиштето се движи долж жлебовите во лизгачкиот механизам со помош на тркалечко лежиште.<br><br>Системот за линеарното движење се употребува со различни видови на машини, на пример, опрема за ракување со стоки, алатни машини или DVD плеери. | 8482 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(а) кон Оддел XVI и наименованиата на тарифните броеви 8482, 8482 10 и 8482 10 90.<br><br>Со оглед на тоа што системот за линеарно движење може да биде употребен со различни видови на машини, тој не може да се смета како дел погоден за употреба само или главно со посебни видови на машини опфатени со Забелешката 2(б) кон Оддел XVI. Затоа, распоредувањето на системот како дел од машина од тарифните броеви 8431, 8466 или 8522 е исклучено.<br><br>Системот за линеарно движење се смета како лизгачки механизам со тркалечко лежиште од типот на слободно движење од тарифниот број 8482 (види ги, исто така,коментарот на ХС за тарифниот број 8482, (А), (3)).<br><br>Бидејќи системот за линеарно движење е производ опфатен во тарифниот број 8482, тој треба да се распореди во тој тарифен број, согласно со Забелешката 2(а) кон Оддел XVI. |

Прилог 66

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1142/2008 | Распоредување(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Кабел со приближна должина од 250 см, од вид кој што се употребува само со машина за видео игри од тар. број 9504.<br><br>Кабелот од едната страна е опремен со специфично дизајниран конектор за машината за видео игра, а на другиот крај со пет конектори за поврзување со монитор или телевизиски сет.<br><br>Податоците можат да бидат пренесени од машината за видео игра до мониторот или телевизискиот сет преку кабелот, а податоците во зависност од содржината можат да се пренесат визуелно како видео игра, видео или неподвижна слика или репродуцирани како глас. | 8544 42 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованиата на тарифните броеви 8544, 8544 42 и 8544 42 90.<br><br>Распоредувањето во тарифниот број 9504 како прибор за машина за видео игра е исклучено, бидејќи тарифниот број 8544 обезбедува најспецифично наименование за кабли и други електрични проводници.<br><br>Производот затоа се распоредува во тарифниот подброј 8544 42 90 како електричен проводник опремен со конектори. |

Прилог 67

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1143/2008 | Распоредување(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет приготвен за продажба на мало се состои од:<br>- Уред со електронски компоненти кои имаат форма на цигара;<br>- Два патрона;<br>- Две литиумски батерии со можност за повторно полнење;<br>- Полнач на батерии.<br>Уредот се состои од од школка од нерѓосувачки челик со микроелектронско коло, високо-осетлив сензор, комора за батерии и комора за сместување на патронот.<br><br>Секој патрон е составен од инхалатор и ампула. Ампулата содржи никотин, мирисливо соединение за цигари и обични адитиви за храна. И инхалаторот и ампулата се расположиви.<br><br>Електронското коло, кога се активира со инхалација, почнува атомизација на никотинскиот раствор и создава атомизиран "смог", што треба да биде инхалиран од пушачот. | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованиата на тарифните броеви 8543, 8543 70 и 8543 70 90.<br><br>Компонентата која на сетот му го дава неговиот суштински карактер е електронскиот уред бидејќи тоа е електронско коло кое ја активира атомизацијата на никотинскиот раствор и создава атомизиран "смог" што треба да биде инхалиран од пушачот.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8424 е исклучено поради тоа што уредот не е механички уред за исфрлање, дисперзија и распрснување на течности.<br><br>Електронскиот уред се смета за електричен апарат, со индивидуална функција, која не е спомената или опфатена било каде во Глава 85.<br><br>Врз основа на Основното правило 3(б), сетот треба да се распореди во тар. број 8543 (види го, исто така, коментарот на ХС за тар. број 8543, став три). |

**Прилог 68**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1156/2008** | **Распоредување(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| – Апарат за снимање, репродукција и прикажување на слики (така наречен "дигитална фото рамка" "digital photo frame"), со приближни димензии 17 см (должина) x 12,9 см (ширина) x 12,3 см (дијагонала), во едно кукиште, составен од следните главни компоненти:<br>- Колор екран LCD тип со дијагонала на екранот од 13 см (5,1 инчи) и резолуција од 320 x 240 пиксли,<br>- Отвор (влез) за SIM (Претплатнички идентификационен модул) картичка,<br>Инфра-црвен меѓусклоп,<br>Внатрешна меморија, и<br>Контролни копчиња.<br>Сликите се пренесуваат до внатрешната меморија на апаратот од компатибилен уред (како мобилен телефон, автоматска машина за обработка на податоци или дигитална камера) преку инфра-црвен сигнал или со SIM картичка преку Мултимедиумски сервис за пораки (MMS).<br>Сликите, исто така можат да бидат пренесени од апаратот преку инфра-црвениот сиглал до некој компатибилен уред.<br>Апаратот подржува JPEG и GIF формати со максимална резолуција од 1 024 x 728 пиксели.<br>Сликите можат да бидат прикажани или како единечни слики или како лајдшоу.<br>Неговата внатрешна меморија може да складира до 50 слики. | 8528 59 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименованиата на тарифните броеви 8528, 8528 59 и 8528 59 90.<br><br>Со оглед на тоа што апаратот е комбинирана машина, согласно Забелешката 3 кон Оддел XVI, тој се распоредува како да се состои само од онаа компонента која ја врши главната функција.<br><br>Поради неговата способност на прикажување на слики, главната функција на апаратот е дека тој е монитор, кој е со индивидуална функција специфицирана во тар. број 8528.<br><br>Фактот дека сигналите не се прикажуваат директно од надворешни извори не го исклучува распоредувањето во тар. број 8528 со оглед на тоа што мониторите од тој тар. имаат можност да примаат различни сигнали од различни извори (види Коментар на ХС за тар. број 8528, став три).<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8528 59 90 како монитор во боја. |

| | | |
|---|---|---|
| Апарат за снимање, репродукција и прикажување на слики (така наречен "дигитална фото рамка"- "digital photo frame"), со приближни димензии 33 cm (ширина) x 24,1 cm (висина) x 4,1 cm (дијагонала), во едно куќиште, составен од следните главни компоненти:<br>- Колор екран LCD тип со дијагонала на екранот од 25,4 cm (10 инчи) и резолуција од 800 x 480 пиксли,<br>- Внатрешна меморија со капацитет на складирање од 128 MB,<br>- Отвори за мемориска картичка,<br>- Вградени звучници,<br>- Два USB меѓусклопови, и<br>- Контролни копчиња.<br>Тој ги подржува следните формати:<br>- Аудио: MP3,<br>- Слика: JPEG, GIF,<br>- Видео: MPEG1, MPEG4, MOV, AVI.<br><br>Различните типови на уреди за складирање цврсти постојани мемориски единици (solid state non-volatile storage devices), можат да бидат вметнати во отворите за мемориска картичка.<br>Сликите можат да бидат прикажани како единечна слика, слајдшоу или џуџест модел.<br>Апаратот може да биде поврзан со компатибилен апарат, на пример, дигитална камера, принтер или автоматска машина за обработка на податоци. | 8528 59 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименованиата на тарифните броеви 8528, 8528 59 и 8528 59 90.<br><br>Со оглед на тоа што апаратот е комбинирана машина, согласно Забелешката 3 кон Оддел XVI, тој се распоредува како да се состои само од онаа компонента која ја врши главната функција.<br><br>Дадениот дизајн и концептот на апаратот, неговата цел е да прикажува слики и видео слики. Снимањето на слики и видео слики се смета како секундарна функција на апаратот. Затоа неговата главна функција се смета дека е мониторот, кој е со индивидуална функција специфицирана во тар. број 8528.<br><br>Фактот дека сигналите не се прикажуваат директно од надворешни извори не го исклучува распоредувањето во тар. број 8528 со оглед на тоа што мониторите од тој тар. имаат можност да примаат различни сигнали од различни извори (види Коментар на ХС за тар. број 8528, став три).<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8528 59 90 како монитор во боја. |

Прилог 69

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1172/2008 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Апарат кој работи на батерии се состои од систем на ласерски читач за видео репродукција и монитор во боја (таканаречен "портабл DVD плеер)."Неговите приближни димензии се 19 см (висина) x 14,2 см (ширина) x 3,7 см (висина) и тежина од 800 г.<br>Мониторот е со LCD екран со дијагонала 21,6 см (8,5 инчи).<br>Апаратот може да биде свиткан, а неговиот монитор да ротира.<br><br>Апаратот е опремен со вградени звучници.<br>Ги има следните меѓуспоеви:<br>- слот за проширување на мемориска картичка,<br>- УСБ влез,<br>- Комбиниран видео влез и излез, и<br>- џекови за слушалки<br><br>Тој може да чита оптички медиуми (на пример, CD, DVD) и полупроводнички медиуми (на пример USB флеш меморија) во различни аудио и видео форми. | 8528 59 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI, како и наименованието на тарифниот број 8528, 8528 59 и 8528 59 90.<br><br>Со оглед на тоа што апаратот е комбинирана машина, согласно Забелешката 3 кон Оддел XVI, тој се распоредува како да се состои само од онаа компонента која ја врши главната функција. Со оглед на дизајнот и концептот на апаратот, неговата цел е приказ на видео.<br><br>Во поглед на величината на екранот, кој овозможува гледање на видео секвенци за подолг период, главната функција на апаратот е приказ на видео.<br><br>Апаратот затоа се распоредува во тарифната ознака 8528 59 90 како колор монитор. |
| 2. "Лаптоп" тип апарат кој работи на батерии се состои од систем на ласерски читач за видео репродукција и монитор во боја со TV тјунер (таканаречен "портабл DVD плеер"). Неговите приближни димензии се 19,5 см (висина) x 14,9 см (ширина) x 3,1 см (висина) и тежина од 800 г.<br>Мониторот во апаратот е со течен кристал од тип (LCD) со | 8528 72 20 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тарифниот број 8528, 8528 72 и 8528 72 20.<br><br>Поради присуството на TV тјунер, суштинскиот карактер на производот е како апарат приемник за телевизија со екран вклучувајќи радио-приемник и апарат за видео репродукција. |

| | | |
|---|---|---|
| дијагонала 17,8 см (7 инчи) и може да биде свиткан.<br>Производот е опремен со:<br>- вградени звучници, и<br>- DVB-T (Digital Video Broadcasting Terrestrial) и аналоген видео тјунер.<br>Ги има следните меѓуспоеви:<br>- слот за проширување на мемориска картичка,<br>- USB влез,<br>- Комбиниран видео влез и излез, и<br>- џекови за од тип слушалки<br><br>Тој може да чита оптички медиуми (на пример, CD, DVD) и полупроводнички медиуми (на пример USB флеш меморија) во различни аудио и видео форми.<br><br>Тој може да биде употребен како дигитален-емитувачки приемник или како уред за видео-игри. | | Можната употреба на апаратот како машина за игра е второстепена и затоа не треба да му дава суштински карактер на апаратот.<br><br>Апаратот затоа се распоредува во тарифната ознака 8528 72 20 како приемен апарат за телевизија вклучувајќи радио-приемник и апарат за видео репродукции. |

Прилог 70

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 51/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Прошиен правоаголен производ, со мерки приближно 260 см x 240 см, составен од три слоја, двата надворешни се изработени од памучна ткаенина, средниот слој е синтетичка вата која го образува внатрешното полнење. Горниот слој има сошиен пораб, приближно 30 см широк, во контрастна боја. Слоевите се држат заедно со декоративно прошивање.<br>(покривка за кревет)<br>(Види фотографија 645)<br> | 9404 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 1 (њ) од Оддел XI и наименувањата за тар. број 9404 и тар. подброеви 9404 90 и 9404 90 90.<br>Производите за постелина и слична опрема кои се внатрешно полнети со било кој материјал се распоредуваат во тар. број 9404. Види исто Коментар на ХС за тар. број 9404 параграф (Б) (2), каде експлицитно споменува јоргани и покривки за кревети.<br>Распоредувањето во тар. број 6304 е исклучено бидејќи Оддел XI не опфаќа постелнина од Глава 94 (види забелешка 1 (њ) од Оддел XI. Меѓуоа, тар. број 6304 исклучува производи за опремување од тар. број 9404 како прекривки (види коментар на ХС за тар. број 6304, став два).<br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 9404 90 90. |

**Прилог 71**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 56/2009** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Торба изработена од ткаенина од полипропиленски ленти со ширина помала од 5 мм ширина, со квадратна форма и приближни мерки 54,5 см x 74 см x 25 см, со две цврсти рачки направени од истиот материјал сошиени на двете подолги страни од торбата, секоја надолжно поставени кон долната страна на торбата.<br><br>Торбата е видливо прекриена со пластични листови од двете страни, нема внатрешни делови како прегради, и може да се затвори со помош на патент затворач. Краевите се зајакнати со сошиена - пораб трака.<br><br>(контејнер сличен на торба за пазарење)<br><br>(види фотографија 649)<br><br> | 4202 92 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 2 (ј) од Глава 39, Дополнителна забелешка 1 од Глава 42 и наименување за тар број 4202 и тар. подброеви 4202 92 и 4202 92 19.<br><br>Со оглед на тоа што формата е типична за торби за пазарење и со две зајакнати рачки на начин погоден за носење при пазаерње, пластичните листови, патентот, зајакнатите ивици, овозможуваат подолготрајна употреба , торбата има објективни карактеристики на "контејнер сличен на торба за пазарење."<br><br>Контејнерите слични на торба за пазарење се опфатени со тар. број 4202 ( види исто Хармонизиран систем за тар. број 4202, прв став, каде експлицитно се споменува дека овој тар. број ги опфаќа само производите специфично наведени овде и слични контејнери.<br><br>Од споменатите карактеристики предметниот производ не е контејнер од типот кој главно се користи за пакување и носење на сите видови стоки, оттука распоредувањето во тар. број 3923 е исклучено согласно значењето на забелешка 2 (ј) од Глава 39 (види Коментар на ХС за тар. број 3923, став еден, точка (а) и став два).<br><br>Од причина што надворешната површина на производот е покриена со лист од пластична маса видливо со голо око, истиот производ треба да се распореди како произвсо надворешна површина од пластика (види Дополнителна забелешка 1 од Глава 42).<br><br>Оттука следствено производот се рапоредува во тар. ознака 4202 92 19. |

**Прилог 72**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 446/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Бели без лушпа и без ципа фстаци (бланширани ).<br><br>Лупените фстаци се бланширани со поминување низ гасна печка со четири топлотни зони каде јатките се третираат на пареа со распрскување со 88-93° Ц жешка пареа., пред да поминат низ двете зони за ладење.<br><br>Постепеното зголемување на температурата доведува до експандирање на јатките и на тој начин ја губат црвената кожица (ципа) од јатката. Кожицата (ципата) потоа се отстранува механички.<br><br>Фстаците, кои не се третирани понатаму после отстранување на кожицата, се увезуваат во растурена состојба или во „големи вреќи„ од приближно 1000 кг. | 1202 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 1202 и тар. подброј 1202 20 00 .<br><br>Бланширањето на фстаците се смета како топлотно третирање направено главно за отстранување на црвната кожица (ципа) од јатката и на овој начин ја олеснува нивната примена. Ваковиот третман не го менува карактерот на фстаците како природни производи и не ги прави повеќе погодни за специфична употреба отколку за општа употреба (види Коментар на Хармонизиран Систем за Глава 12, општи одредби, став два).<br><br>Оттука, производот се распоредува во тарифен број 1202. |

**Прилог 73**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 447/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Инвертен шеќерен сируп составен од (% по маса):<br>- шеќер (изразен како сахароза) 66,5<br>- вода 31<br>- пропилен гликол 2,5<br><br>Производот се употребува меѓудругото во тутунската индустрија како супстанција за навлажнување и се увезува во растурлива состојба. | 1702 90 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувања за тар. број 1702 и тар. подброеви 1702 90 и 1702 90 95.<br><br>Додадениот пропилен гликол во дадената количина не го менува карактерот на производот до тој степен за да се смета хемиски производ од тарифен број 3824.<br><br>Производот има карактер на шеќерен сируп од тарифен број 1702. |

**Прилог 74**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.198/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со приближни димензии од 4 м x 30 м, изработен од ткаени струкови од растителен материјал (морска трева)<br><br>Јатокот е сочинет од два испреплетени завиени струка од растителен материјал (морска трева) од вид кој се користи главно за полнење перници.<br><br>Основата е сочинета од единечен завиен струк од нитки природни текстилни влакна од растителен материјал (влакна од морска трева) (струкот е со мерка повеќе од 20 000 децитекси).<br>Прозводот има позадина од целуларна гума.<br><br>(морска трева подна покривка)<br><br>(Види слика бр. 648А и 648Б. Сликите покажуваат исечен дел од производот) (*)<br><br> | 4601 94 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 46, Забелешка 1 од Глава 57, Забелешка 3(А) (д) од Оддел XI и наименување за тар. број 4601 , 460194 и 4601 9410.<br><br>Производот е составен од три различни материјали:<br><br>(1) Двата испреплетени завиени струка од растителен материјал (јаток) се изработени од растителен материјал од тар. број 1404 од вид кој главно се користи за полнење перници (види Коментар на ХС за тар. број 1404, (Г), став еден и став три, (4) кој одговара на вид на морска трева, познат како јагулатрева.<br><br>Растителните материјали се процесирани во вид на корд изработен од некршлив растителен материјал склопен едноставно со увртување , и како такви тие се слични на плетеници од 4601 (види Коментар на ХС за 4601, (А) (2) (б) и „во состојба погодна за плетење„ кои ги прави „материјали за плетарија„ согласно забелешка 1 од Глава 46.<br><br>(2) Единечниот завиен струк од нитки природни текстилни влакна од растителен материјал (основа) е изработена од влакна добиени од растителни материјали. Влакната се држат заедно со вплетување, увртување (види Коментар на ХС за Оддел XI , Општи одредби (I)(Б)(1)(i) (а)). Овие нитки треба да се третираат како |

| | | |
|---|---|---|
| | | како „увртени„ од тар. број 5607 согласно значењето на заб. 3(А)(д) од Оддел XI, зашто единечниот струк е со мерка поголема од 20000 децитекси (види ја исто така разликата помеѓу предиво и конопи во табела 1 (тип од други растителни влакна) во Коментарот на ХС за Оддел XI, Општи одредби, (I) (Б) (2) и Коментар за тар. број 5308 (А), втор став, и Коментар на ХС за тар. број 5607 (1), прв став). (3) Позадината од целуларна гума од Глава 40 не му дава суштински карактер согласно Основно правило 3(б), зашто е на долната страна (испод) и не е видлива кога производот е поставен на земја. Има функција на позадина, давајќи му на производот својство на крутост, и да не се лизга (анти слип).Производот се распоредува како производ од материјал за плетарија слично на плетеници, зашто испреплетените завиени струкови од растителни материјали (јаток) - кои се материјали за плетарија од тар. број 4601 - му даваат на производот суштински карактер согласно Основно правило 3(б) . Испреплетените завиени струкови се многу повеќе количински од единечните текстилни струкови (основа) и му го даваат на производот посебниот изглед.Последователно, производот на може да се распореди како текстилна подна покривка од Глава 57 согласно Забелешка 1 од Глава 57, зашто изложената површина на производот не е од текстилен материјал туку главно од производи слични на плетици од тар. број 4601. |
| (*) Сликите се само за информација. | | |

**Прилог 75**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.295/2009 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет подготвен за малопродажба кој се состои од дигитален апарат во сопствено куќиште за снимање и репродукција на звук и слики во различни формати, способен да прима податоци од различни извори (на пример, сателитски телевизиски рисивери, машини за автоматска обработка на податоци, видео камера рикоредери) и од различни елементи како конектор кабли, CD-ROM, упатство, завртки и одвртувач (шрафцигер).<br><br>Апаратот вклучува печатена плоча со активни и пасивни елементи (неопходни за звук и видео снимање и репродукција), вклучувајќи микропроцесор.<br><br>Опремен е со следниов интерфејс:<br><br>USB влез<br>VGA, и<br>аудио и видео порти (влезови).<br><br>Исто така е опремен со контролни копчиња (моќ - power, вклучи – play, пауза, јачина на глас – volume ) и инфрацрвен рисивер за далечинско управување.<br><br>Апаратот е дизајниран за да му се додаде и хард диск. | 8521 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а), 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 1 од Оддел XVI како и наименованието на тар. број 8521 и 8521 90 00.<br><br>Со оглед на тоа дека апаратот ја има сета неопходна електроника за ефикасност на функциите од тар. број 8521, освен за хард дискот и со оглед на тоа дека овие компоненти, дури и во отсуство на хард дискот, не можат да се користат за други функции освен за снимање и репродукција на звук и слики, треба да се смета дека има суштински карактер на комплетен или завршен производ од тар. број 8521, согласно Основно правило 2(а). Фактот дека апаратот не го вклучува хард дискот не го спречува неговото распоредување како комплетен и завршен производ.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8522 како дел погоден за употреба само или главно со апаратиоте од тар. број 8521 следствено е исклучено.<br><br>Оттука, апаратот се распоредува во тар. број 8521 како апарат за видео снимање и репродукција.<br><br>Шрафцигерот се распоредува со апаратот, за склопување или одржување на истиот, согласно со Дополнителната забелешка 1 од Оддел XVI. |

**Прилог 76**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.299/2009 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет подготвен за малопродажба во картонска кутија сосоставен од:<br><br>разновидни пластични перли и парчиња од накит за нижење за облека,<br>ролна од синтетички конец за нижење,<br>магнетни коцки,<br>- упатства, и<br>врекичка за извлекување изработена од ткаенина.<br><br>Сетот е наменет за деца за изработка на имитација на накит кои може да го модифицираат со користење на магнетните коцки.<br><br>Врекичката може да се користи за чување на различните делчиња и на имитацијата на накитот откако ќе биде врзан, направен. | 9503 00 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето за тар. подброј 9503 00 и 9503 00 70.<br><br>Формата во која производот е презентиран и вредноста на индивидуалните компоненти јасно индицираат дека сетот е наменет за употреба како играчка (види исто Коментар на ХС за тар. број 9503, претпоследен став).<br><br>Распоредувањето како имитација на накит во тар. број 7117 е исклучено, како производ кога е склопен има изглед и карактеристики на играчка.<br><br>Сетот оттука се распоредува како други играчки, подготвен во сетови или на подлоги од тар. подброј 9503 00 70 |

**Прилог 77**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.349/2009 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во прашкаста форма кој се состои од (% по маса):<br><br>– Л-Аскорбинска киселина (витамин Ц) 97<br>– Хидроксипропилметилцелулоза 3<br><br>Додатокот на хидроксипропилметил целулоза не е неопходно за конзервацијата или транспортот на витамин Ц.<br><br>Производот е погоден за специфична употреба (производство на витамински таблети) повеќе отколку за општа употреба. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 2106, тар. подброеви 2106 90 и 2106 90 92.<br><br>Додатокот на хидроксипропилметилцелулоза (како агенс за превлекување и против згрутчување) го менува карактерот на витамин Ц производот и го прави производот технички погоден за производство на витамински таблети.<br><br>Види го исто Коментарот на ХС за тар. број 2936, трет став.<br><br>Производот не е наменет за терапевтска или профилактичка употреба, согласно значењето на Глава 30. |

Прилог 78

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.475/2009 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ изработен од пластика (т.н. „кабелски жиг") (*) со надворешни димензии од приближно 1 см (дијаметар) x 0,8 см (должина).<br><br>Производот има централен отвор и е опремен со ребра на надворешната површина.<br>Дизајниран е за употреба со електрични конектори во моторни возила за заштита на електричната врска (вклучување) од прашина, влага, масло и други елементи кои обично се наоѓаат во опкружување на возилото.<br><br> | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието кон тарифен број 3926, 3926 90 и 3926 90 97.<br><br>Производот не се смета како дел од електричен апарат согласно значењето на Забелешка 2(б) од Оддел XVI зашто неговото присуство не е неопходно за конекторот да функционира туку само ја подобрува неговата функционалност. Распоредувањето во тар. број 8538 како дел погоден за употреба само или главно со апаратите од тар. број 8536 следствено е исклучено.<br><br>Производот не се смета како изолационене дел за електрични уреди од тар. број 8547 зашто и не е специфично дизајниран за изолациони цели туку за заштита на електрични врски.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. ознака 3926 90 97, како други производи од пластика. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

**Прилог 79**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.476/2009 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Систем составен од следниве компоненти:<br><br>Телевизиска камера со висока резолуција вградена на подморница возило (т.н. „Возило на далечинско управување„ (ROV)).<br>Контролна единица, која вклучува дисплеј, за далечинско контрола на возилото и на камерата, на пример со значење на џојстик, и визуелизација на снимените слики со камерата.<br>- Електричен кабел.<br>Првата компонента тежи приближно 3,6 кг. Вкупната маса на системот е приближно 32 кг.<br><br>Системот се користи за подводни операции кои вклучуваат снимање на слики и нивен трансфер со кабел до дисплејот на контролната единица. Тој е оперативен дури до длабочина од приближно 90 м. | 8525 80 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 од Оддел XVI и наименување на тар. број 8525 , тар. подброј 8525 80 и 8525 80 19.<br><br>Суштинскиот карактер на компонентата составена од телевизиска камера (од тар. подброј 8525 80 19) вградена на подморница возило, е обезбеден од камерата, а не од возилото, кое само ја транспортира камерата преку лимитираното растојание.<br><br>Оттука, оваа компонента ако се увезува засебно, се распоредува во тар. ознака 8525 80 19.<br><br>Со оглед на тоа дека индивидуалните компоненти се меѓусебно поврзани и системот е составен од индивидуални компоненти наменети заедно да придонесат за јасно дефинираната функција, опфатена со еден од тарифните броеви во Глава 84 или 85, применлива е Забелешката 4 од Оддел XVI .<br><br>Функцијата на системот е да снима слики без нивно складирање. Оттука целиот систем се распоредува во тар. подброј 8525 80 19 како телевизиска камера. |

Прилог 80

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.477/2009 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ составен од правоаголна плоча од полу-темперирано стакло на која неколку анти-рефлективни и абсорбциони слоеви од пластика се споени.<br><br>Производот не е врамен.<br><br>Тој се користи во производство на плазма монитори. | 9001 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 9001 и 9001 90 00.<br><br>Слоевите од пластика му даваат на производот карактеристики на оптички елемент . Распоредувањето во тар. број 7007 како сигурносно стакло, составено од калено (темперирано) или ламинирано стакло, е исклучено.<br><br>Немонтирани оптички елементи од пластика се опфатени во тар. број 9001, било да се или не оптички обработени (види го исто така Коментарот на ХС за тар. број 9001, (Г)).<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. ознака 9001 90 00 како други оптички елементи. |
| 2. Производ составен од правоаголна плоча изработена од полу-темперирано стакло на која неколку анти-рефлективни и абсорбциони слоеви од пластика се споени.<br><br>Производот е врамен со метален обрач.<br><br>Се користи во производство на плазма монитори. | 9002 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тарифен број 9002 и 9002 20 00.<br><br>Слоевите од пластика му даваат на производот карактеристики на оптички елемент / оптички филтер. Распоредувањето во тар. број 7007 како сигурносно стакло, составено од калено (темперирано) или ламинирано стакло, е исклучено.<br><br>Монтирани оптички елементи од пластика се опфатени во тар. број 9002, било да се или не оптички обработени |

| | | |
|---|---|---|
| | | (види го исто така Коментарот на ХС за тар. број 9001. (Г) и 9002).<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. ознака 9002 20 00 како оптички филтер. |

**Прилог 81**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.594/2009 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Флуороеластомер О-прстен жигови (кополимер на винилиден флуорид и хексафлуоропропилен).<br><br>Конститутивниот материјал на овој производ (кополимер на винилиден флуорид и хексафлуоропропилен) покажува особини на истегнувањето и повторливите својства на еластомери но не може да се вулканизира со сулфур. За да дојде до вкрстено поврзување кај овој кополимер потребни се основни соединенија или одредени пероксиди. | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со одредбите на Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешки 1 и 4 од Глава 39, Забелешка 4 (а) од Глава 40, Забелешка 2 од Оддел XVI, Забелешка 2 од Глава 90 и наименување за тарифен број 3926, 3926 90 и 3926 90 97.<br><br>Овој производ е еластомерен жиг за општа употреба. Оттука не е препознатлив како дел на машина согласно значењето на Забелешка 2 од Оддел XVI и Забелешка 2 од Глва 90 и соодветно истиот е исклучен од Оддел XVI и Глава 90.<br><br>Конститутивниот материјал на овој производ не одговара на дефиницијта на синтетичка гума содржана во Забелешка 4 (а) од Глава 40, од причина што истиот не може да се вулканизира со сулфур.<br><br>Поли (винилиден флуорид) е полимер кој припаѓа на Глава 39 (види Коментар на ХС , Општи одредби од Глава 39, листа на кратенки на полимери и коментар за тар. број 3904, последен став).<br><br>Кополимерот на винилиден флуорид и хексафлуоропропилен во примарна форма е флуориран кополимер кој се распоредува во Глава 39 .<br><br>Оттука, предметниот производ е пластичен производ кој припаѓа на Глава 39 и не е спомнат ниту опфатен на друго место во царинската тарифа, па оттука се распоредува во тар. ознака 3926 90 97. |

Прилог 82

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.609/2009 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на гранули составен од (% по маса):<br><br>- бетаин анхидрид 95,8<br>- вода 1,5<br>-калциум стеарат (агенс против стврднување) 1,0<br>и остатокот се нечистотии.<br><br>Производот се употребува во препарати кои се користат за прехрана на животни. | 2923 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, Забелешка 1(а) и 1(г) од Глава 29 и наименованието на тарифен број 2923 и 2923 90 00.<br><br>Производот покрај бетаин анхидрид и вода содржи само калциум стеарат (агенс против стврднување) и нечистотии и истиот ја задоволува Забелешката 1(а) и 1(г) од Глава 29.<br>Бетаин не е витамин или провитамин од тар. број 2936. Тоа е кватернарна интрамолекуларна амониумова сол (види го исто така Коментарот на ХС за тар. број 2923, став четири (6)). Оттука, производот се распоредува во тар. број 2923. |

Прилог 83

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.674/2009 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пластична фигура која се користи како дозер со висина од 23 см, со округло тело со раце и нозе и претставува фудбалски играч кој е фиксиран на подлога, педестал.<br><br>Производот е наменет да се полни со слатки. Со движење на едната рака слатките излегуваат низ округлиот отвор на телото. | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, Забелешка 1(р) од Глава 95 и наименованието на тарифен број 3926, тар. подброј 3926 90 и 3926 90 97.<br><br>Пластичниот дозер за слатки нема карактер на играчка зашто истиот само издава слатки и нема вредност на играчка.<br><br>Производот нема карактер на трпезен сад или други предмети за домаќинство од тар. број 3924.<br><br>Производот, кој се користи за чување на слатки, има корисна функција согласно Забелешка 1 (р) од Глава 95 и оттука истиот се распоредува согласно неговиот конститутивен материјал во тар. ознака 3926 90 97. |

Прилог 84

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 717/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Пренослив апарат на склопување кој работи на батерии, со приближни димензии од 8,7 см (должина L) x 5,4 см (ширина W) x 1,8 см (дебелина D) во едно кукиште има:<br>– алфа-нумеричка тастатура која се употребува за целуларните телефони;<br>– уред во боја со дисплеј со течен кристал (LCD) тип со дијагонала на екранот приближно од 5 см (2 инчи);<br>– втор правоаголен екран во боја од типот LCD со дијагонала на екранот од 2 см (0,8 инчи);<br>– една дигитална камера со 2 мегапиксли со дигитален зум;<br>– слот за цврста, постојана картичка за чување на податоци што не надминува 4 GB; и<br>– USB (универзален сериски бас) влез за повторно полнење на батерија, за размена на податоци и за поврзување на надворешни слушалки.<br>Апаратот се состои од:<br>– микропроцесор;<br>– микрофон и звучник;<br>– една вградена меморија од 128 MB; и<br>– телевизиски приемник од типот DVB-T.<br>Апаратот има интегрален оперативен систем за мобилна телефонија преку целуларна мрежа која може да биде активирана кога SIM картичката се стави во апаратот.<br>Апаратот ги има следните функции: | 8517 12 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименуванието за тар. број 8517 и тар. подброј 8517 12 00.<br>Апаратот е комбинирана машина која се состои од различни компоненти.<br>Со оглед на тоа што апаратот е проектиран да биде опремен со SIM (Модул за идентификација на корисникот) и со оглед на тоа што е опремен со активирана SIM, функцијата на мобилна телефонија има приоритет над другите функции на апаратот (особено, влезните повици ги надминуваат сите други користени функции), суштинска функција на апаратот, согласно значењето на Забелешка 3 кон Оддел XVI се смета дека е мобилен комуникациски телефон преку целуларна мрежа како што е предвидено за тар. број 8517 (тар. подброј 8517 12 00).<br>Апаратот затоа се распоредува во тар.подброј 8517 12 00 како телефон за целуларни мрежи согласно компонентата која ја врши апаратот како суштинска функција. |

| | | |
|---|---|---|
| - мобилна телефонска комуникација преку целуларна мрежа;<br>- безжичен пренос и прием на слики или други податоци (како SMS (сервис за кратки пораки), MMS (сервис за мултимедијални пораки), е-маил, итн.);<br>- снимање и репродукција на звук како и неподвижни и видео слики; и<br>- прием на телевизиски сигнали (DVB-T).<br>Апаратот, исто така, функционира со користење на други безжични комуникациски протоколи како што е блу-тут („Blue-tooth").| | |
| 2. Пренослив апарат на склопување кој работи на батерии, со приближни димензии од 10,9 см (должина-L) x 5,9 см (ширина-W) x 1,9 см (дебелина-D) во едно куќиште има:<br>- уред во боја со дисплеј со течен кристал (LCD) тип со дијагонала на екранот од приближно 7 см (2,8 инчи), во кој е вградена алфа нумеричка тастатура од тип на екран осетлив на допир;<br>- една дигитална камера со 1,92 мегапиксли со оптички зум;<br>- слот за цврста, постојана картичка за чување на податоци што не надминува 4 GB; и<br>- USB (универзален сериски бас) влез; и<br>- влез за повторно полнење на батеријата.<br>Апаратот се состои од:<br>- микропроцесор;<br>- микрофон и звучник;<br>- една вградена меморија со | 8517 12 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименуванието за тар. број 8517 и тар. подброј 8517 12 00.<br>Апаратот е комбинирана машина која се состои од различни компоненти.<br>Со оглед на тоа што апаратот е проектиран да биде опремен со SIM (Модул за идентификација на корисникот) и со оглед на тоа што е опремен со активирана SIM, функцијата на мобилна телефонија има приоритет над сите други функции на апаратот (особено, влезните повици ги надминуваат сите други користени функции), суштинска функција на апаратот, согласно значењето на Забелешка 3 кон Оддел XVI се смета дека е мобилен комуникациски телефон преку целуларна мрежа како што е предвидено за тар. број 8517 (тар. подброј 8517 12 00). |

| | | |
|---|---|---|
| случаен пристап со капацитет на чување од 64 MB;<br>– една вградена меморија со можност за електрично бришење, програмирање, и само читање, со капацитет на чување од 256 MB;<br>– една антена за прием на радио навигациски сигнали од сателити, и<br>– GPS (Глобален позиционен систем) модул.<br>Апаратот има интегрален оперативен систем за мобилна телефонија преку целуларна мрежа која може да биде активирана кога SIM картичката се стави во апаратот.<br>Апаратот ги има следните функции:<br>- мобилна телефонска комуникација преку целуларна мрежа;<br>- безжичен пренос и прием на слики или други податоци (како SMS (сервис за кратки пораки), MMS (сервис за мултимедијални пораки), е-маил, итн.);<br>- персонална дигитална секретарка;<br>- снимање и репродукција на звук како и неподвижни и видео слики; и<br>- радио навигациски сателитски систем во форма на Глобален позиционен систем (GPS).<br>Апаратот, исто така, функционира со користење на други безжични комуникациски протоколи како што е блу-тут („Blue-tooth ") и безжична LAN (локално мрежно подрачје) (802.11b + g).<br>. | | Апаратот затоа се распоредува во тар.подброј 8517 12 00 како телефон за целуларни мрежи согласно компонентата која ја врши апаратот како суштинска функција. |
| 3. Пренослив апарат кој работи на батерии, со приближни димензии од | 8517 12 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската |

| | | |
|---|---|---|
| 11,1 см (висина H) x 6,18 см (ширина W) x 0,85 см (дебелина D) во едно куќиште има:<br>– алфа-нумеричка тастатура која се употребува за целуларните телефони од типот на остлив на допир екран;<br>– уред во боја со дисплеј со течен кристал (LCD) тип со дијагонала на екранот од приближно 8,9 см (3,5 инчи) и широк формат на екран;<br>– една дигитална камера со 2 мегапиксли ;<br>– USB (универзален сериски бас) влез; и<br>– влез за повторно полнење на батеријата.<br>Апаратот се состои од:<br>– микропроцесор;<br>– микрофон и звучник;<br>– една вградена флеш меморија од 16 MB; и<br>– една антена за прием на радио навигациски сигнали од сателити.<br><br>Апаратот има интегрален оперативен систем за мобилна телефонија преку целуларна мрежа која може да биде активирана кога SIM картичката се стави во апаратот.<br>Апаратот ги има следните<br>функции:<br>- мобилна телефонска комуникација преку целуларна мрежа;<br>- безжичен пренос и прием на слики или други податоци (како SMS (сервис за кратки пораки), MMS (сервис за | | тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименуванието за тар. број 8517 и тар. подброј 8517 12 00.<br>Апаратот е комбинирана машина која се состои од различни компоненти.<br>Со оглед на тоа што апаратот е проектиран да биде опремен со SIM и со оглед на тоа што е опремен со активирана SIM (Модул за идентификација на корисникот) функцијата на мобилна телефонија има приоритет над сите други функции на апаратот (особено, влезните повици ги надминуваат сите други користени функции), суштинска функција на апаратот, согласно значењето на Забелешка 3 кон Оддел XVI се смета дека е мобилен комуникациски телефон преку целуларна мрежа како што е предвидено за тар. број 8517 (тар. подброј 8517 12 00).<br>Апаратот затоа се распоредува во тар.подброј 8517 12 00 како телефон за целуларни мрежи согласно компонентата која ја врши апаратот како суштинска функција. |

| | | |
|---|---|---|
| мултимедијални пораки), е-маил, итн.);<br>- снимање и репродукција на звук како и неподвижни и видео слики; и<br>- радио навигациски сателитски систем во форма на Глобален позиционен систем (GPS).<br>Апаратот, исто така, функционира со користење на други безжични комуникациски протоколи како што е блу-тут („Blue-tooth “) и безжична LAN (локално мрежно подрачје) (802.11b + g). | | |

Прилог 85

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 718/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Возило на четири тркала со електричен мотор напојуван со две батерии со повторно полнење од 12 V. Тоа е со приближна ширина од 48 см, 99 см должина и 58 см висина (со наслон на спуштање), со вкупна тежина без батерии од приближно 34,5 килограми. Максималното оптоварување е приближно 115 кг.<br><br>Возилото ги има следниве карактеристики:<br>- хоризонтална платформа за поврзување на предните и задните делови,<br>- мали тркала (приближно 2,5 × 19,0 cm) со анти-пропустливи гуми,<br>- едно прилагодливо седиште, без облегалки за лактите и држач чија висина може да се постави во една од две позиции, и<br>- управувачки волан што може да биде спуштан надолу.<br><br>Управувачкиот волан има мала контролна единица, која вклучувај контактен прекинувач, труба, батериски излезен дисплеј и копче за да се постави максималната брзина.<br><br>Возилото има две полуги кои се управуваат со палец за забрзување, кочење и рикверц.<br>Има тркала на задниот дел на возилото за да го спречи истото од превртување. Тоа има електронски двоен систем за кочење.<br><br>Кога неговите батерии се целосно наполнети тоа има максимален опсег од приближно 16 километри и може да достигне | 8703 10 18 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието за тар. број 8703 и тар. подброеви 8703 10 и 8703 10 18.<br><br>Возилото е специјален тип на возило за транспорт на патници.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8713 е исклучено бидејќи возилото не е специјално проектирано за транспорт на хендикепирани лица и тоа нема специјални карактеристики со кои ќе го ублажи инвалидитетот. (Види го исто така Коментарот на Хармонизиран систем за тар.број 8713 и Коментарот на Комбинираната номенклатура за тар. подброј 8713 90 00.)<br><br>Возилото затоа се распоредува во тар.подброј 8703 10 18 како моторно возило главно проектирано за превоз на лица. |

| | | |
|---|---|---|
| максимална брзина од приближно 6,5 km / h.<br>Возилото може да биде расклопено во четири лесни компоненти. Тоа е наменето за домашна употреба, на патеки и на јавни места, за активности како што е пазарење (шопинг патувања)<br>(*) Види слика 1 | | |
| 2. Возило на три тркала со електричен мотор напојуван со две батерии со повторно полнење од 12 V.<br>Возилото е со приближно 61 см ширина, 120 см должина и 76 см висина (со наслон на спуштање), со вкупна тежина без батерии од приближно 46 кг. Максималното оптоварување е приближно 160 кг.<br>Возилото ги има следниве карактеристики:<br>- хоризонтална платформа за поврзување на предните и задните делови,<br>- мали тркала (приближно 8,9 × 25,4 cm) со анти-пропустливи гуми,<br>- едно прилагодливо седиште, без облегалки за лактите и држач чија висина може да се постави во една од три позиции, и<br>- управувачки волан што може да биде спуштан надолу. | 8703 10 18 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванија за тар. број 8703 и тар. подброеви 8703 10 и 8703 10 18.<br>Возилото е специјален тип на возило за транспорт на патници.<br>Распоредувањето во тар. број 8713 е исклучено како возило кое не е специјално проектирано за транспорт на хендикепирани лица и тоа нема специјални карактеристики со кои ќе го ублажи инвалидитетот. (Види го исто така Коментарот на Хармонизиран систем за тар.број 8713 и Коментарот на Комбинираната номенклатура за тар. подброј 8713 90 00.)<br>Возилото затоа се распоредува во тар.подброј 8703 10 18 како моторно возило главно проектирано за превоз |

| | | |
|---|---|---|
| Управувачкиот волан има мала контролна единица, која вклучува батериски мерач, контактен прекинувач, копчиња за активирање на светла, труба и копче за да се постави максималната брзина.<br>Возилото има две полуги кои се управуваат со палец за забрзување, кочење и рикверц.<br>Има тркала на задниот дел на возилото за да го спречи истото од превртување. Тоа има електронски двоен систем за кочење.<br>Кога неговите батерии се целосно наполнети тоа има максимален опсег од приближно 40 километри и може да достигне максимална брзина од приближно 8 km / h.<br>Возилото може да биде расклопено во седум лесни компоненти. Тоа е наменето за домашна употреба, на патеки и на јавни места, за активности како што е пазарење (шопинг патувања).<br>([2] ) Види слика 2 | | на лица. |

(*) Сликите се само за информација



Слика 1



Слика 2

[2] .

Прилог 86

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 872/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Обувки со ѓон од пластика и преден лаб изработен од лице од ремени, пицврстени за ѓонот во три точки.<br>Лицето - се протега од левата страна на ѓонот до десната страна. Лакот кој е формиран од овој дел на лицето е исто така прицврстен за ѓонот со помош на ремен кој се протега од средината на лакот надолу во ѓонот при што ги одвојува прстите.<br>Лицето на предметните обувки е направено од неколку слоја на различни материјали.<br>Двата ремени формираат лак кој се состои од еден горен слој на текстил (текстилни ремени T1 и T2 на сликите) на кој е сошиен слој од кожа (два кожни ремени C1 на сликите). Од горната страна на кожата е сошиен друг помал слој од кожа (два кожни ремени C2 на сликата) која е прошиена со светло обоен конец. Помеѓу текстилниот слој (T1/T2) и кожниот слој (C1) два невидливи ремени (од пластика) се вметнати, по една од секоја страна на лакот (ремен A на слика 646 D).<br>Во центарот на лакот двата текстилни ремени (T1 и T2) и четирите кожни ремени (C1 и C2) се сошиени заедно во една единечна нитка (види слика 646C).<br>Во центарот на лакот текстилниот ремен кој ги одвојува прстите опколени од сите претходно споменати материјали на лакот со формирање на гајтан околу нив (текстилен ремен T3 на сликата). Текстилниот ремен е делумно изложен.<br>На горната страна на текстилниот гајтан, во центарот на лакот, има правоаголно парче од кожа сошиено на | 6404 19 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 (а) (б) од Глава 64 од Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 1 од Глава 64 и наименување за тар. број 6404 и тар. подброеви 6404 19 и 6404 19 90.<br>Правоаголното парче од кожа C3 го зајакнува централниот текстилен ремен T3, а исто така служи и за декорација на обувката.<br>Така, при идентификување на составните материјали од лицето (горништето), не треба да се зема во обзир ова зајакнување/додаток, во врска со значењето на Забелешка 4 (а) од Глава 64.<br>Двете мали кожени ремени C2, кои се сошиени со декоративен, светло обоен текстилен конец за кожните ремени C1, служат главно за декоративни цели и затоа, се сметаат како додатоци во врска со значењето на Забелешка 4 (а) од Глава 64.<br>Во центарот на лакот на двата текстилни ремени (T1 и T2) и двата кожени ремени (C1) се сошиени заедно со една единствена нитка на начин што покажува дека текстилот и кожата се со еднаква важност во составувањето на горништето. Сепак, фактот дека само текстилните ремени (T1 и T2) се правилно вметнати во ѓонот - за разлика од кожените ремени C1 -, покажува дека само текстилната ремени го фиксираат горништето (лакот) со ѓонот. Така, текстилните ремени T1 и T2 не може да се сметаат за постава, туку се составен |

| | | |
|---|---|---|
| текстилниот гајтан и претходно споменатите материјали на лакот (правоаголно парче кожа C3 на сликата).<br>На левата и десната страна од лакот, во точката каде што е фиксиран за ѓонот, неколку ремени што го формираат лакои се вметнати и залепени во ѓонот. Со оглед на тоа што кожните ремени C1 се вметнати во ѓонот со едвај 1 cm од нивната должина и кожните ремени C2 се вметнати само со приближно 5 мм од нивната должина, текстилните ремени T1 и T2 се вметнати во ѓонот со 5 cm од нивната должина (види слика 646 E).<br><br>(„Тхонг" сандала)<br><br>(Види слики бр. 646 A, 646 B, 646 C, 646 D и 646 E) (*) | | материјал на горништето согласно со значењето на Забелешка 4 (а) од Глава 64. бидејќи, кожните ремени C1 само ги зајакнуваат текстилните ремени T1 и T2 и не треба да бидат земени во предвид како составен материјал на горништето.<br>Двата не видливи ремени A се целосно вметнати меѓу кожниот ремен C1 и текстилниот ремен T1/T2 долж двете страни на лакот. Бидејќи тие се помали од кожниот (C1) и текстилниот ремен (T1 / T2) приближувајќи ги нив, тие не влијаат на кожените ремени C1, со функцијата на зајакнување.<br><br>Централниот текстилен ремен T3 одвојувајќи ги прстите е составен дел од материјалот на горништето, бидејќи тој ја сочинува специфичната форма на овој "ремен-тхонг" сандала и згора на тоа, бидејќи е единствениот составен материјал на овој ремен.<br>Понатаму, текстилните материјали (T1 и T2 и T3 заедно) ги покажуваат карактеристиките на лицето (горништето), согласно со значењето на Дополнителната забелешка 1 од Глава 64, бидејќи текстилниот материјал на лицето (горништето) на сандалата, без другите материјали, ги исполнува целите на лицето (горниште), тоест обезбедува доволна подпора за нозете за да се овозможи на оној што ги носи, одење во сандала (Видете ја пресудата од<br>Судот на правдата на Европските заедници во случајот C-165/07, Skatteministeriet против Ecco SKO A / S, став 48).<br><br>Затоа двата текстилни ремени T1 и T2 и централниот текстилен ремен T3 се составниот материјал на горништето согласно со значењето на Забелешка 4 (а) од Глава 64.<br>Површината на составните материјали |

| | | |
|---|---|---|
| | | на горништето е барем делумно изложено на надворешната површина на обувките, бидејќи дел од текстилните материјали (кои се составени од три составени парчиња на идентични текстилни ткаенини (T1, T2 и T3) е изложен на надворешната површина на обувките (дел од текстилниот ремен T3) (видете ги Коментарските белешки на Комбинираната Номенклатура од Глава 64, Општи одредби (1) (а), прва реченица на вториот став).<br>Делот на ѓонот кој е во контакт со почвата е од пластика согласно со значењето на Забелешка 4 (б) од Глава 64 . Така, обувките имаат пластичен ѓон. |
| (*) Сликите се само за информација. | | |

*Објаснување на симболите употребени во сликите*

**C3** (правоаголно парче од кожа)

**C1** (два кожни ремени, по еден од секоја страна долж лакот)

**C2** (два помали кожни ремени на горниот дел на секој ремен C1)

**T1** и **T2** ( два текстилни ремени, T1 на десната страна и T2 на левата страна по должина на лакот)

**T3** (централен текстилен ремен кој ги одвојува прстите)

**A** (невидлив пластичен ремен кој е потполно вметнат меѓу бочниот кожен ремен C1 и бочниот текстилен ремен T2; види слика 646D)

**S** (ѓон)




646 C
C2
C1
T3
C2
C1


646 D
T2
T3
C1
A


646 E
S
C1
C2
T1

Прилог 87

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 895/2009 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Чизма која го покрива глуждот. Ѓонот на чизмата е направен од гума, но сепак поголемиот дел од ѓонот е исечен и овозможува да се вметнат во вдлабнатината (отворот) на ѓонот различни ѓонови влошки.<br><br>Чизмите се приготвени за мало продажба во сет заедно со два пара на влошки, секоја со разлиенчен ѓон, и метален алат која е потребна за да се вметнат. Еден пар на ѓон - влошки од гума кои имаат длабоко врежан ѓон типичен за ѓонови за планинарски чизми. Другиот пар на ѓон - влошки од текстилни материјали (приближно 8 мм филц), кои може да се користат кога се пешачи во плитка вода, согласно со увозната документација.<br><br>Ѓонот на чизмата задржува еден мал дел од ѓонот, како континуиран раб околу ивицата на ѓонот. Овој мал дел од ѓонот е од гума и служи за вметнување на ѓонот- влошка за планинарење.<br><br>Обувките не можат да се користат без влошки.<br><br>Влошките имаат должина поголема од 24 см.<br><br>Горништето „лицето" на чизмата се состои од различни кожни парчиња сошиени заедно оставајќи „прозорчиња", во кои се сошиени девет метални отвори и четири текстилни парчиња. Кожата го сочинува поголемиот дел од надворешната површина на горништето. Внатрешноста на | 6403 91 13 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а), 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 (а) и (б) од Глава 64 од и наименуванието за тар. број 6403 и тар. подброеви 6403 91 и 6403 91 13.<br><br>Бидејќи влошките од гумен ѓон се типични за чизма за планинарење кои со горништето се наменети да бидат употребени и составени првенствено како планинарска чизма. Освен тоа, малиот дел од ѓонот останува околу ивиците на ѓонот на чизмите, се поклопува точно на влошките на ѓонот. При тоа, употребата на текстилните влошки не е задолжителна. Нивната употреба во вода е многу ограничена, бидејќи горништето не е ниту водонепропустливо, ниту водоотпорно. Следствено, текстилните ѓон- влошки се прибор со цел да се користи само во специфични ситуации и на тој начин е зголемена употребата на производот.<br><br>Затоа, чизмите и гумените ѓон – влошки се распоредуваат како комплет но како несоставени обувки согласно на ОП (Основни правила за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа) 2 (а), втората реченица.<br><br>Делот од ѓонот на составените обувки кој е во допир со почвата е од гума согласно со значењето на Забелешка 4 (б) од Глава 64 и, на тој начин, обувките имаат ѓон од гума.<br><br>Со оглед дека кожните материјали го сочинуваат најголемиот дел од |

| | | |
|---|---|---|
| чизмата е поставена со текстилен материјал.<br>Чизмата не е ниту водонепропустлива ниту водоотпорна.<br>Обувките може да биде наменета и за мажи и за жени.<br>(чизми за планинарење)<br>(Видете слики бр. 650 А, 650 В и 650 С) (*) | | надворешната површина на горништето од обувките, материјалот на горништето на чизмите е кожа согласно со значењето на Забелешка 4 (а) од Глава 64.<br>Текстилните ѓон-влошки се ставени во сет за мало продажба заедно со несоставените планинарски чизми и металниот алат потребен за составување на обувките. Овој сет треба да се распореди како да се состои само од планинарски чизми, бидејќи планинарските чизми му даваат на сетот суштински карактер согласно со значењето на ОП 3 (б). Текстилните ѓон-влошки и металниот алат се само додатоци на обувките. Така, сетот се распоредува како обувки со ѓон од гума и горниште од кожа. |
| (*) Сликите се само за информација | | |


650 A


650 B



650 C

**Прилог 88**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1051/2009 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Ново возило на четири тркала (така наречено „Возило за сите терени" „All Terrain Vehicle") со клипен мотор со внатрешно согорување со палење со помош на свеќички и моќност од приближно 15 kW и нето маса од приближно 310 кг.<br><br>Возилото ги има следните карактеристики:<br>- едно седиште со должина приближно од 600 мм само за сместување на возачот,<br>- систем за управување - автомобилски тип врз основа на Ackerman принципот управувач како кај моторциклите со команди на рачките,<br>- сопирачки на предните и задните тркала,<br>- автоматска спојка и брзина за назад,<br>- мотор приспособен за возење на тешки терени и способен при мали брзини да пренесе доволно сила,<br>- карданско вратило за пренос на силата на моторот до задните тркала,<br>- гуми со длабоки шари дизајнирани за употреба надвор од патиштата,<br>- отвор со опрема за прикачување на различни приклучни уреди,<br>- со влечен капацитет од приближно 1170 кг (без | 8701 90 11 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 87 и наименуванието на тар. број 8701 и тар. подброеви 8701 90 и 8701 90 11.<br><br>Возилото е опремено со отвор погоден за прицврстување на различни споени уреди и карданско вратило за пренос на силата на моторот до задните тркала, тоа е наменето да извршува работи на тешки терени и турка и влече други возила, апарати или товар. (Забелешка 2 од Глава 87).<br><br>Распоредувањето во тар. број 8703 е исклучено бидејќи возилото ги исполнува барањата дефинирани со Забелешка 2 од Глава 87 и е способно да влече и бутка најмалку двапати од неговата нето маса (согласно Коментарите на КН за тарифни подброеви 8701 90 11 до 8701 90 90).<br><br>Полугата му дава на возилото карактер на шумски трактор (согласно Коментари на КН за тарифни подброеви 8701 90 11 до 8701 90 50).<br><br>Возилото затоа се распоредува во тар. подброј 8701 90 11. |

| | | |
|---|---|---|
| сопирачки), и<br>- трајно прицврстена полуга погодна за влечење на трупци.<br>Возилото е конструирано претежно за извршување на работи за шимарство.<br>Различните поврзани уреди се внесуваат заедно со возилото. | | |
| 2. Ново возило на четири тркала (така наречено „Возило за сите терени" „All Terrain Vehicle") со клипен мотор со внатрешно согорување со палење со помош на свеќички и моќност од приближно 15 kW и нето маса од приближно 310 кг.<br>Возилото ги има следните карактеристики:<br>- едно седиште со должина приближно од 600 мм само за сместување на возачот,<br>- систем за управување - автомобилски тип врз основа на Ackerman принципот управувач како кај моторциклите со команди на рачките,<br>- сопирачки на предните и задните тркала,<br>- автоматска спојка и брзина за назад,<br>- мотор приспособен за возење на тешки терени и способен при мали брзини да пренесе доволно сила,<br>- карданско вратило за пренос на силата на моторот до задните тркала,<br>- гуми со длабоки шари дизајнирани за употреба надвор од патиштата, | 8701 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 87 и наименуванието на тар. број 8701 и тар. подброеви 8701 90 и 8701 90 90.<br><br>Возилото е опремено со отвор погоден за прицврстување на различни приклучни уреди и карданско вратило за пренос на силата на моторот до задните тркала, тоа е наменето да извршува работи на тешки терени и турка и влече други возила, апарати или товар (Забелешка 2 од Глава 87).<br><br>Распоредувањето во тар. број 8703 е исклучено, бидејќи возилото ги исполнува барањата дефинирани со Забелешка 2 од Глава 87 и е способно да влече и бутка најмалку двапати од неговата нето маса (согласно Коментарите на КН за тарифни подброеви 8701 90 11 до 8701 90 90).<br><br>Распоредувањето како земјоделски или шумски трактор е исклучена, бидејќи возилото нема моќност, уред за хидраулично подигање, ниту полуга (согласно Коментарите на КН за тарифни подброеви 8701 90 11 до 8701 90 50).<br><br>Возилото затоа се распоредува во тар. подброј 8701 90 90. |

| | | |
|---|---|---|
| – отвор со опрема за прикачување на различни приклучни уреди, и<br>– со влечен капацитет од приближно 1170 кг (без сопирачки).<br>Различните приклучни уреди се внесуваат заедно со возилото. | | |

Прилог 89

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 42/2010 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е составен од (% по маса):<br><br>трева од јачмен, во прав 28,8<br>мед 27,5<br>трева од пченица, во прав 21,5<br>луцерка (alfaalfa), во прав 21,5<br>стеаринска киселина 0,4<br>бибер<br>0,25<br>хром пиколинат 0,01<br><br>(одговара на 8,7 μг Cr на таблета)<br><br>Производот се внесува приготвен за продажба на мало и се употребува како додаток кон исхраната (една таблета два пати на ден). | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тарифните броеви 2106, 2106 90 и 2106 90 98.<br><br>Производот не ги исполнува барањата на Забелешка 2(б)(2) од Глава 19 поради неговиот состав, презентирањето и употребата како додаток кон исхраната.<br><br>Производот не ги исполнува барањата на Дополнителната забелешка 1 од Глава 30 бидејќи не е деклариран за употреба за специфична болест или дадените концентрации на активни материи. Затоа истиот не треба да се смета како медицински растителен препарат согласно значењето на тар. број 3004.<br><br>Затоа производот се смета дека е опфатен со наименованието на тар. број 2106 како прехрамбени производи на друго место не спомнати или опфатени и е употребен како диететски додаток назначен за одржување на општото здравје и добрата состојба на организмот. (Види Коментар на ХС за тар. број 2106, дтав два, бр. 16) |

Прилог 90

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 109/2010 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој се состои од:<br>еден цилиндричен контејнер од челик со висина од приближно 33 см и дијаметар од приближно 29 см,<br>челична капак со два кружни отвори со дијаметар од приближно 5 см и 6 см, соодветно,<br>цилиндрична решетка од челик со висина од приближно 8 см и со дијаметар од приближно 12,5 см,<br>- флексибилна челична цевка, и<br>- млазница за всисување.<br><br>Челичната решетка е монтирана на горната страна на капакот под еден од отворите.<br><br>Цевката со млазница за всисување е опремена со друг отвор.<br><br>Производот е наменет за чистење, како на пример, камини, употребен заедно со правосмукалка кога цревото на правосмукалката е поврзано со горната страна на капакот до отворот на решетката.<br><br>Кога се усисува, грубите честички остануваат на дното на контејнерот додека пак воздушните честички се филтрираат од воздушната пареа со помош на решетката. | 8421 39 20 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(ѓ) од Оддел XV и наименованиата на тарифните броеви 8421, 8421 39 и 8421 39 20.<br><br>Поради тоа што цилиндричната решетка ги запира воздушните честички и само прочистениот воздух поминува низ неа, таа служи како филтер. Затоа производот има својство на машина за филтрирање и пречистување од тар.број 8421.<br><br>Расопоредувањето во тар.број 7323 како апарат за домакинство од челик е исклучено согласно Забелешката 1(ѓ) од Оддел XV со што одделот не опфаќа производи од ОдделXVI.<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 8421 39 20 како машина за филтрирање или пречистување на воздух. |

**Прилог 91**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.152/2010 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ составен од темно зелени електрични кабли кои се со вградени провидни мини филамент лампици (1,5V/0,5W), поврзани заедно така да формираат мрежа од 320 x 150 см (т.н. „светлечка мрежа“). Индивидуалните окца на мрежата се 19 x 19 см така што растојанието помеѓу лампиците е приближно 19 см.<br><br>Производот се увезува во пакување за продажба на мало заедно со 24 V статички конвертор, 8 држачи со куки и 10 резервни лампици.<br><br>Светлечката мрежа е направена за употреба и внатре и надвор.<br><br>Производот е наменет за декорирање, на пример, новогодишна елка или прозорец | 9405 30 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување за тар. број 9405 и тар. подброј 9405 30 00.<br><br>Големината на мрежата овозможува лесно да се постави преку и да ја покрие новогодишната елка. Бојата на каблите и 19x19см индивидуалните окца, дозволува мрежата да се навлече внатре преку надворешните врвови на гранките, обезбедувајќи така , кога лампиците се запалени, жиците и лампите да се скриени додека сијаличките светкаат према надворешноста, правејќи на тој начин еднообразен декоративен ефект.<br><br>Иако производот може да се користи и за други намени, неговите објективни и идентификациони својства укажуваат дека е наменет за употреба за декоративно осветлување на новогодишна елка.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 9405 30 00 како сет за осветлување од вид кој се употребува за новогодишни елки. |

Прилог 92

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.153/2010 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на т.н. „pop up книга„ со присоединети печатени страни од картон, две од нив се со лимитиран текст во врска со активноста на играта.<br><br>Има уште шест други страни кои, кога ќе се отворат, прават тродимензионална претстава на неколку секции на вселенска станица.<br><br>Исто така книгата вклучува и страна со отпресоци , исправени фигури направени од картон кои може да се вметнат во различни делови од вселенската станица. | 9503 00 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(в) од Глава 49 и наименование за тар. подброј 9503 00 9503 00 99.<br><br>Имајќи предвид неговите карактеристики (конструкција), намената за употреба на овој производ е првенствено за играње.<br><br>Сликовниците за деца, кои вклучуваат и исправени фигури кои се придвижуваат или исечени делови, се распоредуваат во тар. број 4903 (Книги со слики за деца за цртање или книги за боење), се додека производот не е првенствено играчка. Производите кои се играчки се исклучени од тар. број 4903 и се распоредуваат во Глава 95 (види исто така Коментар на ХС за тар. број 4903).<br><br>Производите од Глава 95 се исклучени од Глава 49 со примена на Забелешка 1(в) за Глава 49.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. број 9503 како играчка. |

Прилог 93

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 309/2010 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Трослоен панел од иглолисно дрво со вкупни димензии од 1000 x 500 x 27 мм.<br><br>Надворешните слоеви се со дебелина од 8,5 мм и се состојат од дрвени парчиња залепени ивица до ивица со паралелно поставување едно на друго.<br><br>Внатрешниот слој (јадрото) е нормално поставено на жилите на надворешните слоеви, со дебелина 10 мм и сочинето од дрвени парчиња (блок/летви) залепени ивица до ивица со паралелно поставување едно на друго.<br><br>Надворешните слоеви и ивиците се премачкани со смола.<br><br>Види слика (*)<br> | 4412 94 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тарифен број 4412 и тар. подброј 4412 94 и 4412 94 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 4418 како дрвена столарија, поспецифична за станбени згради за бетонски градежни работи е исклучено, како производ кој нема карактеристики освен премачкувањето со смола, кој му овозможуваат да биде идентификуван како производ дизајниран за конструктивни цели. Види Коментар на ХС за тар. број 4418 (посебно последната реченица од став 3). Намената за конструкции во станбени згради оттука не е битното за производот. Оттука, производот нема објективни карактеристики и својства за да се распореди во тар. број 4418.<br><br>Со своите карактеристики кои ги поседува, производот се распоредува во тар. ознака 4412 94 90 како други блок табли, слоевити табли и табли со летви (види Коментар на ХС за тар. број 4412, (3)). |

(*) Сликата е само од информативен карактер.

**Прилог 94**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.310/2010 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Уред во форма на минувачки портал кој се користи на аеродромските безбедносни точки (т.н. „масен спектрометар"). Проектиран за детекција на нелегални супстанции, како што се експлозиви и наркотици, со користење на технологија на подвижна спектрометрија со јонска стапица (Ion Trap Mobility Spectrometer (ITMS)).<br><br>Анализите се базираат на примероци од воздухот кој минува низ полупропустива мембрана и влегува во јонизационата комора каде јонизациониот извор емитува бета честички како резултат на јонска формација во гасна фаза. Јонизацијата потоа пулсирачки се насочува низ насочувачка цевка, каде електричното поле ги забрзува јоните кон колекторска електрода.<br>Примерокот потоа се анализира на основа на времето потребно јоните да пристигнат до колекторот. Поради тоа, апаратот ги сепарира јонизираните пареи и потоа ја мери мобилноста на јоните во електричното поле.<br>Апаратот не користи оптичко зрачење. | 9027 80 17 | Распоредувањето е утврдено со одредбите на Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тарифен број 9027 и тар. подброј, 9027 80 и 9027 80 17.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9022 како апарати на база на употреба на бета зрачење е исклучено, со оглед на тоа што зрачењето се користи само во подготвителниот чекор, пред анализата, за јонизација на примерокот. Зрачењето е само почетна иницијална фаза од процесот на хемиската анализа кој користи спектрометарска технологија.<br><br>Апаратите за физички и хемиски анализи – спектрометри се посебно спомнати во тар. број 9027.<br><br>Со оглед на тоа што апаратот не користи оптичко зрачење (UV, видлива, IR), истиот се распоредува во тар. ознака 9027 80 17 како други апарати за физичка и хемиска анализа. |

**Прилог 95**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.336/2010 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Плоча (диск) со дијаметар од околу 580 мм и дебелина од околу 3 мм, сочинета од 2 слоја направени од полиуретан, од кои еден е машински ижлебан, а другиот има адхезивна превлека заштитена со одвоив пластичен лист (т.н. „полимерен подметач").<br><br>Производот се користи со машини за производство на силиконски и полупроводнички вафери (плочи). Се поставува на носечката глава на изменливиот алат на такви машини и се користи за рамнење и полирање на веферите (плочките). | 3919 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тарифен број 3919 и тарифен подброј и 3919 90 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8486 како дел или прибор од машина од вид кој се употребува само или главно за производство на полупроводнички вафери е исклучено, со оглед фактот дека производот нема карактеристики за да се смета како дел или прибор на таква машина.<br><br>Со оглед дека производот претставува потрошен материјал, истиот согласно конститутивниот материјал се распоредува во тар. ознака 3919 90 00 како самолеплива плоча или лист од пластика. |
| 2. Плоча (диск) со дијаметар од околу 580 мм и дебелина од околу 2 мм, сочинета од 2 слоја од синтетички филц, еден од нив е импрегниран со полимерно врзиво (полиуретан) (т.н. „поромерен подметач"). Другиот слој има адхезивна превлека заштитена со одвоив пластичен лист.<br><br>Производот се користи со машини за производство на силиконски и полупроводнички вафери (плочи). Се поставува на носечката глава на изменливиот алат на такви машини и се користи за рамнење и полирање на веферите (плочките). | 5919 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа , Забелешка 7(а) од Оддел XI, Забелешка 1(д) од Оддел XVI, Забелешка 7(б) од Глава 59 и наименованието на тар. Број 5911 и тар. подброј, 5911 90 и 5911 90 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8486 како дел или прибор од машина од вид кој се употребува само или главно за производство на полупроводнички вафери е исклучено, со оглед на тоа што производот нема карактеристики за да се смета како дел или прибор на таква машина.<br>Производот претставува производ за техничка употреба согласно значењето на Забелешка 1 (д) од Оддел XVI , со оглед дека истиот се користи со |

| | | |
|---|---|---|
| | | машини за производство на силиконски и полупроводнички вафери (плочи) за рамнење и полирање на ваферите (плочките).<br><br>Оттука истиот се распоредува во тар. ознака 5911 90 90 како текстилен производ (конститутивен материјал) кој се користи за технички цели (види Забелешка 7 (б) од Глава 59. |

Прилог 96

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.380/2010 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Таблети од 1.772 мг , подготвени за продажба на мало, една таблета е составена од (% по маса):<br><br>калциум карбонат 88,9<br>(одговара на 630 мг калциум)<br>скроб 3,5<br>хидроксипропил метил целулоза 2,7<br>кросповидон 1,9<br>малтодекстрин 1,3<br>минерално масло 1,2<br><br>Покрај тоа една таблета содржи 7µg =284 IU (интернационални единици) витамин Д3 (холекалциферол). Другите супстанции се присутни во количини помали од 1,0% по маса.<br><br>Препорачаната дневна доза од една таблета е означена на етикетата.<br><br>Согласно информацијата на етикетата производот се користи за превентивен третман на пример против остеопороза и за зајакнување на коските. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 28, Дополнителна забелешка 1 од Глава 30 и наименованието на тарифен број 2106 и тар. подброј 2106 90 и 2106 90 92.<br><br>Како резултат на присуството на супстанции кои не се опфатени во Забелешка 1(а) , (г) или (д) од Глава 28 , производот е исклучен од таа Глава .<br><br>Нивото на внесени минерали или витамини (калциум и витамин Д3) согласно препорачаната дневна доза наведена на етикетата не е значително повисока од препорачаната дневна доза за одржување на добро здравје или добра состојба. Оттука производот не ги исполнува барањата на Дополнителна забелешка 1 од Глава 30, последен став, и не може да се распореди во тар. број 3004 (види Коментар на Комбинирана номенклатура за Глава 30, Дополнителна забелешка 1, точка 3).<br><br>Со оглед на карактеристиките ваквиот производ се распоредува како прехранбен производ од тар. број 2106. |

Прилог 97

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.455/2010 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат сочинет од изменлив ултравиолетов (UV) извор на светлина, рефлектор, бленда, контролор на интензитет и тајмер за бленда во куќиште (т.н „UV spot извор на светлина") со вкупни димензии од 311 x 160 x 227 мм. Куќиштето е опремено со рачка за носење, контролен уред и фиксно светло за корисник.<br><br>Апаратот се користи во фотохемиски процес, т.н „UV лечење", за површински третман на различни фотоосетливи материјали со UV зрачење, особено за не-механичко стврднување на различни материјали и премази, преку контролирана емисија на UV светлина. | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување за тар. број 8543, и тар. подброеви 8543 70 и 8543 70 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8479 како машина со индивидуална функција, не спомната ниту опфатена на друго место во Глава 84, е исклучено од причина што стврднувањет не вклучува било каква механичка функција, туку е резултат од фотохемиски процес. Оттука, апаратот се смета како UV озрачувачка опрема за општа индустриска употреба (види исто така Коментар на ХС за тар. број 8543, став четири, (11)).<br>Апаратот оттука треба се распоредува во тар. ознака 8543 70 90 како други електрични машини и апарати, со индивидуална функција, неспомната ниту опфатена на друго место во Глава 85. |

Прилог 98

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.465/2010 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со вкупни димензии од 197 x 90 x 2 см составен од 16 летвички од полно дрво зацрвстени заедно со две траки од текстил фиксирани на дрвото со помош на метални стеги.<br><br>Летвичките не се закривени, и тие се од не флексибилно масивно борово дрво.<br><br>Производот е наменет за употреба заедно со рамка за кревет за подршка на душекот. | 9404 10 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 (Б) од Глава 94 и наименованието на тар. број 9404 и тар. подброј 9404 10 00.<br><br>Иако летвичките не се ниту закривени ниту флексибилни, производот во целост одговара на термините од тар. број 9404 како дизајниран за подршка на душекот во креветот.<br><br>Распоредувањето во тар. ознака 9403 90 30 како дел од кревет е исклучено, бидејќи носачите на мадраци, кои се увезуваат засебно, не се распоредуваат како делови на стоките со помош на Забелешка 3 (Б) од Глава 94.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. ознака 9404 10 00 како носачи на мадраци. |

Прилог 99

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.692/2010 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Дебел полукружен производ, со вкупни димензии од приближно 75 см во должина x 45 см во ширина, направен од текстилна ткаенина од впредени кокосови влакна, кои ја формираат главнината на површината, со гумена позадина. Производот е заокружен со декоративна гумена бордура (бришач).<br><br>Види слика 652(*)<br><br> | 5702 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (а) од Глава 40, Забелешка 1 од Глава 46 и наименувањето на тар. број 5702 и тар. подброј 5702 20 00.<br>Кокосовите влакна се растителни текстилни влакна, кои кога се предени, припаѓаат во опфатот на тар. број 5308 и оттука припаѓаат на Оддел XI ( текстил и производи од текстил) од Номенклатурата на Царинската тарифа.<br><br>Површината на производот е направен од ткаенина од предиво на кокосови влакна и од гума, при што кокосовите влакна и го даваат на површината суштинскиот карактер согласно занчењето на Основното правило 3 (б), затоа што тоа е материјалот кој им дозволува на луѓето да го изрибаат и исчистат ѓонот на нивните чевли, и освен тоа, кокосовите влакна ја формираат поголемата површина.<br><br>Се додека текстилниот материјал (ткаенина од предиво од кокосови влакна) служи како изложена површина на производот кога се користи, овој производ е „текстилна подна покривка" согласно значењето на Забелешка 1 од Глва 57.<br><br>Заради неговата големина, дебелина, крутост и неговата јачина, производот има објективни карактеристики на текстилна подна покривка (брисач).<br><br>Понатаму, текстот на тар. број 5702 вклучува „други текстилни подни покривки, ткаени" без било каква |

| | | |
|---|---|---|
| | | дистинкција меѓу оние кои се за внатрешна или надворешна употреба и без специфицирање на димензиите.<br><br>Оттука, согласно Забелешка 2(а) од Глава 40, овој производ не може да се распореди во Глава 40, затоа што таа Глава не опфаќа стоки од Оддел XI (текстил и производи од текстил).<br>Исто така овој производ не може да се распореди ниту во Глава 46 затоа што, согласно Забелешка 1 од таа Глава, не опфаќа предиво од природни текстилни влакна.<br><br>Производот оттука се распоредува како текстилна подна покривка во Глава 57. |
| 2. Дебел правоаголен производ со приближни димензии од 60 см во должина x 40 см во ширина, направен од кокосови влакна кои формираат флор. Кокосовите влакна се поврзани на подлога од поли(винил хлорид), која ја прави задната површина (позадина). Брисачот е заокружен со декоративна бордура од поли ( винил хлорид) (брисач за пред врата).<br><br>Види слика 653(*)<br><br><br>653 | 5705 00 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (м) од Глава 39, Забелешка 1 од Глва 57 и наименување на тар. број 5705 и тар. подброј 5705 00 90.<br><br>Кокосовите влакна се растителни текстилни влакна во рамки на опфатот на тар. број 5305 и оттука припаѓа на Оддел XI (текстил и производи од текстил) од Номенклатурата на Царинската тарифа.<br><br>Површината на производот е направен од кокосови влакна и пол(винил хлорид), при што кокосовите влакна и го даваат на површината суштинскиот карактер согласно занчењето на Основното правило 3 (б) , затоа што тоа е материјалот кој им дозволува на луѓето да го изрибаат и исчистат ѓонот на нивните чевли.<br><br>Се додека текстилниот материјал (кокосови влакна) служи како изложена површина на производот кога се користи, овој производ е „текстилна подна покривка" согласно |

| | | |
|---|---|---|
| | | значењето на Забелешка 1 од Глва 57.<br><br>Заради неговата големина, дебелина, крутост и неговата јачина, производот има објективни карактеристики на текстилна подна покривка (брисач)..<br><br>Понатаму, тар. број 5705 опфаќа теписи и текстилни подни покривки, без било каква дистинкција меѓу оние кои се за внатрешна или надворешна употреба и без специфицирање на димензиите (види исто така Коментар на ХС за тар. број 5705, прв став) . Овој тар. број вклучува теписи со споен флор, каде флорот е фиксиран било преку подлога или директно со лепак кој ја сочинува подлогата (види исто така Коментар на ХС за тар. број 5705, втор став (1)).<br><br>Оттука, согласно Забелешка 2(м) од Глава 39, овој производ не може да се распореди во Глава 39, затоа што таа Глава не опфаќа стоки од Оддел XI (текстил и производи од текстил).<br><br>Производот оттука се распоредува како текстилна подна покривка во Глава 57. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер. | | |

**Прилог 100**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.716/2010** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од:<br>- живини сијалици под висок притисок со празнење со незапечатен рефлектор,<br>- каблирање,<br>- вентилациони отвори,<br>- инсталациона рамка со држач, и<br>- вклучница.<br>Производот е дизајниран за употреба во проектори. | 8539 32 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(а) од Оддел XVI како и наименованието на тарифен број 8539 и тар. подброеви 8539 32 и 8539 32 10.<br><br>Бидејќи производот се смета за дел од проектор, се применува Забелешка 2 од Оддел XVI.<br>Врз основа на Забелешка 2(а) од Оддел XVI, деловите кои се вклучени во било кој тарифен број од Глава 84 или 85 се распоредуваат во нивните соодветни тарифни броеви.<br><br>Со оглед на своите карактеристики, производот ги исполнува условите од тарифен број 8539. Оттука, распоредувањето во тар. број 8529 е исклучено.<br><br>Производот следствено се распоредува во тарифната ознака 8539 32 10 како живина сијалица со празнење. |

**Прилог 101**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.727/2010 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електричен продолжен кабел сочинет од:<br>– електричен кабел со должина од приближно 2м,<br>– приклучок за поврзување во електрична струја во главната вклучница (на ѕидот), и<br>– пластично куќиште со 5 вклучници, прекинувач за струја и осигурувач.<br><br>Производот е дизајниран за употреба за транспорт на електрична струја од 220 V на едно локално место (на пример, соба) на различни апарати.<br><br>Прекинувачот го прекинува доводот на електрична струја и осигурувачот штити од преоптеретување.<br><br>(*) Види слика<br> | 8544 42 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI како и наименованието кон тарифен број 8544 и тар. подброеви 8544 42 и 8544 42 90.<br><br>Функциите обезбедени со прекинувачот и осигурувачот се сметаат за второстепени во однос на главната функција на производот за транспорт на електрична струја на кабелот опремен со конектори.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8536 како конектор е исклучено наспроти тар. број 8544 кој ги опфаќа каблите, било да се или не опремени со конектори (види Коментар на ХС за тар. број 8536 (III) (А), последен став, и коментар за тар. број 8544.<br><br>Производот следствено се распоредува во тар. ознака 8544 42 90 како други електрични спроводници опремени со конектори. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

Прилог 102

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.731/2010 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Видеозвучна инсталација, која се состои главно од следниве компоненти:<br>10 апарати за репродукција на слики од тип со дигитални сестрани дискови (DVD),<br>10 проектори, кои користат матрични дисплеи со технологија на течни кристали (LCD), од вид исто така способен за прикажување на дигитални информации добиени од машините за автоматска обработка на податоци,<br>10 звучни кутии со еден звучник, со сопствен извор на енергија, и<br>20 дигитални сестрани дискови (DVD) на кои се снимени дела на „модерна уметност" во форма на слики, придружени со звук.<br><br>Изгледот на апаратите за видео репродукција, проекторте и звучниците се модифицирани од уметник за да изгледаат како дело на „модерна уметност" без измена на нивната функција.<br><br>Инсталацијата се увезува во разглобена состојба | 8521 90 00<br>8528 69 10<br>8518 21 00<br>8523 40 51 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. броеви 8521 и тар. подброеви 8521 90 00, 8528, 8528 69 и 8528 69 10, 8518 и 8518 21 00 и 8523, 8523 40 и 8523 40 51.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9703 00 00 како скулптура е исклучено, затоа што ниту една од индивидуалните компоненти или пак целата инсталација, кога е склопена, не се смета за скулптура. Компонентите се малку модифицирани од уметник, но нивните модификации не ја менуваат нивната главна функција на стоки од Оддел XVI. Содржината снимена на DVD -та , заедно со компонентите на инсталацијата, обезбедува „модерна уметност".<br><br>Видео звучната инсталација не е ниту сложен производ, со оглед на тоа што се состои од индивидуални компоненти, ниту пак се стоки подготвени како сет за малопродажба согласно значењето на Забелешка 3 (б). Следствено, компонентите на инсталацијата треба да се распоредат засебно.<br><br>Видео репродукциските апарати оттука се распоредуваат во тар. ознака 8521 90 00, проекторите во тар. ознака 8528 69 10, звучниците во тар. ознака 8518 21 00 и DVD-та во тар. ознака 8523 40 51. |
| 2. Таканаречена „светлосна инсталација" која се состои од шест кружни флуоресцентни цевки за осветлување и шест пластични арматури за светлата. | 9405 10 28 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 9405 и тар. подброеви 9405 10 и 9405 10 28. |

| | | |
|---|---|---|
| Дизајнирани од уметник и работат согласно инструкциите обезбедени од уметникот. Наменети се да бидат изложени во галерија, фиксирани на ѕид.<br>Арматурите се одвоени едни од други и се наменети да бидат монтирани вертикално.<br>Цевките се сместени во арматурите, обезбедувајќи наизменично сенки на бело.<br>Производот е во разглобена состојаба. | | Распоредувањето во тар. број 9703 00 00 како скулптура е исклучено, бидејќи инсталацијата како „уметничко дело" е споредна спрема разултатот на светлосен ефект кој го има.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9705 00 00 е исклучено, инсталацијата не е колекционерско парче од историски интерес. Таа има карактеристики на светлечки тела од тар. број 9405.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. ознака 9405 10 28 како ѕидни светлечки тела. |

**Прилог 103**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.732/2010** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на челична плоча (диск), исечена од топло валана плоча, со дијаметар од околу 187 см и дебелина од околу 1,5 см, маркиран со еден помал и еден поголем овален отвор.<br><br>По увозот, производот дополниително се процесира (глодање и дупчење на дополнителни отвори, монтирање на челичен обрач и површинска обработка и премачкување) пред да се користи.<br><br>Наменет е да се коисти заедно со слична плоча (диск) со дебелина од околу 2,5 см, за да се поврзе една лопатка со лежиштето во куќиште на т.н. „ветрена турбина" (мотор на ветер со вграден генератор).<br>Види слика (*)<br><br>(*) Сликата е само за информација | 7326 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифен број 7326 и тар. подброј 7326 90 и 7326 90 98.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7308 како дел на конструкција или во Оддел XVI како дел од машина е исклучено, бидејќи во моментот на увоз производот не може да се идентификува како „дел" со оглед дека се бара понатамошно процесирање.<br><br>Оттука производот се распоредува согласно конститутивниот материјал во тар. ознака 7326 90 98 како други производи од челик. |

**Прилог 104**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1065/2010 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ составен од картонска ролна и рачка изработена од лиена пластика (т.н. „текстилнен валјак").<br><br>Картонската ролна е прекриена со хартија, која е самолеплива од надворешната страна и прекриена со синтетичка пластика од внатрешната страна.<br><br>Картонската ролна, со самолеплива хартија е за еднократна употреба и изменлива. Таа е завиткана во заштитен слој на хартија која содржи опис за функционирањето на производот.<br><br>Производот е наменет да се користи за отстранување од текстилна облека на пример, на прав, отпадоци од предуво, влакна, првут, итн. | 9603 90 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 4 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 9603 и тар. подброеви 9603 90 и 9603 90 91 .<br><br>Производот кој на прв поглед не се распоредува во специфичниот тарифен број, е најсличен на четки од тарифниот број 9603. Тарифниот број 9603 опфака различни артикли кои значајно се разликуваат и по материјал и по форма (види Коментар на ХС за тар. број 9603).<br><br>Производот затоа се распоредува во тарифната ознака 9603 90 91 00 како други четки. |

**Прилог 105**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1067/2010 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ (т.н. „туш за глава") изготвен од пластика со превлака на никел, се користи за дистрибуција на вода преку млазница.<br><br>Тој е опремен со неповратен вентил кој спречува водата да се врати назад. Меѓутоа вентилот не го регулира протокот на вода.<br><br>Протокот на вода од млазницата се регулира со славина со која производот е наменет да биде поврзан преку флексибилно црево. | 3924 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието за тар. број 3924 и тар. подброј 3924 90 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8481 како вентил или сличен уред е исклучено, бидејќи производот е повеќе од вентил кој вклучува помошни функции, тој е комплетен туш за глава (види исто така Коментар на ХС за тар. број 8481).<br>Распоредувањето во тар. број 8424 како механички уред за исфрлање, дисперзија или распрскување на течност е исклучена, поради тоа што уредот не содржи никаков механизам за исфрлање, дисперзија или распрскување на течност. Протокот на вода од млазницата се регулира само со славината на која производот е наменет да биде поврзан.<br><br>Производот оттука е распореден согласно материјалот од кој е составен од Глава 39.<br><br>Распоредувањето во тар. број 3922 како санитарни производи од пластика е исключено, поради тоа што овој тарифен број опфаќа кади, туш кади, садопери, лавабоа, бидеа, клозетски шолји, седишта и капаци, водоказанчиња и слични санитарни производи од пластика кои постојано се фиксираат на едно место (види исто така Коментар на ХС за тар. број 3922).<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. број 3924 како хигиенски или тоалетен производ од пластика. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Производ (т.н. „туш за глава") изготвен од пластика со превлака на никел, се користи за дистрибуција на вода преку млазница.<br><br>Тој е опремен со копче поврзано со вентил кој спречува водата да се врати назад и исто така го менува типот на млазот на водата („дожд" или „масажа"). Меѓутоа вентилот не го регулира протокот на водата.<br><br>Протокот на вода од млазницата се регулира со славина со која производот е наменет да биде поврзан преку флексибилно црево. | 8424 89 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието за тар. број 8424 и тар. подброј 8424 89 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8481 како вентил или сличен уред е исклучено, бидејќи производот кој е повеќе од вентил вклучува помошни функции, тој е комплетен туш за глава (види исто така Коментар на ХС за тар. број 8481).<br><br>Присуството на механизам за промена на типот на млаз на вода му дава на производот карактер на механички уред за исфрлање, дисперзија или распрснување на течности.<br><br>Производот оттука е распореден во тар. број 8424. |
| 3. Производ (т.н. „туш за глава") изготвен од пластика со превлака на никел, се користи за дистрибуција на вода преку млазница без повратен вентил или механизам за промена на типот на млазот вода.<br><br>Протокот на вода од млазницата се регулира со славина со која производот е наменет да биде поврзан преку флексибилно црево. | 3924 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието за тар. број 3924 и тар. подброј 3924 90 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8424 како механички уред за исфрлање, дисперзија или распрскување на течност е исклучена, поради тоа што уредот не содржи никаков механизам за исфрлање, дисперзија или распрскување на течност. Протокот на вода од млазницата се регулира само со славината на која производот е наменет да биде поврзан.<br><br>Производот оттука е распореден согласно материјалот од кој е составен од Глава 39.<br><br>Распоредувањето во тар. број 3922 како санитарни производи од пластика е исклучено, поради тоа што овој тарифен број опфаќа кади, туш кади, садопери, лавабоа, бидеа, клозетски шолји, седишта и капаци, |

| | | |
|---|---|---|
| | | водоказанчиња и слични санитарни производи од пластика кои постојано се фиксираат на едно место (види исто така Коментар на ХС за тар. број 3922).<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. број 3924 како хигиенски или тоалетен производ од пластика. |

Прилог 106

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1076/2010 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. „common mode choke„) со димензии од околу 3 x 3 x 2 см (вклучувајќи ја основната плоча), сочинета од две намотки од изолирана бакарна жица намотана на феритно јадро, со однос 1:1.<br><br>Различниот режим на струја (сигнал), протекува во спротивни правци низ намотките, креирајќи исти и спротивни магнетни полиња кои се одбиваат едни од други. Како резултат на ова производот има нула импенданса на различниот струен режим, кој поминува непроменет.<br><br>Еднонасочниот струен режим (интерфернца), протекува во ист правец низ намотките, креирајќи еднакви во-фаза магнетни полиња кои се собираат заедно. Ова резултира производот да има висока импенданса на едносачната струја, која минува непроменета. | 8504 50 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието за тар. број 8504 и тар. подброеви 8504 50 и 8504 50 95.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 8504 31 како трансформатор е исклучено, и покрај тоа што има конструкција на трансформатор, производот не може да ја трансформира наизменичната струја во различна наизменична струја. Само ја трансферира наизменичната струја со однос 1:1 (види Коментар на ХС за тар. број 8504).<br><br>Со оглед на функцијата, производот претставува индуктор од тар. подброј 8504 50, и се користи да го ограничи или спречи протокот на еднонасочен струен режим (интерференца) додека го напушта протокот на различен режим на струја (сигнал) непроменет.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. ознака 8504 50 95 како индуктор. |

Прилог 107

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1155/2010 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сложени стоки, изработени од гранки од вештачко црешово дрво со електрично светлечко тело со електричен трансформатор. Овие компоненти се прикачени едни со други за да формираат практично неделива целина.<br><br>Вештачката гранка наликува на природен производ (гранка од црешово дрво со цветови), направена од монтирани различни делови (кафена хартија за имитација на гранки, жици кои ги придржуваат, лепливи ленти кои ги држат заедно, бела текстилна ткаенина за имитација на ливчињата од цветовите и мали пластични делови за држење на цветовите). Деловите се врзани, залепени и поставени заедно.<br><br>Електричен светлечки синџир кој држи 60 микро електрични светилки е интегриран во вештачката гранка. Светилките претставуваат толчници во цветовите. Поради нивната големина, светилките даваат осветлувачки ефект. Електричната жица од светлосниот синџир што ги држи микро светилките е целосно прекриен со гранката. Останатата, неколку метри долга, електрична жица ја напушта главната гранка и завршува во електричниот трансформатор.<br><br>Производот не е ниту самостоечки, ниту пак има било какви средства за обесување. Дизајниран е да биде ставен во вазна.<br><br>(вештачка гранка од црешово дрво) | 6702 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување кон тар. број 6702 и 6702 90 00.<br><br>Производи составени од сложени стоки согласно Основното правило 3(б). Изработени од вештачки цвечиња од тар. број 6702, електрична опрема за осветлување од тар. број 9405 и електричен трансфорамтор од тар. број 8504. Електричната опрема за осветлување е вградена во вештачката цветна гранка која формира неделива целина (Види (Коментари на Хармонизиран систем) согласно Основното правило 3(б), (IX)).<br><br>Поради објективните карактеристики на производот (кое личи на типично вештачко цвеќе; мали светилки кои му даваат мал осветлувачки ефект), производ кој главно е дизајниран да биде ставен во вазна, украс во соба како имитација на цвеќиња. Осветлувањето е само дополнителен елемент кој го подобрува декоративниот ефект. Соодветно на тоа, вештачката цветна гранка е компонента која му дава на производот суштински карактер (т.е декоративен производ) во рамките на значењето согласно Основното правило 3(б).<br><br>Производот неможе да биде распореден како лампа од тар. број 9405, бидејќи не е првенствено дизајниран за осветлување, како на пример, во соба, ниту пак специјализирана лампа (Коментари на Хармонизиран систем за тар. број 9405. |

| | | |
|---|---|---|
| (види ги фотографиите А, Б и Ц) (*) | | (1), (1) и (3)).<br><br>Вештачката цветна гранка личи на природен производ( види Коментари на Хармонизиран систем за тар. број 6702, (1)). Производот затоа се распоредува во тарифниот број 6702 како „вештачко цвеќе". |
| (*) Сликите се само за информација | | |



А Б Ц

**Прилог 108**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.111/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во вид на конусно парче од титан, кое на долниот крај има тело со надворешен навој (т.н. „вештачки забен колец").<br><br>Се употребува во забарството. Производот е наменет да биде надграден во коренот на вештачкиот заб имплантиран во вилицата и го поврзува коренот со вештачката круна.<br>При увозот, производот е во стерилно пакување.<br><br>(*) Види слика.. | 9021 29 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 б) од Глава 90 како и наименованието кон тар. број 9021 и тар. подброј 9021 29 00.<br><br>Поради неговиот дизајн, производот е за специфична употреба во забарството и неможе да се смета како „дел за општа употреба", како што е наведено во Забелешка 2 од Оддел XV. Затоа распоредувањето во Оддел XV се исклучува.<br><br>Производот како дел од забарски материјали, треба да биде распореден во тарифниот број 9021 кој вклучува различни стоматолошки прибори за изготвување на стоматолошки круни или протези (види исто така Коментар на ХС за тарифен број 9021 (III) (Б) (4)).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. ознака 9021 29 00 како дел од забарски материјали. |
| (*) Сликата е само за информација | | |



**Прилог 109**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.112/2011** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Модул со димензии од околу 8,5 x 30 x 23 см, наменет за следење на респираторни и анастетички гасови на пациентот за време на медицински третман (т.н. „Гас анализаторски модул").<br>Тој работи самостојно, поврзан и контролиран од системот за следење на пациентот.<br><br>Модулот спектроскопски го анализира респираторниот гас на пациентот во однос на неговата содржина, на пример, јаглен диоксид, азотен оксид, халотан или изофлуран.<br><br>Системот за следење на пациентот продуцира податок добиен од модулот и го верифицира во согласност со поставените параметри. Резултатите се покажуваат на мониторот. Кога овие параметри не се задоволувачки, се вклучува аларм. | 9018 19 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(б) од Глава 90 и наименување на тар. број 9018 и тар. подброј 9018 19 и 9018 19 10.<br><br>Модулот не се смета за комплетен инструмент или апарат за физички или хемиски анализи од тарифниот број 9027, поради тоа што неговите контролни функции и приказ на соодветните резултати, се извршува преку системот за следење на пациентот. Следствено, распоредувањето во тарифниот број 9027 е исклучено.<br><br>Модулот не е препознатлив како апарат со ултравиолетиви или инфра црвени зраци од тарифната ознака 90182000.Соодветно, распоредувањето во тарифната ознака 9018 20 00 е исклучено. Поради тоа што модулот не е наменет за давање на анестезија, тој не може да се смета за апарат и инструмент за анестезија од тарифната ознака 9018 90 60. Соодветно, распоредувањето во тарифната ознака 9018 90 60 е исклучено.<br><br>Поради тоа што модулот е погоден за употреба единствено со електродијагностички апарати за симултано следење на два или повеќе параметри, со примена на Забелешка 2(б) од Глава 90, производот се распоредува во тарифната ознака 9018 19 10. |

Прилог 110

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.113/2011 | Распоредување<br>(Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н.„систем за видео надзор за бебиња") претставен во сет за продажба на мало кој се состои од:<br>- бежична телевизиска камера со вграден микрофон, видео сигнален предавател и антена; камерата е опремена со излезен интерфејс за аудио/видео;<br>- бежичен колор монитор од течни кристали (LCD) тип со дијагонални димензии на екранот од околу 14 см (5,6 инчи) и однос од 4:3, со вграден звучник, видео сигнален приемник и антена; мониторот е опремен со влезен интерфејс за аудио/видео;<br>- два адаптери; и<br>- аудио/видео кабел.<br><br>Сигналите се пренесуваат од камерата до мониторот на фреквенција од 2,4 GHz во опсег од 150 метри.<br><br>Сетот се користи за надгледување на бебиња од далечина. | 8528 72 40 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б), 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тар. број 8528, тар. подброеви 8528 72 и 8528 72 40.<br><br>Производот е сет опфатен со одредбите согласно од Основното правило 3(б), кој се состои од камера од тар. број 8525 и апарат за телевизиски прием од тар. број 8528, во кој што компонентата на сетот што му дава суштински карактер не може да биде одредена.<br><br>Со примена на Основното правило 3(в), производот затоа се распоредува како апарат за телевизиски прием во тар. ознака 8528 72 40. |

**Прилог 111**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.312/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ (т.н. „ултразвучен предавател") составен од пиезо-електричен елемент во форма на керамички диск на кој е прицврстена метална мембрана со радијално орјентиран конус. Целиот е прицврстен на една основна плоча и е поставен во пластично кукиште со спојници.<br><br>Наизменичната струја предизвикува пиезо-електричниот елемент да осцилира, предизвикувајќи ултразвучни бранови (нечујни за човечкото уво) кои се пренесуваат низ воздухот. Производот на овој начин ги конвертира електричните сигнали во ултразвучни бранови.<br><br>Производот се користи за различни цели вклучувајќи и за мерење на растојанија при паркирање, за набљудување на просторот покриен со автомобилскиот аларм против кражби и мерење на нивото на течности на одредени производи. | 8548 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тарифниот број 8548 и тар. подброеви 8548 90 и 8548 90 90.<br><br>Поради тоа што производот не може да се смета дека е дел од специфична машина од Оддел XVI, распоредувањето врз основа на Забелешка 2 од Оддел XVI е исклучено.<br><br>Поради тоа што производот не може да се смета дека е дел од специфичен инструмент или апарат од Глава 90, распоредувањето врз основа на Забелешка 2 кон Глава 90 е исклучено.<br><br>Производот е електричен дел на машина или апарат, кој не е споменат ниту опфатен на друго место во Глава 85.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. ознака 8548 90 90 00. |
| 2. Производ (т.н. „ултразвучен предавател") составен од пиезо-електричен елемент во форма на керамички диск на кој е прицврстена метална мембрана со радијално орјентиран конус. Целиот е прицврстен на една основна плоча и е поставен во пластично кукиште со спојници.<br><br>Ултразвучните бранови (нечујни за човечкото уво) предизвикуваат пиезо-електричниот елемент да осцилира и да ги конвертира брановите во електрични сигнали.<br><br>Производот се користи за различни | 8548 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тар. број 8548 и тар. подброеви 8548 90 и 8548 90 90.<br><br>Поради тоа што производот не може да се смета дека е дел од специфична машина од Оддел XVI, распоредувањето врз основа на Забелешка 2 од Оддел XVI е исклучено.<br><br>Поради тоа што производот не може да се смета дека е дел од специфичен инструмент или апарат од Глава 90, распоредувањето врз основа на Забелешка 2 од Глава 90 е исклучено. |

| | | |
|---|---|---|
| цели вклучувајќи и за мерење на растојанија при паркирање, за набљудување на просторот покриен со автомобилскиот аларм против кражби и мерење на нивото на течности на одредени производи. | | Производот е електричен дел на машина или апарат, кој не е споменат ниту опфатен на друго место во Глава 85.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. ознака 8548 90 90. |

**Прилог 112**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.313/2011** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Парче мебел (т.н. „ телевизиско постоље") со димензии од околу 80 x 40 x 45см.<br><br>Производот се состои од горна површина и две полици од чисто калено стакло и четири цилиндрични ногарки со димензии приближно 45 x 5см изработени од метал.<br><br>Максимална тежина на оптоварување на производот е 80кг.<br><br>Металните и стаклените компоненти сочинуваат околу 47% и 44% соодветно од вкупната вредност на производот.<br><br>(*) Види ја сликата<br><br> | 9403 20 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 9403 и тар. подброј 9403 20 и 9403 20 80.<br><br>Масите и сличен мебел направен од различни материјали се распоредуваат според материјалот од кој се изработени ногарките и рамката, освен, ако со примена на основното правило 3(б), материјалот од кој е изработена горната површина на масата му дава суштински каракер на производот, како на пример, кога има повисока вредност ( види Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. број 9403).<br><br>Распоредувањето затоа во тарифната ознака 9403 89 00 како мебел изработен од други материјали (стакло) е исклучено, бидејќи стаклената површина е со помала вредност од металните ногарки и не му дава на производот суштински карактер.<br><br>Соодветно на тоа, производот се распоредува според материјалот од кој се изработени ногарките.<br><br>Производот затоа се распоредува во тарифната ознака 9403 20 80 како друг метален мебел. |
| (*) Сликата е само за информација. | | |

Прилог 113

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.314/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат (т.н. „топлинска инфрацрвена камера") за снимање на слики со инфрацрвено зрачење со помош на микроболометар и прикажување на такви слики во боја кои прикажуваат различни температури, со димензија од околу 26 x 8 x 11 см.<br><br>Апаратот се состои од:<br><br>- одвоени леки,<br>- микроболометар со резолуција од 160 x 120 пиксели, со можност за мерење на температурата во опсег од -20°C до 250°C,<br>- колор монитор од течни кристали (LCD) со резолуција од 320 x 240 пиксели со диагонални димензии на екранот од околу 7 см (2,5 инчи), и<br>- меморија со можност за складирање до 200 слики во JPEG формат.<br><br>Микроболометар е термички сензор кој се користи како детектор во камерата, со можност од 19 200 пиксели во секоја слика, каде што секој пиксел претставува резултат од мерењето на температурата.<br><br>Сликата е прикажана во различни бои кои го претставуваат мерењето на различни температури заедно со веритикална скала која ја покажува температурата на врвот и на дното на избраниот опсег на температури и спектарот на бои одејќи од врвот кон дното.<br><br>Апаратот е исто така способен за мерење на температурата на одредена | 9025 19 20 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието кон тар. број 9025 и тар. броеви 9025 19 и 9025 19 20.<br><br>Бидејќи апарат е во состојба да мери температура и да ги прикажува измерените вредности во бројки, функција која е опфатена со тар. број 9025, распоредувањето во тар. број 8525 како камера е исклучено (види Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. број 8525).<br><br>Намената на апаратот не е да го мери или да го проверува квантитетот на топлината, туку, за одредување на нивото на инфрацрвените зраци (мерење на температурата), распоредувањето во тар. број 9027 е исклучено.<br><br>Со оглед на неговите какарктеристики, апаратот затоа се распоредува во тар. ознака 9025 19 20 како термометар. |

| | | |
|---|---|---|
| точка и прикажување на резултат на температурната скала.<br><br>Апаратот се користи за превентивно одржување за откривање на дефекти на конструкции или изолација и топлински губитоци. | | |

Прилог 114

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.315/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електромеханичка машина (т.н. „вибрирачка платформа"), се состои од челична платформа и централна колона опремена со рачка и контролен панел. Машината е со димензии околу 80 x 80 x 120 см и тежина од 34 кг.<br><br>Контролниот панел има тестатура и копчиња за стартување, повторување или прекинување на кодираната тренинг програма.<br><br>Платформата се придвижува со мотор, со помош на кој платформата осцилира од страна на страна во однос на централната колона, изведувајќи движења слични на брзо одење. Осцилаторното движење се пренесува на нозете на лицето кое стои на платформата (и потоа нагоре кон мускулите) со фреквенција помеѓу 30 Hz и 50 Hz.<br><br>Машината дејствува како стимулатор за мускулната контракција и се употребува, на пример, во медицината, физиотерапијата и за добра здраствена состојба. | 8479 89 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето за тар. број 8479 и тар. подброеви 8479 89 и 8479 89 97.<br><br>Распоредувањето како апарат за механо-терапија во тар. број 9019 е исклучено, затоа што машината не се користи под медицински надзор за третман на зглобовите или мускулите (Види Коментар на ХС за тар. број 9019, (I)).<br><br>Распоредувањето како апарат за масажа во тар.број 9019 е исто така исклучено, бидејќи основна цел на машината е да се стимулираат сите мускули на телото на таков начин како тие да работат природно. ( Види Коментари на ХС за тар. број 9019, (II)).<br><br>Распоредувањето како производ или опрема за општа физичка вежба во тар.број 9506 е исклучено, бидејќи машината не е наменета за физичка вежба. (Види Коментари на ХС за тар. број 9506).<br><br>Со оглед на тоа што машината делува како мускулен стимулатор преку механички средства, се распоредува во тар. ознака 8479 89 97 како машина или механички апарат со индивидуални функции, неспомнати или опфатени на друго место. |

Прилог 115

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.316/2011 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Употребувано pick-up возило, со платформа за товар која што не е на расклопување, за превоз на лица и стока (т.н. „повеќенаменско возило") со дизел мотор и со зафатнина на цилиндер од 3200 $cm^3$, автоматски менувач, на четири тркала (4 x 4) и должина на меѓуосовинското растојание од 320 см.<br>Се состои од:<br>– кабина со четири врати, опремена со два реда на седишта за 5 лица, вклучувајќи го и возачот. Кабината е изработена од луксузен ентериер, со електрично приспособливи кожни седишта, три безбедносни точки за појаси позади возачкото седиште, прозорци електрично управувани и клима уред. Возилото е опремено со радио-емитувачки приемник, радионавигациски систем и CD/DVD player,<br>- внатрешната должина на отворениот простор за товар е 156 см. Страните и задната врата на просторот за товар достигнува висина од 50 см. Страните се опремени со држачи за прицврстување на товарот. Должината на просторот за товарење може да се продолжи до 206 см со отварање на задната врата и монтирање на елемент во форма на бариера (преграда). | 8703 33 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тар. број 8703 и тар.подброеви 8703 33 и 8703 33 90.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 8704 како возила за превоз на стока е исклучено, со оглед на неговата наменска употреба, која е својствена на неговите објективни карактеристики и општиот изглед како возило главно наменето за транспорт на лица. Максималната внатрешна должина на подот од просторот за превоз на стока е ограничен со страните и задната врата кога е затворена. ( Види Коментари на ХС за тарифен број 8703 и Коментари на Комбинирана номенклатура за тарифен број 8703.)<br><br>Возилото оттука се распоредува во тар. ознака 8703 33 90 како употребувано моторно возило главно наменето за транспорт на лица. |

Прилог 116

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.428/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Апарат на батерии во форма на цилиндер со димензии од околу 21 см висина со дијаметар од 9 см и тежина од околу 310 г (така наречен „аеросол диспензер") специфично дизајниран да биде употребен заедно со изменлива аеросол лименка.<br><br>Апаратот е составен од:<br>- Електричен систем за активирање на механизмот за прскање на аеросол лименката,<br>- Сензор и копчиња за активирање на електромеханичкиот систем, и<br>- Пластично кукиште со отвор кој овозможува прскање на аеросол кога електромеханичкиот систем е активиран.<br>Апаратот кога е опремен со аеросол лименка, е способен за освежување на воздухот на ограничен простор во внатрешноста на зградата со растурање на дози на мирис, кога сензорот детектира присуство на лице, или на одредени програмирани интервали. | 8509 80 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3(б) кон Глава 85 и наименованието на тар.број 8509 и тар. подброј 8509 80 00.<br><br>Со оглед на тоа што самиот апарат не исфрла, дисперзира или распрскува, туку само го активира механизмот за распрскување на аеросол лименката, распоредувањето во 8424 е исклучено.<br><br>Апаратот е електромеханички уред со сопствен мотор од тар. број 8509 од вид кој обично е за домашна употреба.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар.ознака 8509 80 00. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Сет приготвен за продажба на мало составен од:<br>- Електромеханички уред (така наречен „аеросол диспензер"), и<br>- Изменлива аеросол лименка.<br>„Аеросол диспензерот" е батериски напојуван апарат во форма на цилиндер со димензии од околу 21 см висина со дијаметар од 9 см и тежина од околу 310 г составен од:<br>– Електричен систем за активирање на механизмот за прскање на аеросол лименката,<br>– Сензор и копчиња за активирање на електромеханичкиот систем, и<br>– Пластично кукиште со отвор кој овозможува прскање на аеросол кога електромеханичкиот систем е активиран.<br>Аеросол лименката содржи приготвени дезодоранси и парфеми за простории, од тар. ознака 3307 49 00.<br>„Аеросол диспензерот", кога е епремен со аеросол лименка, е способен за освежување на воздухот на ограничен простор во внатрешноста на зградата со растурање на дози на мирис, кога сензорот детектира присуство на лице, или на одредени програмирани интервали.<br>Аеросол лименката е потрошна стока која може да биде заменета кога е празна со друга аеросол лименка со исти димензии. | 8509 80 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3(б) кон Глава 85 и наименованието на тар.број 8509 и тар. подброј 8509 80 00.<br><br>Компонентата која на сетот дава суштински карактер е аеросол диспензерот бидејќи е за постојана употреба, а аеросол лименката може да биде сменета кога е празна.<br><br>Со оглед на тоа што самиот апарат не исфрла, дисперзира или распрскува, туку само го активира механизмот за распрскување на аеросол лименката, распоредувањето во 8424 е исклучено.<br><br>Апаратот е електромеханички уред со сопствен мотор од тар. број 8509 од вид кој обично е за домашна употреба.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар.ознака 8509 80 00. |

**Прилог 117**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.447/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Конзервирани полнети лозови листови подготвени за консумација. Производот е изготвен од мешавина од ориз, кромид, соино масло, сол, лимонска киселина, црн бибер, нане и копар, завиткана во лозовите листови.<br><br>Состав ( процент по маса):<br>– Ориз: околу 50,<br>– Лозови листови: околу 15,<br>– Кромид: околу 9,<br>– Други состојки: масло, сол, зачини и вода. | 1904 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тар. број 1904 и тар.подброеви 1904 90 и 1904 90 10.<br><br>Суштинскиот карактер на овој производ му го дава компонентата на ориз.<br><br>Со оглед на карактеристиките производот се рспоредува согласно со Основното правило 3 (б) во тарифен број 1904. |

Прилог 118

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.497/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Течност во вид на ароматизиран сируп со следниот состав (процент по маса):<br><br>Вода 65,13<br>Шеќер од шеќерна трска 28,47<br>Сок од зелен лимон 3,18<br>Лимонска киселина 1,49<br>Лимонов сок 1,38<br>Арома 0,46<br>Боја 0,0003<br>Примеси<br><br>После растворувањето со вода или алкохол препаратот е готов за пиење како коктел. | 2106 90 59 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тар. број 2106 и тар.подброеви 2106 90 и 2106 90 59.<br><br>Со оглед на тоа што производот сам по себе не се пие, распоредувањето како пијалок во Глава 22 е исклучено.<br><br>Со оглад на неговиот состав, производот содржи средства за арома и боење, се распоредува како ароматизиран шеќерен сируп од тар. ознака 2106 90 59.<br><br>Види исто така Коментар на ХС за тар.број 2106, точка (12). |
| 2. Течност во вид на ароматизиран сируп со следниот состав (процент по маса):<br><br>Вода 51,27<br>Шеќер од шеќерна трска 28,40<br>Сок од малина 10,60<br>Пире од малина 8,20<br>Арома 0,18<br>Боја 0,02<br>Примеси<br><br>После растворувањето со вода или алкохол препаратот е готов за пиење како коктел. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тар. број 2106 и тар.подброеви 2106 90 и 2106 90 98.<br><br>Со оглед на тоа што производот сам по себе не се пие, распоредувањето како пијалок во Глава 22 е исклучено.<br><br>Со оглед на неговиот состав, производот кој содржи повисоко количество на овошен сок и овошно пире е посложен од ароматизираните шеќерни сирупи од тар.ознака 2106 90 59.<br><br>Производот се распоредува како препарат за производство на пијалоци од тар.ознака 2106 90 98. Види исто така Коментар на ХС за тар.број 2106, точка (12). |

**Прилог 119**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.756/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ составен од (% по маса):<br><br>- сурова риба (во парчиња) од родот Mullus 64<br>- сурови шкампи 10<br>- суров зеленчук 26<br><br>набоцкан на дрвени стапчиња. | 1604 19 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, Забелешка 2 кон Глава 16 и наименованието на тар. број 1604 и тар.подброј 1604 19 и 1604 19 98.<br><br>Додатокот на зеленчук на (суровото) месо од риба/шкампи на дрвени стапчиња се смета за подготвено. Како резултат на тоа, распоредувањето во Глава 3 е исклучено како производ кој е подготвен со процес кој не е предвиден во таа Глава (види Коментарски забелешки на ХС за, Глава 3, Општите одредби став 5).<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. број 1604 како подготвена риба од тарифна ознака 1604 19 98. |

Прилог 120

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.757/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Обувки кои не го покриваат глуждот и не се идентификуваат како машки или женски обувки, со ѓонови со должина поголема од 24 см.<br>Надворешниот ѓон е изработен од гума и средишен ѓон од полимери со ниска густина.<br>Горништето се состои од парчиња од текстил, кожа и пластика.<br><br>Сив текстилен материјал ја покрива целата површина на горништето со исклучок на бел текстилен филц (2(")) на петата на обувките. (види слика 655B)<br><br>Овој бел текстилен материјал е покриен со неколку парчиња од сива кожа. Тој е покриен главно од едно парче на петата (C(")), и делумно со две парчиња долж двете страни на обувката (D (")) и две парчиња околу предницата (B(")) (Види слика бр. 655 C).<br><br>На најдолниот крај на петата овој бел текстилен материјал е покриен со едно парче од црн непропустлив текстилен материјал и парче од темно сива пластика (b(")) сошиена најгоре (види слика бр. 655C). Црниот текстил е видлив низ малите отвори на пластичното парче.<br><br>Гореспоменатите сиви текстилни материјали се сошиени еден на друг и прицврстени на ѓонот. Од едната страна на обувката двете парчиња од сив текстил се составени со зиг заг шавови дополнети со бод на двете страни од зиг заг шавовите (види слика бр. 655 D). Со истите бодови е фиксирана долната лента за зајакнување при составувањето на | 6404 11 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на царинската тарифа, Забелешка 4 (а) (б) кон Глава 64, Дополнителна забелешка 1 кон Глава 64 и наименованието на тар. број 6404 и тар.подброј 6404 11 00.<br><br>При идентификувњето на составниот материјал на горништето во смисол на значењето на Забелешка 4(а) кон Глава 64, не треба да се земе во обзир сивото парче од пластика кое го покрива предниот дел од обувката (а("), бидејќи тоа ги штити прстите зајакнувајќи го долниот сив текстилен материјал.<br><br>Исто така, не се земаат во обзир четирите вертикални текстилни ленти (1(")) на двете страни од обувката, бидејќи тие ги зајакнуваат страните на обувките, и текстилната јамка на петата на обувките што служи како додаток кога обувките не се облечени.<br><br>Исто така, не се земаат во обзир парчињата од сива кожа прицврстена на сивиот текстилен материјал на двете страни на обувките (A(")), бидејќи тие исто ги зајакнуваат страните на обувките.<br><br>Белиот текстилен материјал (2(")) не може да се смета за составен материјал на горништето, бидејќи тоа не е дури ни делумно изложено на надворешната површина на обувките (види Коментар на КН кон Глава 64, општи одредби (1)(а), прва реченица од став два).<br><br>Додека, парчињата од сива кожа (B,C, D(")) што главно или делумно го |

| | | |
|---|---|---|
| двете текстилни парчиња.<br><br>На предниот дел на обувката парчето (а(")) сива пластика го покрива долниот сив текстилен материјал.<br>На двете страни од обувката парчињата од сива кожа (А(")) се прицврстени на текстилниот материјал, на горниот дел од кожата/сив текстилен материјал, со додадени четири вертикални ленти од текстил (1, (") исто така (види слики бр. 655 A и 655 D). Додатно една текстилна лента е прицврстена како јамка на текстилниот материјал на петата од обувките.<br>(обувка за тренинг)<br>(види слики бр. 655A, 655B, 655C и 655D) | | покриваат белиот текстилен материјал (2(")) (види слика бр. 655 B и 655 C) се сметаат за составни материјали на горништето, зошто нивната површина е делумно или целосно изложена на надворешната површина и тие не се ниту додатоци ниту зајакнувања.<br><br>Долниот црн непропустлив текстилен материјал, темно сивиот пластичен материјал на петата на обувките (б) не ги прави составен материјал на горништето, бидејќи тоа е само вметнато за да ја спречува водата што пенетрира преку отворите на парчето пластика. Затоа, парчето од темно сива пластика на петата на обувката се смета исто така како составен материјал на горништето во смисол на значењето на Забелешка 4(а) кон Глава 64.<br><br>Сивите текстилни материјали се сметаат како составни материјали на горништето во смисол на значењето на Забелешка 4(а) кон Глава 64, бидејќи тие се прицврстени една за друга и за сите горенаведени составни материјали на горништето (B, C, D, b (")) со помош на двоен метод на составување (види Коментар на КН кон Глава 64, општи одредби (I) (а), последна фраза од втор став, заедно со (I) (c), последна фраза од втор став).<br><br>Меѓутоа, горенаведените составни материјали од горништето (B, C, D, b (") и сивиот текстилен материјал (види слика бр.655 C) имаат карактеристики на горниште, што значи обезбедува доволна подршка за стапалото за да може да се оди во обувките (види втора фраза од првиот став на Дополнителна забелешка 1 кон Глава 64).<br><br>После отстранувањето на горенаведените зајакнувања и додатоци (види слика 655 C) сивите текстилни материјали имаат поголема |

| | | |
|---|---|---|
| | | надворешна површина од материјалите (B, C, D, b (*)) кои се идентификувани како составни материјали на горниште и затоа обувките се сметаат дека се со горниште од текстилни материјали во смисол на Забелешка 4(а) кон Глава 64. Надворешниот дел од ѓонот (газиште) е од гума во смисол на значењето на Забелешка 4(б) кон Глава 64. Затоа обувките имаат надворешен ѓон од гума. |

(*) бројот/буквата се однесува на броевите/буквите на сликите.
(**) сликите се само за информација


655 A


655 B


655 C


655 D

**Прилог 121**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.761/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Конектор сочинет од пластично куќиште со отвори на двата краја за прилив и одлив на течности. Тој е опремен со капаче со винт и прицврстувач (копча) во форма на сигурносен ( неповратен ) вентил .<br><br>Конекторот се користи во медицински инфузиони сетови. Едната Страна се поврзува на цевката а другата на шприцот од инфузионата линија. Копчата (прицврстувач) се отвора кога конекторот е во врска (прицврстен) за шприцот или инфузионата линија и се затвора кога ќе се отстрани, на тој начин да се заштити од истекување на течноста и да влее воздух за време на инфузијата.<br>Конекторите се во стерилни или нестерилни пакувања.<br>(*) види слика<br><br> | 8481 30 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на ХС, Забелешка 1(е) од Глава 90, и со наименувањето на тар. број 8481 и тар. подброеви 8481 30 и 8481 30 99.<br><br>Имајќи предвид функцијата, физичките карактеристики и начинот на работа, конекторот се смета како сигурносен (неповратен вентил) од тар. подброј 8481 30, со оглед дека се користи за регулирање на протокот на течности со отворање или затворање на копчата (прицврстувачот) и можност за проток на течноста само во еден правец (види Коментар на ХС за тар. број 8481).<br><br>Со примена на Забелешка 1(е) од Глава 90, распоредувањето во тар. број 9018 како инструменти и прибор кои се користат во медицината е исклучено.<br><br>Освен тоа, кога е во стерилно пакување,производот не е препознатлив како производ од тар. број 9018.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 8481 30 99 како сигурносен (неповратен) вентил од пластика. |
| (*) сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 122**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.762/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Шуплив, без навој цилиндричен производ од железо, освен од нерѓосувачки челик, превлечен со цинк (тн „експрес клинец"). Има целосен отвор долж едната страна. Еден од краевите е благо извиткан нанадвор. Другиот крај има остро сечиво.<br><br>Производот се користи како прицврстувач (спона), со забивање во издупчен отвор, за на пр. брза инсталација на лајсни во бетонски ѕидови. Остриот крај дава можност за полесно навлегување во ѕидот. Шупливат конструкција, отворот по должината на едната страна и нанадвор завиениот крај обезбедува зголемување на силата на држење кога е закован.<br><br>(*) види слика<br><br> | 7317 00 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната Номенклатура и наименување на тарифни подброеви 7317 00 и 7317 00 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7318 е исклучено зашто дизајнот на производот не е сличен со ниеден производ спомнат во овој тар. број.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7326 е исклучено со оглед дека производот не може да се смета како чеп за ѕид од челик, заради својата конструкција не е дизајниран за да дозволи цврсто прицврстување на шрафови во ѕидарски ѕидови.<br><br>Производот е сличен а и од функционален аспект, на ексер од тар. број 7317. Закованието внатре е доволно да обезбеди дека објектот кој се прицврстува, на пример, летва, останува цврсто.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 7317 00 90 како други производи од челик, слични на клинец. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 123

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.763/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Портабл (преносив) апарат кој работи на батерии (тн „E-book„ ) за снимањ и репродукција на различни типови на текст фајлови (на пример, PDF, WOL и HTML), фајлови со неподвижни слики (на пример JPEG) и аудио фајлови (на пример МП3) со димензии приближно 18 x 12 x 1 см и тежина од околу 220 г.<br><br>Апаратот е опремен со :<br>- монохроматски дисплеј ( кој користи електронско мастило технологија со 4-ниво сиви тонови) со димензии од приближно 12 x 9 см , дијагонални мерки на екран од приближно 15 см (6 инчи) и резолуција од 600 x 800 пиксели,<br>- USB интерфејс,<br>- Конектор за слушалки,<br>- Отвор за мемориска картичка,<br>- Контрол/навигационен копчиња,<br>- 200 MHz процесор, и<br>- Внатрешна меморија од 512 MB.<br><br>Апаратот може да се поврзе на машина за автоматска обработка на податоци со намера за трансфер на фајлови.<br><br>Апаратот може да репродуцира текст, неподвижни слики и аудио со процесирање и зачувување на податоците било на внатрешна меморија или на мемориска картица.<br><br>Апаратот нема функција на превод или речник. | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинирана номенклатура и со наименување на тар. број 8543 и тар. подброеви 8543 70 и 8543 70 90.<br><br>Распоредувањето како машина за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471 е исклучено со оглед дека апаратот не ги исполнува условите од Забелешка 5(А) од Глава 84.<br><br>Понатаму, со оглед дека апаратот не е од вид кој главно или само се користи со машина за втоматска обработка на податоци, распоредувањето како единица од вакви системи во тар. број 8471 е исклучено.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8528 како монитор е исклучено имајќи предвид неможноста за дисплеј на видео слики како резултат на специфичната технологија која се користи за дисплеј и дополнително нискиот квалитет на сликата овозможува визуелизација на документ формати и статички слики само.<br><br>Апаратот се смета како електронски апарат со индивидуална функција, не специфицирана или вклучена на друго место во Глава 85.<br><br>Оттука се распоредува во тар. подброј 8543 70 90. |

Прилог 124

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.772/2011 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ изработен од метал и пластика, дизајниран за прицврстување на детско сигурносно седиште на моторно возило (таканаречено „детска сигурносна седишна основа" ).<br><br>Тоа се состои од ногарка на извлекување и систем со црвено/зелен информирачки индикатор, на пример, дали седиштето е правилно инсталирано.<br><br>Тоа е за привремено прицврстување за местата кои се постојано поставени на задната страна од автомобилското седиште.<br><br>Производот дозволува различни модели на детски сигуроносни седишта да бидат инсталирани.<br><br>(*) види слика<br>(*) Сликата е само за информација | 9401 90 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тар. број 9401, 9401 90 и 9401 90 80.<br><br>Распоредувањето во тарифниот број 8708 е исклучено како производ кој не е трајно прикачен за моторното возило и затоа неможе да се смета како прибор за каросерија на моторно возило.<br><br>Кога детското сигурносно седиште е монтирано на "детската сигурносна седишна основа", целината ги претставува карактеристиките и вршењето на функцијата на комплетно детско сигурносно седиште. Затоа производот треба да се смета како дел од детско сигурносно седиште. Оттука производот се распоредува во тарифната ознака 9401 90 80 како дел од седиште. |



**Прилог 125**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.773/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Возило на ножен погон, со две тркала и маса од приближно 10 кг.<br><br>Се состои од:<br>– Челична рамка со хромирана алуминиумска виљушка со суспензија,<br>– Волан со подесувачка висина,<br>– Платформа со димензии приближно од 38 x 11 см, со отвори и атхезивна потпорна лента<br>– Две тркала со димензии: 26 инчи (предно) и 18 инчи (задно)<br>– Предни и задни сопирачки Управувани со раце<br>– Место за стоење.<br>Возилото нема седиште, педали или запчаник.<br>Висината на воланот кога е целосно исправен е 97 см. | 8716 80 00 | Распоредувањето е утврдено со одредбите на Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8716 и тар.подброј 8716 80 00.<br><br>Распоредувањето како скутер или слична играчка на тркала од тар. подброј 9503 00 10 е исклучено, иако е со погон на една нога и се карактеризира со платформа, главно карактеристиките на возилото, како големина, кочници, тркала, предна виљушка или суспензија, не одговараат на карактеристиките на скутерот или играчка од тар. број 9503.<br><br>Затоа возилото се распоредува во тар. ознака 8716 80 00 како возило, несамоодно. |
| (*) Сликата е само за информација | | |



**Прилог 126**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 774/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на сет приготвен за продажба на мало, составен од:<br>дрвен сад со квадратна форма и вдлабнатина со квадратна форма за држење на свеќа без било какви други додатоци за држење на свеќата, и<br>- свеќа.<br>Формата на свеќата е таква да може да се стави и да стои безбедно во вдлабнатината на дрвениот сад. | 4421 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 4421 и тар.подброеви 4421 90 и 4421 90 98.<br>Производите ги исполнуваат критериумите за распоредување како стока приготвена во сетови. Дрвениот сад е производ кој му дава на сетот суштински карактер.<br>Распоредувањето на дрвениот сад во тар. број 9405 е исклучено, бидејќи не може да се идентификува како држач за свеќа.<br>Дрвениот сад се распоредува во согласност со неговиот конститутивен материјал, како производ кој се распоредува во тар. ознака 4421 90 98 како производ од дрво. |

Прилог 127

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.775/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Телешки колострум , во течна форма, обезмастен и без казеин , спакуван за продажба на мало во шишенце од 125 мл, со следен нутриционистички информации на 100 мл:<br><br>- Млечни протеини 2,5 до 3,5 г<br>- Јаглехидрати 3,3 г<br>- Млечна маст < 0,5 г<br><br>Производот е жолто-кафејава, благо заматена течност.<br><br>Има повисока содржина на имуноглобулини од природната сурутка од млеко.<br><br>Согласно декларацијата производот е за човечка консумација и се зема еднаш дневно (од 1 до 2 лажици) самостојно или со ладен овошен сок. Неговата област на примена не е индицирана. | 0404 10 48 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинирана номенклатура, и наименување на тар. број 0404 и тар. подброеви 0404 10 и 0404 10 48.<br><br>Распоредувањето во тар. број 3001 или 3004 е исклучено со оглед дека производот не служи за терапевтска или профилактичка употреба.<br><br>Технолошките чекори во процесирање на производот и неговиот состав се споредливи со оние на модифицирана сурутка.<br><br>Имајќи ги предвид карактеристиките на производот истиот се распоредува во тарифен број 0404. |
| 2. Колострум во прав добиен со суво распрскување, кој не бил де-казеиниран (отстранет казеинот), спакуван за продажба на мало како 64 г прав во пластичен контејнер со капаче со навој со следен композициски состав (% по маса):<br><br>- млечна маст 1,2<br>- млечни протеини најмалку 50 и типично 65,5<br><br>Производот е со сува материја од 93,3% по маса.<br><br>Производот е кремаво обоен прав кој има тенденција да формира грутчиња и има млечен мирис.<br><br>Има повисока содржина на имуноглобулини од природната | 0404 90 21 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, и наименување на тар. број 0404, и тар. подброеви 0404 90 и 0404 90 21.<br><br>Распоредувањето во тар. број 3001 и 3004 е исклучено како производ кој не служи за терапевтска или профилактичка употреба за луѓе.<br><br>Распоредувањето во тар. број 0402 е исто така исклучено со оглед дека производот го нема типичниот состав на природно млеко во прав.<br><br>Имајќи ги предвид карактеристиките на производот, истиот се распоредува во тар. број 0404. |

| | | |
|---|---|---|
| млечна сурутка.<br><br>Согласно со декларацијата на етикетата производот е за човечка консумација. | | |

Прилог 128

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.776/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарати за готвење храна, со димензии околу 31 x 47 x 40 cm и капацитет од 25 литри. Има куќиште од нерѓосувачки челик, плоча, со функција за безбедносна брава, контролно копче и часовник.<br>Апаратот се состои од:<br>– Микробранова печка со 5 степени на моќност, максимална излезна моќност од 900 вати и тајмер. Има можност за предходно подесување (pre set) за готвење програма за одмрзнување, и<br>– кварцна скара со максимална моќност од 1000 вати.<br><br>Апаратот е дизајниран да ја готви храната со помош на микробрановата печка. Исто така готви, пече и крцкава храна со помош на скарата. | 8516 50 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI, како и наименованието на тар. број 8516 и 8516 50 00.<br><br>Распоредувањето на апаратот како индустриска микробранова печка од тарифен број 8514 е исклучено со оглед на нејзината моќност и капацитетот на печката ( види исто така Коментарски забелешки на CN за тарифната ознака 8514 20 80).<br><br>Апаратот е сложена машина во рамките на значењето на Забелешка 3 од Оддел XVI, се состои од микробранова печка од тар. ознака 8516 50 00 и скара од тар. ознака 8516 60 70.<br><br>Со оглед на сите дадени карактеристики на апаратот, како неговата моќност, степени на моќност и бројот на програми, вршењето на функцијата на микробрановата печка треба да се смета како главна функција на овој сложен апарат.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8516 50 00 како микробранова печка. |

**Прилог 129**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.825/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Стирен бутадиен кополимер во примарна форма.<br><br>Овој кополимер е произведен со мешање на стирен бутадиен латекс гума (SBR) со висока содржина на стирен смола.<br><br>Финалниот производ се состои од мешавина на кополимери на стирен бутадиен, со пропорција од 65% по маса или повеќе на стирен. | 3903 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1, 4 и 6 кон Глава 39, Забелешка 4 (а) и 4 (в) кон Глава 40, Забелешка за тар.подброј 1 кон Глава 39, како и наименованието на тарифниот број 3903 и тар.подброеви 3903 90 и 3903 90 90.<br><br>Кополимери на стирен бутадиен, со пропорција на стирен од 65 % по маса или повеќе не е во согласност со дефиницијата за синтетички каучук наведена во Забелешката 4 (а) кон Глава 40, откако овие производи веќе еднаш се вулканизирани со сулфур, тие не ги исполнуваат барањата за истегнување и обновување наведени во веќе споменатата Забелешка.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. подброј 3903 90 90 како други полимери на стирен. |

Прилог 130

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.826/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Таблети со различни бои и облик на животни со просечна тежина на секоја таблета од околу 950 мг, во пакување за продажба на мало. Една таблета содржи (% по маса):<br>- сахароза 61<br>- скроб 2,4<br><br>Дополнително една таблета содржи:<br>- витамин А (50 % како ретинол ацетат: 375 µg и 50 % бета каротен: 2 252 µg)<br>- витамин Б1 1,05 mg<br>- витамин Б2 1,2 mg<br>- Витамин Б3 13,5 mg<br>- Витамин Б6 1,05 mg<br>- Витамин Б9 300 µg<br>- Витамин Б12 4,5 µg<br>- Витамин Ц 60 mg<br>- Витамин Д 10 µg<br>- Витамин Е 10 mg<br>Исто така присутни се и следните субстанции: стеаринска киселина, малеинска киселина, магнезиум стеарат, натриум бисулфит, глутен, памуково масло, силициум диоксид, лимунска киселина, желатин, калциум карбонат, моно и диглицериди, природни и вештачки мириси и средства за боење на прехрамбени продукти.<br><br>Препорачлива дневна доза наведена на етикетата е една таблета на ден.<br><br>Според етикетата производот е за човечка употреба. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 кон Глава 29, Дополнителна забелешка 1 кон Глава 30 како и наименованието на тар. број 2106, 2106 90 и 2106 90 98.<br><br>Според составот производот нема карактеристики на производ од шеќер од тарифен број 1704 (види исто така Коментарски забелешки на ХС кон Глава 17, општи одредби, точка (б)).<br><br>Поради присуството на субстанции кои не се опфатени со Забелешка 1 (а), (б), (в), (г) или (д) кон Глава 29, производот треба да е исклучен од оваа Глава.<br><br>Производот кој не ги исполнува барањата на Дополнителната забелешка 1 кон Глава 30 каде нема наведено употреба за специфични болести, заболувања или не се дадени нивни симптоми исто така неможе да биде распореден во тарифниот број 3004.<br><br>Со оглед на дадените карактеристики производот се распоредува како прехрамбен производ од тар. број 2106. |

Прилог 131

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 873/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сложен производ изготвен од сунѓер со клеточна структура (полиуретан) (11,5 см x 8,2 см x 1,1 см) и крпа од плетена полиестерска ткаенина која го обвиткува сунѓерот.<br><br>Ткаенината е изготвена од текстурно предиво од полиестер и полиестерски влакна прекриени со алуминиум (произведени со процес на метализирање со пареа) плетени заедно. Сунѓерот е целосно вметнат внатре во ткаенината.<br><br>(крпа за чистење)<br><br>(Види фотографии) (*) | 6307 10 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(г) од Оддел XI, Забелешка 1 кон Глава 63 како и наименованието на тар. број 6307 и тар. подброеви 6307 10 и 6307 10 10 00.<br><br>Производот е сложена стока во смисла на основнотот правило 3(б), бидејќи сунѓерот е прицврстен на ткаенината и формираат нераздвојна целина. (Види исто така Коментар на Хармонизиран Систем за основното правило 3(б), (IX)).<br><br>Ткаенината која е текстилен производ е готов производ во смисол на значењето на Забелешка 7(г) од Оддел XI бидејќи плетената ткаенина е составена со лепење. Во прилог е фактот дека сунѓерот е вметнат во готов текстилен производ кој ја прави целата стока како готов производ. Така, производот е опфатен со Забелешката за тар.подброј 1 од Глава 63 врз основа на Забелешка 1 од Глава 63.<br><br>И плетената ткаенина и сунѓерот имаат објективни карактеристики на производ кој е дизајниран за чистење со вода и детергент. Меѓутоа, грубата површина од плетената ткаенина му дава на производот суштински карактер според значењето на правилото 3 (б), поради нејзината груба површина производот е наменет за чистење на флеки од мазни површини. Сунѓерот служи само за подобрување на способноста на ткенината да апсорбира вода и детергент. Суштинскиот карактер на овој сложен |

| | | |
|---|---|---|
| | | производ е детерминиран според текстилниот материјал.<br><br>Производот затоа се распоредува во тар. број 6307 10 10 00 како плетена крпа за чистење. |
| (*) Фотографијата е само за информација | | |



Прилог 132

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.874/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Суров прополис во рефус како кафени блокови во неправилна форма. Производот во суштина се состои од следните компоненти (% по маса):<br><br>растителни смоли и растителни балсами 55<br>восоци 30<br>етерични масла 8 до 10<br>полен 5<br><br>Овие материјали собрани од пчелите се трансформирани со ензими од нивната плунка.<br><br>Производот се користи во производство на фармацевските производи и додатоци во исхрана. | 0410 00 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. подброј 0410 00 00.<br><br>Распоредувањето во Глава 13 е исклучено поради тоа што производот содржи состојки добиени како резултат на животиниска активност.<br><br>Со оглед на карактеристиките, производот се распоредува во тар. број 0410 како прехранбен производ од животинско потекло на друго место неспомнат или опфатен. |

**Прилог 133**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 875/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Подводни куќишта за дигитални камери изработени главно од пластика во рамките на значењето на Забелешка 1 кон Глава 39.<br><br>Производот се состои од две транспарентни половини кои се опремени со копчиња на рачно притискање, контролни или оперативни копчиња изработени од метал и рамки со куки изработени од пластика. Може да биде исто така опремено со штит за анти отсјај на екранот и исто така да има монтирана додатна рачка.<br>Водоотпорното куќиште има отвор на предната страна кој одговара на леќата, и се состои од стакло и метал заокружен со внатрешен навој за помошни леќи. На задната страна има обложен простор за визирот на камерата.<br><br>Производот е наменет за држење на комплетна дигитална камера и овозможување на камерата да биде користена во влажна или правлива околина. | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 кон Глава 39 како и наименованието на тар. број 3926 и тар.подброеви 3926 90 и 3926 90 97 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 4202 како футрола за камера е исклучено. Футролите за камери се вклучени во тар. број 4202. Меѓутоа подводните куќишта не се само кутии за држење на дигитална камера туку и производи со посебна функција. Со оглед на присуството на копчињата на притискање и контролните или оперативните копчиња, производот неможе да се смета за кутија.<br><br>Распоредувањето во тарифниот број 8529 е исклучено бидејќи производот е додаток за камера и неможе да се смета како дел за дигитална камера и како такво нема суштинско значење за функционирање на една дигитална камера.<br><br>Распоредувањето во тарифните броеви 9006 или 9007 во согласност со Забелешка 2 (б) кон Глава 90 е исто така исклучено бидејќи овие тар. броеви опфаќаат традиционални фотографски и кинематографски камери, а не дигитални камери.<br><br>Производот се состои од различни материјали и затоа треба да биде распореден според конститутивниот материјал кој му дава суштински карактер на производот, во согласност со Основното правилото 3(б). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Пластиката на производот му дава суштински карактер, поради што се распоредува во тарифниот број 3926 како други производи од пластика во тарифната ознака 3926 90 97 00. |

Слика 1



Слика 2



**Прилог 134**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 884/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Deoxyribonuclease ензим, со активен опсег од 10 000 до 25 000 единици/мг, складиран во воден буфер со pH 6,5.<br><br>Производот е приготвен за продажба на мало за лабараториска употреба во реверзибилна верижна реакција на транскриптивна полимераза (RT-PCR). | 3507 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието на тар. број 3507 и тар. подброеви 3507 90 и 3507 90 90.<br><br>Формата на подготовка на производот овозможува ензимската активност да бидат одржувана за време на складирањето. Производот не содржи било какви други субстанции одвоени од самиот ензим за детектирање на реакцијата што треба да се спроведе. Затоа распоредувањето во тар. број 3822 како дијагностички или лабараториски реагенс е исклучено.<br><br>Со оглед на составот на производот, истиот треба да се смета како подготвен ензим согласно значењето од тар. број 3507.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 3507 90 90 како други подготвени ензими на друго место неспомнати ниту опфатени. |

**Прилог 135**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1195/2011** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот се состои од пластична јака со форма која одговара на вратот со шок-абсорптивен пенаст слој и кука-јамка за прицврстување (таканаречен „Шансова кравата" или „cervical collar").<br><br>Се користат за лица за подршка на цервикалниот сегмент (cervical portion) на 'рбетот (вратот) и главата, на пример, кога се спасуваат и транспортираат пациенти за кои има сомнение или е познато дека имаат повреди на 'рбетот, или за подршка на вратот за лице кое страда од повреда како што е удар. | 9021 10 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 6 кон Глава 90, и наименованието на тарифниот број 9021 и тар. подброеви 9021 10 и 9021 10 10.<br><br>Кравататa се смета како справа за подршка или држење на делови од телото при заболување, операција или повреди во рамките на значењето од Забелешка 6 кон Глава 90.<br><br>Производот неможе да се смета како справа за фрактури бидејќи не се користи за имобилизирање на делови од телото при фрактури. Распоредувањето во тарифна ознака 9021 10 90 е исто така исклучено.<br><br>Затоа производот се распоредува во тарифната ознака 9021 10 10 како ортопедска справа. |

Прилог 136

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1196/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пренослив, батериски напојуван електронски очен апарат за прикажување на слики (така наречен „видео очила") со димензии во склопена сосотојба приближно 15 x 3,5 x 2,5 cm.<br><br>Електронскиот очен апарат се состои од два (LCD) екрани со течни кристали, секој со резолуција од 640 x 480 пиксели ( виртуелен еквивалент од 80 инчи екран со видност до 2 метри) и звучно процесирани кола, монтиран на рамка слична на рамка за очила.<br><br>Апаратот може да биде поврзан на машина за автоматска обработка на податоци (ADP) и апарат како што е видео рекордер, телевизиски приемник и конзоли за игри.<br><br>Прикажува виртуелни 3-димензионалени (3D) видео слики за забавни цели. | 8528 59 40 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. број 8528 и тар.подброеви 8528 59 и 8528 59 40.<br><br>Функцијата на очниот апарат е прикажување на видео согласно значењето на тар. број 8528.<br><br>Поради тоа што апарат не вклучува тјунер или било каков друг сличен уред кој овозможува прием на телевизиски сигнали, распоредувањето како приемник за телевизија во тар. подброј 8528 71 е исклучено.<br><br>Апаратот користи 2 многу мали LCD екрани ( по еден за двете очи) за креирање на виртуелни слики еквивалентно на 80 инчи екран со видност до 2 метри одалеченост. Со оглед на карактеристиките и особините, апаратот е наменет за забавни цели како гледање на филмови, гледање телевизија или играње. Како резултат на тоа, распоредувањето во тар.подброј 8528 51 е исклучено како апарат кој неможе да се смета како тип кој исклучиво или главно се користи во ADP систем од тар. број 8471.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тарифна ознака 8528 59 40 како монитор во боја со екран со течни кристали дисплеј технологија. |

Прилог 137

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1200/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Рачен механички апарат за дозирање на течноста во контејнер за титриметриски анализи (тн „дигитален титратор„).<br><br>Апартот вклучува прилагодлива механичка хранилка со простор за кертриџ, копче за испуштање, механички бројач, копче за ресетирање на бројачот и рачка за држење.<br><br>Титраторот е прецизен апарат за дозирање , кој со секое вртење на копчето за дозирање, ослободува капка од титрантот наменет за употреба за течноста која се анализира. Капката содржи специфичен волумен на титрант. Бројот на капките издадени од титраторот се прикажуваат на бројачот.<br><br>Аналитичкиот резултат е одреден со реакцијата на аналитот со количината на дозираниот титрант. Количината на титрантот е одредена со множење на бројот на капките со специфичниот волумен од употребениот титрант. | 8479 89 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинирана номенклатура и наименување на тар. број 8479 и тар. подброеви 8479 89 и 8479 89 97.<br><br>Апаратот не го менува континуирано волуменот на течноста и распоредувањето како пумпа во тар. број 8413 е исклучено.<br><br>Апаратот не врши хемиска анализа на титрантот или на аналитот. Оттука, распоредувањето како апарат за хемиски анализи во тар. број 9027 е исклучено.<br><br>Иако апаратот придонесува за процесот на хемиска анализа, не може да се смета за дел или прибор од таков апарат со примена на Забелешка 2(а) од Глва 90.<br><br>Апаратот не се користи за мерење на волуметриски единици на количината од течноста која минува низ цевката. Оттука, распоредувањето како апарат од тар. број 9028 е исклучено.<br><br>Апаратот го мери бројот на капки но не ја мери издадената количина. Оттука, распоредувањето како апарат од тар. број 9031 е исклучено.<br><br>Со оглед дека апаратот не мери само вкупен број на единици (капки) туку првенствено дистрибуира специфичен волумен на течност, истиот функционира како бирета со механички бројач.<br><br>Истиот оттука се распоредува во тар. подброј 8479 89 97 како други механички уреди со индивидуални функции, не специфицирани или вклучени на друго место во Глава 84. |

**Прилог 138**

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1201/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Дисплеј со течни кристали (LCD) панел (тн „LCD модул"), со дијагонални димензии од приближно 66 см (26 инчи), сочинет од активна матрица од течни кристали слој вметнат како сендвич меѓу две плочи од стакло , опремен со конектори.<br><br>Меѓу првата стаклена плоча и слојот од течни кристали има тенок филм транзистор матрица (TFT) кој обезбедува соодветна волтажа на пикселите.<br><br>Помеѓу слојот од течни кристали и втората стаклена плоча има RGB филтер кој ја контролира бојата на сликата која се прикажува.<br><br>Неколку конектори во форма на ремени се прикачени за панелот. Секој конектор е сочинет од минијатурни интегрирани кола (тн „изворни драјвери IC") на флексибилни печатени кола. Плочите од печатени кола (PCBs) се поврзани со „изворните драјвери IC". IC дозволува моќта и контролните сигнали да минуваат како и да се конвертираат и пренесуваат податоците од PCBs на индивидуални пиксели од матрицата од активни течни кристали.<br><br>Модулот се користи во производство на монитори за приемни телевизиски апарати од тар. број 8528. | 8529 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Забелешка 2(б) од Оддел XVI и наименување затар. број 8529 и тар. подброеви 8529 90 и 8529 90 92.<br><br>Со оглед дека LCD модулот е опремен со „изворни драјвери IC„ кои се повеќе од елктрични конектори ( на пр. за напојување), распоредувањето во тар. број 9013 како единици со активна матрица од течни кристали е исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 9013 (1) .<br><br>Со оглед дека модулот е сочинет од TFT слој со течни кристали вметнат како сендвич меѓу две стаклени плочи и опремен со контролна електроника за адресирање на пикселите кои се користат во производство на монитори за приемни телевизиски апарати од тар. број 8528, истиот се смета како дел кој само или главно се користи со апаратите од 8528 од тар. подброј 8529 90 92.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 8529 90 92 како LCD модул кој се состои само од една или повеќе TFT стаклени или пластични ќелии, не комбиниран со содржини од екран на допир, со или без единица за позадинско осветлување, со или без инвертери и една или повеќе печатени плочи со контролна електроника само за пиксел адресирање. |

Прилог 139

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1202/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Дисплеј со течни кристали (LCD) панел (тн „LCD модул"), со дијагонални димензии од приближно 66 см (26 инчи), сочинет од активна матрица од течни кристали слој вметнат како сендвич меѓу две плочи од стакло , опремен со конектори.<br><br>Меѓу првата стаклена плоча и слојот од течни кристали има тенок филм транзистор матрица (TFT) кој обезбедува соодветна волтажа на пикселите.<br><br>Помеѓу слојот од течни кристали и втората стаклена плоча има RGB филтер кој ја контролира бојата на сликата која се прикажува.<br><br>Неколку конектори во форма на ремени се прикачени за панелот. Секој конектор е сочинет од минијатурни интегрирани кола (тн „изворни драјвери IC") на флексибилни печатени кола. IC дозволува моќта и контролните сигнали да минуваат како и да се конвертираат и пренесуваат податоците од печатените плочи (поврзани после увозот) на индивидуални пиксели од матрицата од активни течни кристали.<br><br>Модулот се користи во производство на монитори за приемни телевизиски апарати од тар. број 8528. | 8529 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Забелешка 2(б) од Оддел XVI и наименување затар. број 8529 и тар. подброеви 8529 90 и 8529 90 92.<br><br>Со оглед дека LCD модулот е опремен со „изворни драјвери IC" кои се повеќе од елктрични конектори ( на пр. за напојување), распоредувањето во тар. број 9013 како единици со активна матрица од течни кристали е исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 9013 (1) .<br><br>Со оглед дека модулот е сочинет од TFT слој со течни кристали вметнат како сендвич меѓу две стаклени плочи и опремен со контролна електрониказа адресирање на пикселите кои се користат во производство на монитори за приемни телевизиски апарати од тар. број 8528, истиот се смета како дел кој само или главно се користи со апаратите од 8528 од тар. подброј 8529 90 92.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 8529 90 92 како LCD модул кој се состои само од една или повеќе TFT стаклени или пластични ќелии, не комбиниран со содржини од екран на допир, со или без единица за позадинско осветлување, со или без инвертери и една или повеќе печатени плочи со контролна електроника само за пиксел адресирање. |

Прилог 140

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1203/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет приготвен за продажба на мало се состои од:<br><br>– апарат А: безжичен предавател за аудио/видео сигнали ( телевизиски) со вграден безжичен ресивер за радио далечински контролни сигнали вграден во инфрацрвен предавател и две одвоени антени, и<br>– апарат Б: безжичен ресивер за аудио/видео сигнали (телевизија) со вграден безжичен ресивер за радио далечински контролни сигнали вграден во инфрацрвен ресивер и две одвоени антени.<br><br>Сетот е дизајниран за пренос на аудио/видео сигнали од надворешниот извор како што е сателитскиот приемник или DVD плеер поврзан со апаратото А, до друг аудио/видео апарат како што е мониторот или телевизиски сет поврзан со апаратот Б, во опсег од 400м.<br><br>Аудио/видео сигнали пренесени од апаратот А до апаратот Б на фреквенција од 2,4 GHz се во форма на телевизиски сигнали.<br><br>Сигналите пренесени од апаратот Б до апаратот А на феквенција од 433 MHz иницирани од инфрацрвен далечински контролен уред. Овие сигнали функционираат независно од | 8528 71 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименованиата на тар. број 8528 и тар.подброеви 8528 71 и 8528 71 99.<br><br>Основната функција на апаратот А е преносот на аудио/видео сигнали (телевизиски) како што е опишано во тар. број 8525 (види Забелешка 3 кон Оддел XVI).<br><br>Основната функција на апаратот Б е прием на телевизиски сигнали, како што се опишани во тар. број 8528. Преносот на сигналите доагаат од уредот за далечинско управување и е од секундарна природа (види Забелешка 3 кон Оддел XVI).<br><br>Со оглед на функцијата што ја врши апаратот А и апаратот Б, наменската употреба на сетот е пренос и прием на телевизија.<br><br>Производот е сет согласно значењето на Основните правила 3 (б), составен од пренесен апарат од тарифен број 8525 и телевизиски приемен апарат од тар. број 8528. Со оглед на тоа дека ниедна од компонентите не му даваат суштинско значење, распоредувањето според правилото 3(б) е исклучено.<br><br>Бидејќи сетот неможе да биде распореден според основното правило 3 (а) или 3 (б), тој се распоредува со примена на основното правило 3 (в), во |

| | | |
|---|---|---|
| сигналите за аудио/видео пренос.<br><br>Уредот за далечинско управување се користи за контролирање на надворешниот извор на поврзан со аудио/видео пренос (апарат А).<br><br>(*) Види слика | | тарифната ознака 8528 71 99 како други приемни апарати за телевизија не дизајнирани да бидат наменети за вградување на видео дисплеј или екран. |
| (*) Сликата е само за информација | | |



Прилог 141

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1204/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Рачен, изменлив уред сочинет од флеш светло, објектив, копче за вклучување и индикаторско светло (тн „интензивно пулс светло (IPL) микромотор").<br><br>Уредот генерира интензивно пулс светло со различна пулс ширина до 100 ms , бранова должина од 650-1200 нм, големина на точките од 16 x 46 mm и максимална флуенса од 45 J/sm2.<br><br>Работи исклучиво во содејство со машина („базна единица„) од каде прима напојување, контролни сигнали и течност за ладење. „Базната единица„ вклучува напојување, контролна единица со дисплеј и разладна единица и исто така е способен да работи со „ласерски миркромотор".<br><br>Кога ќе се поврзе на базната единица, уредот се користи за специфични козметички третмани, на пример за перманентно отстранување на влакна. | 8543 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Заб. 2(б) од Оддел XVI и наименување на тар број 8543 и тар. подброј 8543 90 00.<br><br>Со оглед дека интензивно пулс светло се генерира од флеш лампа и не е ласерски зрак, распоредувањето во тар. број 9013 како ласер е исклучено.<br><br>Имајќи ги предвид карактеристиките и објективните својства, имено неговата конструкција на електронската природа, уредот не е сличен на изменлив алат (види заб. 1 (л) од Оддел XVI). Уредот кога работи во содејство со базната единица е препознатлив како работна машина која врши индивидуална функција не спомната ниту опфатена на друго место од Глава 85.<br><br>Уредот е суштински за функционирање на машината и машината не може да функционира без истиот.<br><br>Оттука уредот се распоредува во тар. подброј 8543 90 00 како дел од другите електрични машини и апарати, со индивидуални функции, не спомнати или опфатени на друго место во Глава 85. |
| 2. Рачен, изменлив уред сочинет од ласер, објектив, прекинувач за селекција на големина на точка и копче за активирање (тн „ласер микромотор").<br><br>Уредот генерира ласерско светло со различна пулс ширина до 100 ms, | 8543 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Заб. 2(б) од Оддел XVI и наименување на тар број 8543 и тар. подброј 8543 90 00.<br><br>Со оглед дека ласерот е специфично дизајниран за генерирање ласерско |

| | | |
|---|---|---|
| бранова долкина од 1064 nm, прилагодување на големина на точките со дијаметар од 1, 5, 3, 6 и 9 mm и максимална флуенса од 700 J/sm2.<br><br>Работи исклучиво во врска со машината („ базната единица") од каде добива моќност, контролни сигнали и разладна течност. Базната единица вклучува напојување, контролна единица со дисплеј и разладна единица и исто така е во состојба да работи со „интензивно пулс светло (IPL) микромотор".<br><br>Кога ќе се поврзе на базната единица, уредот има специфична употреба за козметички третман на вените од нозете. | | светло со одредена ширина на пулс и големина на точки, уредот е адаптиран за вршење специфична функција. Кога работи во врска со „базната единица", уредот е препознатлив како работна машина која врши индивидуална функција не спомната ниту опфатена на друго место од Глава 85.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9013 како ласер оттука е исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 9013(2), став четири).<br><br>Имајќи ги предвид карактеристиките и објективните својства, имено неговата конструкција на електронската природа, уредот не е сличен на изменлив алат (види забелешка 1(л) од Оддел XVI.<br><br>Уредот е суштински за функционирање на машината зашто машината не може да функционира без истиот.<br><br>Оттука уредот се распоредува во тар. подброј 8543 90 00 како дел од другите електрични машини и апарати, кои имаат индивидуална функција, не спомната ниту опфатена на друго место од Глава 85. |

**Прилог 142**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1247/2011** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Производ во форма на модул во сопствено куќиште со димензии од приближно 11 x 7 x 5 см (тн аналоген инпут (влезен) модул).<br><br>Модулот е сочинет од две паралелни печтени плочи кои вклучуваат влезен интерфејс со четири канали, аналогно-дигитален конвертер, процесор и bus интерфејс за поврзување со логички програмирачки контролер (PLC) . Модулот има влез за напон од 0 до 10 V DC.<br><br>Модулот прима аналогни сигнали кои прикажуваат, на пример, мерења на температура, брзина, проток или тежина од различни екстерни уреди.<br><br>Модулот ги конвертира и процесира овие сигнали пред да ги испрати до PLC. | 8538 90 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Заб. 2 (б) од Оддел XVI и наименување на тар. број 8538 и тар. подброеви 8538 90 и 8538 90 99.<br><br>Со оглед дека модулот претставува интерфејс меѓу надворешните единици и нумерички контролирани апарати од тар. број 8537, распоредувањето во тар. број 8471 како влезна единица е исклучено.<br><br>Како модулот прима, конвертира, процесира и испраќа електрични сигнали до PLC , распоредувањето во тар. број 8536 како свич или реле за остварување конекција до или во електричните кола е исклучено.<br><br>Како модулот не контролира надворешни едииници самостојно, туку само претставува интерфејс меѓу ваквите единици и PLC–то, распоредувањето во тар. број 8537 како контролен електричен апарат е исклучено.<br><br>Со оглед дека аналогно-дигиталната конверзија е само интермедијарен процес, распоредувањето во тар. број 8543 како електрични машини и апарати, кои имаат индивидуална функција, не спомната ниту опфатена на друго место во Глва 85 е исклучено.<br><br>Се додека целната употреба на модулот е да прима, конвертира и процесира сигнали кои ги прикажуваат мерките примени од надворешни уреди и ги испраќа истите до PLC. модулот е неопходен за работа |

| | | |
|---|---|---|
| | | на PLC од тар. број 8537.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. број 8538 како делови од апарати од тар. броеви 8535 до 8537. |
| 2. Производ во форма на модул во сопствено куќиште со димензии од приближно 11 x 7 x 5 см (ти аналоген инпут (влезен) модул).<br><br>Модулот е сочинет од печатена плоча која вклучува bus интерфејс за поврзување со програмирачки логички контролер (PLC), процесор, дигитален-аналоген конвертер и излезен интерфејс со 8 точки за поврзувања.<br><br>Излезните точки на поврзувања се релеа од електромагнетен тип со излезен напон во опсег од 0 до 250 V AC и струјно оптеретување по точка до 0,17 A.<br><br>Модулот процесира и конвертира дискретни сигнали кои прикажуваат on/off сигнал (за на пр. Точно/неточно) пред да се пратат до различни надворешни единици, како што се контактори, релеа и индикаторски лампи. | 8538 90 99 | Распоредувањето е одредено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Заб. 2(б) од Оддел XVI и наименување за тар. број 8538 и тар. подброеви 8538 90 и 8538 90 99.<br><br>Со огледе дека модулот претставува интерфејс меѓу надворешните единици и нумерички контролирани апарати од тар. број 8537, распоредувањето во тар. број 8471 како излезна единица е исклучено.<br><br>Како модулот прима, конвертира, процесира и испрака електрични сигнали до надворешните единици, распоредувањето во тар. број 8536 како свич или реле за остварување конекција до или во електричните кола е исклучено.<br><br>Излезните точки на поврзување (сочинети од електромагнетни релеа) се само дел од модулот кој е сочинет, дополнително на точките на поврзување, од bus интерфејс, процесор и дигитално-аналоген конвертер.<br><br>Покрај тоа, модулот не ги контролира надворешните единици самостојно, туку само претставува интерфејс меѓу PLC и вакви единици. Распоредувањето во тар. број 8537 како контролен електричен апарат оттука е исклучено.<br>Со оглед дека дигитално-аналогната конверзија е само интермедијарен процес, распоредувањето во тар. број 8543 како електрични машини и апарати, кои имаат индивидуална функција, не спомната ниту опфатена на друго место во Глва 85 е исклучено. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Се додека целната употреба на модулот е да прима, процесира и конвертира сигнали кои ги прикажуваат on/off сигналите примени од PLC и ги испраќа истите до надворешните единици, модулот е неопходен за работа на PLC од тар. број 8537.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. број 8538 како делови од апарати од тар. броеви 8535 до 8537. |

Прилог 143

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1248/2011 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Машина за користење со лифтови, со димензии приближно 83 x 70 x 30 cm и маса од 418 кг (таканаречена машина за влеча без запчаници), се состои од:<br>– постојан магнетен синхронизиран електричен мотор со моќност од 3,4 kW,<br>– макара на вратилото од моторот,<br>– систем за кочење, и<br>– сигнален генератор за утврдување на правилната позиција од каблите (сигурносен мониторинг систем).<br>Машината е инсталирана во лифтот за дигање и спуштање на кабината. | 8425 31 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(а) кон Оддел XVI и наименуванието на тар. број 8425 и 8425 31 00.<br><br>Машината се состои од електричен мотор и макара на вратилото од моторот. Со оглед на карактеристиките се смета како хоризонтално витло од тарифен број 8425.<br><br>Присуството на системот за кочење или отсуството на кабел или ремен не го исклучува распоредувањето како хоризонтално витло (види исто така ХС мислење за распоредување 8425.31/1). Присуството на сигурносен мониторинг систем не ги менува карактеристиките на хоризонтално витло.<br><br>Затоа распоредувањето како дел од лифт во тар. број 8431 е исклучено.<br><br>Машината затоа се распоредува во тарифна ознака 8425 31 00 како хоризонтално витло со електричен мотор. |

Прилог 144

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1249/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Преносლив (портабл) апарат на батерии за прифаќање и снимање видео записи, со димензии од приближно 10 x 5,5 x 2 cm (тн „видео рикордер со џепна големина") вклучува:<br>– објектив фотографски и дигитален зум,<br>– микрофон,<br>– звучник,<br>– LCD дисплеј со дијагонални димензии на екран од приближно 5 cm (2 инчи),<br>– Микропроцесор,<br>– Меморија од 2 GB, и<br>– USB и AV интерфејс.<br><br>Апаратот е само во состојба да прифаќа и снима видео фајлови во форма на еквенци од слики во MPEG4 AVI формат. Видеото се снима во резолуција од 640 x 480 пиксели и на 30 рамки за секунда за максимално 2 часа.<br><br>Видео секвенците снимени со апаратот можат понатаму да се трансферираат до машината за автоматска обработка на податоци (ADP), преку USB интерфејс, без модификација на форматот на видео фајловите, или на дигитален видео рикордер, монитор или телевизиски сет преку AV интерфејс.<br><br>Видео фајловите може да се трансферираат до апаратот од ADP машината, преку USB интерфејс. | 8525 80 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура и наименување на тар. број 8525 и тар. подброеви 8525 80 и 8525 80 99.<br><br>Со огледе дека апаратот е во состојба само да снима видео, распоредувањето како дигитална камера во тар. подброј 8525 80 30 е исклучено. Имајќи ги предвид карактеристиките, апаратот е видео камера рикордер.<br><br>Со оглед дека апаратот е во состојаба да снима видео фајлови од извори освен од оние кои вклучуваат телевизиска камера, распоредувањето во тар. подброј 8525 80 91 како видео камера рикордери кои можат само да снимаат звук и слика преземени од телевизиска камера е исклучено.<br><br>Оттука истиот се распоредува во тар. подброј 8525 80 99 како други видео камера рикордери. |

**Прилог 145**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1271/2011** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е прав со беж боја сочинет од (% по маса):<br><br>Хранливи/диететски влакна 66,1<br><br>(од тоа сурови влакна 15,2<br><br>Протеини 18,8<br>Влага 7,5<br><br>Пепел 2,3<br><br>Масти 0,2<br><br>Производот е цврст растителен остаток добиен од соја после екстракција на маслото и делумно отстранување на протеините, после што следи сушење и мелење. Производот има карактеристики на нетекстурирано брашно.<br><br>Производот е нус производ при производство на концентрати и изолати од соини протеини и има има како резултат редуцирана содржина на протеини.<br><br>Производот се користи за зајакнување на хранливите препарати и производи за хранење на животни. Производот е во вреќи од 25 кг. | 2304 00 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинирана номенклатура и наименување на тар. подброј 2304 00 00.<br><br>И покрај тоа што производот се користи во прехранбената индустрија, истиот не е хранлив прапарат согласно со карактеристиките опишани во тар. број 1901 или хранлив препарат на друго место неспомнат или опфатен во тар. број 2106. Оттука распоредување во тар. број 1901 и 2106 е исклучено.<br><br>Со оглед дека производот е сочинет од различни остатоци и отпадоци добиени од растителни материјали кои се користат од преработувачките индустрии на храна, како храна за животни и за човечка консумација, истиот ќе се распореди во Глва 23, (општи одредби, прв став).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 2304 00 00 како цврсти остатоци добиени при екстракција на соино масло. |

**Прилог 146**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1272/2011** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Препарат за ароматизирање сочинет од мешаница на миризливи супстанции (карвакрол, цинамалдехид и пиперка олеосмола) и хидрогенизирани растителни масти (микро енкапсулација).<br><br>Производот се користи во индустријата за храна за животни како хранлив апетисер во количини од 75 г до 300 г/1000 кг од храна за моногастрични животни. | 3302 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Забелешка 1 од Глава 23, Забелешка 2 од Глава 33, и наименување на тар. број 3302, и тар. подброеви 3302 90 и 3302 90 90.<br><br>Производот е сочинет од миризливи супстанции согласно Забелешка 2 од Глава 33.<br><br>Иако производот е наменет да се користи во храни за животни како премикс од вкусни супстанции, истиот го задржува карактерот на оригиналниот материјал (миризливи супстанции). Распоредувањето во тар. број 2309 како препарат кој се користи во исхрана на животни оттука е исклучено во согласност со Забелешка 1 од Глва 23.<br><br>Ако производот се смета како мешаница на една или повеќе миризливи супстанции комбинирани со додаток на носач, истиот потпаѓа во тар. број 3302 (види прв став, точка (6), од Коментар на ХС за 3302).<br><br>Оттука истиот се распоредува во тар. подброј 3302 90 90. |
| 2. Препарат за ароматизирање сочинет од пиперка олеосмола во хидрогенизирана растителна маст (микро енкапсулација) со хидроксипропил метилцелулоза како врзиво.<br><br>Производот се користи во индустријата за храна за животни како хранлив апетисер во количини од 12,5 г до 50 г/1000 кг од храна за | 3302 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Забелешка 1 од Глава 23, Забелешка 2 дод Глава 33, и наименување на тар. број 3302, и тар. подброеви 3302 90 и 3302 90 90.<br><br>Производот е сочинет од миризливи супстанции согласно Забелешка 2 од Глава 33. |

| | | |
|---|---|---|
| преживари. | | Иако производот е наменет да се користи во храни за животни како премикс од вкусни супстанции, истиот го задржува карактерот на оригиналниот материјал (мирисливи супстанции). Распоредувањето во тар. број 2309 како препарат кој се користи во исхрана на животни оттука е исклучено во согласност со Забелешка 1 од Глва 23.<br><br>Ако производот се смета како мешаница на една или повеќе мирисливи супстанции комбинирани со додаток на носач, истиот потпаѓа во тар. број 3302 (види прв параграф, точка (б), од Коментар на ХС за 3302).<br><br>Оттука истиот се распоредува во тар. подброј 3302 90 90. |
| 3. Препарат за ароматизирање сочинет од мешаница од мирисливи супстанции (цинамалдехид, еугенол) на силика носач, во целулоза и метилцелулоза (микро-енкапсулација).<br><br>Производот се користи во индустријата за храна за животни како хранлив апетисер во количини од 12,5 г до 50 г/1000 кг од храна за млечни крави. | 3302 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Забелешка 1 од Глава 23, Забелешка 2 дод Глава 33, и наименување на тар. број 3302, и тар. подброеви 3302 90 и 3302 90 90.<br><br>Производот е сочинет од мирисливи супстанции согласно Забелешка 2 од Глава 33.<br><br>Иако производот е наменет да се користи во храни за животни како премикс од вкусни супстанции, истиот го задржува карактерот на оригиналниот материјал (мирисливи супстанции). Распоредувањето во тар. број 2309 како препарат кој се користи во исхрана на животни оттука е исклучено во согласност со Забелешка 1 од Глва 23.<br><br>Ако производот се смета како мешаница на една или повеќе мирисливи супстанции комбинирани со додаток на носач, истиот потпаѓа во тар. број 3302 (види прв параграф, |

| | | |
|---|---|---|
| | | точка (6), од Коментар на ХС за 3302).<br><br>Оттука истиот се распоредува во тар. подброј 3302 90 90. |

Прилог 147

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1303/2011 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Гел спакуван за малопродажба за ослободување од болка со содржина на следниве состојки:<br>– изопропил алкохол<br>– вода<br>– растителен екстракт (Ilex paraguariensis)<br>– полимери на акрилна киселина (карбомер)<br>– триетаноламин<br>– ментол<br>– камфор<br>– силикон диоксид<br>– метилпарабен<br>– глицерин<br>– пропилен гликол<br>– тетразин (E102)<br>– брилјантно сино FCF (E133)<br><br>Количината на состојките не е индицирана на пакувањето на производот.<br><br>На пакувањето има совет дека производот се користи за повремено ослободување од мали минорни болки на мускулите или зглобовите поврзани со артритични болки, болка во грбот, болки од изместувања. | 3824 90 97 | Рапоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбиниранаа номенклатура, Дополнителна забелешка 1 од Глава 30 и наименување на тар. број 3824 и тар. подброеви 3824 90 и 3824 90 97.<br><br>Производот ниту служи за терапевтска употреба, ниту третира или лечи болести, ниту е со профилактичка употреба, ниту пак штити од болести. Дополнително на ова, производот не ги исполнува барањата на Дополнителната забелешка 1 од Глава 30. Распоредувањето како медикамент во тар. број 3004, оттука, е исклучено.<br><br>Производот следи да се распореди во тар. подброј 3824 90 97 како други хемиски производи или препарати од хемиската или други сродни индустрии на друго место неспонати ниту опфатени. |

Прилог 148

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 74/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Панел направен од алуминиум и темпорирано стакло со димензии 140x30 см (тн „туш панел со хидромасажер"). <br><br> Панелот е опремен со чешма за мешање, 6 хоризомтални хидромасажни млазници, анти бигор рачен туш, горен туш со широк спектар на распрскување, и полица за прибор. Исто така е опремен со контролни копчиња за подесување на температурата на водата, нејзиниот интензитет, итн. <br><br> Панелот е дизајниран за монтирање во компатибилни туш кабини. Како дополнување на туш функцијата, обезбедува и хидромасажа со тесните млазници под висок притисок кои доаѓаат низ млазниците. | 9019 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тарифен број 9019, и тар. подброј 9019 10 и 9019 10 90. <br><br> Панелот е направен од чешма за мешање со туш глави од тар. број 8481 и масажен апарат со 6 хидромасажни млазници од тар. број 9019, и се смета како композитна стока согласно Основно правило 3(б). <br><br> Отсуството на дополнителни карактеристики за зголемување на притисокот на водата, како пумпа, не го исклучува распоредувањето на компонента масажен апарат од тар. број 9019, (II), втор став). <br><br> Со оглед на објективните карактеристики и својства, ниту оваа компонента не му го дава на панелот суштинското. <br><br> Оттука панелот се распоредува во тар. подброј 9019 10 90 како други масажни апарати. |

Прилог 149

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.103/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Модуларен екран панел (тн ЛЕД ѕид) сочинет од неколку модули направени од плочки, секоја плочка со димензии од приближно 38x38x9 см.<br><br>Секоја плочка е сочинета од црвена, зелена и сина ЛЕД диода и има резолуција од 16x16 пиксели, растојание меѓу точки (dot pitch) од 24 мм, осветлување од 2000 cd/m2 и степен на освежувачки приказ од 300 Hz. Тие исто содржат и придвижувачка електроника<br><br>Панелот заедно се увезува со процесиарачки систем сочинет од:<br>– видео процесор кој прифаќа различни сигнал влезови (како CVBS, Y/S, YUY/RGB, (HD-SDI или DVI) и можност за подесување на слика/видео на големината на екранот, и<br>– сигнал процесор кој овозможува пиксел лоцирање<br>– на влезниот сигнал до екранот.<br><br>Процесираниот сигнал се праќа до сигнал процесорот до дистрибутерот на податоци со користење на оптички кабли. Дистрибутерот на податоци ги испраќа до различните плочки од екранот.<br><br>Панелот не е дизајниран за гледање од близу. Се користи за спорт/ забавни манифестации, итн. | 8528 59 80 | Распоредувањето е утврдено со одредбите на Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 од Оддел XVI и наименување за тарифен број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 80.<br><br>Модуларниот екран панел и видео процесирачкиот систем се сметаат како функционална целина согласно Забелешка 4 од Оддел XVI како конститутивни индивидуални компоненти, поврзани со електрични кабли или други единици, со цел заедно да придонесат за јасно дефибнирана функција.<br><br>Единицата е со можност за прикажување на видео слики од различни извори, чија индивидуална функција е специфицирана во тар. број 8528.<br><br>Имајќи предвид дека единицата е со можност за презентирање различни типови видео, не може да се смета како електричен апарат за сигнални цели користејќи визуелна индикација. Распоредувањето во тар. број 8531 како индикатор панел оттука е исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 8531, (Г).<br><br>Оттука единицата се распоредува во тар. подброј 8528 59 80 како други колор монитори. |

**Прилог 150**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.104/2012** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| „Сет за велосипед" сочинет од следниве компоненти:<br>(а) рамка,<br>(б) предна вилушка, и<br>(в) два обрачи (наплатки).<br><br>Компонентите во моментот на царинење се увезуваат заедно во исто време, но се спакувани засебно. | (а) 8714 91 10<br><br>(б) 8714 91 30<br><br>(в) 8714 92 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тарифен број 8714 и тарифен подброј и 8714 91, 8714 91 30, 8714 91 10, и 8714 92 и 8714 92 10.<br><br>Како компонентите заедно немаат суштински карактер на комплетен велосипед, распоредувањето во тар. број 8712, како некомплетен велосипед со примена на Основно правило 2(а) е исклучено (види Коментар на Комбинирана номенклатура).<br><br>Како тие не се спакувани заедно, распоредувањето на компонентите како стоки спакувани во сет за малопродажба согласно Основно правило 3(б) е исклучено. Последователно, компонентите се распоредуваат засебно.<br><br>Оттука рамката се распоредува во 8471 91 10, предната вилушка во 8471 91 30 и обрачите о тар. подброј 8714 92 10. |

Прилог 151

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.105/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Мултифункционална машина со димензии 62x76x98 см и тежина од 153 кг, сочинета од скенер и електростатска машина за печатење.<br><br>Има автоматска хранилка за 150 листови за двострано копирање на оригинали, две траки за хранење со хартија, контрол панел за корисникот, RAM меморија од 2,5 GB и вграден хард диски од 80 GB. Опремена е со Eternet, WLAN и USB интерфејс.<br><br>Машината е способна за вршење на следниве функции:<br><br>- скенирање,<br>- печатење и<br>- дигитално копирање.<br><br>Машината може исто така да испраќа скенирани документи преку интернет (тн „ e-mailing /internet faxing).<br><br>Машината е со можност за репродукција до 51 А4 страни за минута. Исто така може да ги редуцира или зголеми сликите кои се скенирани (зум 25-400%). Брзината на скенирање е 70 слики за минута.<br><br>Резолуција на печатење за текст е 1200x1200 dpi , а за слики 600x600 dpi.<br><br>Машината работи автономно било како копир, со скенирање на оригиналот и печатење на копии со помош на електростска машина за печатење, или кога е поврзана во мрежа или со машина за автоматска обработка на податоци како печатар, скенер и за интернет факс. | 8443 31 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тарифен број 8443 и тар. подброј 8443 31 и 8443 31 80.<br><br>Имајќи ги предвид нејзините карактеристики, ниедна од функциите на машината не може да се смета како основна и гклавна и оттука распоредувањето во тар. подброј 8443 31 20 е исклучено. Брзината на репродукција, брзината на скенирање, постоењето на автоматска хранилка за страни, бројот на фиоки за хранење со хартија, контролниот панел и зум функцијата не се доволни за да се смета дека дигиталното копирање е основна главна функција.<br><br>Реално, брзината на репродукција е иста за копирање и печатење и зависи од машината за печатење, која се користи за двете функции. Фиоките за хартија исто се користат и за принтање и за печатење. Автоматската хранилка и контролниот панел се користат подеднакво и за копирање, скенирање и интернет факсирање. Присуството на зум функција, која е во врска особено со копирањето, не е доволна за да се смета дека копирањето е главната функција.<br><br>Згора на тоа, капацитетот на машината да се поврзе со машина за автоматска обработка на податоци или во мрежа е важна карактеристика со што овозможува печатење и скенирање на документи од/до ADP машината и праќање на истите преку интернет. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Оттука машината се распоредува во тар. подброј 8443 31 80 како други машини кои вршат две или повеќе од функциите на печатење, копирање или факс трансмисија, и каде дигиталното копирање не е главна функција. |

**Прилог 152**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.106/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Метална единица во форма на диск со дијаметар од приближно 8 см и дебелина од 2 см (тн „round recliner")<br><br>Единицата има нерамна површина со дупка во цнтралната осовина и сочинета од следново:<br><br>– водич плоча,<br>– спирална пружина,<br>– зглобен забец,<br>– лизгачки забец,<br>– два лизгачки палци,<br>– запченик со сопирачка, и<br>– прстенеста плочка.<br><br>Ова е компонента на од потпирачки механизми за седишта за моторни возила.<br>Единицата се користи за прилагодување на аголот на седиштето наназад согласно потребите на возачот или патниците и придонесува за цврстината на седиштето.<br>(*) види слика<br><br> | 9401 90 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување за тар. број 9401, и тар. подброеви 9401 90 и 9401 90 80.<br><br>Имајќи предвид неговите карактеристики, поточно неговата прецизна механичка конструкција со неколку различни компоненти, единицата е специјално дизајнирана за да биде суштински дел од механизмот за спуштање на седиштето за моторни возила. Последователно, распоредувањето како метално кукиште, фитинзи или слични производи од тар. број 8302 е исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 8302, прв став).<br><br>Оттука единицата се смета како дел од механизмот за потпирање за седиште за моторно возило.<br><br>Се распоредува во тар. подброј 9401 90 80 како делови од седишта од вид кои се користат за моторни возила. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер. | | |

Прилог 153

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.144/2012 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат во засебно кукиште со димензии од приближно 31x20x5 см, ги вклучува следниве компоненти:<br><br>- микропроцесор,<br>- двоен DVB-S/DVB-T дигитален тјунер,<br>- флеш меморија, и<br>- „smart card"читач за условен пристап до сервис провајдер.<br><br>Апаратот е опремен со следниве интерфејс:<br>- сателитски RF влез,<br>- земјен RF влез,<br>- земјен RF излез,<br>- Ethernet (RJ-45),<br>- Два USB,<br>- HDMI,<br>- Два SCART,<br>- Два RCA, за аудио излез,<br>- S/PDIF (оптички дигитал аудио излез), и<br>- Отвор (slot) за хард диск<br><br>Изменлив хард диск може да се скрати после презентацијата. Хард дисковите може да останат за гледање на снимените фајлови подоцна само на овој апарат.<br><br>По презентација, апаратот има можност да прима и декодира дигитални телевизиски сигнали (и слободните канали и програмите од сервис провајдерот). Има можост исто така да се поврзе на интернет преку Ethernet интерфејс.<br><br>Апаратот е со можност да прима и декодира аудио/видео фајлови од машина за автоматска обработка на | 8528 71 15 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар. број 8528 и тар. подброј 8528 71 и 8528 71 15.<br><br>Апаратот е композитна машина со можност за вршење на функции и од тар. број 8521 и од 8528.<br><br>Со оглед на неговите карактеристики, ниедна функција не се смета дека е главна функција за апаратот согласно Забелешка 3 од Оддел XVI.<br><br>Апаратот оттука се распоредува во тар. број кој се јавува последен во нумеричкиот редослед, имено тар. број 8528.<br><br>Наспроти присуството на изменлив хард диск, можноста да ја репродуцира содржината од надворешен медиум како и можноста да ги сними примените слободни канали, апаратот го задржува карактерот на тн „set top box" кој има комуникациска функција.<br><br>Оттука се распоредува во тар. подброј 8528 71 15 како set top box со комуникациска функција. |

| | | |
|---|---|---|
| податоци преку домашна порта „home gateway".<br><br>Апаратот има можност да репродуцира аудио/видео фајлови од надворешен медиум(како што е хард диск или УСБ меморија) преку УСБ интерфејс.<br><br>Апаратот има можност за снимање или репродуцирање на примени дигитални телевизиски сигнали. | | |

**Прилог 154**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.145/2012** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат во засебно кукиште со димензии од приближно 27x15x6 см, ги вклучува следниве компоненти:<br><br>- микропроцесор,<br>- два кабловски дигитален тјунери,<br>- флеш меморија, и<br>- „smart card"читач за условен пристап до сервис провајдер.<br><br>Апаратот е опремен со следниве интерфејс:<br>- RF влез и RF излез,<br>- два Ethernet (RJ 45),<br>- Два USB,<br>- HDMI,<br>- SCART,<br>- шест RCA. за аудио излез,<br>- S/PDIF (оптички дигитал аудио излез), и<br>- Отвор (slot) за хард диск<br>Кукиштето на апаратот може да се отвори и хард дискот да се вметне после презентација.<br><br>По презентација, апаратот има можност да прима и декодира дигитални телевизиски сигнали. Исто така има можост да се поврзе на интернет преку модем.<br><br>Апаратот е со можност да прима и декодира аудио/видео фајлови од апарати во локална мрежа преку рутер.<br><br>Апаратот има можност да репродуцира аудио/видео фајлови од надворешен медиум(како што е хард диск или УСБ меморија) преку УСБ интерфејс. | 8528 71 15 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименуванието на тар. број 8528 и тар. подброј 8528 71 15.<br><br>Апаратот е композитна машина со можност за вршење на функции и од тар. број 8521 и од 8528.<br><br>Со оглед на неговите карактеристики главно капацитетот да снима само содржина примена од сервис провајдерот, апаратот е главно наменет да се користи за прием на телевизиски сигнали.Оттука распоредувањето во тар. број 8521 е исклучено.<br><br>Со оглед дека апаратот не е дизајниран да вклучува видео дисплеј или екран и со оглед дека главните компоненти се тјунерите, микропроцесорот и модем за добивање пристап до интернет и има функција на интерактивна размена на информации, го задржува суштинскиот карактер на тн "set top box" кој има комуникациска функција.<br><br>Се распоредува во тар. подброј 8528 71 15 како set top box со комуникациска функција. |

| | | |
|---|---|---|
| Апаратот има можност за снимање или репродуцирање на дигитални телевизиски сигнали примени од сервис провајдерот. | | |

Прилог 155

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.146/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат во засебно куќиште со димензии од приближно 42x25x6 см, ги вклучува следниве компоненти:<br><br>– Два микропроцесора, од кои еден е специјализиран само за Blu ray читач,<br>– двоен DVB-S/DVB-T дигитален тјунер,<br>– вграден хард диск од 250GB,<br>– Blu ray 2d и 3D читач,<br>– SD читач на картички, и<br>– „smart card"читач за условен пристап до сервис провајдер.<br><br>Апаратот е опремен со следниве интерфејс:<br>– Два RF влеза,<br>– Ethernet (RJ-45),<br>– USB,<br>– HDMI,<br>– SCART,<br>– Два RCA, за аудио излез,<br>– S/PDIF (оптички дигитал аудио излез).<br><br>По презентација, апаратот има можност да прима и декодира дигитални телевизиски сигнали (и слободните канали и програмите од сервис провајдерот). Има можост исто така да се поврзе на интернет преку Ethernet интерфејс.<br><br>Апаратот е со можност да прима и декодира аудио/видео фајлови:<br><br>– апарати со локална мрежа преку тн „home gateway" и<br>– надворешни извори преку USB интерфејс (како хард диск, УСБ меморија, видео рикордери, | 8521 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименувањето на тар. број 8521 и тар. подброј 8521 90 00.<br><br>Апаратот е композитна машина со можност за вршење на функции и од тар. број 8521 и од 8528.<br><br>Со оглед на неговите карактеристики, имено присуството на апарат за видео репродукција од тар. број 8521 (Blu Ray читач во истото кукуќиште) и можноста за снимање видео сигнали и фајлови од широк опсег извори (вклучувајќи меѓудругото видео рикордери, дигитални камери, камкордери) независно од врската со сервис провајдерот, апаратот не е приемен апарат за телевизија, вклучувајќи апарат за видео снимање или репродукција и не го задржува суштинскиот карактер на тн „set top box со комуникациска функција".<br><br>Апаратот има главна функција за видео снимање или репродукција вклучувајќи видео тјунер согласно забелешка 3 од Оддел XVI.<br><br>Производот следствено се распоредува во тарифната ознака 8521 90 00 како апарат за видео снимање или репроукција вклучувајќи и видео тјунер. |

| | | |
|---|---|---|
| дигитални камери, камкордери) или преку SD читач на картички.<br><br>Апаратот има можност да снима и репродуцира дигитални телевизиски сигнали примени како и било кои видео фајлови примени преку SD читач на картички или УСБ интерфејс.<br><br>Апаратот има можност за репродуцирање на фајлови од надворешен медиум како DVD, BLU RAY 2D и 3D и CD преку интегриран Blu Ray читач. | | |

**Прилог 156**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.211/2012** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е со следен состав (% по маса):<br><br>- етил алкохол 70<br>- бензин 30<br><br>Производот се транспортира како bulk (во растурена состојба). | 2207 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тарифен број 2207 и тар. подброј 2207 20 00. Со примена на Основното праволо 3(а) , тар. број 2207 обезбедува многу поспецифичен опис во споредба со тар. број 3824 кој обезбедува многу поопшт опис.Оттука распоредувањето во тар. број 3824 е исклучено.<br><br>Производот е проста мешаница на етил алкохол и бензин. Процентуалното ниво на бензин во производот го прави непогоден за човечка консумација но не е пречка за употреба на производот за индустриски цели (види исто така Коментар на ХС за тар. број 2207, четврти став).<br><br>Призводот се распоредува во тарифен подброј 2207 20 00 како денатуриран етил алкохол. |

**Прилог 157**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.297/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Правоаголен производ со димензии приближно 60 x 300 см, сочинет од два различни слоја (еден слој од текстилна ткаенина и еден слој од хартија залепени заедно и со вкупна дебелина од приближно 0,26 мм.<br><br>Слојот од текстил е сочинет од неткаен синтетички (полиестер) влакна со дебелина 0,18 мм и маса од приближно 48,3 г/м². Слојот од хартија има приближна дебелина 0,08 мм и маса од приближно 20,9 г/м².<br><br>Видливиот слој на хартија е слабо проткаена и има четири корд (жици) од памук (во форма на ортома) залепени вертикално преку целата должина. На истата страна, тенки бамбусови стапчиња се поставени хоризонтално преку цела ширина на интервали од приближно 4 см.<br><br>Производот може да се користи за повеќе намени, на пример како панел завеса, како разделувч на соба, за да скрие отворен склад или да замени врата.<br><br>(панел завеса).<br>(види фотографија No 657) | 6303 92 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 63, Забелешка 7(д) од Оддел XI и наименување на тар. број 6302 и тар. подброеви 6302 92 и 6302 92 10.<br><br>Неткаениот текстилен материјал го дава есенцијалниот карактер на производот, зашто неговото присуство и во количина и во маса е предоминантно и заради неговата важност во врска со употребата на производот (види Коментар на ХС за основните правила, правило 3 (б), точка VIII). Многу поспецифично, без функцијата на зајакнување на неткаениот текстил, детерминираната функција не би била можна.Оттука класификацијата во Глва 48 како производ од хартија е исклучено.<br><br>Со оглед дека производот е сочинет од два различни материјали гумирани заедно (полистер неткаен и хартија) производот се смета како изработен производ согласно забелешка 7 (д) од Оддел XI.<br><br>Со оглед дека тенките бамбусови стапчиња се залепени на интервали од приближно 4 см, се смета дека тие имаат само орнаментална функција и не допринесуваат за зајакнување на производот. Оттука распоредувањето во Глва 46 како производ од бамбус е исклучено.<br><br>Поради својата должина, можноста да се скрати на сакана должина со просто сечење и фактот дека може да се користи за неколку намени поврзани |

| | | |
|---|---|---|
|  | | со употребата на завеса, производот има објективни карактеристики на завеса или внатрешна ролетна.<br><br>Оттука распоредувањето е во тарифен подброј 6302 92 10 како завеса или внатрешна ролетна од синтетички влакна. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер. | | |

**Прилог 158**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.298/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на облекло без ракави за горниот дел од телото, кое достигнува до испод колковите. Производот е изработен од три парчиња, составени со шиење. Секој дел е направен од три слоја, два надворешни слоја од ткаен текстил од синтетичко влакно (најлон) и внатрешен слој, кој служи како заштита против радијација, изработен од мешавина на антимон прав, волфрамов прав и полимер. Трите слоја се прошиени заедно по сите ивици со трака.<br><br>Двата предни дела се преклопуваат еден преку друг од лево на десно. Двата предни дела се зацврстени заедно со две широки долги вертикални Velcro-тип, траки долу напред и две пократки Velcro-тип траки на рамената. Предното зацврстување е помогнато на десната страна со три дрипер закопчувачи. Производот е со кружен отвор на вратот, цеп на градата на левата страна и нараменици на рамената.<br><br>(заштитна индустриска и работна облека)<br>(Види фотографија No 659A и B (*) | 6211 33 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(д) од Оддел XI, Забелешка 8 од Глава 62 како и наименованието на тарифен број 6211 и тар. подброј 6211 33 и 6211 33 10.<br><br>Производот е дизајниран да се носи како заштита од радијација за време на професионална активност која вклучува х- зраци. Се смета како индустриска или работна облека, со оглед дека е дизајнирана да се носи само или главно за да обезбеди заштита за другата облека и/или лица за време на индустриски, професионални или домашни активности (види Коментар на Комбинираната номенклатура за глава 62, општи одредби, став 4).<br><br>Анти-радијациски заштитни одела се вклучени во тар. број 6210 од Оддел XI( види исто така Коментар на ХС за тар. број 6210, втор став). Меѓутоа, бидејќи производот не е изработен од ткаенини од тар. броеви 5602, 5603, 5903, 5906 или 5907, распоредувањето во овие броеви е исклучено.<br><br>Имајќи ја предвид главната појава на производот како облекло, неговата форма и текстилен материјал од кои се изработени двата надворешни слоја, распоредувањето согласно внатрешниот слој на производот, е исклучено . Оттука распоредувањето во тарифен број 8110 90 00 е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 6211 33 10 како индустриска и работна облека. |

| | | |
|---|---|---|
| <br>659A<br><br>659B | | |
| (*) Сликата е само за информација | | |

**Прилог 159**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.299/2012 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Портабл мултифункционален електронски апарат на батерии во единечно кукиште, со димензии приближно 10 x 9,5 x 10,5 см, опремен со:<br><br>- ЛЦД дисплеј со дијагонална димензија на екран од 9 cм (3,5 инчи) однос ширина/висина на екран од 4: 3 и резолуција од 320 x 240 пиксели<br>- Звучник,<br>- Микрофон,<br>- Аларм часовник,<br>- Меморија од 2 GB,<br>- Читач на мемориски картички,<br>- УСБ интерфејс,<br>- Интерфејс за ФМ антена,<br>- Контролни копчиња.<br><br>Апаратот може да ги извршува следниве функции:<br><br>- Радиодифузен приемник,<br>- снимање на глас,<br>- репродукција на звук,<br>- репродукција на неподвижни и видео слики,<br>- аларм часовник.<br><br>(*) види слика) | 8527 13 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименување за тар. број 8527 и тар. подброеви 8527 13 и 8527 13 99 .<br><br>Со оглед дека апаратот е дизајниран со цел за извршување неколку фунции од Глва 85 ќе се распореди , со примена на Забелешка 3 од Оддел XVI како апарат кој ја извршува главната функција.<br><br>Имајќи предвид објективните карактеристики на апаратот, имено дизајнот и концепцијата, неговата наменска употреба е на радио со аларм. Репродукцијата на звук се смета како секундарна. Имајќи ја предвид малата димензија и малата резолуција на екранот, репродукција на неподвижни и видео слики се смета исто така за секундарна.<br><br>Оттука главната функција на апаратот е приемната за радио дифузија, комбинирана во исто кукиште со снимање и репродукција на звук и часовник.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. ознака 8527 13 99 како радиодифузни приемници со можност да работат без надворешен извор на енергија, комбинирани со апарат за снимање и репродукција на звук. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Сликата е само за информација | | |

**Прилог 160**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.300/2012 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Постоље (држач) со правоаголна форма и приближни димензии 55 x 31 см, изработено од стакло од фузирана силика, со дебелина од 8 мм.<br><br>Постољето вклучува стаклен цилиндар висок 5 см со дијаметар од 5,5 см и специјално дизајниран држач за монтирање.<br><br>Конзолата е направена од пластика со правоаголна форма со приближни димензии од 17 x 10 x 2,5 см е прикачена за држачот за монтирање.<br><br>Постољето се користи како подршка за телевизискиот сет да се смести, на пример, на маса.<br>(*) види слика .<br><br> | 7020 00 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименованието на тар. подброеви 7020 00 и 7020 00 10.<br><br>Присуството на постољето не е неопходно за функционирање на телевизискиот сет од тар. број 8528. Оттука распоредувањето во тар. број 8529 како дел погоден само или главно за апарати од тар. број 8525 до 8528 е исклучено.<br><br>Постољето е распоредено согласно конститутивниот материјал кој му го дава есенцијалниот карактер (стакло).<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 7020 00 10 како други производи од стакло од фузирана силика. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

**Прилог 161**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.301/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Ново моторно возило на три тркала, со задна влеча, за транспорт на лица, со палење со помош на свеќички со мотор со капацитет на цилиндар од 998 см3.<br><br>Предните тркала се приближно 130 см одвоено. Возилото нема диференцијал.<br><br>Возилото има управувачки систем од тип на моторно возило. Се управува со користење на рачка со два држачи кои вклучуваат контрола.<br><br>Возилото има менувач со пет брзини за напред и една за наназад. | 8703 21 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието за тар. број 8703 и тар. подброј 8703 21 и 8703 21 10.<br><br>Возилата со три тркала се распоредуваат во тар. број 8711 под услов да немаат карактер на моторно возило од тар. број 8703 (види Коментар на ХС за тар. број 8711, пети став).<br><br>Тарифниот број 8703 вклучува лесни возила со три тркала со едноставна конструкција, како оние опремени со мотор за моторцикли и тркала , кои по основ на механичката структура, ги поседуваат карактеристиките на конвенционални моторни возила, со утип на управувачки систем на моторно возило (види Коментар на ХС за тар. број 8703, втор став).<br><br>Со оглед дека возилото има тип на управувачки систем на моторно возило, карактеристики на конвенционални моторни возила опфатени со тар. број 8703, распоредувањето во тар. број 8711 е исклучено.<br><br>Оттука возилото се распоредува како ново моторно возило главно дизајнирано за транспорт на лица во тар. подброј 8703 21 10 |

**Прилог 162**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.399/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Несоставен производ, (т.н „сигурносна мрежа за трамболина„) сочинета од:<br>– Мрежа со 6 тик-так затвоарачи,<br>– 6 горни метални шипки обложени со целуларна пластика,<br>– 6 долни метални шипки обложени со целуларна пластика и заварени држачи,<br>– 12 гумени траки со куки,<br>– 12 завртки со можност за блокирање.<br><br>Секоја горна шипка се монтира на долната која потоа се прицврстува за ногарките на трамболината со користење на завртки и завртки со блокирање.<br><br>Мрежата е сошиена во форма на цилиндар и доаѓа во големина соодветна за специфична трамболина. Мрежата има внатрешен отвор кој може да се затвори со патент затворач.<br><br>Тик так затворачите на горниот дел од мрежата се прицврстуваат за горниот крај на металните шипки.<br><br>Гумените траки со куки се користат за прицврстување на дното на мрежата за рамката на трамболината . | 9506 91 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (о) кон Оддел XI, Забелешка 3 од Глава 95 и наименованието на тар.број 9506 и тар. подброј 9506 91 90 00.<br><br>Со оглед на обликот и карактеристиките, посебно фактот дека производот е приготвен за инсталирање на специфична трамболина заради присуството на метални шипки, завртки, завртки со можност за блокирање, тик-так затворувачи и гумени ленти со куки, безбедоносната мрежа е погодна за употреба само со соодветната трамболина (види Забелешка 3 од Глава 95). Оттука сигурносната мрежа треба да се гледа како прибор на производот наменет главно за физички вежби од тар. број 9506.<br><br>Распоредувањето во тар. број 5608 како други готови мрежи е исклучено, како производи од Глава 95 се исклучени од Оддел XI (види забелешка 1(о) од Оддел XI).<br><br>Оттука сигурносната мрежа за трамболина се распоредува во тар. ознака 9506 91 90 00 како други производи и опрема за општи физички вежби, гимнастика или атлетика. |

Прилог 163

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.400/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со форма речиси квадратна, стилизирана како слон, со приближни димензии 32 x 48 x 24 cm, сочинет од две половини кои се направени од калапирана цврста пластика. Има четири тркалца и каиш за на рамо кој може и да се отстрани, а кој служи за влечење на производот.<br><br>Двете половини се држат заедно со помош на интегриран шав со шарки преку дното и со два тик так затворувачи на спротивните краеви, кој спречува производот наеднаш да се отвори. Шарките допуштаат двете половини од производот да лежат рамно на земја кога е отворено.<br><br>Едната половина од производот е снабден со две текстилни траки кои формираат x кога ќе се поврзат со клип (спојница). Од внатрешната страна има исто така прикачен мал рамен текстилен џеп. Другата половина е снабдена со засебен залисток од текстилен материјал кој држи еден рамен џеп со патент затворувач. Засебниот залисток е фиксиран на страната од производот, каде се шарките, и може да се прикачи на спротивната страна од таа половина.<br><br>(куфер)<br><br>(Види фотографија бр. 660А и Б (*) | 4202 12 50 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(г) од Глава 95, и наименованието на тар. број 4202, и тар.подброј 4202 12 50.<br><br>Производот има објективни карактеристики на куфер од тар. број 4202, на пример калапиран од цврста пластика, шарки, системот за закопчување, траките, зесебниот залисток и џеповите, тркалцата и фактот дека е обликуван и може да се употреби како контејнер кој се отвора како типичен куфер со шарки. Овие карактеристики укажуваат дека производот треба да се смета за куфер а не за играчка со тркалца. Оттука, распоредувањето како играчка со тркалца слична на колички со педали од тар. број 9503 е исклучено.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 4202 12 50, како обликуван куфер од цврста пластика |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 164**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.401/2012** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Конусно обликуван производ (приближна висіпа 40 см), направен со шиење на две триаголно обликувани парчиња од црвен неткаен текстилен материјал заедно, со бела украсна трака на основата, и бело топче на врвот.<br><br>(капа)<br><br>(Види фотогрфија бр. 658(*)<br><br>658 | 6505 00 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, како и наименованието на тар. број 6505 и тар.подброј 6505 00 90.<br><br>Освен капи за кукли, други капи играчки или карневалски производи, капи и други покривки за глава од сите видови, независно од материјалот од кој се направени и од намената за употреба, се распоредуваат во Глава 65 (види Коментар за Хармонизиран систем за Глава 65, Општи одредби, прв параграф).<br><br>Капите направени од чипка, филц или други текстилни ткаенини во парче се распоредуваат во тар. број 6505 (види исто така Коментар на ХС за тар. број 6505, прв параграф).<br><br>Со примена на Забелешка 1 (л) од Оддел XI (Текстил и текстилни производи), капи од Глава 65 се исклучени од тој оддел.<br><br>Текстилните производи кои имаат корисна функција се исклучени од Глава 95, дури и кога имаат празничен дизајн (види Коментар на ХС за тар. број 9505, точка (А) , последен параграф). Распоредувањето во тар. подброј 9505 10 90 како други производи за Божикни празници оттука се исклучени.<br><br>Производот има јасни карактеристики на капа и е дизајниран да се носи како капа. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Оттука производот се распоредува во тар. подброј 6505 00 90 како капа . |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 165

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.455/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ составен од (% по маса):<br><br>делумно обезмастено mozzarella сирење 45<br>обвивка 55<br>сочинета од :<br>- брашно (пченица и ориз) 25-30<br>вода 20-25<br>цели сушени јајца < 2<br>средномасно масно тврдо сирење<2<br>сол < 2<br>зачини/ароми < 2<br>инулин < 2<br>згуснувач (Е464) < 2<br>овесни влакна < 2<br>сончогледово масло < 2<br><br>Производот е составен од парче (блок) или ленти од сирење кои се обложени во неколку чекори, пред да бидат спакувани и смрзнати. Содржи билки и зачини и не е готвено или претходно-печено.<br>Производот е во смрзната состојба, главно запечатен во пластични ќеси и/или картонски кутии.Пред консумација се пржи во масло и се консумира како топла ужина. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за применување на Номенклатурата на царинската тарифа, и наименованието на тар. број 2106 и тар.подброј 2106 90 98.<br><br>Во производот доминира обвивката која е застапена со повеќе од 50% по маса. Оттука распоредувањето во Глава 4 е исклучено со оглед дека производот не го задржал повеќе карактерот на сирење.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 2106 90 98 како прехранбен производ на друго место не спомнат или опфатен. |

**Прилог 166**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ)<br>бр.491/2012 | Распоредување<br>(Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Шише за хранење на бебиња направено од пластика (полипропилен) и градуирано.<br><br>Производот е со висина од околу 20 см и капацитет од 300 мл.<br><br>Шишето е со силиконска цуцла и заштитно капаче.<br>(види фотографија (*)<br> | 3924 10 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за применување на Номенклатурата на царинската тарифа, и наименувањето на тар. број 3924 и тар.подброј 3924 10 00.<br><br>Со оглед дека производот се користи за хранење на бебиња, не може да се смета како производ за транспорт или пакување на стока. Оттука тар. број 3923 е исклучен.<br><br>Шишенцата за хранење, зависно од материјалот, главно се сметаат како трпезни и кујнски садови (види исто така Коментар на ХС за тар. број 7013, точка (1)). Последователно, тар. подброј 3924 90 00 е исклучен.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 3924 10 00. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 167

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.553/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ од челик без навој, освен од нерѓосувачки челик, со шестоаголна глава, со цврстина на затегнување од 1040 MPa и димензии од 160 мм (должина), 32 мм (големина на глава) и 16 мм (дијаметар на тело).<br><br>По увозот истиот понатаму ќе се доработува во готов производ од тар. број 7318. | 7318 15 89 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а) и 6 за применување на номенклатурата на Царинска тарифа и со наименувањето на тар. број 7318 и тар. подброеви 7318 15 и 7318 15 89.<br><br>Со оглед дека производот не е за директна употреба, има приближна форма на готовиот производ и може да се употреби само за комплетирање во завршен производ од тар. број 7318, се смета дека е незавршен производ согласно значењето на Основно правило 2(а), како бланк (види исто така Коментар на ХС за Основно правило 2(а), точка (II) и тар. број 7318, дел (А), петти параграф).<br><br>Имајќи ги предвид објективните карактеристики како и формата, шестоаголната глава и цврстина на затегнување, се смета како незавршен производ од тар. подброј 7318 15 89.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 7318 15 89. |

**Прилог 168**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.554/2012** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Декоративна гранка сочинета од вештачки цвеќиња, лисја и овошје (иглолисни гранчиња и бобинки). Производот е изготвен од брокатен текстилен материјал, пластика и метална жица.<br><br>Производот се користи како декорација за свеќа. Се увезува без свеќата и држачот за свеќа.<br><br>(*) Види слика<br><br> | 6702 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за применување на Комбинираната Номенклатура и наименување на тарифен број 6702 и тар. подброј 6702 90 00..<br><br>Гранката не се смета за празничен, производ од тар. број 9505 и не е специјално дизајнирана, произведена и препознатлива како празничен производ. Не содржи било каков отпечаток, украс, симбол или натпис и согласно ова не е наменето да се користи за специфичен празник, (види Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. број 9505).<br><br>Распоредувањето во тар. број 9505 како празничен производ е исклучено.<br><br>Оттука истиот се распоредува во тар. подброј 6702 90 00 како производ направен од вештачки цветови, листови и овошје од други материјали. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 169**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.696/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Влошки сочинети од флексибилна вилушкаста опруга направена од челик и променливо перниче изготвено од различни материјали.<br><br>Влошките се составени спрема стапалото (отисокот) и телесната тежина на клиентот.<br><br>Влошките се дизајнирани за да го намалат товарот на стапалото и на целото тело. Системоте за подршка во три-точки на влошката е така дизајниран за подршка, движење и зајакнување на лигаментите, тетивите и мускулите. Обезбедува апсорпција на ударот, распоредување на телесната тежина на телото рамномерно по целата должина на стапалото и може да го компензира негативниот ефект од постоечкото рамно стапало. Перничето го масира стапалото.<br><br>(*) Види фотографија<br><br> | 6406 90 50 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за применување на Комбинирана номенклатура и со наименување на тар. број 6406 и тар. подброј 6406 90 50.<br><br>Влошките не се дизајнирани за коригирање на ортопедската состојба со оглед дека не се специјално адаптирани на некој хендикеп за кој се наменети да го коригираат, но истите се дизајнирани за подобра состјба на стапалото и удобност на телото и да се компензираат штетните ефекти од постоечките проблеми (Забелешка 6 од Глава 90).<br><br>Распоредувањето во тар. број 9021 како ортопедски помагала е исклучено.<br><br>Влошките оттука се распоредуваат во тар. подброј 6406 90 50 како изменливи влошки. |

**Прилог 170**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.697/2012** | **Распоредување (Тар.ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн. „претворувачки модул со RJ 45 приклучок"), со пинови за конекција, во кукиште со приближни димензии 2 x 1,5 x 1,5 cm.<br><br>Производот содржи плоча со печатено коло со четири трансформатори, кондензатор и четири отпорника. Исто така има две LED диоди кои не се поврзани со другите компоненти.<br><br>Производот е посебно конструиран за 10/100 BASE-T етернет мрежа и наменет е за поставување на плоча со печатено коло со цел поврзување на машината во домен на локалната мрежа, за пренос и прием на сигнал.<br><br>Исто така обезбедува галванска сепарација и заштита на сигналите од пренапон и шумови. | 8517 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за применување на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(б) од Оддел XVI како и наименованието на тар. број 8517 и тар. подброј 8517 70 90.<br><br>Како дополнување на конекторот, производот содржи неколку различни електрични компоненти. Оттука, тоа овозможува неколку различни електрични функции покрај остварување на поврзувања за или во електрично коло, како што е галванска сепарација и заштита од пренапон и шумови. Овие компоненти се еднакво важни за заеднички допринос кон техничките барања потребни за остварување врска преку етернет нрежа.<br><br>Соодветно, распоредувањето во тар. број 8536 е исклучено.<br><br>Со оглед дека производот се користи за апарати за жичана комуникација, оттука истиот се распоредува во тар. подброј 8517 70 90 како дел од апарти за комуникација во жичена или безжична мрежа. |

**Прилог 171**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.698/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Мултифункционален апарат (тн. „мултимедијален центар за моторни возила") кои се употребува во моторни возила, сочинет од две главни компоненти:<br>– приемен апарат за радио-дифузија комбиниран со CD/DVD плеер.<br>– Контактен ЛЦД дисплеј во боја со touch екран со дијагонала на екран од приближно 17,5 см (7 инчи ) и размер 16: 9.<br><br>Апаратот е опремен со конектори кои овозможуваат прием на видео сигнали од надворешни извори како што е ретровизор камера.<br><br>Апаратот има и далечински управувач.<br><br>Дополнителен дисплеј може да се поврзе на апаратот. | 8528 59 40 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8528 и тар.подброј 8528 59 40.<br><br>Апаратот сочинет од компоненти со можност за вршење различни функции (репродукција на звук, видео репродукција, радио дифузија, видео диспеј) од кои ниту една , во поглед на неговиот дизајн и концепт, не му дава суштествен карактер на производот.<br><br>Со примена на Основно правило 3(в), оттука апаратот се распоредува во тар. подброј 8528 59 40 како други монитори во боја со екран со LCD технологија. |
| 7 Мултифункционален апарат (тн. „мултимедијален центар за моторни возила") кои се употребуваат во моторни возила, со приближни димензии 17 x 5 x 16 cm.<br><br>Во истото куќиште комбиниран е и приемник за радио дифузија, апарат за репродукција на звук и слики и LCD екран во боја со дијагонала на екран приближно 8 cm (3, 5 инчи).<br><br>Апаратот има конектори кои овозможуваат прием на видео сигнал од надворешен извор како што е камера на задниот дел од моторното возило. | 8528 59 40 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8528 и тар.подброј 8528 59 40.<br><br>Апаратот сочинет од компоненти со можност за вршење различни функции (репродукција на звук, видео репродукција, радио дифузија, видео диспеј) од кои ниту една , во поглед на неговиот дизајн и концепт, не му дава суштествен карактер на производот.<br><br>Со примена на Основно правило 3(в), оттука апаратот се распоредува во тар. подброј 8528 59 40 како други монитори |

| | | |
|---|---|---|
| Апаратот може да репродуцира звук и слики од USB мемориски стик.<br><br>Апаратот се испорачува со далечински управувач.<br><br>Са апаратот може да се поврзе и дополнителен екран. | | во боја со екран со LCD технологија. |
| 3. Мултифункционален апарат (тн. „мултимедијален центар за моторни возила") од вид кој се употребува во моторни возила.<br><br>Во истото кукиште комбиниран е и приемник за радио-дифузија, апарат за репродукција на звук и слики, радио навигациски апарат и LCD екран во боја со дијагонала на екран приближмо 18 cm (7 инчи) и размер од 16:9.<br><br>Апаратот има конектори кои овозможуваат прием на видео сигнал од надворешен извор како што е ретровизор камера или DVB- тјунер.<br><br>Апаратот може исто така да репродуцира звук и слики од мемориска картица.<br><br>Апаратот се испорачува со два далечински управувачи.<br><br>Со апаратот може да се поврзе и дополнителен екран. | 8528 59 40 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8528 и тар.подброј 8528 59 40.<br><br>Апаратот сочинет од компоненти со можност за вршење различни функции (репродукција на звук, видео репродукција, радио дифузија, видео диспеј) од кои ниту една , во поглед на неговиот дизајн и концепт, не му дава суштествен карактер на производот.<br><br>Со примена на Основно правило 3(в), оттука апаратот се распоредува во тар. подброј 8528 59 40 како други монитори во боја со екран со LCD технологија. |

**Прилог 172**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 714/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ кој се состои од свитлива мембранска тастатура изработена од силикон со 19 вградени тастери и димензии приближно 65 x 40 x 1 mm.<br><br>Производот има печатени тастери кои претсавуваат алфа нумеричка тастатура, тастери за повикување и други копчиња кои се типични за мобилни телефони.<br><br>Под секој тастер се наоѓа елемент за воспоставување електричен контакт изработен од силикон импрегниран со јаглерод.<br><br>Производот има специфичен облик и конструкција и наменет е за вградување во одреден модел на мобилен телефон. | 8517 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(б) од Оддел XVI и наименување за тар. број 8517 и тар.подброј 8517 70 90.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8536 како прекинувач е исклучено со оглед дека производот вклучува само дел (една страна од контакт точките) на единицата за прекинување (види Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. број 8536, точка (8)).<br><br>Производот е суштински дел за работа на мобилниот телефон и не може да се користи независно за други цели. Исто така, е специјално прилагоден за употреба со посебен модел на мобилен телефон. Особено, неговата форма и метод на работа исклучува секоја друга употреба. Оттука, распоредувањето во тар. број 8538 како дел погоден за употреба само или главно со уредот за прекинување е исто така исклучено.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 8517 70 90 како дел од мобилен телефон. |
| 2. Производ (тн. „флексибилен склоп за тастатура"), чиј главен дел е со димензии приближно 56 x 42 x 1 mm и кој содржи две мембрани кои го прават уред за вклучување/исклучување:<br>- горна мембрана од полиамид која има 26 бакарни контактни места на долната страна,<br>- долна мембрана од полиамид која има | 8517 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(б) од Оддел XVI и наименување за тар. број 8517 и тар.подброј 8517 70 90.<br><br>Како дополнување на двете мембрани со соодветните контакт |

| | | |
|---|---|---|
| печатено коло со 24 бакарни контактни места на горната страна.<br><br>Преку горната мембрана се наоѓа заштитен лист од транспарентна пластика со печатена слика која претставува тастатура на мобилен телефон, а под долната мембрана заштитен слој од хартија..<br><br>Следниве компоненти се поврзани со главниот дел на производот:<br>два рамни електрични проводника со конектори,<br>два склопа на печатени кола со активни и пасивни компоненти, светлосен сензор и „Hall effect" прекинувач за управување на светлосниот систем на тастатурата.<br><br>Производот има специфичен облик и конструкција и наменет е за вградување во одреден модел на мобилен таелефон.. | | точки за вклучување на електричните кола, производот вклучува составени печатени кола за контрола на осветлување на тастатурата. Распоредувањето како уред за прекинување (switching) за електрични кола од тар. број 8536 оттука е исклучено.<br><br>Производот е суштински дел за работа на мобилниот телефон и не може да се користи независно за други цели. Исто така, е специјално прилагоден за употреба со посебен модел на мобилен телефон. Особено, неговата форма и метод на работа исклучува секоја друга употреба.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 8517 70 90 како дел од мобилен телефон. |

**Прилог 173**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.715/2012** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој се состои од (% по маси):<br>– трева од јачмен во прав 28,8<br>– мед 27,5<br>– пченична трева во прав 21,5<br>– алфалфа, во прав 21,5<br>– стеаринска киселина 0,4<br>– пипер 0,25<br>– хром пиколинат 0,01<br><br>(кореспондира на 8,7 µg Cr по таблета)<br><br>Производот е приготвен за продажба на мало, во форма на таблети и се користи како додаток во исхрана (една таблета два пати на ден). | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинирана номенклатура, и наименување на тар. број 2106 и тар. подброј 2106 90 98.<br><br>Се додека производот не ги исполнува барањата од Забелешка 2 (б) (2) од Глава 19 заради својот состав, распоредувањето во Глава 19 е исклучено.<br><br>Производот не ги исполнува барањата за Дополнителна забелешка 1 од Глава 30 зашто нема индикации за употреба за специфични болести или за концентрација на активната супстанца. Оттука не се смета за хербален медицински препарат согласно опфатот на тар. број 3004.<br><br>Оттука, се смета дека производот е опфатен со наименувањето на тар. број 2106 како прехранбен препарат на друго место неспомнат ниту опфатен и се користи како диетески додаток со индикации за одржување на добро здравје или добросостојба (види Коментар на ХС за тар. број 2106, втор параграф, број (16)). |

Прилог 174

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.726/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронски апарат (тн. „далечинска единица за надгледување на лифт„) во куќиште со димензии приближно 28 x 22 x 9 см, кој се вградува во окното (вратило) на лифтот.<br><br>Апаратот кој прима информации од различни надворешни сензори, се користи за надгледување на функционирањето на работата на лифтот и откривање на било какви неправилности на пр. при тргнување, застанување, отворање и затворање на вратата, нивелирање, во влечниот мотор, кочниците, осветлување на кабината. Добиената информација се проверува и процесира од апаратот и пренесува преку модем до центарот за одржување.<br><br>После испораката и вградувањето на модемот, апаратот може да овозможи двосмерна гласовна комуникација помеѓу кабината на лифтот и центарот за одржување преку микрофон и звучници инсталирани во кабината. | 9031 90 85 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(б) кон Глава 90, како и наименувањето на тарифниот број 9031 и тар.подброј 9031 90 85.<br><br>Со оглед дека апаратот не вклучува модем или друг комуникациски уред, распоредувањето на апаратот за комуникација во жичена мрежа во тар. број 8517 е исклучено.<br><br>Апаратот не обезбедува звучни и визуелни сигнали, распоредувањето како електричен апарат за звучна или визуелна сигнализација во тар. број 8531 е исклучено.<br><br>Апаратот ги надгледува и проверува функциите на лифтот и ги процесира пристигнатите податоци. Сензорите каде сигналите за процесирање се генерираат, не се вклучени во апаратот. Апаратот самостојно не ги прикажува овие сигнали.. Од овие причини, апаратот се смета како дел од инструмент за проверка. Оттука, распоредувањето како некомплетна машина од 9031 е исклучено.<br><br>Апаратот се распоредува во тар. подброј 9031 90 85 како дел од контролни инструменти, уреди и машини, неспомнати ниту опфатени на друго место во Глава 90. |

Прилог 175

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.727/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Култури од микроорганизми, испорачани во желатински капсули, приготвени за продажба на мало.Содржината на секоја капсула се состои од следниве компоненти (%по маса):<br><br>L. rhamnosus 3,36<br>L. acidophilus 3,36<br>L.plantarum 0,84<br>B. lactis 0,84<br>-Малтодекстрин 50,6<br>Микрокристална целулоза 10<br>- пченкарен скроб 30<br>- Магнезијум стеарат 1<br>Согласно етикетата производот е презентиран како додаток во исхрана за човечка употреба. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1(а) од Глава 30 и наименување на тар. број 2106 и тар. подброј 2106 90 98.<br><br>Производот е прехранбен препарат презентиран во форма на капсули. Обвивката е фактор кој заедно со содржината ја одредува употребата и карактерот на производот како додаток во исхраната.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. број 2106 како прехранбен препарат на друго место неспомнат ниту опфатен (види исто така Коментар на ХС а тар. број 2106, точка (16).). |

Прилог 176

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 749/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн. „Chitosan") произведен од черупка на черупкари, сочинет од аминополисахариди.<br><br>Производ се испорачува во желатински капсули, подготвен за малопродажба.<br><br>Согласно етикетата производот е презентиран како додаток во исхраната за човечка консумација. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 2106 и тар. подброј 2106 90 92.<br><br>Производот е прехранбен препарат презентиран во форма на капсули. Обвивката е фактор кој заедно со содржината ја одредува употребата и карактерот на производот како додаток во исхраната<br><br>Оттука, распоредувањето на производот како природен полимер во тар. број 3913 е исклучено.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. број 2106 како прехранбен препарат на друго место неспомнат ниту опфатен (види исто Коментар на ХС а тар. број 2106, точка (16)). |

Прилог 177

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.750/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн. „прополис") испорачан во желатински капсули, приготвен за продажба на мало. Содржината на секоја капсула се состои од следниве компоненти (% по маса):<br><br>- растителни смоли и растителни восоци 55<br>- восоци 30<br>- етерични масла 8 до 10<br>- полен 5<br><br>Овие компоненти се супстанции кои се собрани од пчелите и се трансформираат со ензимите од нивната плунка.<br><br>Согласно етикетата, произвосдот е додаток на исхрана за човечка консумација. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 2106 и тар. подброј 2106 90 92.<br><br>Производот е прехранбен препарат презентиран во форма на капсули. Обвивката е фактор кој заедно со содржината ја одредува употребата и карактерот на производот како додаток во исхраната.<br>Од изнесеното, распоредувањето на производот како јастив производ од животинско потекло во тар. подброј 0410 00 00 е исклучено.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. број 2106 како прехранбен препарат на друго место неспомнат ниту опфатен (види исто Коментар на ХС а тар. број 2106, точка (16)). |

**Прилог 178**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 894/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Готов производ сочинет од 10 правоаголни ленти секоја со приближно 25 см должина и 2 см ширина, од филаменти од неткаен синтетички материјал (полиетилен) зацврстени со врзивно средство. Лентите се поврзани една со друга по должина со перфорирани бодови.<br><br>Главниот дел од едната страна на лентите е еднобојно обоена. Краевите и задната страна на лентите се бели.Едниот крај на секоја лента го држи механизмот на затворање сочинет од зигзаг втискување на страната на лицето и на задната страна, слој на лепило покриено со анти-атхезивна хартија која се отстранува при затворање.<br><br>На предната страна на секоја лента, веднаш пред системот за затворање но на белата позадина е отпечатен реден број со големина од 5мм со црна боја.<br><br>После одделување на една од друга по перфорираните бодови, кога ќе се затвори секоја лента е бразлетна отпона на солзи.<br><br>(Види фотографија No 663 (*) | 6307 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(б) и 8(а) од Оддел XI и наименување на тар. број 6307 и тар.подброеви 6307 90 и 6307 90 98.<br><br>Објективните карактеристики на производот се дека секоја лента е еднобојно обоена и редниот број е испечатен на незначително место и е едвај видлив кога се носи бразлетната е многу мал и незабележителен. Имајќи ги предвид ваквите карактеристики идентификацијата на луѓето преку бојата на бразлетната е замислена како примарна употреба додека печатениот реден број ја исполнува секундарната употреба. Со оглед дека главната природа и примарната употреба од бразлетната е детерминирана со нејзината боја, а не со редниот број, распоредувањето во Глва 49 е исклучено (види ХС коментар за Глва 49, Општи одредби, прв параграф).<br><br>Производот е направен од неткаен текстил од тар. број 5603. Меѓутоа со оглед дека бразлетните се произвеени како завршени готови производи за употреба по само одделување на една од друга по перфорираните бодови, тие се готови текстилни производи согласно Забелешка 7(б) од Оддел XI. Согласно Забелешка 8(а) од Оддел XI Глава 56 не се однесува на готови производи. Оттука распоредувањето во Глава 56 е исклучено.<br><br>Нема специфични тар. броеви во Оддел XI кои ги покриваат ваквите готови текстилни производи. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | Оттука производот се распоредува како „други готови текстилни производи„ во тар. подброј 6307 90 98. |
| (*) Сликата е само за информација. | | |

**Прилог 179**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1089/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронски апарат (тн мулти-свич), во куќиште со димензии од приближно 26 x 12 x 7 см, опремен со следен интерфејс:<br><br>-четири влеза за интермедијарна фреквенција со прилагодувач на конвертери за ниско ниво на шум,<br><br>- еден влез со прилагодувач на ниво за земјени ТВ антени,<br><br>-четири излези за поврзување на сателитски рисивери.<br><br>Има вграден засилувач за компензирање на кабловската загуба.<br><br>Апаратот е дизајниран за употреба во систем со повеќе претплатника за телевизиски прием преку сателит, како „quad LNB" системи. Овозможува неколку сателитски приемници да примат различен телевизиски сигнал преку една сателитска антена, но не ги конвертира ниту модификува сигналите.<br><br>Апаратот исто така дозволува дистрибуција на еден земјен телевизиски сигнал. | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар. број 8543 и тар. подброј 8543 70 90.<br><br>Имајќи предвид дека апаратот дозволува само дистрибуција на телевизиски сигнали, и имајќи предвид дека сателитската антена може да функционира без апаратот, апаратот не се смета како суштински за функционирање на антената. Оттука распоредувањето како дел од антена од тар. број 8529 е исклучено.<br><br>Апаратот оттука се распоредува во тар. подброј 8543 70 90 како апарат со индивидуална функција не спомната ниту опфатена на друго место во Глава 85. |

Прилог 180

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1108/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Галванизиран производ сочинет од челична U-обликувана завртка со навој на двата краја, две хексагонални навртки и лиена челична спона со две дупки за премин на завртките.<br><br>Производот се користи за држење, на пример, две или повеќе жици заедно со сместување на жиците во U-завртката., поставување на спонате преку жиците и затегнување на навртките.<br>(*) види слика<br> | 7326 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тарифниот број 7326 и тар. подброј 7326 90 98.<br><br>Со оглед дека функцијата на производот кој се состои од две навртки и спона, како таква, не затегнува и ослободува заедно директно различни елементи, распоредувањето во тар. број 7318 како завртка или слични производи е исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 7326, точка (1)).<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 7326 90 98 како други производи од челик. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

**Прилог 181**

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1109/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронски уред (тн CCD сензор за слики) во 60-пинско керамичко пакување сочинето од:<br><br>- 3 чипа линеарно аранжирани во областа осетлива на x-зраци со приближно 220 x 6 mm. Секој CCD чип има 1536 x 128 пиксели со големина на пиксел од 48x48 μm.<br>- 3 плочи со оптички влакна со скинтилатори монтирани на секој CCD чип.<br><br>Уредот има излез на интегрирани кола.<br><br>Уредот се инсталира во x-ray камери за генерирање слики. Плочите со оптички влакна со скинтилатори ги конвертира x-зраците во видлива светлина која се проектира на CCD сензор. CCD сензорот ја конвертира светлината во електричен сигнал кој се процесира во аналогна или дигитална слика.<br><br>Уредот е дизајниран за рентген слики. | 8529 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила1 и 6 за примена на Номенклатурата, Забелешка 2(б) од Оддел XVI и наименување на тар. број 8529 и тар. подброј 8529 90 92.<br><br>Со оглед дека уредот е сочинет од неколку компоненти, како келии осетливи на светлост, интегрирани кола и плочи со оптички влакна со скинтилатори, распоредувањето во тар. број 8541 како фотоосетлив полупроводнички уред е исклучено.<br><br>Со оглед дека уредот е погоден за употреба само или главно со дигитална x-ray камераа, истиот се распоредува во тар. подброј 8529 90 92 како дел од телевизиски камери од тар. подброј 8525 80 19. |

Прилог 182

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1110/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Полнач на еднонасочна струја тип конвертер (тн „универзален дуал порт полнач за кола") составен од адаптер за палење цигара, два USB интерфејса и светло индикатор.<br><br>Полначот е за 12 V еднонасочна струја, со излезен напон од 5V DC и излезна струја од 500 mA или 2 x 250 mA.<br><br>Полначот се користи за полнење во кола на различни апарати како мобилни телефони, PDA, GPS, камери, MP3 и MP4. | 8504 40 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинирана номенклатура и наименување на тар. број 8504 и тар. подброј 8504 40 90.<br><br>Производот е статички конветер за еднонасочна струја конвертер тип (види исто така Коментар на ХС за тар. број 8504 (II) точка (Г)<br><br>Полначот може да се користи за полнење на различни апарати, на пример, телекомуникациски апарати, компјутери, апарати за аудио/видео снимање и репродукција и апарати за радио навигација.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 8504 40 30 како статички конветер од вид кој се употребува во телекомуникациски апарати, машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици е е исклучено.<br><br>Полначот оттука се распоредува во тар. подброј 8504 40 90 како статички конвертери. |

**Прилог 183**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1111/2012** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на девет засечени печатени стикери на картон, со облици на различни инсекти и други мали суштества и декорирани со вештачки камења и шљокици на лист од пластика со приближни димензии 30 x 30 см.<br><br>Секој стикер е со самолеплива лента и може да се фиксира на избраната површина. Истиот може дополнително да се отстрани и постави на друга површина.<br><br>Стикерите се користат за декорација<br><br>(*) Види слика..<br><br> | 4911 91 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, Забелешка 12 од Глава 48 и наименување за тар. број 4911 и тар. подброј 4911 91 00.<br><br>Со примена на Забелешка 12 од Глава 48, картон печатен со мотиви, знаци или сликовен приказ каде истиве не се само инцидентни во врска со примарната намена на стоката, припаѓаат во Глава 49. Производот е печатен исклучиво со прикажани слики, и се користи исклучиво за украсни цели. Распоредувањето во тар. број 4823 како други производи од картон, оттука е исклучено.<br><br>Самолепливите печатени стикери дизајнирани за декорација се опфатени со тар. број 4911 (види Коментар на ХС за тар. број 4911, точка (10).<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. подброј 4911 91 00 како други печатени слики. |
| (*) Сликата е само за информација. | | |

Прилог 184

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1112/2012 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Изолиран кабел (тн. USB кабел) со должина од 1 м кој е сочинет од изолирани всукани жици и снабден со USB конектори на двата краја.<br><br>Кабелот овозможува трансфер на податоци помеѓу различни типови на апарати. Исто така овозможува снабдување со електрична струја на овие апарати или за нивно полнење. | 8544 42 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура и наименување за тар. број 8544 и тар. подброј 8544 42 90.<br><br>Трансферот на податоци меѓу два апарати каде не се користи телекомуникациска технологија, како Етернет, не се смета за телекомуникација во смисол на тар. подброј 8544 42 10. Оттука, распоредувањето во тар. подброј 8544 42 10 како кабел снабден со конектори од вид кој се употребува во телекомуникации е исклучено (види Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. подброј 8544 42 10).<br><br>Кабелот се распоредува во тар. подброј 8544 42 90 како други електрични проводници опремени со конектори за напон кој не надминува 1000 V. |

Прилог 185

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1114/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Возило гасеничар за транспорт на стоки (тн. „minitrack„), со клипен мотор на внатрешно согорување со палење со помош на компресија и капацитет на цилиндар од 479 см³, бруто тежина на возило од 2085 кг и димензии приближно 265 x 95 x 202 см.<br><br>Возилото се состои од шасија со сандак кој се крева со врвот со три страни кои сеотвораат и отворена кабина со седиште за возачот.<br><br>Тежината на возилото без товар е 840 кг, а максимален капацитет на товар е 1200кг. Максималната брзина на возилото е приближно 6 км/h.<br><br>Возилото кое е наменето за транспорт и истовар на ископан или друг натеријал на кратки релации на тежок терен, не е наменето за употреба на јавни патишта.<br><br>(*) Види слика.<br><br> | 8704 10 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување за тар. број 8704 и тар. подброј 8704 10 10.<br><br>Возилото е наменето за употреба надвор од патна мрежа за тешки терени, за транспорт и истовар на ископини или други материјали. Понатаму, лесните возила од тип кои се користат на градилишта се распоредуваат како дампери (види Коментар на Комбинираната номенклатура за тар. подброј 8704 10 10 и 8704 10 90).<br><br>Фактот дека возилото е опремено со сандак кој се крева за истовар и има континуирана трака наместо тркала, не го исклучува од распоредување како дампер.<br><br>Возилото оттука се распоредува во тар. подброј 8704 10 10 како дампер дизајнирано за употреба надвор од патната мрежа. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

Прилог 186

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1123/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат тн. („пасивен инфрацрвен детектор") сочинет од склопка на печатено коло во пластично куќиште со димензии од приближно 11 x 7 x 4 см.<br><br>Склопката од печатеното коло е опремена со инфрацрвен сензор, пасивни елементи (кондензатори, отпорници), активни елементи (транзистори, интегрирани кола) и ЛЕД диоди. Исто така е опремено со двоен прекинувач, анти-прекинувач, блок од навојни терминални конектори и излезно реле од полупроводнички тип.<br><br>Куќиштето вклучува рефлектирачка површина и објектив.<br><br>Апаратот има излезен сигнал до 30 V DC, 50 Ma.<br><br>Апаратот е дизајниран да испрати електричен сигнал на апарати, како алармни системи или на електрична врата, кога движењето е идентификувано со детектирање на промени на температурата. | 8536 50 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 8536 и тар. подброј 8536 50 19.<br><br>Распоредувањето како апарат за звучна или визуелна сигнализација во тар. број 8531 е исклучено со оглед дека апаратот не содржи самостоен алармен капацитет.<br><br>Тар. број 8537 опфака плочи, панели, конзоли, кабинети и други бази опремени со два или повеќе апарати од тар. број 8535 или 8536. Како апарат кој има компоненти само од ист тип (два прекинувачи од типот на олупроводничко реле). Распоредувањето во тар. број 8537 оттука е исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 8537, исклучување (б)).<br><br>Распоредувањето во тар. број 9027 како инструмент и апарат за мерење или проверка на количина на топлина е исто така исклучено како апарат кој не мери туку само детектира промени на температурата во смисол на автоматско активирање на друг апарат.<br><br>Апаратот има функција на автоматски прекинувач и оттука истиот се распоредува како прекинувач за напон кој не надминува 60 V во тар. број 8536 50 19. |

Прилог 187

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1124/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Херметички затворен мерен сензор (тн. „load cell„ ), ќелија, вклучува прав мерач во форма на мостно коло со димензии приближни 13 x 3 x 3 см.<br><br>Ќелијата работи со поместување на влакното на мерачот кога е подложена на физичка сила. Физичката сила креира промена во отпорот на влакното, со тоа го дебалансира мостното струјно коло кое пак предизвикува промена на напонот на струјата која поминува низ него.<br><br>Ќелиајта ја претвора физичката сила која дејствува на неа во електричен сигнал пропорционален на таа сила. Сигналот се отчитува, процесира и прикажува од уредот кој не е вклучен во испораката.<br><br>Ќелијата е така дизајнирана за да се користи на пример, во подни ваги, миксери, бункери и тенк ваги. | 9031 80 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинска тарифа, Забелешка 1 (ј) од Оддел XVI и наименување на тар. број 9031 и тар. подброј 9031 80 98.<br><br>Ќелијата е дизајнирана за конвертирање на физичката сила во електричен сигнал за мерни цели. Како истата самостојно не го покажува резултатот од мерењето, се смета како некомплетен мерен инструмент не спомнат или опфатен на друго место во Глва 90. Оттука, распоредувањето во тар. број 8423 како дел од вага е исклучено (види исто така Коментар на ХС за тар. број 9031, (А), точка (30)).<br><br>Производот се распордува во тар. подброј 9031 80 98 како други инструменти не спомнати или опфатени на друго место во Глва 90. |

Прилог 188

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1125/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Машина рачна контролирана со микропроцесор (тн. „Електронски пиштол за дување врел воздух"), за генерирање на температури меѓу 50 и 630 °С, со максимална излезна моќ од 2000 W и димензии од приближно 26 x 20 x 9 см.<br><br>Машината вклучува:<br>елемент за греење,<br>вентилатор со мотор за дување воздух со 3 различни брзини,<br>-дисплеј за прикажување на температурата.<br><br>Машината е наменета за употреба од занаетчија, на пример за отстранување на боја, стеснување на цевките на каблите, формирање PVC, меко лемење, заварување и врзување пластика, заварување пластични цевки и црева и фолија за заварување.<br><br>(*) види Слика. | 8419 89 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 84 и наименување на тар. број 8419 и тар. подброј 8419 89 98.<br><br>Со оглед дека машината е дизајнирана за употреба од занаетчија и не е од вид кој нормално се користи во домаќинство, распоредувањето во тар. број 8516 како електротермички уред од вид кој се користи за домашни потреби е исклучено.<br><br>Машината одговара на описот и на тар. број 8419 и 8467. Согласно Забелешка 2 од Глава 84, распоредувањето во тар. број 8467 како алат за работа во рака со сопствен електричен мотор е исклучено.<br><br>Оттука, машината се распоредува во тар. подброј 8419 89 98 како машина за третирање на материјали со процес кој вклучува промена на температурата. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Сликата е само за информација | | |

**Прилог 189**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1126/2012** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Преносилив (портабл) мултифункционален апарат на батерии со димензии од приближно 9 x 5 x 1 см, сочинет од:<br><br>ЛЦД дисплеј во боја со резолуција од 320x240 пиксели и ддијагонални мерки на екранот од приближно 5см (2,2 инчи).<br>-микрофон,<br>-вградена меморија од 4 GB,<br>- ФМ тјунер,<br>- USB интерфејс,<br>- конектор за слушалики,<br>-контролни копчиња.<br><br>Апаратот е способен за вршење на следниве функции:<br>радиоприемник,<br>снимање и репродукција на звук,<br>-снимање и репродукција на видео,<br>снимање на глас,<br>прикажување фотографии и подвижни слики.<br><br>Апартот ги подржува следниве формати: MP3, WMA, WAV, WMV и JPEG.<br><br>Апартот може да се поврзе за машина за автоматска обработка на податоци за симнување или вчитување на фајлови. | 8527 13 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинска тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименување за тар. број 8527 и тар. подброј 8527 13 99.<br><br>Апаратот е дизајниран за вршење неколку функции од Оддел XVI, и тоа радиоприемник со снимање и репродукција на звук, видео снимање и репродукција или репродукција и прикажување на видео слики и подвижни слики. Со примена на Забелешка 3 од Оддел XVI, се распоредува како апарат спрема главната функција.<br><br>Заради објктивните карактеристики, како што се расположивата меморија на апаратот и малиот екран со ниска резолуција, видео прикажувањето, снимањето и репродукцијата се сметаат како секундарни.<br><br>Оттука, главната функција на апаратот е таа на радиоприемник комбиниран со апарат за снимање и репродукција на звук.<br><br>Апаратот оттука се распоредува во тар. подброј 8527 13 99 како други апарати за радиоприем, комбинирани со апарат за снимање и репродукција на звук. |

Прилог 190

| Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1127/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Светло драп прашкаст производ добиен со суво распрскување во стабилна и заштитена микроенкапсулирана форма со следниов состав (% по маса):<br><br>Рафинирано масло од туна 48<br>Натриум казеинат 24<br>Декстроза монохидрат 10<br>Модифициран скроб 10<br>Натриум аскорбат 5<br>Вода 3<br>и во трагови содржи природни токофероли, лецитин, дl-алфа токоферол и аскорбил палмитат.<br><br>Производот се употребува за зголемување на нивото на омега-3 масни киселини во прехранбени препарати. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинска тарифа и наименување на тар. број 2106 и тар. подброј 2106 90 98.<br><br>Производот е составен од рафинирано масло од туна и големи количини (најмалку 50%) од други состојки.<br><br>Иако производите од тар. број 1517 можат да содржат мали количини на други конституенти (види Коментар на ХС за тар. број 1517, втор параграф), распоредувањето во тој тар. број е исклучено како производ кој ги има изгубено карактеристиките на јастиво масло од овој тар. број согласно неговиот состав.<br><br>Оттука производот се распореува во тар. број 2106 како прехранбен препарат на друго место неспомнат или опфатен (види Коментар на ХС за тар. број 2106, (Б)). |

**Прилог 191**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1128/2012** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Панел (тн. „водотпорна шперплоча, иверица") направена од тринаесет листови на дрво залепени заедно со лепак отпорен на врела вода. Листовите се поставени така што влакната на секој последователен слој се под агол.<br><br>Внатрешните листови се со дебелина помала од 2 мм. Двата надворешни листови се со дебелина помала од 1 мм и се направени од топола и прекриени со полимерен премаз за изолација.<br><br>Панелеите се со густина од 0,5 г/см3.<br><br>Панелот се користи во конструкции, на пример, за оплати за бетонски работи. | 4412 32 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинска тарифа, и наименување на тар. број 4412 и тар. подброј 4412 32 и 4412 32 10.<br><br>Распоредувањето во тар. број 4413 како згуснато дрво е исклучено како панел кој не е хемиски или физички третиран заради зголемување на густината или цврстината и подобрување на неговата механичка јачина или отпорност на хемиски или електрични влијанија (види Коментар на ХС за тар. број 4413.).<br><br>Панелот се смета за шперполча со оглед дека се состои од неколку листови од дрво залепени и поставени секој посследователен врз другиот под агол (види Коментар на ХС за тар. број 4412, точка (1)).<br><br>Оттука панелот се распоредува во тар. подброј 4412 32 10 како други шперплочи со најмалку еден надворешен слој од неиглолисно дрво. |

**Прилог 192**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1129/2012 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет за малопродажба составен од следниве производи:<br><br>- 2 пакувања карти за играње,<br>- 300 покер жетони,<br>- крупие жетон,<br>- DVD со инструкции.<br><br>Презентиран е во куферче направено од алуминиум и витрешно специјално опремено за содржината на производите.<br>Производите се користат заедно за играње на игра покер. Жетоните и DVD се дополнување на картите за играње и не можат да секористат индивидуално.<br>(*) Види слика.<br> | 9504 40 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б), 5(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 9504 и тар.подброј 9504 40 00.<br>Производите се спакувани заедно за вршење специфична активност за играње покер како игра и оттука го исполнува критериумот за распоредување како стока подготвена како сет за малопродажба.<br>Картите за играње го даваат суштинскиот карактер на сетот , а другите производи се дополнувања, додатоци.<br>Куферчето специјално дизајнирано за да ги прифати производите, се распоредува заедно со производите.<br>Оттука сетот се распоредува во тар. подброј 9504 40 00 како карти за играње. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

**Прилог 193**

| **Опис на стоката Согласно регулатива на ЕЦ бр. 1130/2012** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Велосипед со три тркала, рамка, седиште, две подлошки за стапалата и две рачки.<br><br>Рачките се користат за управување и како рачно управувани педали се директно поврзани со рачката на менувачот и запчениците.<br><br>Седиштето опфаќа рамна платформа со подигнат дел за поддршка на грбот и главата на велосипедистот.<br><br>(*) Види слика.<br><br> | 8712 00 70 | Рапоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 8712 и тар. подброеви 8712 00 и 8712 00 70.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8713 е исклучено, со оглед дека тарифниот број опфаќа колички и слични возила специјално дизајнирани за транспорт на онеспособени лица. Велосипедите специјално конструирани за неспособни лица се опфатени во тар. број 8712 (види Кментар на ХС за тар. број 8712, втор параграф, точка (4)).<br><br>Велосипедот оттука се распоредува во тар. подброј 8712 00 70 како други велосипеди. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

Прилог 194

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1144/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ составен од модифицирана дехидрирана меласа од шеќерна трска, во форма на прав, со светло кафена боја, и содржина (% по маса):<br>сахароза (вклучувајќи инверт шеќер) 82,4<br>пепел 1,5<br>- сурови влакна 7<br>Производот не содржи скроб и има поларизација од 83,4 °.<br>За време на производниот процес, растителните влакна и концентрат од меласа од шеќерна трска се додаваат и се добива дехидрирана меласа од шеќерна трска.<br>Производот не е погоден за човечка консумација и се користи само за исхрана за животни. | 2309 90 96 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 23 и наименувањето на тарифен број 2309 и тар. подброј 2309 90 96.<br>И покрај високата содржина на сахароза, производот не може да се смета како шеќер од тар. број 1701 заради додатокот на растителни влакна за време на производниот процес.<br>Како резултат на додадениот концентрат на меласа од шеќерна трска и дехидрациониот процес, содржината на шеќер присутна во производот е значително повисока од таа во традиционалната меласа од шеќерна трска. Оттука распоредувањето во тар. број 1703 е исклучено.<br>Производот се користи за исхрана на животни и ги има загубено есенцијалните карактеристики на оригиналниот материјал за време на производниот процес (види Забелешка 1 од Глва 23).<br>Оттука производот се распоредува во тар. број 2309 како препарат од вид кој се употребува за исхрана на животни. |

**Прилог 195**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1145/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Стерилизирани марамчиња направени од неткаен текстил, ставени во пластично пакетче за продажба на мало.<br><br>Марамчињата се импрегнирани, меѓудругото со деминерализирана вода, детергент и средство со кондиционер за чистење на кожата.<br><br>Производот е без алкохол.<br><br>Согласно обзбедената информација, производот е дизајниран за чистење на раце и лице. | 3401 11 00 | Распоредувањето е утврдено со одредбите на Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 3401 и тар. подброј 3401 11 00.<br><br>Со оглед дека марамчињата се импрегнирани со детергент кој на производот му два суштински карактер, распоредувањето во тар. број 3304 и 3307 е исклучено.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. број 3401 како неткаен текстил, импрегниран или покриен со сапун или детергент (види Коментар на ХС за тар. број 3401, точка (IV)). |

**Прилог 196**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1170/2012** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од венец од вештачки цветови во различни бои, имитација на тн. „lei„ (полинезиска гирланда од цветови).<br><br>Секој цвет е сочинет од две еднобојни ливчиња од текстилна ткаенина сечени во форма на ливчиња од латицата на цветот. Секој цвет е издвоен од следниот со транспарентно пластично цевче кое имитира стебло од цвет. Тенката нишка ги поврзува пластичните цевки и цветовите и формираат круг со дијаметар од приближно 30 см имитирајќи кружна цветна гирланда (венец).<br><br>(види слика бр. 662) (*)<br><br> | 6702 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименувањето на тар. број 6702 и тар. подброј 6702 90 00.<br><br>Производот наликува на гирланда од цветови и е дизајнирана да се носи околу врат како имитација на „lei„ (полинезиска гирланда од цветови).<br><br>Производот не е исклучен со Забелешка 3(б) од Глава 67, зашто вештачките цветови не се добиени во едно парче, од причина што секој цвет се состои од две парчиња од текстилен материјал сечен во форма на ливчиња од цветови , и затоа што склопувањето на ливчињата и стебленцата на начин на нижење на тенка нишка е сличен метод на врзување, лепење или вметнување на деловите еден во друг. Производот наликува во формата на природен производ (види Коментар на ХС за тар. број 6702, (1) и (3), без оглед на тоа дали деталите точно одговараат на природниот производ.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7117 како имитација на накит е исклучено со оглед дека производот не е имитација на накит туку имитација на цветна гирланда , која се носи на врат, тн. „lei„. Оттука, производот не е опфатен со наименувањето на тар. број 7117 (имитација на накит).<br><br>Распоредувањето во тар. број 9505 како свечен, карневалски или друг производ за забава е исто така исклучено со оглед дека производот не не е ексклузивно дизајниран, произведен и препознатлив како празничен производ. Истиот не |

| | | |
|---|---|---|
| | | содржи било каков отпечаток, орнамент, симбол или натписи и оттука не е наменет за специфична празнична употреба (види Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. број 9505). Освен тоа „lei„ служи за декорација на лице а не на соба, маса итн. Не е ниту дел од фустан за забава кој се користи за карневали (види Коментар на ХС за тар. број 9503, (А) (1) и (3).<br><br>Распоредувањето во тар. број 6307 како други готови текстилни производи е исто така исклучено, зашти тар. број 6702 (производи направени од вештачки цвеќиња) е тар. број кој е со поспцифичен опис согласно Основно правило 3(а) за примена на Царинска тарифа.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 6702 90 00 како производи направени од вештачки цвеќиња, од други материјали освен од пластика. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

Прилог 197

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1171/2012 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Готов текстилен производ за чување на мали предмети.<br><br>Производот е направен од две скоро правоаголни и со еднаква големина парчиња од текстилна ткаенина, кои се положени и сошиени заедно на три страни.<br><br>На горниот дел краевите се свртени и зашиени да формираат тунел,со вовлечен гајтан за затворање како затегнувачки елемент. На дното има две заоблени ивици.<br><br>Кога ќе се затегне, производот добива облик на торбичка, со приближна должина од 12,5 см и ширина, мерена на дното, од приближно 6,5 см и која се стеснува кон горниот дел, врв.<br><br>(Види слика No 665(*)<br><br> | 6307 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(ѓ) и 8(а) од Оддел XI, Забелешка 1 од Глава 63 и наименување за тар. број 6307 и тар. подброј 6307 90 10.<br><br>Производот не е дизајниран за да содржи специфичен предмет. Не е ниту специфично обликуван ниту внатрешно опремен. Од дизајнот на производот не може да се утврди за што ќе служи производот, истиот не може да се смета за „сличен контејнер" од тар. број 4202. Оттука распоредувањето во тар. број 4202 е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 6307 90 10 како други готови плетени текстилни производи. |
| (*) Сликата е само за информација | | |

Прилог 198

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1172/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Марамчиња изработени од неткаен текстил со приближни димензии 15 см x 20 см, спакувани во пластични пакетчиња за малопродажба.<br><br>Марамчињата се импрегнирани со вода (98,32%), пропилен гликол (1%), парфем (0,3%), tetrasodium EDTA (0,2%), алое вера екстракт (0,1%), бронопол (0,05%), лимонска киселина (0,02%), мешаница од methylchloroisothiazolinone и methylisothiazolinone (0,01%).<br><br>Согласно обезбедената информација, производот се користи како освежувачки марамчиња. | 3307 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Оддел VI , Забелешка 4 од Глава 33 и наименување за тар. број 3307, и тар. подброеви 3307 90 00.<br><br>Со оглед дека производот не содржи сапун или детергент распоредувањето во тар. број 3401 е исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 3401, исклучување (в)).<br><br>Како производот се користи како освежувачки марамчиња повеќе отколку за нега на кожата, и содржи парфем, распоредувањето во тар. број 3304 е исклучено.<br><br>Иако производот содржи мали количини на алое вера екстракт, кој има функција за нега на кожата, тоа не му го дава на производот суштинскиот карактер.<br><br>Производот ги исполнува условите дадени во Забелешка 4 од Глава 33 (види исто Коментар на ХС за тар. број 3307, точка (V) (5)).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. број 3307 како други парфимериски, козметички или тоалетни препарати, не спомнати ниту опфатени на друго место. |

Прилог 199

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.41/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пластична кукла со подвижни екстремитети, 140 mm висока, со проѕирни пластични гради полнети со приближно 10 g на мали слатки, со содржина на сахароза, кои можат да се отстранат преку отворот под токата од ременот на куклата. | 9503 00 21 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 од Глава 95 и наименованието на тар.број 9503 00 и тариф. подброј 9503 00 21.<br><br>Производите не може да се сметаат како "стока подготвена во сетови за продажба на мало" согласно основното правило 3 (б), бидејќи тие не се ставени заедно за да исполнат одредена потреба или да извршуваат одредена активност. Тие не се поврзани еден со друг и не се наменети да се користат заедно или комбинирани еден со друг (слатките се производи за консумација, додека куклата е наменета за да се игра со неа).<br><br>Куклата е производ од тарифен број 9503 комбинирана со слатки од тарифен број 1704, и суштински карактер на комбинацијата е играчка (види исто така Коментарски забелешки на КН, Забелешка 4 од Глава 95).<br><br>Оттука се распоредува во тариф. подброј 9503 00 21 како кукли. |

Прилог 200

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.42/2013 | Распоредување<br>(Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пластична капсула, од две парчиња, што содржи:<br><br>- пластична вртелешка со дијаметар од 2,5 см,<br>- мастика за џвакање во форма на кугла со шекерна обвивка со содржина на сахароза 69,5% по маса (вклучувајќи инвертен шеќер изразен како сахароза). | 9503 00 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 5(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 од Глава 95 и наименување за тар. број 9503 00 и тар.подброј 9503 00 95.<br><br>Вртелешката и мастиката за џвакање не може да се смета како "стока подготвена во сетови за продажба на мало" согласно основното правило 3 (б), бидејќи тие не се ставени заедно за да исполнат одредена потреба или да извршуваат одредена активност. Тие не се поврзани една со друга и не се наменети да се користат заедно или комбинирани (мастиката за џвакање е производ за консумација, додека вртелешката е наменета за да се игра со неа).<br><br>Вртелешката е производ од тарифен број 9503 во комбинација со мастика за џвакање од тарифен број 1704, и суштински карактер на комбинацијата е играчка (види исто така Коментарски забелешки на КН, Забелешка 4 од Глава 95).<br><br>Со оглед на тоа дека пластичната капсула е амбалажа од вид кој нормално се користи за пакување на производи од ваков тип, би требало исто така да биде распоредена во истиот тарифен број како и производот. Оттука се распоредува во тариф. подброј 9503 00 95 како друга пластична играчка. |

**Прилог 201**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.43/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електрична вакум пумпа за гради, која се состои од:<br>- кукиште во кое е вградена пумпа управувана од електричен мотор, батерија и контрола за прилагодување на јачината и ритамот на вшмукување,<br>- сад во кој се вшмукува во облик на инка која е прикачена за вшмукувачот,<br>- пластичен адаптер за прикачување на шишето за млеко.<br><br>Пумпата врши ритмичко вакумирање на градите на жената за извлекување на млекото. | 8414 10 89 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8414, 8414 10 и тар.подброј 8414 10 89.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8509 како електромеханички домашни апарати е исклучено, бидејќи како производ не е од вид кој обично се користи за домашни цели (види Забелешката 3 кон Глава 85).<br><br>Производот е пумпа и затоа се распоредува во тар. подброј 8414 10 89. |

Прилог 202

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.69/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Апарат за прием, снимање или репродукција на аудио и видео сигнали (т.н. „дигитален медиа приемник") со цилиндричен облик и димензии од приближно 13 (дијаметар) × 19 (висина) см.<br><br>Апаратот вклучува:<br>- микропроцесор<br>- хард диск од 500 GB,<br>- алфанумерички дисплеј,<br>- инфрацрвен приемник за далечинско управување.<br><br>Опремен е со следните интерфејси:<br>- USB приклучок,<br>- Етернет,<br>-HDMI, S-Video, комбинирани и компонентни видео излези,<br>- дигитално оптички, дигитално коаксијални и аналогни аудио излези.<br><br>Исто така е опремен со контролни копчиња и испорачан со далечински управувач.<br><br>Апаратот е во состојба да прима аудио и видео сигнали во дигитален формат од надворешен извор (на пример, рутер, машина за автоматска обработка на податоци, дигитална камера, USB-меморија). Податоците можат да се меморираат на неговиот хард диск. Податоците се репродуцираат на монитор, телевизор или преку стерео систем.<br><br>Апаратот нема пристап до интернет. | 8521 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8521 и тар.подброј 8521 90 00.<br><br>Со оглед на своите карактеристики, капацитет за примање, снимање и репродукција на видео сигнали од различни извори и големината на хард дискот, апаратот се смета како апарат за видео снимање или репродукција на сигнали од тар. број 8521.<br><br>Оттука производот се распореди како апарат за видео снимање и репродукција на сигнали во тар. подброј 8521 90 00. |
| 2. Апарат за прием или репродукција на аудио и видео сигнали (т.н. "дигитален медиа приемник") со цилиндричен облик, со димензии од приближно 13 (дијаметар) × 19 (висина) | 8521 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8521 и тар.подброј 8521 90 00. |

| | | |
|---|---|---|
| см.<br><br>Апаратот вклучува:<br>- микропроцесор<br>-инфрацрвен приемник за далечинско управување,<br>- алфа-нумерички дисплеј.<br><br>Тој е опремен со следните интерфејси:<br>- USB приклучок,<br>- Етернет,<br>- HDMI, S-Video, сложени и компонентни видео излези,<br>- дигитално оптички, дигитално коаксијални и аналогни аудио излези,<br>- слот за хард диск.<br><br>Исто така е опремен со контролни копчиња и испорачан со далечински управувач.<br><br>Апаратот е во состојба да прима аудио и видео сигнали во дигитален формат од надворешен извор (на пример, рутер, машина за автоматска обработка на податоци, дигитална камера, USB меморија). Податоците може да се меморираат на хард диск после внесувањето.. Податоците се репродуцираат на монитор, телевизор или преку стерео систем.<br><br>Апаратот нема пристап до интернет. | | Со оглед на тоа дека апаратот ги има сите потребни електроники за извршување на функцијата на видео снимање и репрудуцирање од тар. број 8521, освен за хард дискот, треба да се земе во предвид Основното правило 2(а), суштински карактер на комплетен или завршен производ од тар. број 8521.<br><br>Производот затоа треба да се распореди како некомплетен апарат за видео снимање и репродукција од тар. подброј 8521 90 00. |
| 3. Апарат за прием и обработка на аудио сигнали (т.н. "дигитална аудио трака") со димензии од околу 19 × 9 × 8 см.<br><br>Апаратот вклучува:<br>- микропроцесор,<br>- вакум флуоресцентен дисплеј со резолуција од 320 × 32 пиксели,<br>- на екранот часовник со аларм,<br>- инфрацрвен приемник за далечинско управување.<br><br>Уредот е опремен со следните | 8519 89 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8519 и тар.подброј 8519 89 и 8519 89 19.<br><br>Со оглед на своите карактеристики, уредот е дизајниран да прима и процесира звук или директно од интернет или од ADP машина до различни аудио апарати.<br><br>Затоа апаратот треба да се распореди во тар. подброј 8519 89 19 како други апарати за репродукција на звук, кои |

| | | |
|---|---|---|
| интерфејси:<br>етернет,<br>безжичен етернет<br>дигитални оптички, дигитални коаксијални и аналогни аудио излези,<br>џек за слушалки.<br>Се испорачува со далечински управувач.<br>Апаратот може да функционира или со самостојно поврзување на интернет мрежата (без машина за автоматска обработка на податоци (ADP)) или со софтвер кој работи на таква машина.<br>Тој е способен за репродукција на аудио датотеки меморирани на машината ADP или преку интернет радио. | | немаат вградено уреди за снимање на звук. |

**Прилог 203**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.70/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е со следниот состав (% по маса):<br><br>етил алкохол 90<br><br>етил терцијарен бутил етер (ETBE) 10<br><br>Производот се транспортира во рефус пакувања. | 2207 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 2207 и тар.подброј 2207 20 00.<br><br>Тар. број 2207 дава поспецифичен опис во споредба со тар. број 3824 кој дава повеќе општ опис. Затоа, распоредувањето во тар. број 3824 е исклучено со примената на основното правило 3 (а).<br><br>Производот е проста мешаница од етил алкохол и ETBE. Нивото на процент на ЕТБЕ во производот го прави непогоден за човечка консумација, но дозволува користење на производот за индустриски цели (види, исто така, Коментарски забелешки на ХС за тар. број 2207, став четири).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар.подброј 2207 20 00 како денатуриран етил алкохол. |

Прилог 204

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.273/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Електронски апарат (т.н. "анализатор на телесни состојки ") со вграден панел индикатор со димензии од околу 30 × 30 × 4 см, кој се состои од следниве главни компоненти:<br><br>за мерење на масата: мерна ќелија и хардвер за обработка и прикажување на тежина,<br><br>за мерење на димензиите: 2 електроди на горната површин на вагата, контролни копчиња и хардвер за обработка и прикажување на мерењата.<br><br>Преку 2-те електроди при контакт со стапалата, апаратот испрака електрични струи кои, со користење на биоимпендансни карактеристики, му овозможува на апаратот да утврди, на пример, процент на телесните масти, процент на мускулите, коскената маса, телесната вода.<br><br>Апаратот, исто така, може да се користи и само како вага.<br><br>Апаратот може да меморира податоци за 10 корисници. Може да прикаже вредности од 2 мерења по корисник.<br>Апаратот е наменет за домашна употреба. | 8423 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8423 и тар.подброј 8423 10 и 8423 10 90.<br><br>Апаратот е сложен производ кој се состои од компоненти кои се распоредуваат во Глава 84 и Глава 90. Врз основа на основното правило 3 (б) треба да се распореди според компонентата која му дава на производот суштински карактер.<br><br>Поради своите објективни карактеристики, системот за мерење само со 2 електроди, се смета дека компонентата која врши мерења на масата му дава на апаратот суштински карактер.<br><br>Апаратот затоа треба да се распореди во тар.број 8423 10 90 како уред за мерење за лична употреба. |
| 2.Електронски апарат (т.н. "анализатор на телесни состојки ") во форма на вага за лична употреба со вграден панел индикатор со димензии од околу 36 × 32 × 6 см, кој се состои од следниве главни компоненти:<br><br>- за мерење на масата: мерна ќелија и хардвер за обработка и прикажување | 9031 80 38 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 9031 и тар.подброј 9031 80 и 9031 80 38.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 9018 како медицински инструмент или |

| | | |
|---|---|---|
| на тежина,<br><br>- за мерење на димензиите: подвижна рачна полуга со 4 електроди на горната површин на вагата, контролни копчиња и хардвер за обработка и прикажување на мерењата.<br><br>Преку системот со 8 електроди, сместени во рацете и под стапалата, апаратот испраќа електрични струи во вид на мулти-фреквентни мерки кои, со користење на биоимпедансни карактеристики, му овозможуваат на апаратот да утврди, на пример, процентот на телесните масти, телесната маса, индексот на телесна маса (БМИ), скелетната мускулна маса, телесната вода.<br><br>Апаратот може да се користи или од страна на здравствени специјалисти во дијагностицирање на дебелината или од други корисници за добивање на информации за нивната става, или за проверка или подобрување на истата за спортски или други цели.<br><br>Аапаратот, исто така, може да се користи само како вага.<br><br>Апаратот може да меморира податоци за 99 корисници и 300 мерења. Податоците можат да бидат пренесени на машина за автоматска обработка на податоци користејќи USB меморски стик. | | апарат е исклучено, бидејќи главно не се користи во професионалната пракса (види го првиот став на ХС Коментарски Забелешки за тар. број 9018).<br>Апаратот е сложен производ кој се состои од компоненти кои се распоредуваат во Глава 84 и Глава 90. Врз основа на основното правило 3 (б) треба да се распореди според компонентата која му дава на производот суштински карактер.<br><br>Поради своите објективни карактеристики, имено мерната технологијата што се користи, би требало да се смета дека компонентата која врши мерење на димензиите му дава суштински карактер на апаратот.<br><br>Оттука апаратот се распоредува во тар. подброј 9031 80 38 како други електронски мерни инструменти. |
| 3.Електронски апарат (т.н. "анализатор на телесни состојки") со основа за мерење на маса и столб на чиј врв е контролната табла со вграден панел индикатор со димензии од околу 120 × 87 × 52 cm, кој се состои од следниве главни компоненти:<br><br>- за мерење на масата: мерна келија и хардвер за обработка и прикажување на тежина, | 9031 80 38 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 9031 и тар.подброј 9031 80 и 9031 80 38.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 9018 како медицински инструмент или апарат е исклучено, бидејќи не се користи во професионалната пракса |

| | | |
|---|---|---|
| за мерење на димензиите: 2 подвижни рачни полуги со по две електроди на секој, 4 електроди на горната површин на вагата, контролни копчиња и хардвер за обработка и прикажување на мерењата.<br><br>Преку 8-точки на тактилниот електроден систем поставени во рацете и под стапалата, апаратот испраќа електрични струи во вид на мулти-фреквентните мерки кои, со користење на биоимпендансни карактеристики, му овозможуваат на апаратот да ја утврди на пример, интрацелуларната вода, екстрацелуларната вода, протеинската маса, минералната маса, маса на телесните масти, вкупната телесна вода, маса на слободни масти, индексот на телесната маса (БМИ), скелетната мускулна маса.<br><br>Апаратот е опремен со следните приклучоци:<br>- RJ 45,<br>- USB приклучок,<br>- RS232,<br>- 25 пински D-Sub.<br><br>Апаратот може да се користи или од страна на здравствени специјалисти во дијагностицирање на дебелината или од други корисници за добивање на информации за нивната става, или за проверка или подобрување на истата за спортски или други цели.<br><br>Апаратот може да биде поврзан со машина за автоматска обработка на податоци или принтер. | | (види го првиот став на ХС Коментарски Забелешки за тар. број 9018).<br><br>Апаратот е сложен производ кој се состои од компоненти кои се распоредуваат во Глава 84 и Глава 90. Врз основа на основното правило 3 (б) треба да се распореди според компонентата која му дава на производот суштински карактер.<br><br>Поради своите објективни карактеристики, имено, мерната технологијата што се користи би требало да се смета дека компонентата која врши мерење на димензиите му дава суштински карактер на апаратот.<br><br>Оттука апаратот треба да се распореди во тар. подброј 9031 80 38 како други електронски мерни инструменти. |

**Прилог 205**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.274/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Модул дисплеј во боја со течни кристали (LCD) со дијагонална на екранот од 16,5 см (6,5 инчи) со вграден уред од страната и алуминиумски систем за ладење од задната страна, со димензии од околу 16 × 10 × 2 см.<br><br>Модулот се состои од ниско-напонски диференцијално сигнализациски (LVDS) приемник, диоди за емитување на светлост (LED) позадинско осветлување со интегрирана контрола на осветленоста, и LED драјвер коло, печатени плочи со контролна електроника за насочување на пиксели што се состои само од еден микроконтолер и 10 - пински LVDS интерфејс.<br><br>Екранот ги има следниве карактеристики:<br><br>- резолуција од 400 × 240 пиксели,<br><br>- размер на екран 16 : 9,<br><br>- густина на точки (dot pitch) 0,1195 (* 3) × 0,3305 милиметри.<br><br>Модулот не вклучува механизам за процесирање на видео сигнали, на пример, видео конвертор, скалар (собирач на електронски импулси) или тјунер.<br><br>Модулот е наменет за вградување во командната табла на моторно возило за прикажување на видео сигнали. | 8529 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) од Оддел XVI, Забелешка 2 (г) од Оддел XVII и наименување за тар. број 8529 и тар.подброј 8529 90 и 8529 90 92.<br><br>Со оглед на тоа што модулот нема никакви компоненти за видео процесирање на сигналот, распоредувањето како нецелосен монитор во тар. број 8528 е исклучено.<br><br>Модулот не се распоредува во тар. број 8531, бидејќи не се смета дека е апарат за електрична визуелна сигнализација од тар. број 8531 или дел од таков апарат во поглед на неговите карактеристики (види, исто така, ХС Коментарски забелешки од тар. број 8531).<br><br>Модулот се состои само од единица за позадинско осветлување, LED драјвер коло и печатени плочи со контролна електроника за адресирање на пиксели. Како резултат на тоа, распоредувањето во тар. број 9013 е исклучено (види, исто така, на ХС Коментарски забелешки од тар. број 9013 (1)).<br><br>Со оглед на тоа што модулот е дизајниран за прикажување на видео сигнали тој е дел кој се распоредува во тар. број 8529 (види, исто така, Коментарски Забелешки на КН за тарифниот подброј 8529 90 92). Оттука се распоредува во тар. подброј 8529 90 92 како дел погоден за употреба исклучиво или главно за апарати од тар. број 8528. |

Прилог 206

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.275/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Модул дисплеј со течни кристали (LCD) со дијагонална на екранот приближно 11 см (4.3 инчи) и резолуција од 480 × 272 пиксели, во рамка, опремен со печатени кола, утврдени пиксели и позадинско осветлување.<br><br>Модулот е дизајниран да биде вграден во различни производи, кои се распоредуваат во Глава 85, на пример, медиумски плеери или радио приемници, кои можат да бидат распоредени во различни тар. броеви, како што се 8519, 8521, 8527 или 8528. | 8548 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (в) од Оддел XVI и наименување за тар. број 8548 и тар.подброј 8548 90 и 8548 90 90.<br><br>Овој модул може да се вгради во уреди распоредени, на пример, во тар. број 8519, 8521, 8527 или 8528, и не е погоден за употреба исклучиво или главно за апарати од тар. број 8519 или 8521 или за употреба единствено и главно за апарати од 8525 до 8528. Како резултат на тоа, распоредувањето во тар. броеви 8522 и 8529 е исклучено.<br><br>Оттука овој модул треба да се распореди во тар. подброј 8548 90 90 како електронски дел од машини или апарати, на друго место неспомнати ниту опфатени во Глава 85. |

**Прилог 207**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.276/2013 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Бродска плоча направени од сложено дрво, со димензии околу 0,15 x 0,02 x 3,7 m и составено од отпадни дрвени влакна (60%), рециклирана пластика (HDPE) (30%), не-пластични адитиви, полнители, УВ стабилизатори и пигменти (10%). Плочата е произведена со екструзија. Таа е со правоаголна форма на профилот и густина од 1,20 g / cm³.<br><br>Горната површина е гранударна и текстурирана, додека долната површина е ребреста. Плочата по целата должина на страната има жлебови..<br><br>Таа има карактеристики на крут нефлексибилен пластичен производ, со дрвен одпадок како полнител. Таа е замена за дрво и се користи за изработка, на пример, надворешни подови и пешачки патеки. | 3918 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 3918 и тар.подброј 3918 90 00.<br><br>Со оглед на тоа дека дрвените влакна само го сочинуваат полнителот, а пластиката ги држи дрвените влакна и му го дава на производот неговиот суштински карактер, распоредувањето во Глава 44 како производи од дрво е исклучена (види, исто така, Коментарски забелешки на ХС кон Глава 44). Соодветно на тоа, производот се смета за пластика која се користи за надворешни подови.<br><br>Оттука се распоредува како подна прекривка од пластика во тар. подброј 3918 90 00. |

Прилог 208

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.277/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ направен од пластика со неколку мали отвори. Претставува изолационо тело за конектор. Не содржи метални контакти, терминали или било кој друг проводен материјал.<br><br>Производот е наменет да ги изолира и држи на место електричните жици со конекции (терминали) или контактни елементи на краевите.<br><br>Жиците треба да се вметнат во отворите на телото на конекторот. Производот ги заштитува и изолира проводните контакти еден од друг, спречувајќи краток спој и од надворешната средина, за да се спречи продирање, на пример, на нечистотија.<br><br>(*) Види слика.<br><br> | 8547 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (а) од Оддел XVI и наименување за тар. број 8547 и тар.подброј 8547 20 00.<br><br>Производот е целосно направен од не-проводен материјал и е наменет за изолациони цели, тој е изолационен фитинг од пластика (види, исто така, ХС Коментарски забелешки кон тар. број 8547, точка (А), прв став).<br><br>Распоредувањето во тар. број 8538 како делови погодни за употреба исклучиво или главно за апарати од тар. броеви 8535, 8536 или 8537 е исклучено, и бидејќи производот е опфатен со тар. број 8547 и затоа треба да се распореди во својот соодветен тарифен број, во согласност со Забелешка 2 (а) од Оддел XVI.<br><br>Оттука се распоредува во тар. подброј 8547 20 00 како изолациони фитинзи од пластика. |
| (*) Сликата е само за информација. | | |

**Прилог 209**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 278/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Кутија со димензии приближно 33 × 10 × 10 cm, изработена од метална фолија со дебелина од околу 0,2 мм.<br><br>На надворешната страна од кутијата стои бренд логото и името.<br><br>Во внатрешноста на кутијата постои лесно монтажна пластична апликација специјално обликувана за да се приспособи на шишето.<br><br>Кутијата е дизајнирана за да се користи како пакување за шише вино.<br><br>Кутијата е презентирана (се увезува) без шишето. | 7326 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 7326, и тар.подброј 7326 90 и 7326 90 98.<br><br>Со оглед на карактеристиките, производот е метална кутија за подарок со посебна апликација. Тар. број 4202 ги опфаќа производи од различна природа погодни за долгорочна употреба (како што е контејнер за очила, за музички инструменти, за оружје и слични контејнери) специјално обликувани или внатрешно опремени да содржат одредени алатки со или без ниven прибор. Производот не е сличен на куферите и контејнерите од тар. број 4202 (види, исто така, на ХС Коментарски забелешки кон тар. број 4202). Затоа распоредувањето во тар. број 4202 како куфери и слични контејнери е исклучено.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7310 како кутии или слични контејнери е исто така исклучено, бидејќи производот не е поголем контејнер кој се користи за комерцијален пренос и за пакување на стоки ниту е помал сад кој главно се користи како продажно пакување за путер, пиво, бисквити, итн. Тар. број 7310 опфаќа производи кои се користат како транспортни или продажни контејнери за стоки, додека производот е подарок кутија која го држи шишето и го подобрува неговиот изглед, додека шишето во себе содржи течност (види, исто така, на ХС Коментарски забелешки кон тар. број 7310).<br><br>Распоредувањето во тар. број 7323 |

| | | |
|---|---|---|
| | | како трпезариски, кујнски или други производи за домаќинството е исто така исклучено, бидејќи не е производ кој се користи за кујнски или трпезариски цели или друг апарат за домаќинство, но претставува метална кутија-подарок со ограничена употреба (видете исто така на ХС Коментарски забелешки кон тар. број 7323).<br><br>Производот треба да се распореди во тар. подброј 7326 90 98 како други производи од железо или челик. |

**Прилог 210**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.279/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Флексибилна цевка направена од полиамид со транспарентен крај, зајакнат одвнатре со тенка исплетена жица која е составен дел на цевката. Цевката е 125,5 см долга и има надворешен дијаметар од 2,8 мм.<br><br>Цевката не е стерилизирана пред увозот. Таа е ненамотана, во двојно пакување.<br><br>Цевката е наменета да се користи од страна на медицински стручни лица за вметнување на 'стент' во човечкото тело. Цевката не останува во телото после употребата. | 3917 39 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 39 и наименувание за тар. број 3917 и тар.подброј 3917 39 00.<br><br>Со оглед на нејзините објективни карактеристики и својства, стоката ги задоволува условите од тар. број 3917 и ги исполнува барањата на Забелешка 8 од Глава 39.<br><br>Намената на употреба на цевката не е својствена на нејзините објективни карактеристики, односно, цевката не може да се идентификува како инструмент или уред кој се користи во медицинските науки. Како резултат на тоа, распоредувањето во тар. број 9018 е исклучено.<br><br>Оттука се распоредува во тар. подброј 3917 39 00 како други цевки од пластика. |

Прилог 211

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.327/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ претставен во форма на ролни (18 мм × 200 мм), подготвени за продажба на мало, во кутија која содржи 10 ролни. Секоја ролна тежи 28 g и се состои од следните компоненти (% по маса):<br><br>сушени листови од див пелин (Artemisia vulgaris) 95<br><br>други сушени билки (како жалфиа) 5<br><br>Производот се користи за третирање на пациенти: ролните се запалени и се држат во близина на кожата на пациентот на специфични акупунктурни точки и се палат за да предизвикаат длабоко продирање на топлина. | 1404 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 1 од Глава 30 и наименување за тар. број 1404 и тар.подброј 1404 90 00.<br><br>Производот се состои од различни видови на растенија. Како резултат на тоа, распоредувањето како растенија и делови од растенија од еден вид во тар. број 1211 е исклучено (види, исто така, Коментарски забелешки на Хармонизиран систем за тар. број 1211).<br><br>Производот не е наменет за човечка исхрана. Како резултат на тоа распоредувањето во тар. број 2106 е исклучено.<br><br>Производот не ги исполнува барањата на Дополнителна забелешка 1 кон глава 30. Поради тоа не може да се распореди во тар. број 3004 како билни или хомеопатски медицински препарат.<br><br>Производот не се употребува како парфимериски, козметички или тоалетен препарат. Како резултат на тоа, распоредувањето во тар. број 3307 е исклучено.<br><br>Оттука производот се распоредува како растителни производи на друго место неспомнати или опфатени во тар. подброј 1404 90 00. |

**Прилог 212**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.384/2013** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој има облик на цилиндар со дијаметар од околу 7 мм и должина од приближно 130 милиметри, кој се состои од надворешен слој на хартија која ги држи на место следните компоненти:<br><br>- три филтри од целулозни ацетатни влакна, со активен јаглерод (C),<br>- четири филтри од целулозни ацетатни влакна, кои исто така, содржат импрегнирани влакна (импрегнирани со аглутинатна супстанција која не навлегува во внатрешните слоеви на влакната) (I),<br>- два филтри од целулозни ацетатни влакна (A),<br>- четири компоненти на ароматичен ориентален тутун од вид кој се употребува во цигарите (T).<br><br>Што се однесува до целулозните ацетатни влакна во различните филтри (C, I, A), влакната се ориентирани паралелно едни со други. Влакната формираат флексибилно, сунѓересто тело со рамномерна дебелина и лесно се одвојуваат и кинат .<br><br>Во цилиндарот, компонентите се сместени по следниот редослед:<br>- C (со должина приближно 6 mm),<br>- I (со должина приближно 10 mm),<br>- T (со должина приближно 10 mm),<br>- A (со должина приближно 13 mm),<br>- T (со должина приближно 10 mm),<br>- I (со должина приближно 10 mm),<br>- C (со должина прближно 12 mm),<br>- I (со должина приближно 10 mm),<br>- T (со должина приближно 10 mm), | 5601 22 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 4 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 5601 и тар.подброј 5601 22 и 5601 22 10.<br><br>Производот содржи повеќе филтри одколку компоненти на тутун. Тутунот е ставен помеѓу два филтри и оттаму не може да биде согорен, туку само се користи како ароматична компонента во цигарите. Тутунот зафаќа само приближно една третина од волуменот на производот. Како резултат на тоа, различните филтри му го даваат на производот неговиот суштински карактер во смисла на Основното правило 3 (б).<br><br>Чистите целулозни ацетатни влакна (A), заедно со импрегнираните (I) го прават поголемиот процент од масата и волуменот одколку целулозните ацетатни влакна со активен јаглерод (C). Следствено на тоа, филтрите направени од чисти и импрегнирани целулозни ацетатни влакна (A, I) му го даваат на производот својот суштински карактер во согласност со значењето на основното правило 3 (б).<br><br>Филтрите направени од чисти и импрегнирани целулозно ацетатни влакна (A, I) ја немаат потребната кохезија и цврстина. Поради тоа, распоредувањето во тар. број 5602 како "филц" или во тар. број 5603 како "неткаени" е исклучено.<br><br>Филтрите направени од чисти и импрегнирани целулозно ацетатни влакна (A, I) не се направени од текстилни "ткаенини" во рамките на |

| | | |
|---|---|---|
| -А (со должина приближно 13 mm),<br>-Т (со должина приближно 10 mm),<br>- I (со должина приближно 10 mm),<br>- С (со должина приближно 6 mm).<br><br>Процентот по маса од различни материјали во производот се:<br><br>- С: приближно 17%,<br>- I: приближно 16%,<br>- А: приближно 8%,<br>- Т: приближно 41%,<br>- хартија: приближно 18%.<br><br>Производот е дизајниран за да се сече и да се користи во производството на филтер цигари. Од објективните карактеристики на производот не е видливо како ќе биде сечен.<br><br>(Види слики)<br><br> | | значењето на Забелешка 1 кон Глава 63. Поради тоа, распоредувањето во тар. број 6307 е исклучено.<br><br>Внатре во филтрите направени од чисти и импрегнирани целулозно ацетатни влакна (А,I), влакната се ориентирани паралелно едни со други. Поради тоа, тие се исклучени од распоредувањето во тар. број 5601 како "производи од вата".<br><br>Доколку филтрите се направени од чисти и импрегнирани целулозно ацетатни влакна (А, I), не можат да се распоредуваат во било кој тарифен број согласно Основните правила од 1 до 3. Тие треба да бидат распоредени со примена на Основното правило 4 во тарифниот број соодветен за стоките за кои тие се најслични.<br><br>Доколку влакната лесно се одделуваат и „откинуваат" и формираат флексибилно, сунѓересто тело со таква дебелина, нивниот надворешен изглед е како на вата. Поради тоа, филтрите (А, I) треба да се распоредени во тар. број 5601 (види, исто така, ХС мислење за распоредување на стапчиња за правење филтер цигара во тар. подброј 5601 22).<br><br>Импрегнацијата на целулозно ацетатни влакна (I) не ги исклучува во распоредувањето во тар. број 5601, бидејќи аглутинатната супстанција не пенетрира во внатрешните слоеви на влакната (види ХС Коментарски забелешки за тар. број 5601, (А), став четири).<br><br>Затоа производот треба да се распореди во тарифна ознака 5601 22 10 како "производ од вата од вештачки влакна". |
| (*) Сликите се само за информација. | | |

Прилог 213

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.385/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ составен од 25 марамчиња направени од неткаен текстил со големина од околу 15 см x 20 см марамче, подготвени во пластична кеса за продажба на мало.<br><br>Меѓу другите состојки, марамчињата се импрегнирани со вода, соино масло, масло од сладок бадем (Prunus dulcis), цетил алкохол, ксантан гума, парфем/мирис, цитронеллол, гераниол, глицерин, тетранатриум EDTA и динатриум кокоамфодиацетат.<br><br>Согласно обезбедените информации производот се користи за отстранување на шминка, тонизирање и чистење на нормална и комбинирана кожа. | 3304 99 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Оддел VI, Забелешка 4 кон Глава 33 и наименување за тар. број 3304 и тар.подброј 3304 99 00.<br><br>Површинско активното средство (динатриум кокоамфодиацетат) содржан во производот не му го дава на производот неговиот суштински карактер бидејќи тоа има само функција на емулгатор. Како резултат на тоа, распоредувањето во тарифен број 3401 е исклучено (види исто така ХС Коментарски забелешки за тар. број 3401, исклучување (в)).<br><br>Забелешка 4 кон Глава 33 не може да се примени, бидејќи суштински карактер на производот е нега на кожата. Поради ова распоредувањето во тар. број 3307 е исто така исклучено.<br><br>Бидејќи производ се користи за отстранување на шминка, тонизирање и чистење на кожата, тој е препарат за нега на кожата (види, исто така ХС Коментарски забелешки за тар. број 3304).<br><br>Оттука производот треба да биде распореден во тар. број 3304 како препарат за нега на кожа. |

Прилог 214

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 386/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот се состои од 20 μg до 5 mg рекомбиниран хуман гликопротеин (laminin) како воден буфер.<br><br>Производот е наменет за употреба за превлекување на садови за клеточни култури. Служи како матрица за развој на матични клетки преку подобрување на површината на таквите садови на кои клетките можат да се придржуваат.<br><br>Производот не обезбедува храна за матични клетки и треба да се користи во комбинација со медиум за клеточни култури со цел одржување или развој на матичните клетки. | 3504 00 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 3504 и тар.подброј 3504 00 90.<br><br>Бидејќи производ служи само како матрица за развој на матични клетки и се користи во комбинација со медиум за клеточни култури и не може да се смета како подготвен медиум за култури од тар. број 3821 (види, исто така, ХС Коментарски забелешки (HSEN) исклучување од тар. број 3821).<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 3822 е исклучено затоа што тоа не се користи во евалуацијата на физичките, биофизичките или биохемиските процеси или во аналитички реакции (види, исто така, HSEN за тар. број 3822, прв став).<br><br>Ламинини се други протеински материи од тар. број 3504, не опфатени во по специфичен тар. број (види, исто така, HSEN за тар. број 3504, точка (Б)).<br><br>Производот оттука се распоредува како други протеински материи од тар. број 3504. |

**Прилог 215**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.387/2013** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во желатински капсули, подготвени за продажба на мало. Секоја капсула ги содржи следните состојки:<br><br>прав од кората на рас. Мачкини нокти (Uncaria tomentosa) 500 mg<br><br>Аскорбил палмитат 57mg<br><br>микрокристална целулоза 79 mg<br><br>оризово брашно 17 mg<br><br>силика 32 mg<br><br>Производот содржи приближно 17% по маса на скроб/гликоза.<br><br>Согласно декларацијата, производот е претставен како додаток во исхраната за човечка консумација. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (а) кон Глава 30, Дополнителна Забелешка 1 кон Глава 30 и наименување за тар. број 2106 и тар.подброј 2106 90 и 2106 90 98.<br><br>Бидејќи концентрацијата на активната материја или материите содржани во производот не се наведени на етикетата (декларацијата), на пакувањето или на придружните кориснички насоки, барањата на Дополнителната Забелешка 1 кон Глава 30 не се исполнети. Како резултат на тоа, распоредувањето во тар. број 3004 како лек е исклучено.<br><br>Производот претставува прехранбен препарат во форма на капсули. Обвивката на капсулата е фактор кој заедно со содржината, ја одредува употребата и карактерот на производот.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 2106 90 98 како прехрамбени производи на друго место неспомнати или опфатени (види исто така ХС Коментарски забелешки за тар. број 2106, точка (16)). |

Прилог 216

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.442/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Хомогенизирана, не зрнеста, мека паста со мирис на зачин и предоминантен солен, вкус на зачин („Shiro miso").<br><br>Производот се состои од (% по маса):<br><br>- соја 43;<br>- ориз 43;<br>- сол 12;<br>- вода 2.<br><br>Пастата е добиена со ферментација (Koji mould) на мешаница од обарена соја и обарен ориз.<br><br>Различни вкусови се развиваат за време на ферментацијата и производот се користи како состојка во традиционални јапонски јадења. | 2103 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 2103 и тар.подброј 2103 90 и 2103 90 90.<br><br>Производот се додава на јадења за да ги ароматизира, може да биде употребен во широка варијација на јадења и ги задоволува карактеристиките на мешани мирудии и мешани мирудиски средства од тар. број 2103.<br><br>Производот е препарат кој се додава како арома во јадења, и не е наменет самостојно за јадење. Затоа распоредувањето во тар.број 2008 е исклучено (види исто така ХС Коментарски забелешки за тар. број 2103, (А), став трет).<br><br>Бидејќи наименуванието на тар.број 2103 е поспецифично, распоредувањето во тар.број 2106 како прехранбени производи на друго место неспомнати или опфатени е исклучено.<br><br>Поради тоа производот треба да се распореди во тар.ознака 2103 90 90 како други мешани мирудии и мирудиски средства. |

Прилог 217

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.443/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во вид на мали залчиња во форма на свод, ароматизиран со сирење и составен од пченка, растително масло, сирење во прав (екстракт од квасец, обојувачи, млеко во прав, сол, скроб и декстроза).<br><br>Производот е произведен од сушена, кршена пченка (пченкарен оброк), која е навлажнета со вода (6% до 9%). Водата е додадена како процесно средство. Мешаницата се проследува во машина за екструзија под висок притисок и топлина. Пастата експандира кога ќе се достигне атмосферскиот притисок.<br><br>Процесот на екструзија се одвива на температура од 150°C. После екструзијата производот се суши и лесно пече на температура од 120-130 °C во електрични сушари. После тоа производот се проследува во барабан за преливање каде се премачкува со мешаница од масло и сушени производи.<br><br>Производот е приготвен за продажба на мало во пакувања од 34 г до 450 г. | 1904 10 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 1904 и тар.подброј 1904 10 и 1904 10 10.<br><br>Поради тоа што производот е добиен од пченкарна паста екструдирана под притисок и топлина, се смета дека била добиена со бабрење. Соодветно се смета како храна приготвена со бабрење или пржење на жита или производи од жита во смисол на значењето на тар.подброј 1904 10 (види исто така ХС Коментарски забелешки за тар. број 1904, (А)).<br><br>Распоредувањето во тар. број 1905 е исклучено поради тоа што производот не е направен од тесто ниту понатаму загреван, (види исто така ХС Коментарски забелешки за тар. број 1904, (А), став петти).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 1904 10 10. |

**Прилог 218**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.535/2013** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пола од кућиштето е изработено од пластика, со разновидни слотови и прибори, специјално формирано и обликувано да клапне на другата половина од кућиштето, со приближни димензии 7,5 x 5 см.<br><br>Производот е дизајниран да се употребува како дел од поклопецот на механизмот за затварање на сигурносни појаси кои се употребуваат на пример, во моторните возила.<br><br>(*) Види слика<br> | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 3926 и тар.подброј 3926 90 и 3926 90 97.<br><br>Распоредувањето во тар.број 8708 е исклучено, поради тоа што тој тар.број ги опфаќа само сигурносните појаси за возила од тар.број 8701 до 8705, но не и нивни делови.<br><br>Оттука производот треба да се распореди согласно материјалот од кој е изготвен во тар. подброј 3926 90 97 како други производи од пластика. |
| (*) Сликата е само за информација. | | |

Прилог 219

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.540/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Завртка направена од нерѓосувачки челик, со димензии приближно 2 см.<br><br>Главата на завртката се состои од вдлабнат подвижен дел.<br><br>Телото е делумно нарежано со правилна форма. Заостренилт врв има прорез и не е раздвоен.<br><br>Производот е дизајниран за употреба за дрво и дрвени панели.<br><br>(*) Види слика<br> | 7318 12 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 7318 и тар.подброј 7318 12 и 7318 12 10.<br><br>Со оглед на неговите карактеристики (делумно нарежано тело, прорез на заостренилт врв кој не е раздвоен), производот е специфично дизајниран да навлезе во дрвото. Затоа производот се смета дека е завртка за дрво во тар. подброј 7318 12.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 7318 12 10 како завртка за дрво од нерѓосувачки челик. |
| (*) Сликата е само за информација. | | |

**Прилог 220**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.615/2013** | **Распоредување (Тар. Ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цилидричен предмет изготвен од легура на алуминиум, со отвори и вдлабнатини, со должина приближно 8 см и дијаметар приближно 4 см.<br><br>Производот се употребува како дел од механизам за извлекување на сигурносни појаси, на пример, за моторни возила, глисери и жичари.<br><br>(*) Види слика<br><br> | 7616 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 7616 и тар.подброј 7616 99 и 7616 99 90.<br><br>Распоредувањето во тар.број 8708 е исклучено, поради тоа што тар. број опфаќа само сигурносни појаси за возила од тар. број 8701 до 8705 но не и делови за нив.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8302 како окови, прибор и слични производи од прости метали погодни за каросерии е исклучено поради тоа што предметот не е дел од трупот на колата, туку дел од од уред за собирање на сигурносните појаси.<br><br>Предметот оттука се распоредува согласно материјалот од кој е изработен во тар. подброј 7616 99 90 како други проиводи од алуминиум. |
| (*) Сликата е само за информација. | | |

Прилог 221

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.616/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Предмет изготвен од крута обликувана пластика составен од три до четири рачки.<br><br>Производот нема делови кои слободно се движат (на пример. тркала, кугли или ролери), меки издатоци или други флексибилни приклучоци.<br><br>Тој е дизајниран да се употребува како производ за рачна масажа на телото со триење на едната или повеќето рачки на соодветните делови од телото. Ефектот од масажата се добива со притисок извршен од лицето кое ја спроведува масажата.<br><br>(*) Види слика<br> | 9019 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 9019 и тар.подброј 9019 10 и 9019 10 90.<br>Со оглед на неговата специфична форма, производот е наменет да се користи како рачен апарат за масажа на тело.<br><br>Производот работи со триење. Отсуството на подвижни делови не го исклучува распоредувањето како масажерски апарати (види ХС Коментарски забелешки за тар. број 9019, (II), став два, каде се споменуваат прости гумени ваљаци и слични масажерски направи).<br><br>Оттука производот треба да се распореди во тар. подброј 9019 10 90 како масажерски апарати. |

| | | |
|---|---|---|
|   | | |
| (*) Сликите се само за информација. | | |

**Прилог 222**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.641/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Сет приготвен за продажба на мало, таканаречен „пратечки сет за камини", составен од:<br><br>– поден држач за алат од леано железо,<br>– метална прачка за разгорување на огнот,<br>– лопата,<br>– маша.<br><br>Сетот е дизајниран за ракување со јаглен, дрва и пепел во камин. | 8205 51 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8205 и тар.подброј 8205 51 00.<br><br>Производите се сметаат за стока приготвена во сетови за продажба на мало, во смисла на примена на Основното правило 3(б), бидејќи тие се приготвени за малопродажба за заедно да задоволат одредена потреба или да извршуваат одредена активност, одржување на каминот.<br><br>Суштинскиот карактер на сетот му дава рачниот алат од тар. број 8205 (метални прачка за разгорување на огнот, лопата и маша), бидејќи се користат за камин, додека сталакот само ги држи нив. Затоа сетот се распоредува според рачниот алат.<br><br>Оттука сетот треба да се распореди во тар. подброј 8205 51 00 како рачен алат. |
| 2. Сет приготвен за продажба на мало, таканаречен „пратечки сет за камини", составен од:<br><br>– поден држач за алат од нерѓосувачки челик,<br>– метална прачка за разгорување на огнот,<br>– лопата,<br>– четка,<br>– маша.<br><br>Сетот е дизајниран за ракување со јаглен, дрва и пепел во камин.<br><br>(*) Види слика | 8205 51 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 8205 и тар.подброј 8205 51 00.<br><br>Производите се сметаат за стока приготвена во сетови за продажба на мало, во смисла на примена на Основното правило 3(б), бидејќи тие се приготвени за малопродажба за заедно да задоволат одредена потреба или да извршуваат одредена активност, одржување на каминот.<br><br>Суштинскиот карактер на сетот му дава рачниот алат од тар. број 8205 (метални прачка за разгорување на огнот, лопата |

| | | |
|---|---|---|
|  | | и маша), бидејќи се користат за камин, додека сталакот само ги држи нив и тие се побројни споредено со една четка. Затоа сетот се распоредува според рачниот алат.<br><br>Оттука сетот треба да се распореди во тар. подброј 8205 51 00 како рачен алат. |
| (*) Сликата е само за информација. | | |

Прилог 223

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.671/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во облик на птица, кој се состои од рамна ткенина со димензии од околу 26 см x 32 см, составен од различен текстилен материјал.<br><br>Главниот дел на производот е изработен од единечен слој на замкаст фротир, на едната страна е зашиено крило од ткаен материјал кој има облик на круна. Од другата страна замкастиот фротир е опшиен со трака од ткаен материјал. На замкастиот фротир е сошиено парче ткаенина во форма на триаголник кој го претставува клунот на птицата. Очите се отпечатени на полусошиеното парче фротир, а на другата замкаста страна на материјалот се сошиени две парчиња на ткаенина во форма на нозе. Украсно исеченото парче ткаенина претставува опашка на птицата.<br><br>На горната страна на замкастиот фротирот се зашиени етикети, врвци и траки од ткаен материјал во разни бои на кои има означено броеви.<br><br>(*) Види слика<br><br> | 6307 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (ѓ) и 8 (а) кон Оддел XI, Забелешка 2 (А) за тар. подброј кон Оддел XI, Забелешка 1 кон Глава 63 и наименованието на тар.број 6307 и тар. подброј 6307 90 и 6307 90 10.<br><br>Производот не е наменет за забава на доенчиња, со оглед на тоа дека ниту формата на производот, ниту бројките односно знаците не се препознаваат во оваа смисла, туку се користи за смирување на доенчињата со истиот. Затоа, производот не може да се распореди како "други играчки" од тарифниот број 9503 (да се видат исто така Коментарски Забелешки на Хармонизиран Систем за тар. број 9503 точка Г став 1).<br><br>Оттука производот треба да се распореди во тар. подброј 6307 90 10 како "други готови производи плетени или кукичани" |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 224

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.699/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Песок за мачки кој се состои од природна бентонитна глина која е исушена и третирана со антибактериско средство и измешана со активен јаглен за да се спречи ширењето на бактерии и мириси. Бентонитната глина е со содржина поголема од 94% по маса на производот.<br><br>Производот се продава во пакувања со различна големина. | 3824 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 3824 и тар. подброј 3824 90 и 3824 90 97.<br><br>Производот е добиен со мешање на бентонитна глина со анти-бактериско средство и активен јаглен. Поради тоа распоредувањето на производот во останати глини во тар. број 2508 е исклучено (Забелешка 1 кон Глава 25).<br><br>Со додаток на антибактериско средство и активен јаглен не се менува ни формата ниту природата на составниот материјал. Распоредувањето на производот во тар. број 6815 во производи од камен или останати минерални субстанции, на друго место неспомнати или опфатени, е исключено (види исто така, Коментарски Забелешки на Хармонизиран Систем кон Глава 68, општи одредби, став три).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 3824 90 97 во хемиски производи и препарати на хемиската индустрија или сродни индустрии, на друго место неспомнати или опфатени. |
| 2. Песок за мачки кој се состои од проѕирни гранули на силициум диоксид со округла и овална форма (силика гел). Производот вклучува видлива количина на обоени гранули.<br><br>Обоените гранули се добиени со додаток на сина боја.<br><br>Производот се продава во пакувања | 3824 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 3824 и тар. подброј 3824 90 и 3824 90 97.<br><br>Сината боја се додава исклучиво само поради комерцијални или промотивни цели, а не поради |

| | | |
|---|---|---|
| со различна големина. | | идентификација на силициум диоксидот. Освен тоа, силициум диоксидот во форма на гранули не претставува опасност за сигурност. Затоа распоредувањето на производот во тар. број 2811 е исклучено ( Забелешка 1 (д) кон Глава 28).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 3824 90 97 во хемиски производи и препарати на хемиската индустрија или сродни индустрии, на друго место неспомнати или опфатени. |

**Прилог 225**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.704/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Електронска контролна единица за работен напон не поголем од 1000 V (контролен модул на каросеријата) обликуван како составен дел на електронскиот систем за контрола на возилото со димензии приближно 16 x 13x 3 cм, а се состои од:<br><br>- управувачки уред (контролер) со програмибилна меморија со активни и пасивни делови, на пример, транзистори, диоди, процесор, одпорници, кондензатори и пригушници,<br><br>- вграден приемник и приклучна антена.<br><br>Единицата прима сигнали по пат на рачно управувани копчиња и сензори (на пример сензор за дожд и фото-сензор), ги обработува и врз основа на тоа управува со различни уреди во возилото, на пример со бришачите од шофершајбната, греачите на стакло, внатрешното светло, предните и задните светла за магла, светлата за дневно возење. Го контролира и активирањето на сигналните уреди како што се предупредување за врзување на каиш и предупредување за прекумерената брзина.<br><br>Контролната единица прима сигнали од клучот за далечинско заклучување и отклучување на вратата на возилото. | 8537 10 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (ѓ) кон Оддел XVII и наименованието на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 и 8537 10 99.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8512 е исклучено бидејќи единицата не содржи никаков уред за визуелна или звучна сигнализација, туку само го става во погон таквиот уред.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9032 исто така е исклучено бидејќи единицата нема функција на автоматско управување со електрични или неелектрични вредности (Забелешка 7 кон Глава 90).<br><br>Единицата е наменета за вршење на две или повеќе алтернативни функции, опфатени во тар. подброј 8537 10 91 и 8537 10 99. Ја врши функцијата контролер со програмибилна меморија која се користи за електрично управување на уредите, на пример бришачите на шофершајбната и греачите на стакло (види Забелешки на Хармонизиран Систем за тар. број 8537, точка (3) и Забелешки на КН за тар. подброј 8537 10 91). Единицата ја врши и функцијата на активирање на сигналните уреди, како што се предупредување за врзување на сигурносниот појас и предупредување за прекумерена брзина. Бидејќи двете функции се еднакво важни за работата на единицата, не е возможно да се одреди главната функција на единицата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Оттука единицата се распоредува во тар. подброј 8537 10 99, како останати плочи пултови, маси, ормани и други основи за електрично управување за напон што не надминува 1000 V. |
| 2. Електронска контролна единица за работен напон не поголем од 1000 V (т.н. автоматски менувач), обликуван како составен дел на електронскиот систем за контрола на возилото со димензии приближно 8 x 6 x 3 см.<br><br>Контролниот уред се состои од активни и пасивни делови, на пример, транзистори, диоди, процесор, отпорници, кондензатори и пригушници. Контролниот уред не може да се програмира.<br><br>Единицата прима сигнали од сензорот снимајќи ја положбата на рачката на менувачот, ги обработува и врз основа на тоа управува со степенот на пренос на автоматскиот мењач кај моторните возила. | 8537 10 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (ѓ) кон Оддел XVII и наименованието на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 и 8537 10 99.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 8537 10 91 е исклучено бидејќи единицата се користи само за електрично управување на соодветно ниво на пренос на автоматскиот мењач кај моторните возила, а управувачкиот уред (контролерот) не е возможно да се програмира.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9032 исто така е исклучено бидејќи единицата нема функција на автоматско управување со електрични или неелектрични вредности (Забелешка 7 кон Глава 90).<br><br>Оттука единицата се распоредува во тар. ознака 8537 10 99, како останати плочи пултови, маси, ормани и други основи за електрично управување за напон што не надминува 1000 V. |
| 3. Електронска контролна единица за работен напон не поголем од 1000 V (паметен клуч) обликувана како составен дел на електронскиот систем за контрола на возилото со димензии приближно 15 x 12 x 4 см, а се состои од:<br><br>- управувачки уред (контролер) со програмибилна меморија со активни и пасивни делови, на пример, транзистори, диоди, процесор, отпорници, кондензатори и пригушници, | 8537 10 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (ѓ) кон Оддел XVII и наименованието на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 и 8537 10 99.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8512 е исклучено бидејќи единицата не содржи никаков уред за визуелна или звучна сигнализација, туку само го става во погон таквиот уред. |

| | | |
|---|---|---|
| вграден приемник за транспондерска комуникација (одредување на местото на клучот) меѓу клучот и единицата.<br><br>Единицата е поврзана со антената која е составен дел на возилото и овозможува откривање на клучот во близина на возилото.<br><br>Единицата прима сигнали по пат на рачно управувани копчиња и преку антената ги обработува и врз основа на тоа управува со уредите, како на пример, ја отклучува или заклучува вратата и го придвижува (пали) моторот. Управува и со движечките сигнални уреди, на пример, контролната функција при влез во возилото без клуч, се вклучува предупредување кога електронскиот клуч не е во возилото. | | Распоредувањето во тар. број 9032 исто така е исклучено бидејќи единицата нема функција на автоматско управување со електрични или неелектрични вредности (Забелешка 7 кон Глава 90).<br><br>Единицата е наменета за вршење на две или повеќе дополнителни или алтернативни функции, опфатени во тар. подброј 8537 10 91 и 8537 10 99. Ја врши функцијата контролер со програмибилна меморија која се користи за електрично управување на уредите, на пример, отклучување или заклучување на вратите на возилото и покренување, односно палење на моторот (види Забелешки на Хармонизиран Систем за тар. број 8537, точка (3) и Забелешки на КН за тар. подброј 8537 10 91). Исто така, единицата ја врши и функцијата на електрично управување со вклучување на сигналните уреди, на пример, контролната функција за влез во возилото без клуч, вклучувајќи звучно предупредување кога електронскиот клуч не е во возилото. Бидејќи двете функции се еднакво важни за работењето на единицата, не е возможно да се одреди главната функција на единицата.<br><br>Оттука единицата се распоредува во тар. подброј 8537 10 99, како останати плочи пултови, маси, ормани и други основи за електрично управување за напон што не надминува 1000 V. |

Прилог 226

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.705/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Рачен уред (т.н. "мобилен уред за патници во авион"), кој се состои од контролна единица со микрофон и звучници, различни копчиња на предниот и задниот дел, дисплеј, читач на магнетни картици и приклучок за напон кој не надминува 1 000 V, со димензии околу 16 × 4 × 2,5 cm.<br><br>Производот е наменет за вградување во патнички седишта во авиони за извршување на следните функции:<br><br>- како прекинувач и уред за контрола на различни надворешни уреди, како што се аудио / видео опрема, конзоли за видео игри или други услуги на авиони<br><br>- вршење на телефонски повици преку јавната комуникациска мрежа во воздухопловот со оглед на тоа дека со уредот аудио фреквенциските импулси се претвараат во звучни бранови и обратно<br><br>- читање на податоци од картицата<br><br>Уредот неможе да се вклучи директно на комуникациска мрежа. | 8537 10 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 (б) кон Оддел XVI и наименованието на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 и 8537 10 99.<br><br>Уредот не може директно да се поврзе со комуникациска мрежа. Затоа се исклучува распоредувањето во тар. број 8517 како телефонски апарат или друг уред за испраќање или примање на глас, слика или други податоци.<br><br>Уредот е сложен апарат кој се состои од апарати распоредени во различни тарифни броеви од Оддел XVI. Врз основа на Забелешка 3 од Оддел XVI поради своите објективни карактеристики, се смета дека основната функција на уредот ја врши составниот дел за електрично управување (контрола) бидејќи уредот се употребува првенствено за бирање на различни надворешни уреди и управување со нив. Поради тоа се исклучува распоредувањето во тар. број 8471 како читач на картица или во тар. број 8518 како микрофон или звучник.<br><br>Оттука уредот се распоредува во тар. подброј 8537 10 99, како останати плочи пултови, маси, ормани и други основи за електрично управување за напон што не надминува 1000 V. |

**Прилог 227**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.706/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Контролна единица која се состои од склоп на печатени кола кои содржат интегрирани кола (на пример. контролна единица добиена со полупроводничка технологија), пасивни елементи (на пример, отпорници, кондензатори и намотки). активни елементи (на пример, диоди и транзистори) и топлотно тело за напон до 1 000 V, во кукиште со димензии приближно 24 × 13 × 5 см.<br><br>По инсталирањето на соодветна компјутерска програма контролната единица се вградува во машина за перење и управува со нејзините функции (на пример, придвижување и запирање на моторот и системот за затоплување на водата, отворање и затворање на вентилот за вода). | 8537 10 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (а) кон Оддел XVI и наименованието на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 и 8537 10 99.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8450 како дел од машината за перење е исклучено бидејќи оваа единица е производ опфатен во тар. број од Глава 85.<br><br>Бидејќи единицата се состои од склоп на печатени кола не ги исполнува условите за електронски интегрирани кола, согласно Забелешка 8 (б) кон Глава 85. Распоредувањето во тар. број 8542 исто така се исклучува.<br><br>Бидејќи единицата може да се програмира и да се користи за електронска контрола на функциите на машината за перење, се распоредува во тар. подброј 8537 10 91 како контролен уред (контролер) со програмибилна меморија, за напон што не надминува 1000 V. |

**Прилог 228**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.707/2012 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Заварени цевки од нелегиран челик, со кружен напречен пресек, должина 3 или 6 метри, дебелина на ѕидовите 2,6 до 3,6 мм и надворешен дијаметар од 33,7 до 114,2 mm, со жлебови на двата краја.<br><br>Тие се наменети за употреба како цевки во системите за прскање.<br><br>(*) Види слика<br> | **7306 30 77** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 7306 и тар. подброј 7306 30 и 7306 30 77.<br><br>Поради своите објективни карактеристики, производот ги исполнува условите од тар. број 7306. Овој тар. број опфаќа и цевки кои се користат, на пример, во машините од Глава 84 (види Забелешки на Хармонизиран Систем за тар. број 7306).<br><br>Намената на овие цевки не е својствена за нивните објективни карактеристики, затоа што не се со посебен облик, не се направени како посебно препознатливи производи, поради тоа не се сметаат како делови од механички уреди за исфрлање, дисперзија или распрскување на течности или прав од тар. број 8424. Жлебовите служат само за поврзување на цевките. Затоа, распоредувањето во делови на машински уреди од тар. број 8424 е исклучено.<br><br>Оттука, цевките се распоредуваат во тар. подброј 7306 30 77 како останати заварени цевки од нелегиран челик. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 229**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ)<br>бр.708/2013 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. "LED ленти "), кој се состои од светлечки диоди (LED), транзистори, отпорници и заштитни диоди. Компонентите се составени од печатено коло во форма на свитливи метални ленти со леплив слој кој е заштитен со отстранлива хартија на долната страна со димензија околу 17 × 1 cm. Составните делови се меѓусебно поврзани.<br><br>Контактите на крајот на лентата се подготвени за лемење (на пример, жици) и овозможуваат поврзување на напојувањето со еднонасочна електрична енергија од 12 V.<br><br>Производот емитува светлина кога низ него ќе помине електричниот проток.<br><br>Производот е светилка изработена за употреба, на пример во намештај.<br><br>(*) Види слика<br> | 9405 40 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2 (а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 9405 и тар. подброј 9405 40 и 9405 40 99.<br><br>Со оглед на тоа дека производот се состои од склоп на печатени кола (види, исто така, Коментарски забелешки на КН, за подброј 8443 99 10 кој опфаќа електронски склопови), не ги исполнува условите за полупроводнички елементи или дискретни светлосни диоди (LED) во смисла на тар. број 8541. Затоа распоредувањето во тар. број 8541 е исклучено.<br><br>Производот ги има сите објективни карактеристики на светилки во смисла на тар. број 9405. Затоа распоредувањето во тар. број 8543 е исклучено.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, производот има суштинско значење на комплетна светилка од тар. број 9405, бидејќи за да функционира е потребно само да се приклучи на електрично напојување.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 9405 40 99 како "останати светилки". |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 230

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.709/2013 | Распоредување (Тар.ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. "температурен сензор на издувни гасови") кој се состои од:<br><br>- термистор во свое куќиште, со моќност што не надминува 20 W<br>- завртки за прицврстување<br>- осовина со која се овозможува прицврстување во внатрешноста на издувниот систем на возилата<br>- електрични кабли со навој отпорен на топлина кој производот го поврзува со утикач и со кој се овозможува врска со системот за управување на моторното возило.<br><br>Во зависност од температурата термисторот го менува отпорот. При приклучување оваа разлика во отпорот доведува до промени во електричниот проток, што се пренесува во составот за управување на моторот.<br><br>Производот не може да ја изрази излезната јачина на електричната енергија во единици за мерење на температурата или да ја прикаже вредноста на температурата. | 8533 21 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8533 и тар. подброј 8533 21 00.<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 9025 се исклучува како термометар или како дел од него, затоа што со него не може да се мери температурата ниту да се покажува нејзината вредност.<br><br>Производот е нелинеарен отпорникна кој отпорот се менува во зависност од температурата и не се менува по желба (види Коментарски забелешки на Хармонизиран Систем за тар. број 8533 (А)(5) и (Б)).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 8533 21 00 како останати електрични отпорници со моќност што не надминува 20 W. |

Прилог 231

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.710/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Уред (т.н. "приемник на радио станици за сообраќајни извештаи" (ТМС), кој се состои од ФМ приемник, воздушен кабел (антена) и систем за напојување со електрична енергија. Опремен е со USB приклучок.<br><br>Уредот прима телеметрични сигнали кои содржат информации за прометот на сообраќајот користејќи радио станица преку ФМ радио фреквентниот опсег. Уредот со USB приклучукот се поврзува со системот за глобално позиционирање (GPS), кој ги обработува примените телеметриски сигнали и прикажува на екранот информации за сообраќајот.<br><br>Уредот не прима звучни радиодифузни сигнали. | 8517 69 39 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8517 и тар. подброј 8517 69 и 8517 69 39.<br><br>Со оглед на тоа дека уредот работи само кога е поврзан со GPS, со што се зголемува функционалноста на GPS-от, се смета како дополнителна опрема за GPS и поради тоа се распоредува посебно.<br><br>Уредот не прима звучни сигнали. Затоа распоредувањето на производи во тар. број 8527 како "радиодифузен приемник" е исклучено.<br><br>Уредот не е пренослив поради тоа што работи само кога е поврзан со GPS. Покрај тоа, уредот не може самостојно да ги спроведе функциите, како што се повикување, предупредување или пребарување, бидејќи прима само телеметрички сигнали. Затоа распоредувањето на производот во тар. подброј 8517 69 31 како "преносни приемници за повикување, предупредување или пребарување" е исклучено.<br><br>Оттука уредот се распоредува во тар. подброј 8517 69 39 како "други апарати за предавање или прием на глас, слики или други податоци, вклучувајќи апарати за комуникација во жичана или безжична мрежа " (види, исто така, Коментарски забелешки на КН за тар. подброј 8517 69 39, став 6). |

**Прилог 232**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 711/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Фигури во расклопена форма, изработени од пластика, со висина од околу 4,5 см, составени од два дела. Сместени се во пластичен сад во облик на јајце, а се состои од две одвоени половини на кои рабовите навлегуваат еден во друг.<br><br>Фигурата има човеколики карактеристики на маж. Нема подвижни делови или облека која може да се симне и може да стои без поддршка.<br><br>Фигурата претставува волшебник од серија на стрипови, и претставува дел од колекцијата заедно со другите ликови од серијата. | 9503 00 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а), 5(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. подброј 9503 00 и 9503 00 95.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 9503 00 21 како кукла е исклучено, бидејќи, производот не е кукла. Кукла е модел на машка или женска човечка фигура, мало девојче или момче или фото-модел. Мали, цврсти фигури кои можат да ја одржаваат својата положба без поддршка не се сметаат за кукли.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 9503 00 49 како играчки кои претставуваат животни или нечовечки ликови, освен полнети, исто така, се исклучени бидејќи фигурата има објективни карактеристики на човек: таа нема животински или нечовечки карактеристики.<br><br>Ова е фигура со човечки облик која претставува лик од стрип (види Коментарски забелешки на КН за тар. подброј 9503 00 81 до 9503 00 99). Оттука фигурата се распоредува во тар. под.број 9503 00 95 како други играчки од пластична маса. |

**Прилог 233**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕУ)<br>бр.722/2013 | Распоредување<br>(Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Тркало со дијаметар околу 20 см и ширина приближно 5 см кое се состои од пластичен обрач и облоги од тврда пластика.<br><br>Обрачот во средината има отвор и куглично лежиште изработено од јаглероден челик.<br><br>Тркалото може да се постави на различни производи, на пример, количка за инвалидизирани лица, помагала за одење/ротатор и болнички кревети.<br><br>(*) Види слика<br><br> | **3926 90 97** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. број 3926 и тар. подброј 3926 90 и 3926 90 97.<br><br>Основната намена на тркалото не е битно поврзана со неговите објективни карактеристики затоа што е еднакво погодно за стока, на пример, од тар. број 8713 (количка за инвалидизирани лица), тар. број 9021 (помагала за одење/тркалање) и тар. број 9402 (болнички кревети). Затоа се исклучува распоредувањето на производот како дел од посебен производ.<br><br>Тркалото е сложен производ кој се состои од различни материјали (пластика и јаглероден челик). Компонентата која му дава суштински карактер на тркалото е обрачот изработен од пластика, затоа што со него најмногу се придонесува во конструкцијата на тркалото.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 3926 90 97 како останати производи од пластика. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер. | | |

**Прилог 234**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.728/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Тркало кое се состои од:<br><br>- правоаголни нерѓосувачки челични плочи, со димензии околу 14 × 10 cm, со 4 отвори за завртки<br><br>- вилушкасто кукиште од нерѓосувачки челик со ротирачко лежиште кое ротира за 360 °<br><br>- гуми на тркалото е со дијаметар од околу 13 см и ширина од околу 4 см<br><br>- пластичен прстен со лежиште.<br><br>Тркалото може да се постави на различни производи, како што се колички, болнички кревети и останати производи за домаќинство.<br><br>(*) Види слика<br><br> | 7326 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. број 7326 и тар. подброј 7326 90 и 3926 90 98.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8302 е исклучено затоа што во овој тар. број се опфатени само тркалата со дијаметар што не надминува 75 мм и со ширина што не надминува 30 мм (види Забелешка 2 кон Глава 83).<br><br>Примарната намена на тркалото не е суштински поврзана со неговите објективни карактеристики, бидејќи е еднакво погодно за стока, на пример, од тар. број 8716 (количка), тар. број 9402 (болнички кревети) и тар. број 9403 (останати производи за домаќинство). Затоа се исклучува распоредувањето на производот, како дел од посебен производ.<br><br>Тркалото е сложен производ кој се состои од различни материјали (нерѓосувачки челик, гума и пластика). Компонентата која му дава суштински карактер на тркалото е кукиштето од нерѓосувачки челик, бидејќи тоа е основата за изградба на тркалото.<br><br>Оттука тркалото се распоредува во тар. број 7326 90 98 како останати производи од железо или челик. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 235**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.729/2013 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот се состои од прав на зеленоусни школки (од видот *Perna canalicula*) погодни за човечка исхрана.<br><br>Се испорачува во вреќи од 10 кг до 20 кг. | 0307 99 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 кон Глава 23 и наименованието на тар. број 0307 и тар. подброј 0307 99 и 0307 99 80.<br><br>Производот е погоден за човечка исхрана. Затоа не е можно распоредувањето во тар. број 2301 (види Коментарски забелешки на ХС за тар. број 2301, точка (1)).<br><br>Производот ги задржал суштинските карактеристики на оригиналниот материјал (прав од школки). Затоа не е можно распоредувањето во тар. број 2309, како подготовка која се користи во исхраната на животните согласно со Забелешка 1 од Глава 23.<br><br>Поради суштинските карактеристики на производот, се распоредува во тар. број 0307 како "други брашна или храна од школки погодни за човечка исхрана". |

Прилог 236

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 766/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Течен производ изготвен од ферментирани млечни производи со додаток на овошје и житни снегулки, кој се состои од (% по маса):<br><br>- јогурт (содржина на млечни масти 1,9% по маса) 78,9<br>- шекер 8,4<br>- вода 7,4<br>- праски 4,3<br>- житни снегулки 0,6<br>- снегулки од 'рж 0,3<br><br>и мали количини на ароматични препарати (ароми), каротен (во боја) и микроорганизми кои се користат во прехранбените производи.<br><br>Производот е спакуван во пластично шише од 400 g и е наменет за непосредно консумирање како пијалок. | 2202 90 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. број 2202 и тар. подброј 2202 90 и 2202 90 95.<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 0403 како течен јогурт е исклучено бидејќи житните снегулки не се додатоци кои се дозволени да се додаваат во производите од Глава 4, (види исто така, Коментарски забелешки на Хармонизиран систем за Глава 4, Општи одредби, точка (I), втор став). Покрај тоа, житариците не ги исполнуваат стандардите во текстот на тар. број 0403, бидејќи тие не може да се сметаат за "додадено овошје, јатчесто овошје или какао."<br><br>Исклучено е распоредувањето во тар. број 1901, бидејќи производот има карактеристики на пијалок од Глава 22 (Види исто така, Коментарски забелешки на Хармонизиран систем за тар. број 1901, точка (iii), втор став).<br><br>Бидејќи производот е подготвен како пијалок за директна консумација, и како таков е опфатен во тар. број 2202.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. број 2202 како "други безалкохолни пијалоци." |

**Прилог 237**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 863/2013** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. "модул на часовник за реално време" (RTC)), кој се состои од монолитно интегрирано коло и кварцни кристали монтирани заедно на метална рамка и вградени во пластично куќиште со приближни димензии од 10 × 7 × 3 мм.<br><br>Производот работи со осцилирачка фреквенција од 32,768 kHz и под напонско напојување помеѓу 2,7 и 3,6 V. Има дигитален излезен сигнал.<br><br>Производот се користи во разни уреди како извор на часовниот сигнал за одредување на временските интервали.<br><br>(*) Види слика<br><br> | 9114 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (к) кон Оддел XVI и наименованието на тар. број 9114 и тар. подброј 9114 90 00.<br><br>Со оглед на тоа дека производ содржи монолитно интегрално коло и кварцен кристал, не ги исполнува условите утврдени во забелешка 8 (б) кон Глава 85. Затоа распоредувањето на производот во тар. број 8542 е исклучено.<br><br>Производот дава часовен сигнал за утврдување на временскиот интервал, што претставува функција од Глава 91.<br><br>Исклучено е распоредувањето на производот во тар. број 9110, бидејќи производот ги нема сите потребни елементи за да се смета како некомплетен часовен механизам и не е монтиран (види исто така, Коментарски забелешки на Хармонизиран систем за тар. број 9110, трет став).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 9114 90 00 како други делови од лични или други часовници (види ги исто така забелешките со појаснувања на Хармонизиран систем за тар. број 9114, (А), точка 8). |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 238

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1156/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Некомплетен телевизиски приемник во боја со екран со течно кристален дисплеј (LCD), без т.н. „тјунер", со дијагонала на екранот од околу 81 см (32 ичи) и димензии (без постолјето) од околу 75 x 44 x 5 см со:<br><br>- изворна резолуција од 1 920 x 1 080 пиксели,<br>- размер на ширина и висина 16:9,<br>- размер помеѓу пиксели 0,369 мм,<br>- два звучника од 10 W,<br>- копчиња за вклучување и исклучување и за контрола, вклучувајќи и за избирање на програми,<br>- слот за вградување на т.н. „тјунер" во вид на модул кој се состои од радиофреквентни кругови (RF блок), кругови на средна фреквенција (IF блок) и демодулациски кругови (DEM блок).После вградувањето на модулот на приемникот уредот може да прима дигитални телевизиски сигнали.<br><br>Уредот е опремен со следните видео интерфејси:<br><br>- два мултимедијални интерфејси со висока резолуција (HDMI),<br>- композитен влез (IN),<br>- компонентен влез (IN).<br><br>Уредот воедно е опремен со MPEG декодер за декомпримирање на дигиталните видео сигнали и со електрониката за контрола на избирање на програми (подесување) и меморирање.<br><br>Уредот е со фиксно постолје без механизам за наведнување и вртење и со уред за далечинско управување. | 8528 72 40 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. број 8528 и тар. подброј 8528 72 и 8528 72 40.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, односно слот за вметнување на т.н. „тјунер", присутност на MPEG декодер и електроника за контрола на избирање на програми (подесување) и меморирање, уредот има суштински карактеристики на комплетен телевизиски приемник. Оттука распоредувањето во тар. подброеви 8528 51 или 8528 59 како монитори е исклучено.<br><br>Оттука уредот се распоредува во тар. подброј 8528 72 40 како телевизиски приемници со екран со течно кристален дисплеј (LCD) технологија. |

**Прилог 239**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1212/2013 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Опрема за мерење на отчукувања на срцето (пулс) која се состои од:<br>- сензор за пулс и безжичен преносник, вграден на трака за градите,<br>- уред за контрола на срцевиот ритам во кој се наоѓа безжичен приемник и часовник со контролни копчиња и оптичко електронски дисплеј кој може да се носи на рачниот зглоб,<br>- носачи за прицврстување на уредот за контрола на срцевиот ритам на воланот на велосипед.<br>Сензорот го регистрира пулсот и соодветните податоци ги пренесува на безжичниот контролен уред кој го пресметува срцевиот ритам (реален, максимален или просечен) и резултатот се покажува на дисплејот.<br><br>Уредот работи и како рачен часовник и како штоперица.<br><br>(*) Види слика 1<br><br> | 9031 80 38 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Глава 90 и наименованието на тар. број 9031 и тар. подброј 9031 80 и 9031 80 38.<br><br>Сензорот за пулс и контролниот уред за срцевиот ритам се наменети заедно да допринесат за јасно дефинирана функција во смисол на Забелешка 3 кон Глава 90, во врска со Забелешка 4 кон Оддел XVI, бидејќи сензорот го регистрира пулсот и испраќа сигнали до контролниот уред за процесирање и прикажување.<br><br>Опремата е сложена стока изготвена од различни компоненти кои се распоредуваат во Глава 90 (мерни и контролни уреди) и во Глава 91 (часовници). Согласно основното правило 3(б) уредот треба да се распореди како да е составен од компонентата која на опремата и дава суштински карактер.<br><br>Со оглед на објективните карактеристики на опремата, односно преовладуваат компонентите кои имаат функција да го мерат и контролираат пулсот, суштинскиот карактер на опремата и го даваат нејзините мерни компоненти. Функцијата на часовник е помошна функција на опремата како |

| | | |
|---|---|---|
| | | мерен уред, особено што уред кој врши мерење на време (број на срцеви отчукувања во минута) по правило е часовник за воспоставување на временска споредба при обработката на мерењето. Оттука распоредувањето во тар. број 9102 како рачен часовник е исклучено.<br><br>Распоредувањето на производот во тар.број 9018 како медицински инструмент или уред исто така е исклучено со оглед на тоа што уредот главно не се користи во професионалната медицинска пракса (види исто така Коментарски забелешки на Хармонизиран Систем за тар. број 9018).<br><br>Извршувањето на мерење во однос на временски часовник (одредување на срцевиот ритам или отчукување на срцето во минута) не е исто со одбројувањето на вкупниот број на единици од било кој вид (види исто така Коментарски забелешки на Хармонизиран Систем за тар. број 9029, точка (А)). Оттука распоредувањето на производот во тар. подброј 9029 10 00 како бројачи на обртите, бројачи на производството, таксиметри, бројачи на километрите, бројачи на чекорите и слично е исклучено.<br><br>Одредувањето на срцевиот ритам (број на отчукувања во минута) не е одредување на брзината на обртаите или линеарна брзина (види исто така Коментарски забелешки на Хармонизиран Систем за тар. број 9029, точка (Б)). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Распоредувањето на производот во тар.подброј 9029 20 како мерач на брзина и тахометри е исто така исклучено.<br><br>Оттука опремата се распоредува во тар. подброј 9031 80 38 како други електрични инструменти, апарати и машини за мерење или контрола неспомнати ниту опфатени на друго место во Глава 90. |
| 2. Сензор за отчукување на срцето (пулс) и безжичен преносник, вграден во трака за гради, наменет за носење околу градите за регистрирање на срцевите отчукувања.<br><br>Производот ги регистрира отчукувањата на срцето и ги пренесува соодветните податоци на безжичниот уред за контрола на срцевиот ритам, кој не е приложен со производот при внесувањето.<br><br>(*) Види слика 2<br><br> | 9031 90 85 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) кон Глава 90 и наименованието на тар. број 9031 и тар. подброј 9031 90 и 9031 90 85.<br><br>Производот е погоден за употреба исклучиво или главно со опремата за мерење на пулс (отчукувања на срцето) од тар. број 9031. Тој е неопходен дел за функционирање на опремата за мерење на отчукувањата на срцето бидејќи истата без него не може да работи.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 9031 90 85 како други делови на инструменти, апарати и машини за мерење или контрола неспомнати ниту опфатени на друго место во Глава 90. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 240**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1405/2013** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој го има следниот состав:<br><br>- 90,0 до 99,9 % по маса на етил алкохол (средство против замрзнување);<br>- Адитиви (денатуранти):<br>  - 20 мг денатониум бензоат на литар чист алкохол,<br>  - 5 мл изопропил алкохол на литар чист алкохол и,<br>  - или 5 мл бутил алкохол на<br>  - литар чист алкохол<br>  - или 10 мл на метил етил кетон на литар чист алкохол;<br>- 1 г површинско активно средство на литар чист алкохол.<br><br>Додавањето на денатониум бензоат, изопропил алкохол и бутил алкохол или метил етил кетон го прави производот непогоден за човечка консумација.<br><br>Производот се транспортира во резервоари или цистерни.<br>Не се предвидени пакувања за продажба на мало.<br><br>Согласно со приложените документи, производот е концентрат за производство на течност против замрзнување. | | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. број 2207 и тар. подброј 2207 20 00.<br><br>Поради високата содржина на етил алкохол, производот не е погоден директно да биде употребен како течност против замрзнување, бидејќи мора да се раствори со вода за да се минимизира штетната хемиска реакција со еластомерите кои се во контакт со проточната течност против замрзнување. Затоа производот не може да биде употребен како течност против замрзнување или течност за одмрзнување од тар. број 3820. Оттука распоредувањето во тар. број 3820 е исклучено.<br><br>Со оглед на објективните карактеристики, односно високиот процент на етил алкохол и присуството на различни денатуранти (денатониум бензоат, изопропил алкохол, бутил алкохол, метил етил кетон), како и отсуство на други средства против замрзнување освен етил алкохолот, суштинскиот карактер на производот го дава денатурираниот алкохол.<br><br>Оттука производот се распоредува како денатуриран етил алкохол во тар. број 2207 20 00. |

Прилог 241

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.111/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат составен од монитор во боја со екран од течни кристали (LCD) и површина осетлива на допир (гн. Монитор со екран осетлив на допир), со дијагонален екран отприлика 38 см (15 инча) со:<br><br>изворна резолуција 1024 x 768 пиксели,<br>подржани резолуции 640 x 350, 720 x 400, 640 x 480, 800 x 600 и 1024 x 768 пиксели,<br>однос на ширина и висина 4:3,<br>растојание помеѓу пикселите 0,297 mm,<br>светлина 250 cd/m²,<br>хоризонтален агол на гледање 120° и вертикален агол на гледање 100°,<br>време на реакција 17 ms,<br>обем на контраст 400:1,<br>копче за вклучување, исклучување и управување.<br><br>Опремен е со следните интерфејси:<br><br>D-Sub,<br>USB и RS-232 за поврзување на екранот осетлив на допир со машината за автоматска обработка на податоците.<br>Има постоље со механизам за подесување и површина отпорна на одблесок.<br>Мониторот е наменет за употреба, на пример, како составен дел на<br><br>терминалите на продажните места и на места за информации наменети за потрошувачите. Производот на корисниците им овозможува внесување на податоците во терминалите. Мониторот може да покажува сигнали од машината за автоматска обработка на податоци. | 8528 51 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименованието на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 51 00.<br><br>Апаратот е сложена машина која ја врши функцијата на влезен уред со основните координати X-Y од тар. број 8471 и монитор од тарифен број 8528. Освен што ги прикажува информациите, уредот им овозможува на корисниците и внесување на податоци. Со оглед на конструкцијата, концептот и објективните својства на апаратот, а посебно фактот дека мониторот може својата функција да ја извршува независно од влезниот уред, функцијата на прикажувањето е неговата главна функција согласно со значењето на Забелешка 3 кон Оддел XVI. Со оглед на неговите објективни карактеристики, на пример, односот на ширината и висината, растојанието помеѓу пикселите кој е погоден за подолго гледање одблизу, контраст на светлината, интерфејсите кои обично се користат во системите за автоматска обработка на податоците, постољето со механизам за подесување, како и површината отпорна на одблесок, мониторот се смета како монитор кој се употребува исклучиво само со машина за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471.<br><br>Оттука, уредот се распоредува во тар. ознака 8528 51 00 како останати монитори кои се употребуваат исклучиво само со машина за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471. |

Прилог 242

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 112/2014 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Монитор во боја со екран од течни кристали (LCD) со дијагонални мерки на екранот приближно 75 cm (30 инча) со димензии приближно 71 x 45 x 11 cm со:<br><br>изворна резолуција 1280 x 768 пиксели,<br>подржани резолуции 640 x 480, 800 x 600, 1024 x 768 и 1280 x 768 пиксели,<br>подржани телевизиски стандарди: NTSC, PAL и SECAM,<br>подржани видео начини на работа: 480i, 480p, 576i, 576p, 720p и 1080i,<br>обем на ширина и висина 15:9,<br>простор између пикселите 0,5025 mm,<br>време на реакција 25 ms,<br>светлина 450 cd/m²,<br>обем на контраст 350:1,<br>хоризонтален и веритикален агол на гледање 170°,<br>функцијата сликата во слики (PIP),<br>вграден засилувач на звук,<br>копче за управување.<br><br>Опремен е со следните интерфејси:<br><br>DVI-D,<br>mini D-Sub,<br>BNC (аналогни RGB),<br>композитни RCA или S-Video,<br>компонентен BNC,<br>два сета RCA стерео и један мини стерео,<br>влез за надворешен звучник,<br>влезен приклучок RS-232.<br><br>Има фиксно постоље без механизам за подесување, како и уред за далечинско управување.<br><br>Мониторот нема вграден видео | 8528 59 31 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 31.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, на пример, големината на екранот, подржаните телевизиски стандарди, просторот помеѓу пикселите кој не е погоден за гледање од близина, јака светлина, уред за далечинско управување, аудио кругови со функција за појачување на звукот, функцијата слика во слики (PIP), како и фиксното постоље без механизам за подесување, мониторот неможе да се распореди како монитор за систем за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471. Затоа распоредувањето на производот во тар. подброј 8528 51 00 е исклучено.<br><br>Бидејќи може да ги прикажува сигналите од уредот за автоматска обработка на податоци на ниво кое е доволно за практична употреба со машини за автоматска обработка на податоци, се смета дека уредот е со прифатливо ниво на функционалности.<br><br>Затоа мониторот се распоредува во тар. ознака 8528 59 31 како рамен екран кој може да ги прикажува сигналите од машината за автоматска обработка на податоци со прифатливо ниво на функционалност со екран со течни кристали (LCD). |

| | | |
|---|---|---|
| приемник, ниту пак останата електроника за обработка на телевизиски сигнали.<br><br>Мониторот е наменет за прикажување на информации, на пример, на јавни места за информации, огласување на продажба на мало, берзи, аеродроми и огласување на работни саеми. Поради обавување на таа функција мониторот може да ги прикажува сигналите од машината за автоматска обработка на податоците и останати извори на видео сигналот. | | |

Прилог 243

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.114/2014 | Распоредување<br>(Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Монитор во боја со екран од течни кристали (LCD) со дијагонални димензии на екранот приближно 54 cm (21 инча) и димензии (без постоље) приближно 37 x 47 x 7 cm со:<br><br>резолуција 1200 x 1600 пиксели,<br>однос на ширина и висина 3:4,<br>растојание меѓу пикселите 0,270 mm,<br>фрекфенција на хоризонтално скенирање од 31 до 76 kHz,<br>фрекфенција на веритикално скенирање од 49 до 61 Hz,<br>најголема светлина 250 cd/m² која е можно да се подеси,<br>хоризонтален и веритикален агол на гледање 170°,<br>време на реакција 30 ms,<br>обем на контраст 550:1,<br>функцијата слика во слика (PIP),<br>копче за управување, вклучувајќи и одбирање начин на калибрација.<br><br>Опремен е со следните интерфејси:<br><br>DVI-I,<br>mini D-Sub,<br>еден влезен USB и два излезни USB приклучоци.<br><br>Мониторот може да се ротира најмногу за 90°.<br><br>Има постамент со механизам за подесување, како и површина отпорна на блесок. Може да се прицврсти и на ѕид.<br><br>Производот е во согласност со нормите за дигитална слика и комуникација во медицината (Digital Imaging and Communications in Medicine - DICOM), вклучувајќи го дел 14, што на корисниците им овозможува прецизна | 8528 59 31 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 31.<br><br>Со оглед на неговите објективни својства, на пример во склад со нормите DICOM, што на корисниците им овозможува одредување на прецизни вредности на гама, светлина и вредностите на температурната боја, која благодарение на неа мониторот ги прикажува градациите помеѓу боите и нијансите на сивата боја со таква прецизност потребан за медицинска дијагностика, намената на мониторот е да се користи како медицински екран кој се употребува во медицинските установи за прикажување на радиографски слики за клиничка дијагностика. Мониторот не се вбројува во монитори кои се употребуваат главно со системите за автоматска обработка на податоците од тар. број 8471. Затоа распоредувањето на производот во тарифен подброј 8528 51 00 е исклучено.<br><br>Бидејќи може да ги прикажува сигналите од уредот за автоматска обработка на податоци на ниво кое е доволно за практична употреба со машини за автоматска обработка на податоци, се смета дека уредот е со прифатливо ниво на функционалности.<br>Затоа мониторот се распоредува во тар. ознака 8528 59 31 како рамен екран кој може да ги прикажува сигналите од машината за |

| | | |
|---|---|---|
| вредност на гама, светлината и вредноста на температурната боја, која благодарение на неа мониторот ги прикажува градациите помеѓу боите и нијансите на сивата боја со таква прецизност потребан за медицинска дијагностика. Мониторот е наменет за употреба во здраствените установи за прикажување на радиографски слики клиничка дијагностика. | | автоматска обработка на податоци со прифатливо ниво на функционалност со екран од течни кристали (LCD). |

Прилог 244

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 115/2014 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат за електрично управување за напон не поголем од 1000 V со екран од течни кристали (LCD) осетлив на допир. Дијагонални димензии на екранот 30,5 cm (12 инчи), резолуција 800 x 600 пиксели, а се наоѓа во кукиште со димензии приближно 30 x 23 x 6 cm.<br><br>Апаратот се состои од машина за автоматска обработка на податоци со оперативен систем.<br><br>Апаратот е опремен со следните интерфејси:<br>слот за компактна flash меморија,<br>два USB приклучоци,<br>два RJ-45 приклучоци,<br>RS-232 приклучок,<br>RS-485 приклучок,<br>слот за проширување на меморијата,<br>собирница за картици за проширување за контрола, на пример,на сопствени влезно/излезни единици.<br><br>Опремен е со неколку вградени движечки програми за поврзување со различни врсти на уреди за автоматизација, а може да извршува и прикажува вообичаени пресметковни програми, на пример, програма за обработка на текстот и апликација на пресметковна таблица.<br><br>Апаратот е наменет за електрично управување на машините во индустриските процеси во апликациите кои употребуваат програмирачки автоматски контролери или програмирачки логички контролери. | 8537 10 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 и 8537 10 10.<br><br>Со оглед на неговите објективни својства односно присуството на вградените движечки програми за поврзување со различни видови на уреди за автоматизација и собирница за картици за проширување на контрола за влезно/излезни единици, апарат кој е наменет за електрично управување со машините во индустриските процеси. Затоа распоредувањето на производот во тар. број 8471 како машина за автоматска обработка на податоци е исклучено.<br><br>Со оглед дека содржи машина за автоматска обработка на податоци, апаратот се распоредува во тар. ознака 8537 10 10 како нумерички контролен панел со вградена машина за автоматска обработка на податоци за напон не поголем од 1000 V. |

**Прилог 245**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.197/2014 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот претставува обликуван сад, во форма на круг, изработен од пластична маса. Дијаметарот е околу 18,5 см. а висината околу 7 см. Волуменот на садот е околу 700 мл.<br><br>Садот е наменет за храна за домашни миленици (како на пример за кучиња). | 3924 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 3924 и тар. подброј 3924 90 00.<br><br>Тар. број 3924 опфаќа широка палета на домаќински производи и нема за исклучување за производи кои не се наменети за човечка употреба. Со оглед на објективните својства, садот на храна на домашни миленици се смета како производ за домаќинство од тар. број 3924.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 3924 90 00 како останати производи за домаќинство и хигиенски или тоалетни производи од пластични маси. |

**Прилог 246**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.198/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е спакуван во форма на таблети,подготвен за поединечна продажба во пластични кутии од 30 таблети. Секоја таблета ги содржи следните состојки:<br><br>бромелаин (500 мг),<br>целулоза,<br>- калциум фосфат,<br>- силициум,<br>- магнезиум стеарат.<br><br>Согласно декларацијата на производот , производот е наменет како додаток во исхраната за човечка употреба. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 5 кон Глава 21 и наименованието на тар.број 2106 и тар. подброј 2106 90 и 2106 90 92.<br><br>Производот нема јасно одредени профилактички или терапефтски својства. Затоа не може да се распореди во тар. број 3004 како лек.<br><br>Бидејќи производот е додаток во исхрана во облик на одмерени дози и наменет за употреба како додаток во исхрана, исполнети се условите наведени во Дополнителна забелешка 5 кон Глава 21.<br><br>Производот претставува ензимски препарат со додадени состојки кои го прават пригоден за посебна намена, тн. додаток во исхрана за човечка употреба (види ја забелешки на ХС за тар. број 3507, точка (В), прв став. Бидејќи производот е опфатен во Дополнителната забелешка 5 кон Глава 21, распоредувањето на производот во тар. број 3507 како ензимски препарат е исклучено.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. број 2106 како додаток во исхрана кој не е на друго место опфатен или вклучен. |

**Прилог 247**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр.199/2014** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е во облик на стилизирана жирафа (висина приближно 36 см и тежина приближно 820 гр) кој од надвор се состои од мек текстил и наполнет со различни материјали. Главата на жирафата е наполнета со мек текстилен материјал, додека телото и екстремитетите се наполенти со мешавина на најголем дел на просо и лаванда (тоа полнење неможе да се одвои и да се употреби како посебно перниче).<br><br>Производот може да се загрева во микровална или во релна, како и да се разладува во фрижидер или замрзнувач, со што се овозможува да се користи како перниче за ладење или греење.<br><br>(*) Сликата е само од информативен карактер | 9503 00 41 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. подброј 9503 00 41.<br><br>Со оглед на дизајнот и начинот на прикажување, производот е наменет за забава на деца и возрасни (види забелешки на ХС кон Глава 95, општи забелешки, и за тар. број 9503, точка (Г)). Секоја друга употреба која се темели на неговата можност за загревање и ладење се смета како дополнителна забавна вредност на производот. Затоа производот се смета дека е играчка од тар. број 9503. Распоредувањето врз основа на еден од неговите основни материјали (како на пример како просо во тар. број 1008 или како останати готови текстилни производи во тар. број 6307) е исклучено.<br><br>Затоа производот се распоредува како играчка со полнило од тар. ознака 9503 00 41. |

**Прилог 248**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.310/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Монитор во боја со екран од течни кристали (LCD) со дијагонални димензии на екранот приближно 48 cm (19 инчи) и димензии (без постамент) приближно 46 x 37 x 21 cm со:<br><br>изворна резолуција 1440 x 900 пиксели,<br>подржана резолуција 640 x 480, 800 x 600, 1024 x 768 и 1280 x 1024 пиксели,<br>обем на ширина и висина 16:10,<br>простор између пикселите 0,5025 mm,<br>светлина 300 cd/m²,<br>време на реакција 8 ms,<br>обем на контраст 500:1,<br>два звучника,<br>копчиња за палење/гасење и управување.<br><br>Опремен е со следните интерфејси:<br><br>DVI-D,<br>Два VGA интерфејси.<br><br>Има постамент со механизам за подесување.<br><br>Мониторот е наменет за употреба со машини за автоматска обработка на податоци. | 8528 51 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 51 00.<br><br>Со оглед на објективните карактеристики на производот, како на пример резолуцијата, подржаната резолуција, обемот на ширината и висината, просторот помеѓу пикселите погоден за подолго гледање од близина, светлината, интерфејсите кои обично се користат во системите за автоматска обработка на податоците, како и присуството на механизмот за подесување, мониторот се вбројува во монитори од типот кои се употребуваат исклучиво или главно во системите за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471.<br><br>Затоа мониторот се распоредува во тар. ознака 8528 51 00 како останати монитори кои се употребуваат исклучиво или главно во системите за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471. |

Прилог 249

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.311/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат со функции за репродукција и обработка на звукот во куќиште со димензии приближно 43 x 15 x 8 см.<br><br>Опремен е со читач на компактни дискови (CD) и аудио излез. На него се наоѓаат вртливи копчиња, типки, клизни регулатори и мал показател со екран со течни кристали (LCD).<br><br>Апаратот може да обработува звук: опремен е со точки за бешавни чворови (loop), функција на континуирано почнување и прекинување на репродукција (stutter starts), бројач на удари во минута (BPM) и потенциометар.<br><br>Апаратот е наменет за репродукција и обработка на звукот за непрофесионална намена. | 8519 81 35 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименованието на тар.број 8519 и тар. подброј 8519 81 и 8519 81 35.<br><br>Бидејќи апаратот е наменет за извршување на две алтернативни функции (функција за репродукција на звукот и функција за обработка на звукот), треба да се распореди врз основа на Забелешка 3 кон Оддел XVI, како оној апарат кој ја извршува главната функција.<br><br>Поради неговите објективни карактеристики, односно можноста за само еден влез за звучни датотеки (читач на CD-a) и ограничената можност за обработка, главната функција на уредот е неговата функција репродукција на звук.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8519 81 35 како останати апарати за снимање или репродукција на звук со ласерски систем на читање. |
| Апарат со функции за репродукција и обработка/мешање на звукот (тн. "disc-jokey multi player") во куќиште со димензии приближно 40 x 32 x 10 см.<br><br>Опремен е со читач на CD и има разни интерфејси (USB, аудио излез, читач на картици SD). На него се наоѓаат вртливи копчиња, типки, клизни регулатори и показател со екран со течни кристали (LCD) со големина од 6,1 инчи.<br><br>Со уредот може да обработува и меша звукот. За таа намена опремен е, меѓу останатото, и со следните функции: | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименованието на тар.број 8543 и тар. подброј 8543 70 и 8543 70 90.<br><br>Бидејќи апаратот е наменет за извршување на две алтернативни функции (функција за репродукција на звукот и функција за обработка на звукот), треба да се распореди врз основа на Забелешка 3 кон Оддел XVI, како оној апарат кој ја извршува главната функција. |

| | | |
|---|---|---|
| автоматски бројач на ударите во минута (BPM),<br>ознака за почеток и враќање на регулаторот за мешање на звукот (*fader start and back cue*),<br>поставување на временската ознака на песната која е пуштена да свири (*track hot cue*),<br>loop (повторлива секција),<br>loop со четири отчукувања (*4 beat loop*),<br>поставувања на временска ознака за почеток (*cue point setting*).<br><br>Апаратот е наменет за професионални диск џокеи за репродукција, обработка и мешање на звукот.<br><br>Звучните датотеки кои се репродуцираат, обработуваат и мешаат, можат да дојдат од повеќе извори (читач на CD, уред за автоматска обработка на податоци (ADP), USB меморија или SD картица).<br><br>Апаратот може да работи независно или заедно со уред за автоматска обработка на податоци. | | Поради неговите објективни карактеристики, односно бројните технички карактеристики за обработка и мешање на звукот, можноста за мешање на звучните датотеки кои доаѓаат од повеќе извори, дизајнот и концепцијата на апаратот, функцијата на уредот за обработка/мешање на звукот се смета за главна функција на апаратот. Поради тоа, распоредувањето на производот во тар. број 8519 е исклучено.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8543 70 90 како останати апарати со посебни функции неспомнати ниту вклучени на друго место во Глава 85. |

**Прилог 250**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.336/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Сет за малопродажба (тн. систем безжична камера со поглед позади) наменет за вградување во моторни возила, составен од следните компоненти:<br><br>- дневна и ноќна телевизиска камера опремени со комплементарен метал-оксиден полупроводнички сензор (CMOS) и леќи од 2,4 мм,<br>- безжичен видео предавател со антена,<br>- 2,4 GHz безжичен приемник на видео сигнали со екран со течни кристали (LCD) во боја, со дијагонала на екран 17,8 см (7 инчен) и резолуција 480 x 240 пиксели. Опремен е со функционални типки и аудио-видео интерфејси за поврзување со надворешни аудио или видео уреди.<br><br>Телевизиската камера не снима звук.<br><br>Производот е наменет за употреба во автомобили, камиони или приколки и му овозможува на возачот да гледа зад возилото. | 8528 72 40 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 72 и 8528 72 40.<br><br>Производот се смета за производ подготвен за малопродажба согласно правилото 3 (б) бидејќи различните компоненти составени заедно ги задоволуваат одредените потреби или извршуваат одредена функција.<br><br>Сетот се состои од телевизиски предавател (тар. подброј 8525 50), телевизиски камери (тар. подброј 8525 80) и телевизиски приемник (тар. подброј 8528 72). Ниту една компонента на сетот не му дава примарен карактер со оглед дека сите компоненти се еднакво важни за извршување на неговата функција.<br><br>Оттука, сетот се распоредува во тар. ознака 8528 72 40 како останати телевизиски приемници во боја со екран од течни кристали (LCD). |

Прилог 251

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 337/2014 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ за електрично осветлување (тн. „LED рефлектор") во алуминиумско кукиште со правоаголен облик со стаклен капак, со димензија приближно 23 x 19 x 13 cm.<br><br>Производот содржи алуминиумски рефлектор и носач за поставување од задната страна со можност за прилагодување на аголот на светлина.<br><br>Опремен е со LED чип со висока моќност и напојување со трансформатор.<br><br>Потрошувачката на електрична енергија е 95 W, искористеност на светлината од 100 lm/W и агол на светлина од 120°.<br><br>Производот се користи на отворено за осветлување, на пример, пејсажи, згради, градилишта, огласни плочи, тревници и градини.<br><br> | 9405 40 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 9405 и тар. подброј 9405 40 и 9405 40 99.<br><br>Со оглед на неговите објективни својства, на пример широкиот агол на светлина, производот е наменет за осветлување на големи површини. Затоа распоредувањето на производот во тар. подброј 9405 40 10 како рефлектор е исклучено (види Забелешки на Хармонизиран Систем (ХС) за тар. број 9405, група I, став (3).<br><br>Производот се распоредува во тарифна ознака 9405 40 99 како останати електрични светилки и светлосни тела. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 252

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.349/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Мек текстилен производ со две лица во облик на кошница, и димензии приближно 35 см x 25 см, со полнети рабови (висина 10 см) и со полнето дно. Една од надворешните страни на производот е изработена од ткаенина (100% полиестер), а другата од плетена плишена ткаенина (100% полиестер). Производот е наменет за мали домашни миленичиња.<br><br>(Види фотографија А и Б) (*)<br><br>А<br><br><br>Б<br> | 6307 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 6307 и тар. подброј 6307 90 и 6307 90 98.<br><br>Со оглед на објективните карактеристики производот е текстилна кошница дизајнирана за да обезбеди удобност на малите домашни миленичиња.<br><br>Распоредувањето како мебел во тар. број 9403 е исклучено бидејќи тој тар. број опфаќа производи од друга природа кои се користат во приватни станови, хотели, канцеларии, училишта, цркви и итн. (види Забелешки на ХС за тар. број 9403).<br><br>Распоредувањето во тар. број 9404 исто така е исклучено бидејќи текстилните корпи не спаѓаат во опрема за кревети и постелнина Исто така, производот не содржи дополнителни елементи кои би посочиле дека можат да се употребуваат како опрема за кревет.<br><br>Производот се смета за готов текстилен производ во смисла на тар. број 6307.<br><br>Внатрешната и надворешната страна еднакво се важни со оглед на тоа дека може да се употребуваат двете лица од кошницата. Бидејќи неможе да се утврди што му дава суштински карактер на производот, согласно општото правило 3(б), плетената плишена ткаенина (распоредување во тар. ознака 6307 90 10) или ткаенината |

| | | |
|---|---|---|
| | | (распоредување во тар. ознака (6307 90 98), затоа производот е потребно да се распореди во тар. број кој се појавува последен по нумерички редослед од оние тар. броеви кои подеднакосе земаат предвид.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. ознака 6307 90 98. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 253**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.350/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој се состои од дрвена кутија која и од надворешната и внатрешната страна е обложена со текстилен материјал. Кутијата од предната страна има отвор кој е доволно голем за да може мачка да влезе и да спие во неа.<br>На врвот на кутијата веритикално е прицврстена картонска цевка. Цевката е обложена со јаже од сисал. Јажето е изработено од предени влакна од сисал со нумерација поголема од 20 000 децитекси.<br>Цевката претставува постамент за дрвена платформа обложена со текстилен материјал. Платформата е доволно голема да може мачка да лежи на неа.<br>Дрвена цевка обложена со текстилен материјал од надворешната и внатрешната страна е прицврстена од долната страна на платформата. Цевката е доволно широка да може мачката да се вовлече во неа.<br>Употребениот текстилен материјал претставува ткаенина со флор (плиш од полиестер).<br><br>Вкупната површина на текстилниот материјал е поголема од површината на материјалот од сисал.<br><br>(Види фотографија) (*) | 6307 90 98 | Распоредувањето е утврдено согласно со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (ѓ) кон Оддел XI и наименувањето на тар.број 6307 и тар. подброј 6307 90 и 6307 90 98.<br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, намената на производот е да ги привлече мачките и да ги одврати од мебелот кој инаку би го гребеле.<br>Распоредувањето како мебел во тар. број 9403 е исклучено бидејќи тој тар. број опфаќа производи од поинаква природа кои се користат за приватни станови, хотели, канцеларии, училишта, цркви итн. (види Забелешки на ХС за тар. број 9403).<br><br>Распоредувањето како играчка во тар. број 9503 исто така е исклучено бидејќи производот е наменет исклучиво за животни и затоа не е опфатен во тој тар. број согласно Забелешката 5 кон Глава 95.<br>Текстилните материјали (ткаените текстилни материјали и јаже од сисал) се важни и со нив производот може да се употребува за тоа што е наменет бидејќи ги привлекува мачките кои на него можат, на пример, да гребат со своите канџи, да седат, да спијат и да си играат со него. Поради тоа материјалот од текстил, а не дрвото или картонот, му го дава суштинското значење на производот, во согласност со општото правило 3 (б).<br>Со оглед на тоа дека не може да се утврди дали за привлекување на мачките е поважен материјалот од сисал или ткаениот текстилен материјал, се смета дека поголемиот |

| | | |
|---|---|---|
|  | | дел од ткаениот текстилен материјал и поголемиот број на активности кои на мачките им е овозможен со тој материјал, на производот му дава суштинско значење во согласност со Општото правило 3 (б) (види Забелешки на ХС за Општите правила и значењето на 3 (б), (VIII)).<br>Во смисла на забелешка 7 (f) кон Оддел XI, ткаен текстилен материјал составен со шиење претставува готов текстилен производ од текстилен материјал.<br>Производот затоа се распоредува во тар. ознака 6307 90 98 како останати готови текстилни производи. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 254

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 453/2014 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат (тн. „ТВ симулатор„) во пластично куќиште со проѕирен преден капак и димензии околу 8 x 7 x 6 см.<br><br>Апаратот е опремен со четири светлосни диоди (LED) за создавање на светлината, кварцен кристал, сензор за одредување на самракот, тајмер, оперативен дисплеј модул и контролни копчиња. Опремен е со струјно напојување.<br><br>Апаратот создава трепкачко светло со различна јачина и боја во текот на однапред одредено време и со тоа се симулира вклучениот телевизиски приемник. Со тоа се создава впечаток дека има луѓе во куќата, што би овозможило да ги одврати провалниците од намерата да влезат во куќата . | 9405 40 39 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 9405 и тар. подброј 9405 40 и 9405 40 39.<br><br>Функцијата на апаратот е создавање на трепкачко светло исклучиво поради симулирање на телевизискиот приемник. Со оглед на тоа што трепкачкото светло нема никаква сигнална намена, исклучено е распоредувањето во тар. број 8531 како апарат за визуелна сигнализација (види забелешки на ХС за тар. број 8531 прв став).<br><br>Со оглед на тоа дека производот има објективни карактеристики на светилка во смисла на тар. број 9405, се распоредува во тар. ознака 9405 40 39 како останати електрични светилки и расветни тела од пластични маси. |

**Прилог 255**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.455/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Апарат за точење на ладна вода (тн. разладувач на вода), наменет за поставување на под, со висина околу 124 см и тежина околу 100 кг.<br><br>Содржи систем за ладење кој се состои од компресор и кондензатор.<br><br>Капацитетот на апаратот изнесува 150 l, а номиналниот капацитет на разладување од 150 l/h овозможува точење најмногу до 750 чаши вода на час. Работниот напон на апаратот изнесува 220 V AC. | 8418 69 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8418 и тар. подброј 8418 69 00.<br><br>Разладувањето на водата само за пиење не се смета за обработка со промена на температура. Поради тоа распоредувањето на производот во тар. број 8419 е исклучено.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8418 69 00 како останати уреди за ладење или замрзнување (види Забелешки на ХС за тар. број 8418, група (I), точка 2). |
| 2. Апарат за точење на ладна вода и жешка вода (тн. апарат за вода), наменет за поставување на под, со висина околу 97 см и тежина околу 15 кг.<br><br>Греењето се добива со интегриран електричен отпорен греач, а разладувањето со разладен систем го сочинуваат компресор и кондензатор.<br><br>Водата се снабдува од резервоарот кој не се презентира (царини) заедно со производот во момент на царинење.<br><br>Капацитетот на точење на топлата вода на апаратот изнесува 5 l/h и достигнува температура од 85-92°С. Капацитет на точење на ладната вода на апаратот изнесува 2 l/h со температура од 4-8°С. Работниот напон на апаратот изнесува 220 V AC и јачина 100/550 W. | 8516 10 11 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8516 и тар. подброј 8516 10 и 8516 10 11.<br><br>Во смисла на Забелешка 3 кон Оддел XVI, апаратот е проектиран за извршување на две алтернативни функции (останати уреди за ладење од тар. број 8418 и електричен проточен или акумулационен греач на вода од тар. број 8516). Не е возможно да се одреди главната функција на апаратот бидејќи секоја функција е еднакво важна за употреба на апаратот.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8516 10 11 како електрични проточни греачи на вода. |

**Прилог 256**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.456/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот (тн.сет „вклучница со радио далечинско управување„) во пакет кој содржи два прекинувача на далечинско управување и далечински управувач.<br><br>Секој прекинувач на далечинското управување се наоѓа во засебно куќиште кое се состои од штекери, вклучници, копчиња за подесување, прекинувачи и радио приемници, а конструиран е за напон од 230 V и јачина на струјата од 10 A.<br><br>Копчето за подесување се користи за идентификација помеѓу прекинувачите и далечинскиот управувач. Може да се користи и како рачен прекинувач.<br><br>Далечински управувач кој работи на фрекфенциски пренос во распон од 433,05 – 434,79 MHz на оддалеченост до 30 м и со двата прекинувачи управува заедно.<br><br>Производот се користи за вклучување и исклучување со далечински управувач на опремата која е поврзана на вклучниците. | 8536 50 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8536 и тар. подброј 8536 50 и 8536 50 80.<br><br>Далечинскиот управувач ги управува двата прекинувачи независно еден од друг. Затоа производот не може да се смета како функционална единица, во смисол на Забелешка 4 од Оддел XVI, бидејќи поединечните компоненти заедно не придонесуваат јасно дефинирана функција.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики функцијата на производот е вклучување и исклучување на опремата која е споена на вклучниците со помош на далечинскиот управувач. Затоа распоредувањето на производот во тар. број 8526 како уред за радио-далечинско управување е исклучено.<br><br>Бидејќи производот се користи како прекинувач со далечинско управување, штекерот и вклучницата се сметаат како составни компоненти потребни за неговата работа. Распоредувањето на производот во тар. број 8536 69 90 како штекер и вклучница затоа е исклучено.<br><br>Затоа производот се распоредува тар. ознака 8536 50 80 како останати прекинувачи за напон над 60 V. |

Прилог 257

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.457/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Дигитален електронски апарат со еден HDMI влез (мулти медијален интерфејс со висока резолуција) и осум HDMI излези (активен HDMI разделник) во куќиште со димензии приближно 12 x 6 x 2 cм.<br><br>Го поддржува протоколот на системот за заштита на широкопојасниот дигитален опсег (HDCP) и е поврзан со 5 V DC напон.<br><br>Уредот се користи за симултано разделување без загуба на квалитетот, на еден влезен HDMI сигнал во осум HDMI излезни сигнали со исти технички својства како изворниот влезен сигнал.<br><br>Овозможува HDMI сигналот кој доаѓа од еден извор (на пр., сет-топ кутија) за симултано дистрибуирање до неколку апарати (на пр. телевизиски сетови). | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8543 и тар. подброј 8543 70 и 8543 70 90.<br><br>HDMI сплитер не е апарат за поврзување со или во електрично коло, а не е ни плоча за дистрибуција на електрична енергија зашто еден влезен сигнал го дели во осум излезни сигнали и истовремено ги обработува HDCP протоколите. Затоа распоредувањето во тар. број 8536 како разводни кутии или тар. број 8537 како плочи, пултови, столови, ормари и други носачи, опремени со два или повеќе апарати од тар. броеви 8535 или 8536 за дистрибуција на електрична енергија е исклучено.<br><br>Бидејќи апаратот има посебна функција која не е поспецифично опфатена во тар. број од Глава 85, се распоредува во тар. ознака 8543 70 90 како електричен апарат со посебни функции кои не се спомнати ниту опфатени на друго место во Глава 85. |
| 2. Дигитален електронски апарат со четири HDMI влеза (мултимедијален интерфејс со висока резолуција), еден HDMI излез и копче за одбирање на влез (тн.„ активен HDMI прекинувач„).<br><br>Уредот има вграден засилувач за регенерација на слабите сигнали, 4 светлечки диоди (LED) за означување на одбраниот влез и приклучен е на 5 V едносмерен напон.<br><br>Уредот подржува видео сигнали со висока резолуција 1080p со пренос на | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8543 и тар. подброј 8543 70 и 8543 70 90.<br><br>HDMI сплитер не е апарат за уклучување/исклучување на електрични струјни кола или за дистрибуција на електрична енергија бидејќи одбира еден од HDMI влезовите за поврзување на HDMI излез, така што истовремено го |

| | | |
|---|---|---|
| податоците до 2,5 GB/s и HDCP протокол..<br><br>Уредот се употребува за одбирање на еден HDMI влез кој треба да биде поврзан со еден HDMI излез. Омозможува селекција на HDMI сигнали кои доаѓаат од различни извори (на пр. DVD-плеер, сет-топ кутија), да биде поврзан со еден од апаратите, како на пример, телевизиски приемник. | | засилува сигналот и ги обработува HDCP протоколите. Затоа распоредувањето во тар. број 8536 како прекинувач или тар. број 8537 како плочи, пултови, столови, ормари и други носачи, опремени со два или повеќе апарати од тар. броеви 8535 или 8536 за дистрибуција на електрична енергија е исклучено.<br><br>Бидејќи апаратот има посебна функција која не е детално опфатена во тар. број од Глава 85, се распоредува во тар. ознака 8543 70 90 како електричен апарат со посебни функции кои не спомнати ниту опфатени на друго место во Глава 85. |
| 3. Уред со четири HDMI влезови (мулти медијален интерфејс со висока резолуција) и еден HDMI излез (тн. "пасивен HDMI прекинувач" во кукиште со димензии приближно 18 х 12 х 3 см.<br><br>Во него е вграден тн. "прекинувач со копче за повеќе уреди" со четири копчиња (по едно за секој влез) кои се меѓусебно цврсто прицврстени. После одбирањето на еден влез останатите автоматски се исклучуваат.<br><br>Уредот се употребува за избирање на еден HDMI влез за спојување со HDMI излез со притискање на едно копче. Овозможува избирање на HDMI сигнали кои доаѓаат од различни извори (на пр. читач на DVD-а, декодер на ТВ сигнал) за спојување во еден апарат, на пример со телевизиски приемник. | 8536 50 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8536 и тар. подброј 8536 50 и 8536 50 80.<br><br>Бидејќи во апаратот е вграден прекинувач за спојување само по еден влез со излез, не претставува плоча за распределба на електрична енергија. Затоа, распоредувањето на производот во тар. број 8537 како плочи, пултови, столови, ормари и останати носачи, опремени со два или повеќе апарати од тарифните броеви 8535 или 8536 за електрично управување или за распределба на електрична енергија е исклучено.<br><br>Бидејќи апаратот само се вклучува/исклучува, што претставува посебна електрична функција утврдена во тарифниот број од Глава 85, се распоредува во тар. ознака 8536 50 80 како останати прекинувачи. |

**Прилог 258**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.458/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Дигитален апарат дизајниран како традиционална видео камера за снимање и меморирање на фотографии и видеа во внатрешна меморија или мемориска картичка.<br><br>Апаратот е опремен со CCD сензор со резолуција 0,8 мегапиксели и преклопен визир со екран со течни кристали (LCD) со дијагонала околу 7 cm (2,7 инчи) кој може да се употребува во текот на снимањето на слики или како екран за прикажување на меморираните слики.<br><br>Апаратот е опремен со следните интерфејси:<br><br>- слот за мемориски картички,<br>- композитен видео излез,<br>- излез за звук,<br>- USB.<br><br>Најголемата резолуција на фотографијата изнесува 1 600 x 1 200 пиксели (1,92 мегапиксели).<br><br>Апаратот може да сними видео со брзина од 50 слики во секунда со најголема резолуција од 720 x 576 пиксели.<br><br>Апаратот е опремен со оптичко зумирање во текот на снимањето на видеото.<br><br>По прикажувањето на датотеките, податоците не можат да се пренесат од машината за автоматска обработка на податоци на апаратот со помош на USB интерфејс. | 8525 80 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименувањето на тар.број 8525 и тар. подброј 8525 80 и 8525 80 91.<br><br>Согласно објективните карактеристики на производот, како што е неговата конструкција и дизајн, присуството на CCD сензорот со ниска резолуција од 0,8 мегапиксели, способноста за снимање видео со квалитет на стандардниот DVD видео диск (резолуција 720 x 576 пиксели со 50 слики во секунда), како и снимање на фотографии со низок квалитет (најголема резолуција 1,92 мегапиксели), главна е функцијата на апаратот за снимање и меморирање на видеа, согласно Забелешка 3 кон Оддел XVI (види ја одлуката на судот на Европска унија од 9 декември 2010 година, предмет број C-193/10, KMB Европа против Hauptzollamt Duisburg (ECR 2010, стр. I-12903, точка 23 до 25).<br><br>Со оглед на тоа дека камерата меморира видео со резолуција пониска од 800 x 600 пиксели, не ја менува главната функција на апаратот. Поради тоа, исклучено е распоредувањето на производот во тарифна ознака 8525 80 30 како дигитална камера.<br><br>Камерата може да ги меморира само звукот и сликите снимени со телевизиската камера, а можноста на пренос на датотеките во камерата не може да се активира после прикажувањето со едноставна модификација на апаратот од страна |

| | | |
|---|---|---|
| | | на корисник кој нема посебно познавање.<br><br>Затоа производот треба да се распореди во тарифна ознака 8525 80 91 како видео камера со можност за меморирање само на звукот и сликите снимеани со телевизиска камера. |
| 2. Дигитален апарат дизајниран како традиционална видео камера за снимање и меморирање на фотографии и видеа во внатрешна меморија или мемориска картичка.<br><br>Апаратот е опремен со CCD сензор со резолуција 0,8 метапиксели и преклопен визир со екран со течни кристали (LCD) со дијагонала околу 7 см (2,7 инчи) кој може да се употребува во текот на снимањето на слики или како екран за прикажување на меморираните слики.<br><br>Апаратот е опремен со следните интерфејси:<br><br>слот за мемориски картички,<br>композитен видео излез,<br>излез за звук,<br>USB.<br><br>Најголемата резолуција на фотографијата изнесува 1 600 x 1 200 пиксели (1,92 мегапиксели).<br><br>Апаратот може да сними видео со брзина од 50 слики во секунда со најголема резолуција од 720 x 576 пиксели.<br><br>Апаратот е опремен со оптичко зумирање во текот на снимањето на видеото.<br><br>По прикажувањето на датотеките, податоците не можат да се пренесат од машината за автоматска обработка | 8525 80 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименувањето на тар.број 8525 и тар. подброј 8525 80 и 8525 80 99.<br><br>Согласно објективните карактеристики на производот, како што е неговата конструкција и дизајн, присуството на CCD сензорот со ниска резолуција од 0,8 мегапиксели, способноста на снимање видео со квалитет на стандардниот DVD видео диск (резолуција 720 x 576 пиксели со 50 слики во секунда), како и снимањето на фотографии со низок квалитет (најголема резолуција 1, 92 мегапиксели), главна е функцијата на апаратот за снимање и меморирање на видеа, согласно Забелешка 3 кон Оддел XVI (види ја одлуката на судот на Европска унија од 9 декември 2010 година, предмет број C-193/10, KMB Европа против Hauptzollamt Duisburg (ECR 2010, стр. I-12903, точка 23 до 25).<br><br>Со оглед на тоа дека камерата меморира видео со резолуција пониска од 800 x 600 пиксели, не ја менува главната функција на апаратот. Поради тоа, исклучено е распоредувањето на производот во тарифна ознака 8525 80 30 како дигитална камера.<br><br>Бидејќи апаратот може да ги меморира не само податоците снимени од телевизиските камери туку и податоците од други извори, исклучено е распоредувањето во тар. |

| | | |
|---|---|---|
| на податоци на апаратот со помош на USB интерфејс. | | подброј 8525 80 91 како видео камера со можност за меморирање само на звук и слика снимени на телевизиска камера.<br><br>Затоа апаратот треба да се распореди во тарифна ознака 8525 80 99 како останати видео камери. |

**Прилог 259**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.459/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Уред за снимање, репродукција и прикажување на неподвижни слики (т.н. дигитална фото-рамка), со димензии 17 (Д) x 12,9 (Ш) x 12,3 (Д) см, кој се состои од следните главни составни делови во истото куќиште:<br><br>екран во боја со течни кристали (LCD) со дијагонала од 13 см (5,1 инчи) и резолуција од 320 x 240 пиксели,<br>слотови за SIM картичка,<br>интерфејси со инфрацрвени зраци,<br>внатрешна меморија,<br>копчиња за управување.<br><br>Сликите се пренесуваат во внатрешната меморија на уредот од компатибилен уред (како што е мобилен телефон, машина за автоматска обработка на податоци или дигитален фотоапарат) по пат на инфрацрвени зраци или со помош на SIM картичка преку сликовни (MMS) пораки.<br><br>Сликите исто така можат да се пренесат од уредот во компатибилниот уред по пат на инфрацрвени зраци.<br><br>Уредот подржува слики во формат JPEG и GIF со најголема резолуција 1024 x 728 пиксели.<br><br>Уредот може да прикажува слики самостојно или во облик на слајдови (slideshow).<br><br>Во внатрешната меморија може да се меморираат до 50 слики. | 8528 59 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименувањето на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 70.<br><br>Бидејќи уредот е осмислен за извршување на три функции во смисла на забелешка 3 кон Оддел XVI (снимање, репродукција и прикажување на слики), потребно е да се распореди како да е составен само од оној уред што ја извршува главната функција.<br><br>Со оглед на неговата можност за прикажување на слики, како главна функција на уредот се смета функцијата на екран, што претставува индивидуална функција од тар. број 8528.<br><br>Иако сигналите не се прикажуваат директно од надворешните извори, неможе да се исклучи распоредувањето на уредот во тарифен број 8528 бидејќи екраните од овој тарифен број можат да примаат различни сигнали од различни извори (види исто така Забелешки на ХС за тар. број 8528, став три).<br><br>Затоа е потребно уредот да се распореди како останати екрани во тарифна ознака 8528 59 70. |
| 2. Уред за снимање и прикажување на неподвижни слики и видео записи, | 8528 59 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на |

| | | |
|---|---|---|
| како и за снимање и репродукција на звук (т.н. дигитална фото рамка), со димензии 33 (Д) x 24,1 (Ш) x 4,1 (Д) см, кој се состои од следните главни составни делови во истото куќиште:<br><br>екран во боја со течни кристали (LCD) со дијагонала од 25,4 см (10 инча) и резолуција од x 480 пиксели,<br>внатрешна меморија со капацитет на зачувување на податоци од 128 MB,<br>вградени звучници,<br>два USB интерфејси,<br>копчиња за управување.<br><br>Ги поддржува следните формати:<br>звук: MP3,<br>неподвижни слики: JPEG, GIF,<br>видео: MPEG1, MPEG4, MOV, AVI.<br><br>Во приклучоците за мемориски картички може да се вметнат различни видови на постојани мемории со погон во цврста состојба (SSD).<br><br>Сликите можат да се прикажуваат самостојно, во облик на слајдови (slideshow) или минијатури (thumbnails). | | Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименувањето на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 70.<br><br>Бидејќи уредот е наменет за вршење на трите функции во смисла на забелешка 3 кон Оддел XVI (снимање, репродукција и прикажување на слики), потребно е да се распореди како да е составен само од оној уред што ја извршува главната функција.<br><br>Со оглед на дизајнот и концептот на уредот, неговата намена е прикажување на слики и видео записи. Снимањето на подвижните слики и видео записи се смета за споредна функција на уредот. Затоа како главна функција на уредот се смета функцијата на екран, што претставува индивидуална функција од тар. број 8528.<br><br>Иако сигналите не се прикажуваат директно од надворешните извори, неможе да се исклучи распоредувањето на уредот во тарифен број 8528 бидејќи екраните од тој тарифен број можат да примаат различни сигнали од различни извори (види исто така Забелешки на ХС за тар. број 8528, став три).<br><br>Уредот неможе да прикажува сигнали директно од машина за автоматска обработка на податоци бидејќи USB интерфејсите се употребуваат само за пренос на медијски датотеки. Затоа се исклучува распоредувањето во тар. подброеви 8528 51 00 и 8528 59 31.<br><br>Затоа е потребно уредот да се распореди како останати екрани во тарифна ознака 8528 59 70. |
| 1. Уред со батериско напојување кој се состои од ласерски систем за читање за репродукција на слики и екран во | 8528 59 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската |

| | | |
|---|---|---|
| боја за прикажување на видео записи (т.н. преносни DVD читачи). Неговите димензии се 19 (Д) x 14,2 (Ш) x 3,7 (Д) см, тежина од 800 грама.<br><br>Екранот е LCD (екран со течни кристали) со дијагонала од 21,6 см (8,5 инча). Уредот може да се склопува, а неговиот екран може да се ротира.<br><br>Уредот има вградени звучници.<br><br>Опремен е со следните интерфејси:<br><br>- слотови за мемориски картички,<br>- USB влез,<br>- комбиниран видео влез и излез,<br>- приклучок за слушалки.<br><br>Може да чита оптички медиуми (на пример CD, DVD) и полупроводнички медиуми (на пример USB преносна меморија) во различни аудио и видео формати. | | тарифа. Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименувањето на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 70.<br><br>Бидејќи уредот е наменет за вршење на трите функции во смисла на забелешка 3 кон Оддел XVI (снимање, репродукција и прикажување на видео записи), потребно е да се распореди како уредот што ја извршува главната функција.<br><br>Со оглед на дизајнот и концептот на уредот, особено големината на екранот кој го олеснува гледањето на видео инсерти во текот на подолг период, основна функција на апаратот претставува прикажување на видео записи.<br><br>Уредот неможе да прикажува сигнали директно од машина за автоматска обработка на податоци бидејќи USB интерфејсите се употребуваат само за пренос на медијски датотеки. Затоа се исклучува распоредувањето во тар. подброеви 8528 51 00 и 8528 59 31.<br><br>Потребно е уредот да се распореди како останати екрани во тарифна ознака 8528 59 70. |
| Преносен електорнски уред на батерии во облик на очила за прикажување на слики (т.н. „видео очила“), кој во склопена состојба им димензии од околу 15 x 3,5 x 2,5 см.<br>Електронскиот уред во облик на очила се состои од два екрана со течни кристали (LCD), секој со резолуција од 640 x 480 пиксели (виртуелен еквивалент на екран од 80 инчи гледан од оддалеченост од 2 метри) и систем за обработка на звук, поставени во рамка слична на рамка за очила.<br>Уредот е опремен со следните интерфејси: | 8528 59 31 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 31.<br><br>Бидејќи уредот не содржи приемник или било кој сличен уред кој овозможува прием на телевизиските сигнали, се исклучува распоредувањето како телевизиски приемник во тар. број 8528 72.<br><br>Уредот употребува два мали LCD екрани (по еден за секое око) за создавање на виртуелна слика еквивалентна на екранот од 80 инчи, со гледаност на оддалеченост од два |

| | | |
|---|---|---|
| VGA влез,<br>аудио/видео (A/V) влез.<br>Може да биде поврзан со машина за автоматска обработка на податоци (ADP) и уреди како што се уредите за видео репродукција, телевизиски приемник или конзоли за видео игри.<br><br>Покажува виртуелени тридимензионални (3D) видео записи наменети за забавни цели. | | метри. Со оглед на објективните особини и својства, посебно на можноста за прикажување на 3Д слика, уредот е наменет за забава, на пример за гледање на филмови или телевизија или за играње. Затоа се исклучува распоредувањето во тарифен број 8528 51, бидејќи уредот неможе да се смета исклучиво или главно како уред кој се употребува за автоматска обработка на податоци во тар. број 8471.<br><br>Бидејќи на екранот можат да се прикажуваат сигнали од уред за автоматска обработка на податоци на ниво доспатно за практична употреба со таа машина, се смета дека може да се прикажуваат сигналите од машина за автоматска обработка на податоците со прифатливо ниво на функционалност.<br><br>Затоа е потребно екранот да се распореди во тар. ознака 8528 59 31 како дисплеи со рамен екран кој можат да прикажуваат сигнали од машини за автоматска обработка на податоци со прифатливо ниво на функционалност на екран со течни кристали (LCD). |
| 1. Повеќе функционален уред (т.н. „мултимедијален центар за моторни возила") вид кој се употребува во моторни возила, кој се состои од два главни дела:<br><br>приемен уред за радиодифузија комбиниран со читач на дискови CD/DVD,<br>монтажен екран во боја со течни кристали (LCD) кој има функција на екран на допир со дијагонални димензии 17,5 cм (7 инча) и обем на ширина и висина на сликата 16:9.<br><br>Уредот е опремен со конектори кои овозможуваат прием на видео | 8528 59 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 70.<br><br>Уредот извршува различни функции (репродукција на звукот, репродукција на видео записи, емитување на радио програма, прикажување на видео записи), од кои, со оглед на дизајнот и концептот на уредот, ниту една од нив не му дава суштински карактер.<br><br>Со примена на општото правило 3 (в), потребно е уредот да се распореди како останати екрани од тарифна |

| | | |
|---|---|---|
| сигнали од надворешни извори, како што е камерата на ретровизорот.<br><br>Уредот содржи и далечински управувач.<br><br>На уредот може да се монтира и дополнителен екран. | | ознака 8528 59 70. |
| 2. Повеќе функционален уред (т.н. „мултимедијален центар") кој се употребува во моторни возила, со димензии 17 x 5 x 16 см.<br><br>Во истото кукиште се наоѓа радио-дифузен приемник, уред за репродукција на звукот и видео запис LCD екран во боја со течни кристали со дијагонални димензии на екранот 8 см (3,5 инча).<br><br>Уредот е опремен со конектори кои овозможуваат прием на видео сигнали од надворешни извори, како што е камерата на ретровизорот.<br><br>Исто така, уредот може да репродуцира звук и слики од USB меморски стик.<br><br>Уредот содржи и далечински управувач.<br><br>На уредот може да се монтира и дополнителен екран. | 8528 59 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 70.<br><br>Уредот извршува различни функции (репродукција на звукот, репродукција на видео записи, емитување на радио програма, прикажување на видео записи), од кои, со оглед на дизајнот и концептот на уредот, ниту една од нив не му дава суштински карактер.<br><br>Уредот неможе да прикажува сигнали директно од машината за автоматска обработка на податоци бидејќу USB слотот се употребува само за репродукција на звук или видео запис од USB меморски стик. Затоа се исклучува распоредувањето во тар. подброеви 8528 51 00 и 8528 59 31.<br><br>Со примена на општото правило 3 (в), потребно е уредот да се распореди како останати екрани од тарифна ознака 8528 59 70. |
| 3. Повеќе функционален уред (т.н. „мултимедијален центар") кој се употребува за моторни возила.<br><br>Во истото кукиште се наоѓа радио-дифузен приемник, уред за репродукција на звукот и видео запис, радио-навигациски приемник и LCD екран во боја со течни кристали со дијагонални димензии на екранот 18 см (7 инча) и обем на ширина и висина на сликата 16:9. | 8528 59 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 70.<br><br>Уредот извршува различни функции (репродукција на звукот, репродукција на видео записи, емитување на радио програма, прикажување на видео записи), од кои, со оглед на дизајнот и |

| | | |
|---|---|---|
| Уредот е опремен со конектори кои овозможуваат прием на видео сигнали од надворешни извори, како што е камерата на ретровизорот или приемник DVB-T.<br><br>Уредот може да репродуцира звук и слики од мемориска картичка.<br><br>Уредот содржи и два далечински управувачи.<br><br>На уредот може да се монтира и дополнителен екран. | | концептот на уредот, ниту една од нив не му дава суштински карактер.<br><br>Со примена на општото правило 3 (в), потребно е уредот да се распореди како останати екрани од тарифна ознака 8528 59 70. |

Прилог 260

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.550/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат (т.н. детектор на пламен) кој се состои од пасивни инфрацревени и ултравиолетови сензори, оптички филтер, единица за проценка, три излезни релеи (противпожарно и помошно реле и реле за случај на дефект) и LED статусен показател во три бои (нормална работа, пожар и дефект), во цилиндрично кукиште со дијаметар од 12 см и должина околу 25 см. Работниот напон му е од 18 до 30 V еднонасочна струја.<br><br>Апаратот е составен дел на противпожарен алармен систем. Сензорите истовремено откриваат инфрацрвено и ултравиолетово зрачење кое го емитува оганот. Во случај емисијата на зрачењето да помине одредено ниво, уредот преку противпожарното реле испраќа електричен сигнал до противпожарниот апарат. Противпожарниот апарат не е приложен со производот во моментот на царинење. | 8536 50 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8536 и тар. подброј 8536 50 и 8536 50 19.<br><br>Распоредувањето како електричен апарат за звучна или визуелна сигнализација во тар. број 8531 е исклучено бидејќи апаратот нема вградено алармен систем (види и Коментарски забелешки на ХС за тар. број 8531, група (Ж) од трет став).<br><br>Распоредувањето во тар. број 8537 како апарат опремен со два или повеќе апарати од тар. број 8535 или 8536 исто така е исклучено, бидејќи апаратот е опремен само со апарат од тар. број 8536 (три релеја) (види Коментарски забелешки на ХС за тар. број 8537, исклучување (б)).<br><br>Апаратот открива само дека зрачењето кое го емитува оганот, е над одредено ниво, а не ја покажува точната вредност. Откривањето на разликите во зрачењето не е исто како и мерењето или контролата на топлината. Затоа распоредувањето во тар. број 9027 како инструмент и апарат за мерење или контрола на топлината е исклучено.<br><br>Апаратот има функција на автоматска склопка и затоа треба да се распореди во тар. ознака 8536 50 19 како останати склопки за напон не поголеми од 60 V. |

**Прилог 261**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.646/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ од челик со тело кое е делумно во навои, а делумно обложено со пластика. На главата има вдлабнатина во вид на крст за штрафцигер. Врвот на производот не е конусен ниту пак е заострен. Долг е приближно 45 мм, со надворешен обем приближно 7 мм.<br><br>Производот се употребува како дел од фитинзи за мебел. Дел од производот со навојот се прицврстува во претходно избушената дупка во едниот дел на мебелот, додека главата се вметнува во другиот дел од мебелот. Двата дела од мебелот споени се така да главата на производот се вметнува во отворот на другиот дел на фитингот (кој не се поднесува за царинење заедно со производот).<br><br>(*) Види слика<br><br> | 7318 19 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 83 и наименувањето на тар.број 7318 и тар. подброј 7318 19 00.<br><br>Производот е сложен бидејќи се состои од два материјала. Се распоредува согласно материјалот кој му дава суштински карактер (металот).<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 8302 како метални фитинзи за мебел е исклучено бидејќи производот е само дел од целиот фитинг и ги има карактеристиките на производи со навој од тар. број 7318 (види Забелешка 2 кон Глава 83).<br><br>Производот не се смета како завртка од тар. број 7318 бидејќи неможе самостојно да се употребува за прицврстување или спојување на други производи. Се прицврстува само делот со навој, додека другиот крај се вметнува во отворот на другиот дел од фитингот. Затоа распоредувањето во тар. ознака 7318 12, 7318 14 или 7318 15 е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 7318 19 00 како останати производи со навој од челик. |

(*) Сликата е само од информативен карактер

Прилог 262

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.647/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цилиндричен шуплив производ од алуминиум, стеснет на едниот крај (спојница) и опремен со престен за затегнување на лостот.<br><br>Производот е наменет да се употребува како спојница за свитливи цевки.<br><br>(*) Види слика<br><br> | 7609 00 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар. ознака 7609 00 00.<br><br>Тарифниот број 7609 ги опфаќа спојниците за поврзување на две цевки (види Забелешки на ХС за тар. број 7609 и 7307). Бидејќи свитливите цевки се сметаат за вид на цевки, поради тоа и спојниците за свитливи цевки се опфатени во овој тар. број.<br><br>Бидејќи производот е опфатен во еден од тар. броеви од Глава 76, се исклучува распоредувањето во тар. број 7616 како останати производи од алуминиум.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 7609 00 00 како прибор за цевки од алуминиум. |

(*) Сликата е само од информативен карактер

**Прилог 263**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 757/2014 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Кутија од челик со димензии приближно 22,5 x 16,5 x 5,5 см, со дебелина на ѕидот од најмалку 0,5 мм и со волумен помалку од 50 l. Кутијата има капак прицврстен со шарки и систем за затворање кој се наоѓа на спротивната страна од шарките. На страната на која се наоѓа системот за затворање се наоѓа рачката.<br><br>На капакот, како и на долниот дел на кутијата се наоѓаат релјефни мотиви во форма на бисквити и животински ликови од цртаните филмови.<br><br>Кутијата не е опремена одвнатре.<br><br>Види фотографија А и Б (*).<br><br><br><br> | 7326 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 7326 и тар. подброј 7326 90 и 7326 90 98.<br><br>Земајќи ги во предвид објективните карактеристики, вклучувајќи ја и неговата едноставна внатрешност и малите димензии, производот не се смета за куфер, работна ташна или торба за документи од тар. број 4202. Производот не е посебно обликуван или опремен внатрешно за чување на одредени алати со или без прибор (види Забелешки на ХС за тар. број 4202, став три). Поради тоа распоредувањето на производот во тар. број 4202 е исклучено.<br><br>Со оглед на неговите видливи карактеристики, односно непостоење на елементи за да може да се смета како контејнер за пакување за продажба на одредени стоки за широка потрошувачка, исклучено е распоредувањето на производот како кутија во тар. број 7310 (види Забелешки на ХС за тар. број 7310, втор став).<br><br>Поради наведеното, производот се распоредува во тар. ознака 7326 90 98 како останати производи од железо и челик. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 264**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.758/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со кружна форма изработен од силикон со обем приближно од 10 до 15 мм. Производот во средина има засек во форма на крст. Нема механички делови.<br><br>Производот се употребува заедно со капак со навој. Се става на внатрешната страна на капакот со навој кој потоа се навива на грлото на шишето. Производот служи за спречување на истекување на полутечниот производ, на пример мајонез или кечап, кога шишето ќе се сврти наопаку. Кога капакот ќе се отвори, а шишето се сврти наопаку, со притисок со рака содржината истекува низ засекот во форма на крст.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 3926 и тар. подброј 3926 90 и 3926 90 97.<br>Бидејќи самиот производ не ја извршува функцијата на чеп, односно ја има таа функција откако истиот ќе се стави во капакот со навој, се смета како дополнителна опрема на капакот. Затоа распоредувањето на производот во тар. број 3923 како славина, вентили и слични производи е исклучено.<br><br>Производот овозможува проток на полутечниот производ во капакот со навој, но самиот не го контролира отварањето или затворањето на отворот па затоа и не може да го регулира протокот на течноста со отварање или затварање на отворот. Поради тоа распоредувањето на производот во тар. број 8481 како славина, вентили и слични уреди е исклучено.<br><br>Бидејќи производот е изработен од пластичен материјал, се распоредува во тар. ознака 3926 90 97 како останати предмети од пластика. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 265**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.759/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Не самоодна машина (т.н. "гребалка за чистење плажи") за чистење песочни плажи, со димензија приближно 4 x 2,3 x 2,3 м.<br><br>Се употребува за просејување и чистење на песокот од нечистотии, како стакло, пластика, отпушоци, сламки, конзерви, камења, морска трева, морски алги и мали парчиња дрво.<br><br>Машината ја израмнува песочната површина со помош на одбојник со плуг. Затоа песокот се просејува низ стотина забци со полуги од нерѓосувачки челик. На крајот нечистотиите се одвојуваат од песокот и со движечка лента се пренесуваат во инка. | 8479 10 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8479 и тар. подброј 8479 10 00.<br><br>Со оглед на тоа дека машината само го распоредува и одвојува ѓубрето од песокот, но не и самиот песок, исклучено е распоредувањето во тар. број 8474 како машина за сортирање или сепарација на минерални работи (види Забелешки на ХС за тар. број 8474, прв став, точка (I)).<br><br>Како машина која се употребува за одржување (чистење) на плажа, се смета за машина за извршување на јавни работи, градежништво или слично (види исто така Забелешки на ХС за тар. број 8479, група (II), подгрупа (А), став пет). Поради тоа машината се распоредува во тар. ознака 8479 10 00 како машина за извршување на јавни работи, градежништво или слично. |

**Прилог 266**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 760/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цилиндричен резервоар изработен од пластика, со висина приближно 8 см, кој содржи 180 мл парафинско масло за лампа (мешавина на парафин кој содржи 68% тетрадекан, 25% пентадекан и околу 4% хексадекан) и фитил. Затворен е со пластичен чеп и запечатен со метална пломба кој го спречува испарувањето на маслото и го држи цврсто фитилот (т.н. маслена лампа).<br>После употребата на маслото резервоарот неможе повторно да се наполни.<br><br>Производот се употребува како амбиентална светилка. Може да се стави во држач (на пр. во стаклен сад) или може да се употребува самостојно.<br><br>Види слика (*).<br> | 9405 50 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 9405 и тар. подброј 9405 50 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 2710 како масло е исклучено бидејќи производот има метална пломба со пластичен чеп и фитил, поради што се состои од повеќе елементи а не само од масло и резервоар кој вообичаено се употребува за пакување на таков тип на стока, согласно Основното правило 5 (б).<br><br>Производот има карактеристики и форма на самостојно светлечко тело од тар. број 9405 бидејќи е составен од самоодржливо куќиште во кое е ставено маслото, металната пломба со пластичен чеп и фитил.<br>Во наведениот тар. број се опфатени електрични и неелектрични светилки и светлечки тела кои може да бидат изработени од различни материјали и може да се користат со било кој извор на светлина (види исто така Забелешки на ХС за тар. број 9405, дел (I)).<br><br>Производот затоа се распоредува во тар. ознака 9405 50 00 како неелектрична светилка и светлечко тело. |

(*) Сликите се само од информативен карактер

Прилог 267

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 761/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Површинско активен препарат за миење на кожа и коса во облик на гел.<br><br>Производот содржи во приближен сооднос одредени компоненти за миење на кожа и за миење на коса.<br><br>Производот е подготвен за малопродажба, спакуван во пластично шише од 300 мл. | 3401 30 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 3401 и тар. подброј 3401 30 00.<br><br>Производот претставува препарат за миење на коса (тар. број 3305) и кожа (тар. број 3401). Со оглед на неговите очигледните карактеристики, не е возможно да се одреди која компонента на производот му дава суштинско значење.<br><br>Поради тоа, согласно Општото правило 3 (в) производот треба да се распореди во тар. број кој е последен по нумерички редослед, односно во тар. број 3401, како подготовка за перење на коса, подготвен за малопродажба. |

Прилог 268

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.764/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е во форма на безбојни капсули исполнети со жолт прав, подготвени за малопродажба во пластично шише со капаче со навој и етикета, кое содржи 60 капсули. Секоја капсула ги содржи следните состојки:<br><br>-глукозамин хидрохлорид (300 мг),<br>хондроитин сулфат,<br>метил сулфонил метан,<br>-мала количина на естер на аскорбинска киселина (витамин Ц).<br><br>Согласно декларацијата производот претставува додаток кон исхраната за човечка употреба. Препорачаната дневна доза наведена на етикетата изнесува три таблети дневно. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 5 кон Глава 21 и наименованието на тар.број 2106 и тар. подброј 2106 90 и 2106 90 92.<br><br>Ако се земе во предвид препорачаната дневна доза наведена на декларацијата, производот нема јасно одредени профилактички или терапевтски својства. Затоа неможе да се распореди како лек во тар. број 3004.<br><br>Бидејки се работи за прехранбен продукт во одмерени дози кој е наменет за употреба како додаток кон исхраната, исполнети се условите од Дополнителна забелешка 5 кон Глава 21.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. број 2106 како додаток во исхрана на друго место неофатен или вклучен. |

Прилог 269

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.765/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Мешавина од замрзнато овошје која се состои од (во % по маса):<br><br>- јагода 55,<br>- банана 20,<br>- ананас 15,<br>- боровница 10.<br><br>Производот е спакуван во вреќи кои содржат замрзнато овошје во парчиња подготвено за мешање во миксер. | 0811 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 0811 и тар. подброј 0811 10 и 0811 10 90.<br><br>Производот претставува мешавина од различно замрзнато овошје. Основната карактеристика на производот му ја даваат јагодите со оглед на тоа дека тие се дадени во најголем процент.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 0811 10 90 како јагоди. |

**Прилог 270**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.766/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Течен производ подготвен за малопродажба во шишиња од 200 мл, 500 мл или 1 000 мл.<br><br>Производот содржи:<br>- натриум хлорид (0,9%),<br>- стерилна вода.<br><br>Секое шише е опремено со ергономенска очна капалка и капак за заштита од прашина, наменета за еднократна употреба.<br><br>Согласно декларацијата, производот се упоребува за испирање на очите во итни случаи за одстранување на нечистотии и хемикалии од нив. | 3307 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Оддел VI, Забелешка 3 кон Глава 33 и наименованието на тар.број 3307 и тар. подброј 3307 90 00.<br><br>Со оглед на тоа дека е производот е подготвен во пакување за малопродажба и е соодветен за употреба како козметички или тоалетен препарат, производот се смета како козметички или тоалетен препарат. Затоа распоредувањето на производот во Глава 25 или Глава 30 е исклучено (види Забелешка 2 (г) кон Глава 25 и Забелешка 1 (д) кон Глава 30).<br><br>Поради наведеното, производот се распоредува во тар. број 3307 како останати козметички или тоалетни препарати, неспомнати ниту опфатени на друго место. |
| 2.Течен производ подготвен за малопродажба во шишиња од 200 мл или 1 000 мл.<br><br>Производот содржи:<br>- динатриум фосфат (1-5 %),<br>- калиум фосфат (1%),<br>- стерилна вода.<br><br>Секое шише е опремено со ергономска очна капалка и капак за заштита од прашина, и е за еднократна употреба.<br><br>Согласно декларацијата, производот се упоребува за испирање на очите во итни случаи заради неутрализација на киселини и бази после контакт со | 3307 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Оддел VI, Забелешка 3 кон Глава 33 и наименованието на тар.број 3307 и тар. подброј 3307 90 00.<br><br>Со оглед на тоа дека производот не е конкретно дефинирано хемиско соединение, исклучено е неговото распоредување во тар. број 2835 како фосфат (види Забелешка 1 кон Глава 28).<br><br>Со оглед на тоа дека производот е подготвен во пакување за малопродажба и соодветен за |

| | | |
|---|---|---|
| очи | | употреба како козметички или тоалетен препарат, се смета козметички или тоалетен препарат. Затоа распоредувањето на производот во Глава 30 е исклучено (види Забелешка Забелешка 1 (д) кон Глава 30).<br><br>Поради наведеното, производот се распоредува во тар. броj 3307 како останати козметички или тоалетни препарати, неспомнати ниту опфатени на друго место. |

**Прилог 271**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.767/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој се состои од коцки на сушени претходно варени тестенини (приближно 65 гр), кесичка со зачин (приближно 3,4 гр), кесичка со јастиво масло (приближно 2 гр) и кесичка со сушен зеленчук (приближно 0,8 гр).<br><br>Производот е во форма на сет (сите состојки се пакувани заедно) подготвен за малопродажба за подготовка на јадења од тестенини.<br><br>Согласно упатството означено на пакувањето, пред употреба потребно е да се додаде зовриена вода. | 1902 30 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 1902 и тар. подброј 1902 30 и 1902 30 10.<br><br>Производот е сет наменет за малопродажба согласно Општото правило 3 (б). Суштинско значење на производот му го даваат тестенините имајќи предвид дека тие го сочинуваат најголем дел од производот. Затоа распоредувањето на производот во тар. број 2104 како супи, чорби и препарати за нив е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. број 1902 како тестенина, независно дали е готвена или полнета или на друг начин подготвена. |

Прилог 272

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 858/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. рачна острилка на ножеви) со димензии приближно 27 x 14 x 19 см, кој се состои од рачка и постамент на кој се наоѓа двостепен систем за острење и полирање со микронски дијамантски абразиви.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 8205 51 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8205 и тар. ознака 8205 51 00.<br><br>Поради своите објективни карактеристики, производот е наменет за употреба во домаќинството за рачно острење на ножевите и други острила. Иако производот е направен за употреба на рамна површина, правилно ќе работи само доколку се држи во рака. Затоа распоредувањето на производот ќе биде како рачен алат во тарифен број 8205.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 8205 51 00 како алат за домаќинство. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 273**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.859/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е составен од траен календар и пластична статуета во облик на ангел. Ангелот седи на пластичен постамент. Календарот е вметнат во постаментот и се состои од дрвени блокови и плоча на кои се изгравирани имињата на месеците и датумите.<br><br>Висината на производот е приближно 16 см. Статуетата го сочинува половина од производот, само со помал обем од делот со календар.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 4910 00 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 3 (б) за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар. ознака 4910 00 00.<br><br>Земајќи ги во предвид објективните карактеристики на производот, како што се големината и важноста на календарскиот дел во однос на неговиот украсен дел, всушност календарскиот дел на производот му дава суштинско значење согласно Општото правило 3 (б) (види и Коментарски забелешки на ХС за тар. број 4910, став четири).<br><br>Понатаму, тар. број 4910 ги опфаќа календарите од сите видови, печатени на било кој материјал (види исто така и Коментарски забелешки на ХС за тар. број 4910, став еден).<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 4910 00 00 како календари од сите видови. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 274**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.860/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот е составен од пластичен светлечки диск (т.н. „светлечко фризби“) и систем за рачно управување со конец на намотување, изработен од пластика. Дискот содржи LED диоди со батериско напојување.<br>Светлечкиот диск е наменет да се пушта во воздух со потегнување на конецот. Дискот може да одлета најмногу до 20 метри пред повторно да слета.<br><br>Наменет е за употреба како летечка играчка со проплелер.<br><br>Види слика (*).<br> | 9503 00 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. број 9503 и тарифен подброј 9503 00 95.<br><br>Со оглед на своите објективни карактеристики производот е наменет за употреба како летечка играчка со пропелер, а не како предмет за игра на отворен простор или опрема врзана со физички напор. Производот неможе да се спореди со фризби согласно Забелешката на КН за тар. подброј 9506 99 90, во кој се опфатени игрите за фрлање и фаќање. Затоа распоредувањето во тар. број 9506 како предмет или опрема за игри на отворен простор е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 9503 00 95 како останати играчки од пластика. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 275**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.873/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Предмет кој е составен од дел со кружна форма со дијаметар приближно 15 см и продолжеток во форма на цевка со должина приближно 20 см.<br>На горната страна од предметот се наоѓа отвор со кружен облик кој овозможува влез на воздух. На долната страна на предметот кон крајот на продолжетокот се наоѓа вентил од пластична маса.<br><br>Надворешната површина е изработена од два дела од текстилен материјал кои од внатрешната страна се залепени и превлечени заедно.<br><br>Во внатрешноста се наоѓа заоблен цилиндар од пластична пена со засек во средината.<br><br>Со затворање на отворот со кружна форма на горната страна воздухот преку продолжетокот и вентилот се пренесува во воздушниот душек.<br><br>Производот е претставен како мини пумпа.<br><br>Види слика (*)<br> | 8414 20 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименование на тар. број 8414, и тарифен подброј 8414 20 и 8414 20 80.<br><br>Со оглед на неговите очигледни карактеристики, предметот претставува рачна воздушна пумпа, која се користи само со човечка сила, која е наменета за надувување на воздушните душеци опфатени во тар. подброеви 8414 20 20 и 8414 20 80 (види и Коментарски забелешки на КН за тар. подброеви 8414 20 20 и 8414 20 80).<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 8414 20 80 како останати воздушни пумпи со рачен погон. |
| 2. Предмет во форма на бубрег (димензии приближно 35 см x 17 см) со продолжеток во форма на цевка (дијаметар приближно 25 см) со три вентили. | 8414 20 80 | Распоредувањето е утрдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар. број 8414 и |

| | | |
|---|---|---|
| На долната страна на предметот се наоѓа вентил кој овозможува влез на воздухот. На горната страна на предметот кон крајот на продолжетокот се наоѓаат два вентили од пластика сместени еден до друг.<br><br>Надворешната површина е изработена во два дела од текстилен материјал кои се залепени и превлечени од внатрешната страна.<br><br>Во внатрешноста се наоѓа парче од пластична пена со заоблена форма со засек. На засекот на долната страна се наоѓа вентил.<br><br>Со притискање на вентилот на долната страна воздухот се пренесува до воздушен душек преку продолжетокот и последниот вентил.<br><br>Предметот е претставен како мини-пумпа. Може да се употребува и како перниче, бидејќи со вметнување на едниот вентил во другиот се спречува испуштање на воздухот од предметот.<br><br>Види фотографија (*).<br><br><br> | | тарифен подброј 8414 20 и 8414 20 80.<br><br>Од една страна предметот претставува перниче на надувување и затоа производот се смета како производ кој служи за кампирање опфатен во тар. број 6306 (види Забелешки на ХС за тар. број 6306 (5)). Од друга страна предметот претставува пумпа за надувување со рачен погон која се користи исклучиво со човечка сила и која е наменета за надувување на воздушни душеци кои се опфатени во тар. број 8414 (види Коментарски забелешки на КН за тар. подброеви 8414 20 20 и 8414 20 80).<br><br>Бидејќи ниту еден од двата тар. броеви не е поспецифичен согласно Основното правило 3 (а), а неможе да се распореди ниту согласно Основното правило 3 (б), затоа предметот се распоредува согласно Основното правило 3 (в), односно се распоредува во оној тар. број од двата тар. броеви (6306 и 8414) кои подеднакво се земаат во предвид по нумерички редослед.<br><br>Поради тоа, производот се распоредува во тар. ознака 8414 20 80 како останати воздушни пумпи со рачен погон. |
| (*) Сликите се само од информативен карактер | | |

**Прилог 276**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ)<br>бр.874/2014 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Текстилна прекривка во форма на прстен од ткаен полиестер наменета за употреба на гуми за одредени видови на автомобили која служи за подобрување на функцијата на шарата на гумата при возење на снег.<br><br>Внатрешноста на средишниот дел на производот е изработена од јаки долги полестерски влакна кои и даваат цврстина на структурата. Надворешната страна на средишниот дел на производот изработена е од кратки полиестерски влакна со две различни димензии кои овозможуваат апсорпција и прилепување со помош на грубата површина на производот. Поради средишниот дел на производот со кој се покрива делот од гумата кој е во допир со земјата е поотпорен на абење и има подобри својства на абсорпција и прилепување од останатите делови.<br><br>Останатите делови на производот ги покриваат страничните делови на гумата и направени се така да го држат производот на место за време на возењето.<br><br>Сите делови се составени со шиење.<br><br>На едната страна на производот прицврстени се четири ленти од ткаен полипропилен кои функционираат како рачки за монтирање на производот на гумата.<br><br>Види фотографија (*). | 6307 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (ѓ) кон Оддел XI и наименованието на тар. број 6307 и тарифен подброј 6307 90 и 6307 90 98.<br><br>Распоредувањето како прибор од подброј 8708 70 е исклучено бидејќи производот само ја зголемува функцијата на прилепување на гумата за време на возење на снег и затоа на возилото не му дава посебна функција, не го шири подрачјето на делување, ниту делува на извршувањето на главната функција на возилото (види предмет C-152/10 Unomedical [2011] ECR I-5433, став 29.).<br><br>Поради тоа, како и поради фактот дека производот е изработен исклучиво од текстилен материјал и различните делови се составени со шиење, производот се распоредува во тар. ознака 6307 90 98 како "останати готови текстилни производи". |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 277**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.875/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. LED плоча) во алуминиумско кукиште со димензии околу 40 x 40 x 7 см кој ги содржи следните компоненти:<br>- светлечки диоди (LED) вградени на плочата со печатно коло со густина од 72 x 72 пиксели и светлина 2000 cd/m²,<br>- приклучоци за напојување (влезни и излезни),<br>- приклучоци за податоци (влезни и излезни),<br>- носачи и отвори за вградување на повеќе плочи заедно.<br><br>Производот е наменет за употреба во модуларен LED видео ѕид. Тој не вклучува видео процесор.<br><br>LED плочата, независно од тоа дали е приклучена на друга плоча или не, неможе да ги прикажува видео сликите директно од видео изворот. Може само да ги прикажува сигналите од видео процесорот (т.н. дигитализатор) кои ги обработува сигналите и ги распределува на вкупен број на плочи во LED видео ѕидот.<br>Плочата, кога е споена со видео процесорот има способност да прикажува слики во голем број на бои (281 трилион).<br><br>Види фотографија (*). | 8529 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) кон Оддел XVI и наименованието на тар. број 8529 и тарифен подброј 8529 90 и 8529 90 92.<br><br>Со оглед на нејзините објективни карактеристики, како што е присуството на вградените носачи, приклучоците и способноста за прикажување на слики во голем број на бои, LED плочата е наменета за приклучување на останати плочи и наменски надворешен видео процесор во LED видео ѕид од тар. подброј 8528 59.<br><br>Изворниот видео сигнал е процесиран и пренесен од страна на видео процесорот на LED видео ѕидот. Видео процесорот го расподелува целиот видео сигнал на вкупниот број на плочи. Кога една плоча недостасува или е оштетена, видео сигналот на видео зидот не се прикажува во потполност. Затоа секоја поединечна плоча е важен дел за функционирање на LED видео ѕидот како целина.<br><br>Распоредувањето со примена на Забелешка 2 (а) кон Оддел XVI е исклучено бидејќи LED плочата, независно од тоа дали е приклучена на друга плоча или не, може да работи само во комбинација со видео процесор. Затоа се исклучува распоредувањето во тар. број 8528 како монитор или во тар. број 8531 како апарат за визуелна сигнализација. |

| | | |
|---|---|---|
|   | | Производот се распоредува во тар. ознака 8529 90 92 како останати делови за апарати од тар. број 8528. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 278

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.877/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат (т.н. „LCD екран за видео ѕид") кој се состои од монитор во боја со екран од течни кристали (LCD) и машина за автоматска обработка на податоци со димензии приближно 91 x 53 x 12 см.<br><br>Мониторот со дијагонален екран приближно 102 cм (40 инчи) ги има следните карактеристики:<br><br>- изворна резолуција 1920 x 1080 пиксели,<br>- сооднос на ширина и висина 16:9,<br>- растојание помеѓу пиксели 0,46125 мм,<br>- време на реакција 8 ms,<br>- максимум светлина 700cd/m²,<br>- сооднос на контрастот 3000: 1,<br>- хоризонтален и веритикален агол на гледање 178°,<br>- функција на слика во слика (PIP).<br><br>Вградената машина за автоматска обработка на податоци се состои од микропроцесор, меморија од 1 GB и тврд диск од 40 GB.<br><br>Апаратот содржи и појачало за звук, два звучника и копче за палење, гасење и управување, како и уред за далечинско управување.<br><br>Апаратот е опремен со следните интерфејси: VGA влез, DVI-D влез/излез, HDMI, CVBS (AV), RS232C влез/излез, аудио влез/излез и LAN.<br><br>Апаратот е наменет за употреба како составен дел во видео ѕидовите со LCD екран. Интегрираната машина за автоматска обработка на податоци | 8528 59 31 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименованието на тар. број 8528 и тарифен подброј 8528 59 и 8528 59 31.<br><br>Апаратот е дизајниран за извршување на две функции од Оддел XVI (обработка на податоци од тар. број 8471 и видео приказ од тар. број 8528). Согласно Забелешката 3 од истиот Оддел, апаратот треба да се распореди врз основа на неговата главна функција.<br><br>Со оглед на тоа како е замислен и дизајниран апаратот, како и фактите дека машината за автоматска обработка на податоци служи како процесор на видео ѕидот и овозможува контрола на мрежата од најмногу 5 x 5 конфигурација на видео ѕидот, апаратот се употребува како составен дел од мониторот LCD видео ѕид. Главна функција на апаратот е функцијата на мониторот од тар. број 8528. Распоредувањето на производот во тар. број 8471 како машина за автоматска обработка на податоци е исклучено.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, како што се големина на екранот, поддржан видео начин на работа, растојание помеѓу пикселите зборуваат дека не е соодветен за подолго гледање од близина, висока осветленост, уред за далечинско управување, аудио кола со функција за засилување и функција на слика во слика (PIP), мониторот не се вбројува во оние |

| | | |
|---|---|---|
| служи како процесор на видео ѕидот и овозможува контрола на мрежата од најмногу 5 x 5 конфигурација на видео ѕидот. Апаратот може да функционира самостојно како монитор или како машина за автоматска обработка на податоци. | | монитори кои се употребуваат исклучиво или главно во системите за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471. Распоредувањето на производот во тар. подброј 8528 51 00 е исклучено.<br><br>Бидејќи мониторот може да прикажува сигнали од машина за автоматска обработка на податоци на задоволително ниво за практична употреба со машини за автоматска обработка на податоци, се смета дека мониторот може да прикажува сигнали од машина за автоматска обработка на податоци со ниво прифатливо ниво на функционалност.<br><br>Затоа е потребно мониторот да се распореди во тар. ознака 8528 59 31 како останати рамни монитори кои можат да прикажуваат сигнали од машина за автоматска обработка на податоци со прифатливо ниво на функционалност со екран со течни кристали (LCD). |

**Прилог 279**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.972/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Течен производ кој се состои од силан, фосфатен мономер MDP, диметакрилатна смола, 2-хидроксиетил-метакрилат (HEMA), кополимери, полнила, етанол, вода и иницијатор. Наменет е за употреба во стоматологија.<br><br>Со производот забната шуплина се подготвува за врзување со материјалот за полнење. Може да се употребува и за умртвување на забниот корен, цементирање на дентинот пред стврднување на амалгамот, како заштитен слој за ресторативни стаклено јономерни материјали или за врзување на смола за цементирање на дупчиња и пукнатини. | 3006 40 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 (ѓ) кон Глава 30 и наименованието на тар. број 3006 и тарифен подброј 3006 40 00.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, посебно присуството на етанол и вода, производот повеќе се смета како течен за разлика од традиционалното полнило, така што може лесно да навлезе во забот.<br><br>Иако производот се користи како адхезив, се користи и како подлога за забите со која дентинот на површината се активира за врзување со материјалот за полнење. Производот останува на забот за време на лечењето и после лечењето останува како составен дел на полнилото.<br><br>Распоредувањето во тар. број 3506 како лепило е исклучено бидејќи тар. број 3006 дава одреден опис. Исто така, некои од предвидените намени (умртвување на корен, цементирање на дентинот и заштитен слој) не се вообичаени за лепило.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 3006 40 00 како забен цемент и други забни полнила. |

Прилог 280

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.973/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот содржи транслуцентни делови со бела боја, делумно лепливи, со приближна должина 1 см и дијаметар 3 мм. Производот е потопен во расол, има густина на желе и изглед сличен на стаклени тестенини. Подготвен е за малопродажба во пакување од 250 гр (160 гр исцедена нето маса).<br><br>Производот се добива со мешање на брашно од корен од растението коњак (Amorphophallus konjac) со вода која содржи калциум хидроксид (пропорција на смесата во % по маса: брашно од корен на растението коњак 3-7, вода 93-97).<br><br>Смесата потоа се вари а добиениот гел се пресува низ калап за да му ја даде на производот неговата конечна форма. | 1901 90 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Глава 19 и наименованието на тар. број 1901 и тар. подброј 1901 90 и 1901 90 91.<br><br>Прехранбените производи од тар. број 1901 се изготвени од брашно, јарма, гриз, скроб или екстракт на слад. Изразите "брашно" и "гриз" опфаќаат брашно, гриз и прав од растително потекло од било кое поглавје, освен брашно, гриз или прав од сушен зеленчук (тар. број 0712) или од сушен мешункаст зеленчук (тар. број 1106) (види забелешка 2 кон Глава 19). Коренот од растението коњак (цели, мелени или во прав) се распоредува во тар. број 1212 (види забелешки на КН за тар. број 1212).<br><br>Иако има густина на желе, производот не е слуз или згуснувач изработен од производ од растително потекло од тар. број 1302.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 1901 90 91. |

Прилог 281

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1034/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Ново моторно возило тип пик-ап, со клипен мотор со внатрешно согорување на палење со помош на компресија со капацитет на цилиндар од 2179 см3 со пет-степен рачен менувач на брзини и една за возење наназад,. Вкупната бруто маса е приближно 2950 кг и носивост приближно 1000 кг. Должина на меѓуосовинско растојание е 3150 мм.<br><br>Моторното возило се состои од два засебни дела:<br><br>- кабина со четири врата, сите врати се опремени со прозори, и пет седишта, вклучувајќи го и возачот, во два реда (две предни седишта и три задни седишта). Кабината има стандарден ентериер со климатизер со рачно подесување, стандардни седишта со сигурносни појаси кои се прилагодуваат и прицврстуваат на три места со прилагодливи наслони за глава на предните седишта и прилагодливи управувач и осветление на патничкиот простор. Опремено е со радио приемник.<br>- Товорен простор со должина 1429 мм, опремен со сет од сидра за прицврстување на товарот. | 8703 32 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар.број 8703 и тар. подброј 8703 32 19.<br><br>Рапоредувањето во тарифен број 8704 како моторно возило за превоз на стока, исклучено е со оглед на предвидената употреба, која е составен дел на неговите објективни карактеристики и општиот изглед, како возило кое е првенствено конструирано за превоз на лица. Отсуството на луксузни елементи во внатрешноста не го попречува распоредувањето како возило за превоз на лица. Возилото има два реда седишта и најголема внатрешна должина на просторот за превоз на стока помала од 50% од должината на меѓуосовинското растојание (види Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. број 8703).<br><br>Оттука возилото се распоредува во тарифен подброј 8703 32 19 како ново моторно возило конструирано првенствено за превоз на лица. |

Прилог 282

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр1035/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Турбински ротор од легура на никел со радијално поставени лопатки и централен отвор, кој се поставува на оската на турбокомпресорот за издувни гасови.<br><br>Роторот е дел од турбината која ја претвара енергијата на влезните моторни издувни гасови во кружно движење за погон на компресорскиот ротор на турбокомпресорот.<br>(*) Види слика 1<br><br>Слика 1 | 8411 99 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(б) од Оддел XVI и наименованието на тар.број 8411 и тар. подброј 8411 99 00.<br><br>Распоредувањето на производот во тарифен број 8414 како делови на компресор е исклучено зашто роторот на турбината е дел кој е погоден за употреба исклучиво или главно со турбината за издувни гасови од тарифен број 8411, (Види Забелешки и коментарски објаснувања на ХС за тарифен број 8414, исклучување (а) и коментар на Комбинирана номенклатура за тарифен подброј 8414 90 00.<br><br>Оттука турбинското тркало се распоредува во тарифен подброј 8411 99 00 како дел за гасни турбини. |
| 2. Куќиште за турбина од прост метал составено од простор за турбински ротор, отвор за влезна цевка за издувни гасови и отвор за излезната цевка за издувни гасови.<br><br>Куќиштето е дел од турбината составена од турбински ротор со помош на кој ја претвара енергијата на влезните моторни издувни гасови во кружно движење за погон на компресорскиот ротор на турбокомпресорот.<br>(*) Види слика 2. | 8411 99 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2(б) од Оддел XVI и наименованието на тар.број 8411 и тар. подброј 8411 99 00.<br><br>Распоредувањето на производот во тарифен број 8414 како делови на компресор е исклучено зашто куќиштето на турбината е дел кој е погоден за употреба исклучиво или главно со турбината за издувни гасови од тарифен број 8411 (Види Забелешки и коментарски објаснувања на ХС за тарифен број 8414, исклучување (а) и коментар на |

| | | |
|---|---|---|
|  Слика 2 | | Комбинирана номенклатура за тарифен подброј 8414 90 00.<br><br>Оттука куќиштето се распоредува во тарифен подброј 8411 99 00 како дел за гасни турбини. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 283**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1036/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Склоп од печатено коло за вградување во телевизиски приемници со LCD екран и апарат за видео репродукција.<br><br>Склопот ги содржи следниве приклучоци (интерфејси) за поврзување со надворешни апарати:<br>- VGA влез,<br>HDMI влез (поддржува HDCP),<br>- RGB видео влез (SCART приклучоци),<br>- Влез за видео копмпоненти,<br>- CVBS виде влез и видео излез,<br>- Аудио влез и аудио излез,<br>- Влез за звучници,<br>- USB приклучок.<br><br>Склопот содржи и неколку внатрешни приклучоци на пример LVDS приклучок за поврзување со LCD екран и приклучок за натрешно напојување.<br><br>Во склопот не е вграден т.н. „приемник" кој содржи радиофреквентни кола (RF блок), кола со средна фреквенција (IF блок) и демодулациски кола (DEM блок) за прием на дигитални телевизиски сигнали.<br><br>LCD екранот не е приложен со производот.<br><br>Склопот изведува неколку функции на пример, аналогно-дигитална конверзија, видео декодирање (на пр., MPEG4), скалирање, аудио декодирање, аудио засилување, HDMI приемник и LVDS предавател за LCD екран. | 8529 90 65 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа , Забелешка 2(б) од Оддел XVI и наименованието на тар.број 8529 и тар. подброј 8529 90 65.<br><br>Склопот не содржи само електронски компоненти за репродукција на слики туку содржи и компоненти кои вршат дополнителна функција, како што е функција LVDS предавател за LCD екран и скалер кој заради својата способност за обработка на неколку резолуции од тип на машини за автоматска обработка на податоци, посебно обликуван за телевизиски приемник со вграден LCD екран. Со оглед дека склопот содржи повеќе компоненти (функции) од оние кои се опфатени во тарифен број 8521, распоредувањето во тој тарифен број е исклучено како апарат за репродукција на слика.<br><br>Имајќи предвид дека не содржи LCD екран, се исклучува распоредувањето во тарифен подброј 8528 72 40 како телевизиски приемник со екран.<br><br>Оттука склопот се распоредува во тарифен подброј 8529 90 65 како електронски склопки за апарати од тарифен број 8528. |

| | | |
|---|---|---|
| Покрај стандардните видео и телевизиски сигнали, скаларот (делителот) може да процесира и некои влезни резолуции на машините за автоматска обработка на податоци (до 1920x1080 пиксели) во изворна резолуција на ЛЦД екран.<br><br>Склопот може да репродуцира слики и звук од USB мемориски уред. | | |

**Прилог 284**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1037/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Полупроводничка компонента (т.н. ЛЕД модул) сочинет од LED чип паралелно поврзан со Zener заштитна диода, во пластично куќиште со проѕирен пластичен капак со форма на купола, со димензии приближно 7 x 7 x 5 mm, без перничиња за поврзување.<br><br>Физичката конструкција на компонентата е неделива, во смисол дека иако некои од елементите теоретски може да се отстранат и заменат, тоа би било долг и деликатен процес кој би бил неекономичен при нормални услови на производство.<br><br>ЛЕД модулот е направен за склопување на печатени плочи, со користење на пр. на површински монтажен уред со техника на лемење.<br><br>Наменет е за примена кај апликации за осветлување, на пример блиц за мобилен телефон, автомобилски светла, проектори, сообраќајни светлосни знаци и уреди за домаќинство.<br>(*) Види слика 1.<br><br><br>Слика 1 | 8541 40 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 85 и наименованието на тар.број 8541 и тар. подброј 8541 40 10.<br><br>Со оглед дека ЛЕД чипот и заштитната диода се комбинирани така да се неделиви и заштитната диода се користи само како заштита на ЛЕД чипот од повисок напон, карактеристиките и својствата на модулот како светлечка диода од тарифен број 8541 не се битно изменети. Оттука со примена на последниот став од забелешка 8 од Глава 85, распоредувањето на компонентата во тарифен број 9403 е исклучено.<br><br>Оттука компонентата се распоредува во тарифен подброј 8541 40 10 како светлечка диода. |

| | | |
|---|---|---|
| 2.Полупроводничка компонента која се состои од LED модул поставен со лемење на печатена плоча со висина 7 мм и дијаметар 21 мм, со метално јадро.<br><br>LED модулот е сочинет од LED чип кој е паралелно споен со заштитна диода Zener, во пластично кукиште со прозирен пластичен капак со форма на купола.<br><br>Печатената плоча со метално јадро посебно е направена како уред за одведување на топлината; на неа се наоѓаат перничиња за лемење за спојување со изворот на напојување и е обликувана за крајна употреба кај светлечките тела.<br><br>Наменет е за примена кај апликации за осветлување, на пример блиц за мобилен телефон, автомобилски светла, проектори, сообраќајни светлосни знаци и уреди за домаќинство.<br>(*) Види слика 2<br><br><br><br>Слика 2 | 8541 40 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 85 и наименованието на тар.број 8541 и тар. подброј 8541 40 10.<br><br>Иако компонентата е сочинета од ЛЕД модул и печатена плоча која може да се раздвои, функцијата на компонентата останува иста како функцијата на самиот ЛЕД модул. Единствена функција на печатената плоча со метално јадро е одведување топлина(ладење) зашто печатената плоча не овозможува никакво меѓусебно поврзување со други компоненти туку само овозможува подобар прием на топлина од ЛЕД модулот на околната средина. Оттука компонентата е потребно да се распореди како и самиот ЛЕД модул.<br><br>Со оглед дека ЛЕД чипот и заштитната диода се комбинирани така да се неделиви и дека заштитната диода се користи само како заштита на ЛЕД чипот од повисок напон, карактеристиките и својствата на модулот како светлечка диода во тарифен број 8541 не се значајно изменети. Оттука со примена на последниот став од забелешка 8 од Глава 85, распоредувањето на компонентата во тарифен број 9403 е исклучено.<br><br>Оттука компонентата се распоредува во тарифен подброј 8541 40 10 како светлечка диода. |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Полупроводничка компонента (т.н. „ЛЕД пакет„) која се состои од четири ЛЕД чипа кои се паралелно споени со заштитна диода Zener, во пластично куќиште со прозирно стаклено прозорче на врвот и со осум контактни перничиња на позадината, со приближни димензии 6 x 5 x 1 мм.<br><br>Физичката конструкција на компонентата е неделива, во смисол дека иако некои од елементите теоретски може да се отстранат и заменат, тоа би било долг и деликатен процес кој би бил неекономичен при нормални услови на производство.<br><br>LED чиповите не се меѓусебно споени. Меѓусебната врска меѓу ЛЕД чиповите и Zener диодата настанува со спојување со жица.<br><br>ЛЕД пакетот е направен да биде вграден на плочката со поставување на површината со користење на пример на техника на лемење<br><br>Наменет е за примена кај апликации за осветлување, на пример блиц за мобилен телефон, автомобилски светла, проектори, сообраќајни светлосни знаци и уреди за домаќинство.<br>(*)Види слика 3<br> | 8541 40 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 85 и наименованието на тар.број 8541 и тар. подброј 8541 40 10.<br><br>Со оглед дека ЛЕД чиповите и заштитната диода се комбинирани така да се неделиви и дека заштитната диода се користи само како заштита на ЛЕД чиповите од повисок напон, без оглед на бројот на ЛЕД чиповите, карактеристиките и својствата на компонентите како светлечки диоди во тарифен број 8541 не се значајно изменети. Оттука со примена на последниот став од забелешка 8 од Глава 85, распоредувањето на компонентата во тарифен број 9403 е исклучено.<br><br>Оттука компонентата се распоредува во тарифен подброј 8541 40 10 како светлечка диода. |

| | | |
|---|---|---|
| Слика 3 | | |
| 4. Полупроводничка компонента (т.н. „ЛЕД низа„) која се состои од 156 ЛЕД чипови во кружно пластично куќиште со прозирен капак и две електрични контактни перничиња на врвот (горната страна) и метален ладилник за одведување на топлината на задната страна, со висина приближно 2 мм и дијаметар приближно 49 мм.<br>Физичката конструкција на компонентите не е делива во смисол дека иако некои елементи теоретски можат да се отстранат и заменат, тоа би било долг и осетлив процес кој би бил неекономичен во вообичаените услови на производство.<br><br>LED чиповите се меѓусебно поврзани во паралелна низа со поврзување со жица.<br><br>ЛЕД низата е направен за составување со плочката со прицврстување со завртки на конечниот производ.<br><br>Наменет е за примена кај апликации за осветлување, на пример блиц за мобилен телефон, автомобилски светла, проектори, сообраќајни светлосни знаци и уреди за домаќинство.<br>(*)Види слика 4 . | 8541 40 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 85 и наименованието на тар.број 8541 и тар. подброј 8541 40 10.<br><br>Со оглед дека компонентата е сочинета само од ЛЕД чипови кои се комбинирани на начин да се неодвоиви, без оглед на бројот ЛЕД чипови, компонентата и понатаму потпаѓа во тарифен број 8541. Оттука со примена на последниот став од забелешка 8 од Глава 85, распоредувањето на компонентата во тарифен број 9403 е исклучено.<br><br>Оттука компонентата се распоредува во тарифен подброј 8541 40 10 како светлечка диода. |

<table>
<tr><td><br>Слика 4</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">(*) Сликите се само од информативен карактер</td></tr>
</table>

**Прилог 285**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1038/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Пластична цевка со должина од 142 см, со пластичен балон на едниот крај (т.н. "балонски катетар").<br>Проксималниот сегмент на катетерот има дијаметар од 0,63 мм и е изработен од материјал од видот *hypotube* и е превлечен со политетрафлуоретилен (PTFE).<br>Дисталниот сегмент на катетарот има дијаметар кој се движи од 0.79 до 1,02 мм и е изработен од полетер-блок-амид (PEBA) и е обложен со хидрофилен материјал.<br>Балонот има должина од 6 мм до 27 мм и обем од 2 мм до 5 мм.<br>Цевката има приклучок од типот *Luer*, атрауматски (свитлив) врв и две златни маркер ленти.<br>*Luer* приклучукот овозможува цевката да се приклучи на уредот за надувување со кој се надувува балонот.<br>Атрауматскиот врв се користи за да може да се движи катетерот низ крвните садови низ телото се до коронарните артерии. Кога катетарот се наоѓа на правото место во коронарната артерија, балонот ќе се надувува со што масните наслаги (атеросклерозен плак) ќе ги притисне кон зидовите на крвните садови. Со притискање на наслагите се зголемува внатрешниот дијаметар на вената.<br>Лентите за маркирање овозможуваат точно позиционирање на атрауматскиот врв во телото.<br>Балонскиот катетар се одстранува од телото и се фрла после третманот.<br>Производот е спакуван во амбалажа и стерилизиран. | 9018 39 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 9018 и тар. подброј 9018 39 00.<br><br>Со оглед на нејзините објекивни карактеристики, комбинацијата на балон, атрауматски врв, со златни маркер ленти и приклучок од типо *Luer*, цевката може да се идентификува како инструмент или уред од Глава 90 наменет за употреба во медицина.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 9021 е исклучено бидејќи цевката не се вградува во тело како би надополнила недостаток или инвалидност, односно се одстранува после третманот.<br><br>Производот се распоредува во тарифна ознака 9018 39 00 како катетер (види Забелешки на ХС за тар. број 9018, група (I)).. |

| | | |
|---|---|---|
| (*) Види слика  | | |
| 2. Пластична закривена цевка (т.н. "водечки катетер") со внатрешен дијаметар кој се движи од 1,47 мм до 2,29 мм и должина од 100 см со радио-плак маркер и атрауматски (свитлив) врв.<br>Производот се состои од двоен вплетен рамен дел од нерѓосувачки челик, инкапсулиран во пластичен материјал (PEBA, полифталамид (PPA), најлон) и премачкан со лубрикант на внатрешната силиконска површина.<br>Водечкиот кактетер овозможува пристап до коронарните артерии преку вената. И други апарати може да бидат управувани со помош на овој водечки катетер, за пристап до артериите.<br>Со радио-плак маркерот се овозможува точно позиционирање на атрауматскиот врв во телото.<br>После третманот водечкиот катетар се отстранува од телото и се фрла.<br>Производот е спакуван во амбалажа и стерилизиран.<br><br>(*) Види слика | 9018 39 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 9018 и тар. подброј 9018 39 00.<br><br>Со оглед на нејзините очигледни карактеристики, комбинацијата на закривена цевка, атрауматски врв, радио-плак маркер и премачкување од лубрикант, цевката може да се идентификува како инструмент или уред од Глава 90 наменет за употреба во медицина.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 9021 е исклучено бидејќи цевката не се вградува во тело како би надополнила недостаток или инвалидност, односно се одстранува после третманот.<br><br>Производот се распоредува во тарифна ознака 9018 39 00 како катетар (види Забелешки на ХС за тар. број 9018, група (I)).. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| 3. Свитлива метална жица (т.н. жица водилка) со дијаметар од 0,35 мм, должина која се движи од 180 см до 300 см, со два радио-плак маркери и заоблен врв.<br>Жицата е изработена од метална легура која се употребува во биомедицината, со проксимален PTFE и дистално премачкување од силикон или хидрофилен материјал.<br>Радио-плак маркерите овозможуваат точно позиционирање на жицата во телото.<br>Жицата се употребува за насочување и позиционирање на уредот за интервенција во коронарните артерии.<br>Жицата водилка се отстранува од телото и се фрла после третманот.<br>Производот е спакуван во амбалажа и стерилизиран.<br><br>(*) Види слика | 9018 39 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 9018 и тар. подброј 9018 39 00.<br><br>Со оглед на нејзините објекивни карактеристики, комбинацијата на обликот и радиопактниот маркер, жицата може да се идентификува како инструмент или уред од Глава 90 наменет за употреба во медицина.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 9021 е исклучено бидејќи жицата не се вградува во тело како би надополнила недостаток или инвалидност, односно се одстранува после третманот.<br><br>Производот се распоредува во тарифна ознака 9018 39 00 како жици водилки (види Забелешки на ХС за тар. број 9018, група (I)). |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| 4. Рачен уред за надувување изработен од поликарбонат со висока цврстина, опремен со манометар и скала за волумен. Има приклучок за црево под висок притисок (од типот *Luer*) и со него може, со прецизно подесување на притисокот да се надува до 20 атмосфери (atm).<br>Производот се употребува во медицината за надувување и издишување на балонскиот катетер.<br>Манометарот се употребува за следење на притисокот во внатрешноста на балонскиот катетер при надувувањето или издишувањето и во текот на интервенцијата.<br>Скалата за волумен ја покажува количината на течноста (најмногу до 20 мл) која со помош на притисокот се внесува во катетерот, како и количината на течноста која слободно се повлекува при издишување на балонот.<br>Приклучукот од типот *Luer* овозможува спојување на уредот за надувување со балонскиот катетер.<br>Производот е наменет за еднократна употреба и се фрла после третманот.<br>Производот е спакуван во амбалажа и стерилизиран.<br>(*) Види слика | 9018 90 84 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 9018 и тар. подброј 9018 90 и 9018 90 84.<br>Бидејќи во катетерот со помош на притисок се внесува мала количина на течност која потоа слободно се повлекува, со овој уред не се собира или на друг начин постојано истиснува количината на течност (види Коментари на ХС за тар. број 8413, став 1). Затоа распоредувањето на производот во тар. број 8413 како пумпи за течност е исклучено.<br>Со оглед на неговите очигледни карактеристики, комбинацијата на обликот, прецизното подесување на притисокот, малата количина на користена течност и *Luer* приклучокот, производот може да се идентификува како инструмент или уред од Глава 90 наменет за употреба во медицина (види Забелешки на ХС за тар. број 9018, став 5).<br>Распоредувањето во тарифен број 9021 е исклучено бидејќи производот не се вградува во тело како би надополнил недостаток или инвалидност, односно се одстранува после третманот.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 9018 90 84 како останати |

| | | |
|---|---|---|
|  | | инструменти и апарати наменети за употреба во медицината, хирургија, стоматологија или ветерина. |
| (*) Сликите се само од информативен карактер | | |

Прилог 286

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1213/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Канулиран цилиндричен производ со навои од исклучително цврста легура од титаниум, со должина приближно 20 и 50 мм.<br><br>Производот има канулирано тело со надворешен обем од 4 мм и глава со шестоаголен диск. Телото по цела должина има навои со големина од 2 мм.<br><br>Производот е во согласност со стандардот ISO/TC 150 за хируршки импланти и е наменет за употреба во трауматолошката хирургија за фиксирање на фрактури.<br><br>Во телото се вградува со помош на специјални инструменти и со помош на жица водилка која се вметнува во канулираното тело на завртката, со што се овозможува прецизно поставување низ малиот отвор на телото.<br><br>При увозот производот доаѓа во стерилизирано пакување. Производот е означен со број и затоа може да се следи во текот на производството и дистрибуцијата. | 9021 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 9021 и тар. подброј 9021 10 и 9021 10 90.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, како што е канулираното тело, производот не одговара во потполност како завртка од прости метали. Поради тоа, не може да се смета како дел за општа употреба (завртка) како што е наведено во Забелешка 2 кон Оддел XV. Поради тоа, распоредувањето во тарифен број 8108 е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 9021 10 90 како шини и други помагала за фрактури. |

Прилог 287

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1214/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цврст цилиндричен производ со навои т.н. *pangea* завртка со двоен навој (pangea dual core screw) направен од исклучително цврста легура на титаниум, со должина приближно 20 и 45 мм.<br><br>Телото по цела своја должина има двојни навои и преодна зона кај делот на промена на димензиите на пречникот на јадрото. Има константен надворешен обем од 4 мм, со самоврежан профил и тап врв со навои.<br><br>Производот има мобилна глава во облик на буквата "U" со внатрешен навој со можност за нагиб околу својата оска за 25° што овозможува нејзино позиционирање.<br><br>Производот има специјално лежиште во капа (се испорачува посебно) за прицврстување на шипката на главата на завртката.<br>Производот е во согласност со стандардот ISO/TC 150 за хируршки импланти и наменет за употреба во трауматолошката хирургија како дел од систем за задна стабилизација на рбетот. Се вградува со помош на специјален инструмент.<br><br>При увозот производот не се испорачува во стерилизирано пакување. Производот е означен со број и затоа може да се следи во текот на производството и дистрибуцијата.<br><br>(*) Види слика | 9021 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) кон Глава 90 и наименованието на тар.број 9021 и тар. подброј 9021 10 и 9021 10 90.<br><br>Со оглед на неговите објективни карактеристики, како што се мобилна глава во облик на буквата "U" и капата за прцврстување, производот не одговара во потполност како завртка од прости метали. Поради тоа, неможе да се смета како дел за општа употреба (завртка) како што е наведено во Забелешка 2 кон Оддел XV. Поради тоа, распоредувањето во тарифен број 8108 е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 9021 10 90 како шини и други помагала за фрактури. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 288

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1215/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Соларен панел со димензии приближно 2 x 2 м, кој се состои од 25 стаклени вакуум цевки поставени паралелно и меѓусебно поврзани со колекторска-собирна цевка. Секоја вакумска цевка се состои од по две концентрични цевки кои содржат течност за пренос на топлината. Внатрешната цевка на секоја од цевките е обложена со апсорпциски слој.<br><br>Сончевата енергија се апсорбира во апсорпцискиот слој на внатрешната цевка на цевките и се претвора во топлинска енергија. Потоа топлината се пренесува преку течноста за пренос на топлина, која се претвора во гас, се крева и ја пренесува топлината во колекторската цевка (бакарен колектор).<br><br>Последователно топлината се пренесува од колекторската цевка во резервоарот за вода преку системот на цевки кои содржат течност за пренос на топлина, која циркулира со помош на пумпа управувана од страна на контролната единица.<br><br>Пумпата, контролната единица, системот на цевки и резервоарот за вода не се испорачуваат заедно со производот.<br><br>Соларниот панел се употребува во соларните системи за греење на вода и е наменет за поставување на кров. | 8419 19 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2 (а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тар.број 8419 и тар. подброј 8419 19 00.<br><br>Се смета дека соларниот панел ги има основните карактеристики на готов производ (греач на вода) бидејќи ги содржи сите потребни компоненти за производство на топлина. Компонентите кои не се вклучени се употребуваат за пренос на топлина и складирање на вода. Затоа распоредувањето на производот во тар. број 8419 90 85 како делови за греење на вода е исклучено.<br><br>Бидејќи соларниот панел ја претвора сончевата енергија во топлина, неможе да се смета дека е обичен изменувач на топлина од тарифен број 8419 50 (види Коментари на ХС за тарифен број 8419, група (I) (B)).<br><br>Соларниот панел се распоредува во тарифна ознака 8419 19 00 како останати проточни или акумулациони греачи на вода, неелектрични (види Коментари на ХС за тарифен број 8419, група (I), последен став). |

Прилог 289

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1216/2014 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронски апарат со димензии приближно 10 x 4 x 1 см кој се состои од, меѓу другото, и од следните компоненти:<br><br>- процесор,<br>- мемориски систем од 1 GB,<br>- внатрешна меморија од 4 GB,<br>- вграден модул за безжичен пристап до интернет.<br><br>Опремен е со следните интерфејси:<br><br>- HDMI,<br>- USB,<br>- микро USB,<br>- микро SDHC.<br><br>Апаратот не содржи видео приемник.<br><br>Кога ќе се приклучи на телевизиски приемник или монитор, апаратот му овозможува на корисникот пристап до интернет, на пример, за размена на е-пошта, гледање на видеа, игри или превземање на апликации. Со него се овозможува репродукција на мултимедиски датотеки како што се видеа, фотографии или музика од мемориска картица или мемориски USB уреди. | 8528 71 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Глава 85 и наименованието на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 71 и 8528 71 91.<br><br>Согласно забелешка 3 кон Оддел XVI производот е наменет за извршување на две или три алтернативни функции (автоматска обработка на податоци од тар. број 8471, телекомуникации од тар. број 8521 и функции на телевизиски приемник од тар. број 8528). Не е возможно да се одреди главната функција на апаратот бидејќи секоја функција е подеднакво важна во неговата употреба. Затоа апаратот се распоредува во тарифниот број кој е по броен редослед последен помеѓу оние тар. броеви кои подеднакво треба да се земаат во предвид. Затоа распоредувањето во тарифните броеви 8471, 8517 или 8521 е исклучено.<br><br>Бидејќи апаратот не содржи видео приемник и овозможува интерактивна размена на податоци, треба да се распореди во тар. ознака 8528 71 91 како апарат со микропроцесорска единица со вграден модем за интернет пристап и функција за интерактивна размена на податоци и можност за примање на телевизиски сигнали (т.н. сет-топ кутии со комуникациски функции, вклучувајќи ги и оние во кој е вграден уред за снимање или репродукција, под услов да ја содржат суштинската карактеристика на сет-топ кутии со комуникациска функција). |

**Прилог 280**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1217/2014** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ (т.н. " електричен филтер ") кој се состои од површински поставен повеќеслоен керамички кондензатор (од типот feedthrough) со димензии од приближно 8 x 3 x 3 мм.<br><br>Презентиран е како ниско-проточен филтер кој се употребува како филтер за електромагнетни пречки (EMI), за вградување кај засилувачи на моќ, напојувања, уреди за регулирање на температурата и контрола на моторот, како и погонски склопови.<br>(*) Види слика<br>Коло<br><br> | **8532 24 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (а) кон Оддел XVI и наименуванието на тар. број 8532 и тар. подброј 8532 24 00.<br><br>Производот се употребува како компонента кај различни видови на машини. Бидејќи се состои само од кондензатор, треба да се распореди во тарифна ознака 8532 24 00 како повеќеслоен константен кондензатор со керамичка диелектрика. |
| 2. Производ (т.н. "електричен филтер ") кој се состои од кондензатор и две феритни перли, со димензии приближно 7 x 2 x 2 мм.<br><br>Еквивалентното електрично коло се состои од два индукциски калеми, по еден за секоја феритна перла, кои се поставени во низа и низ кои поминува еднонасочната струја, и се прикачени на проводникот од левата и десната страна на површински поставениот кондензатор.<br><br>Двете феритни перли дејствуваат како индукциски калеми и нивната функција е намалување на резонанцата со околните кола а со тоа и намалување на високофрекфентните струјни текови.<br><br>Производот е наменет за употреба | **8548 90 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (в) кон Оддел XVI и наименованието на тар.број 8548 и тар. подброј 8548 90 и 8548 90 90.<br><br>Бидејќи производот се состои од кондензатор и две феритни перли, производот не одговара во целост согласно наименуванието на тар. број 8532 (кондензатори).<br><br>Понатаму, со оглед дека феритните перли и кондензаторот се подеднакво важни за целосното функционирање на електричниот филтер, функцијата на производот ја надминува примената на производ од тар. број 8532. Затоа распоредувањето на производот во овој тарифен број со примена на општото правило 1 и |

| | | |
|---|---|---|
| како филтер за електромагнетни пречки (EMI), на пример во автомобилска и друга индустрија.<br>(*) Види слика<br><br>Еквивалентно коло<br> | | Забелешка 2 (а) од Оддел XVI е исклучено.<br><br>Производот се употребува како компонента кај различни видови на машини. Бидејќи не е наменет за употреба кај конкретна машина или вид на машини, производот треба да се распореди во тар. ознака 8548 90 90 како останати електрични делови за машини или уреди кои не се претходно опфатени на друго место во Глава 85. |

(*) Сликите се само од информативен карактер

Прилог 291

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 20/2015** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронски апарат (т.н. „медиа сервер“) кој се состои од вградена флеш меморија од 2 ТВ, тврд диск со капацитет за снимање од 4 ТВ и MPEG процесор за различни видео, сликовни и аудио формати.<br>Апаратот е опремен, меѓу друго, и со следните интерфејси:<br>- два приемни бакарни влеза од 1 Gbe (GigaBit Ethernet) кои служат за прием,<br>- два 10 Gbe проточни влеза од типот SFP (Small Form-factor Pluggable) кои служат за пренос,<br>- два бакарни управувачки влеза од 1 Gbe за управување со уредот,<br>- два USB влеза.<br><br>Апаратот ги употребува следните медијски формати:<br>- MPEG-2 TS и MPEG-4 (H.264),<br>- промена на брзина на битови (VBR) и постојана брзина на битови (CBR),<br>- висока резолуција (HD) и стандардна резолуција (SD).<br><br>Апаратот може да обезбедува и до 2500 преноси со брзина од 3,75 Mbps.<br>Апаратот е употребуван од страна на компаниите кои обезбедуваат интернет или кабелска телевизија за дистрибуција на мултимедиски производи по барање на потрошувачот.<br>Мултимедиските производи како што се видео записи, слики, податоци и звук, се разменуваат (се примаат и пренесуваат) меѓу медиумските сервери, а се вградени во мрежата на провајдерите. Апаратот ја снима примената содржина и ја пренесува по барање преку OTT-a (Over the Top Technology) кон терминалната опрема | 8525 60 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименованието на тарифен број 8525 и тар. подброј 8525 60 00.<br><br>Апаратот е наменет за извршување на две или повеќе алтернативни функции (како телекомуникациски апарати од тарифен број 8517, апарати за снимање или репродукција од тарифен број 8521 или за пренос од тарифен број 8525). Не е возможно да се одреди основната функција на апаратот, согласно забелешка 3 кон Оддел XVI, бидејќи секоја функција е подеднакво важна за неговата употреба. Затоа е потребно апаратот да се распореди во тарифен број кој е последен по редослед во редот на броеви помеѓу оние броеви кои треба подеднакво да се земат во обзир. Затоа распоредувањето во тарифните броеви 8517 или 8521 е исклучено.<br><br>Имајќи предвид дека апаратот покрај тоа што пренесува, може и да прима видео содржини (телевизиски сигнали) во рамки на мрежата на провајдерот од други медиа сервери, распоредувањето во тар. број 8525 50 00 е исклучено.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8525 60 00 како предаватели со вграден приемник. |

| | | |
|---|---|---|
| на корисниците, на пример телевизорите, машините за автоматска обработка на податоците, конзолите за играње и мобилните телефони. | | |

**Прилог 292**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 21/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронска компонента сместена во правоаголно пластично куќиште (т.н. „картичка за конзола за играње") со димензии 35 x 33 x 4 мм.<br><br>Картичката се состои од печатено коло со интегрални кола (ROM меморија и flash меморија), пасивни елементи (отпорници, кондензатори) и неколку контактни пинови.<br><br>ROM-от содржи апликациски програм (видео игра) кој корисникот не може да го менува или надградува. Flash меморијата се користи за чување на податоци настанати за време на играњето на играта, како одредени параметри или достигнати нивоа и резултати.<br><br>Поради посебениот облик и специјално дизајнираните контактни пинови, картичката може да се употребува само кај конзолите за играње со одредени трговски марки и типови, од тарифен број 9504.<br><br> | 9504 50 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Глава 95 и наименование на тар.број 9504 и тар. подброј 9504 50 00.<br><br>Картичката, освен што се состои од flash меморија, се состои и од ROM-а кој ја содржи и играта. Во flash меморијата се чуваат податоци кои се потребни за играње на играта, на пример, податоци за играчот, достигнатото ниво и постигнатиот резултат. Картичката може да се употребува само за играње на видео игри со конзола за играње. Затоа, се исклучува распоредувањето како медиум за снимање на звук или други појави од тар. број 8523 (види Коментарски забелешки на Хармонизиран систем (КЗХС) за тар. број 8523, став 6, точка (f) ).<br>Бидејќи картичката е дел или прибор погоден за употреба исклучиво или главно со конзолата за играње од тар. подброј 9504 50, се распоредува во тар. ознака 9504 50 00 (види КЗХС за тар. број 9504 под (2) став три). |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 293**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 22/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Употребувано спортско теренско возило (SUV) со погон на четири тркала и дизел мотор, со обем на цилиндер од 2000 см$^3$, рачен менувач со пет брзини и една брзина за возење наназад. Вкупната бруто маса на возилото изнесува приближно 2330 кг; вкупна носивост изнесува 700 кг.<br><br>Има единствен интегрален простор за превоз на лица и стока. Кабината содржи еден ред со две седишта (вклучувајќи го и седиштето на возачот) и пет врати со прозорци (задната врата се отвара од страна). Просторот за терет е обложен со поден покривач (тепих). Внатрешноста на возилото е тапацирана (странично и на кров). Опремено е со механизам за подигање и спуштање на предните и задни странични прозорци.<br><br>Возилото е прилагодено за превоз на стоки со отстранување на вториот ред на седишта и прекривање на фитинзите за зацврстување на задните седишта и сигурносните појаси и одвојување на кабината со мрежна преграда. Фитинзите за прицврстување на задните седишта и сигурносните појаси не се перманентно отстранети од употреба. | 8703 32 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименование на тар.број 8703 и тар. подброј 8703 32 и 8703 32 90.<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 8704 како возило за превоз на стока е исклучено, бидејќи возилото има реални карактеристики и изглед на возило конструирано првенствено за превоз на лица (има пет прозорци, тапацирано како странично, така и на кровот и поставен прекривач на подот). Измените кои се направени поради потребата за превоз на стоки (отстранување на задните седишта и вградување на мрежна преграда) лесно можат да се вратат во првобитната состојба.<br><br>Затоа возилото се распоредува во тарифна ознака 8703 32 90 како употребуваното моторно возило конструирано првенствено за превоз на лица. |

Прилог 294

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 23/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ од челик во форма на буквата „Т". Надворешниот пречник на рамената изнесува 23 мм, а пречникот на централниот дел на производот изнесува 40 мм.<br>Страничните краеви на производот наменети се за спојување на панелите со радијаторот. Третиот крај служи за монтажа на пропустлив или регулаторен вентил, или за спојување на радијаторот со цевката која го поврзува, на пример, со бојлерот. | 7307 93 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (а) кон Оддел XV и наименование на тар.број 7307 и тар. подброј 7307 93 и 7307 93 19.<br><br>Производот има објективни карактеристики како прибор за цевки од тар. број 7307. Производите од тарифен број 7307 се делови за општа употреба, согласно Забелешка 2 (а) кон Оддел XV. Со оглед на тоа дека Глава 73 не опфаќа делови за општа употреба, согласно наведената забелешка, исклучено е распоредувањето на производот во тар. број 7322 како дел од радијатори за централно греење (види КЗХС за тар. број 7322, точка (2) (а)).<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 7307 93 19 како останат прибор за цевки од челик за заварување со најголем надворешен обем не поголем од 609, 6 мм. |

Прилог 295

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 181/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на фин бело-жолтеникав прав пакуван во вреќи од 25 кг, добиен од хидрогенизирано растително масло со додадени моноглицериди и диглицериди од друго растително масло. Додадените моноглицериди и диглецириди од друго растително масло имаат удел од 10% по маса.<br><br>Производот е наменет за употреба како емулгатор во прехрамбена индустрија.<br><br>Точката на втечнување изнесува 58°C, а вискозноста на 68 °C е помала од 1 Pa.s. | 3404 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 5 кон Глава 34 и наименование на тар.број 3404 и тар. подброј 3404 90 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 1516 се исклучува бидејќи се додадени и други состојки (10% моноглицериди и диглицериди на масни киселини).<br><br>Распоредувањето во тар. број 1517 се исклучува бидејќи има својства на восок, што не е опфатено во тар. број 1517.<br><br>Производот е хемиски произведен органски производ со својства на восок кој не е растворлив во вода (види Забелешка 5 кон Глава 34) и кој ги исполнува критериумите на вештачки восоци (види КЗХС за тар. број 3404, посебно под А).<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 3404 90 00 како останати вештачки восоци и подготвени восоци. |

Прилог 296

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.184/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Силициум диоксид (познат под името „силикагел“) во форма на мали проѕирни гранули со обем од 0,5 до 1,5 мм, пакуван во хартиени ќеси или пластични капсули кои пропуштаат водена пареа.<br><br>Силициум диоксидот ја впива влагата и затоа се употребува, на пример, за заштита и чување на лекови, односно за чување на производот во сува состојба во текот на превозот. | 3824 90 96 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименование на тар.број 3824 и тар. подброј 3824 90 и 3824 90 96.<br>Се исклучува распоредувањето на производот во тар. број 2811 бидејќи силика гелот во хартиени кеси или пластични капсули е наменет за посебна употреба, а не за општа употреба и не може да се смета за посебно хемиски дефиниран состав од Глава 28.<br><br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 3824 90 96 како други хемиски производи на друго место неспоменати ниту опфатени. |

Прилог 297

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 185/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Црвен, вискозен производ од јагода (цело овошје или парчиња), кој се состои од (% по маса):<br><br>- јагода 38,<br>- шеќер 48,<br>- вода 13,<br>и мали количини на пектин и лимонска киселина.<br><br>Во текот на производниот процес состојките се мешаат и готват под намален притисок, со што би се овозможило да се намали уделот на водата.<br><br>Производот е пакуван во пластични вреќи од 2 кг и се употребува како сос, на пример за десерти. | 2103 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименование на тар.број 2103 и тар. подброј 2103 90 и 2103 90 90.<br><br>Исклучено е распоредувањето на производот во Глава 20, бидејќи станува збор за подготовка на база на овошје која се употребува како сос (види КЗХС за тар. број 2103, точка (А), став три).<br><br>Затоа производот се распоредува во тарифна ознака 2103 90 90 како сос. |

Прилог 298

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 221/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Ново возило со погон на четири тркала и клипен мотор со внатрешно согорување на палење со помош на компресија (дизел), со цилиндричен обем од 720 $см^3$, нето маса (вклучувајќи и течности) приближно 630 кг, способност за влечење на приклучно возило без кочници до 750 кг и димензија приближно 300 х 160 см.<br><br>Возилото има отворена кабина со две седишта (вклучувајќи го и седиштето на возачот) со целосна заштитна рамка за заштита од превртување, товарен простор изработен од цврста челична рамка и цврст рамен закосен сандак, со рачен кипер со капацитет од 0,4 $м^3$ или приближно 400 кг. Има големо растојание од тлото (27 см) и меѓуосовинско растојание од 198 см.<br><br>Опремен е со теренски гуми за земјени терени, влажни диск кочници, уред за спојување и предна кука. Возилото е со ограничена брзина од 25 km/h и голема способност на кочење.<br><br>Возилото е наменето да се употребува надвор од патна мрежа, особено на груб терен. Возилото има повеќе функции, на пр. за туркање, како влечна приколка, преместување на животни, превоз на билки, кутии, вода и опрема, превоз на муниција и превоз на храна за животни.<br><br>(*) Види слика | 8704 21 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименование на тар.број 8704 и тар. подброј 8704 21 и 8704 21 91.<br><br>Возилото е конструирано како повеќе наменско возило кое може да се употребува за повеќе функции во различни услови. Има објективни карактеристики на моторно возило за превоз на стока од тар. број 8704. (Види мислења за распоредување на ХС 8704.31/3 и 8704 90/1).<br>Возилото не е самоистоварно возило (дампер) за употреба надвор од патната мрежа. Возилото не е цврсто конструирано со самоистоварувачки сандак или сандак со дно кое се отвара, кој е наменет за превоз на ископ или други материјали (Види исто така КЗХС за тар. број 8704, став шест, точка (1)). Затоа распоредувањето на производот во тар. подброј 8704 10 е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 8704 21 91 како ново моторно возило за превоз на стока. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 299**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 352/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Полнет производ, изработен од ткаенина, во облик на животно, со висина приближно 15 см, со вграден музички модул.<br>Музиката се активира со повлекување на врвката која се наоѓа на долниот дел од производот.<br><br>(*) Види слика<br> | 9503 00 41 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименование на тар. подброј 9503 00 и 9503 00 41.<br><br>Производот е сложена стока која се состои од различни компоненти; полнети играчки во облик на животни и музички модул. Децата можат да го користат овој производ како играчка без да ја активираат музиката и затоа полнетата играчка во облик на животно му дава суштински карактер на производот. Освен тоа, производите кои имаат вграден музички механизам, а имаат друга употребна функција, се распоредуваат во ист тарифен број како и производите кои немаат вграден музички механизам, а не како музички кутии (види КЗХС за тарифен број 9208, Забелешка (А) втор став). Затоа распоредувањето на производот во тарифна ознака 9503 00 55 како музички инструменти и музички апарати за играње (вклучувајќи и музички кутии) е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тарифна ознака 9503 00 41 како полнета играчка во форма на животно. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 300

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 386/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Скејтборд на четири тркала со димензии приближно 80 x 27 x 17 см, 10 кг маса и максимална носивост од 65 кг. Производот е опремен со електричен мотор напојуван со две батерии од 24 V кои можат повторно да се полнат.<br><br>Производот ги има следните особини:<br><br>- полиуретански тркала со дијаметар од 85 мм,<br>- двете задни тркала се придвижуваат со ремен,<br>- површината на производот е покриена со слој против лизгање,<br>- електричен мотор кој е монтиран на долната страна од производот,<br>- опсег на брзината изнесува од 10-32 km/h, без кочници и без систем за управување.<br><br>Скејтбордот има рачен далечински управувач.<br>Скејтбордот се придвижува со електричен мотор, кој со помош на далечински управувач се управува од страна на личноста која се вози на него.<br>За време на возењето, брзината се регулира со притискање на копчето на далечинскиот управувач. | 9506 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. подброј 9506, 9506 99 и 9506 99 90.<br><br>Иако се придвижува со електричен мотор, производот нема особини на моторно возило, односно, се смета како спортско рекреативен производ бидејќи не содржи кочници и систем за управување. За возење на него е потребна физичка активност (слично како и возењето на скејтборд без електричен мотор). Затоа се исклучува распоредувањето на производот во тарифен број 8703 како моторно возило конструирано првенствено за превоз на лица.<br><br>Со оглед на максималната брзина од 32 km/h производот не може да се смета како играчка на тркала за деца (види забелешки на Комбинирана номенклатура (КН) за тарифна ознака 9503 00 10). Затоа е исклучено распоредувањето на производот во тарифен број 9503 како играчка на тркала.<br><br>Со оглед на особините и обликот, производот е наменет за употреба како спортско рекреативен производ (скејтборд). Производот се распоредува во тарифна ознака 9506 99 90 како производи и опрема за останати спортови или игри на отворено. |

**Прилог 301**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 387/2015** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електричен апарат кој се состои од цилиндрично метално кукиште, во кое има вградено ламба за емитирање на ултравиолетови (UV) зрачења и електронски модул со светлосни показатели за статусот на апаратот. Јачината на UV светлото варира од 14 до 39 W. Апаратот се напојува со стандарден напон од 220 V.<br><br>Наменет е за употреба во фотохемиско прочистување на водата. Прочистувањето се врши со UV зрачење на водата и во истиот моментот кога проаѓаат зраците се уништуваат бактериите, вирусите и останати микроорганизми кои се наоѓаат во водата. Наменет е за употреба во домаќинството, медицината или во индустријата. | 8421 21 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименование на тар.број 8421 и тар. подброј 8421 21 00.<br><br>Функцијата на апаратот е да ја прочистува водата, а станува збор за функција опишана во тарифен број 8421. Фактот дека не ги издвојува туку ги уништува бактериите, вирусите и останатите микроорганизми, не го исклучува распоредувањето во тој тарифен број, кој опфаќа филтри и прочистувачи на сите врсти (види КЗХС за тарифниот број 8421, точка II). Затоа е исклучено распоредувањето на производот во тарифен број 8543 како електронски машини и апарати со посебни функции неспомнати ниту вклучени на друго место.<br><br>Затоа апаратот се распоредува во тар. ознака 8421 21 00 како апарат за филтрирање и прочистување на вода. |

Прилог 302

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 388/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пластична фолија со димензии 62 см x 52 см x 150 микрони која содржи 24 антени. Секоја антена се состои од бакарни жица во вид на намотки со рамна форма поврзана со две контактни површини. Антените се распоредени во низа од 8 x 3 и се залепени една до друга на пластичната фолија.<br><br>Пластичната фолија не содржи електронски чипови.<br><br>Антените се наменети за употреба како делови за паметни картички.<br><br>Види слика (*)<br><br> | 8504 50 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (а) кон Оддел XVI и наименование на тар.број 8504 и тар. подброј 8504 50 и 8504 50 95.<br><br>Бидејќи антените се состојат само од намотки кои делуваат како индуктивни калеми, се распоредуваат во тарифен број 8504 како индуктивни калеми. Затоа е исклучено распоредувањето на производот во тарифен број 8548 како делови неспомнати ниту опфатени на друго место во Глава 85.<br><br>Производот се распоредува во тарифна ознака 8504 50 95 како останати индуктивни калеми. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 303

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 676/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во облик на ракав, со должина приближно 20 см, изработен од плетен текстилен материјал со вградена тенка пенеста постава во пределот на дланката. Составен е од една закривена шина со приближно 2 см широчина, која може рачно да се свитка и два флексибилни пластични стабилизатори наменети за надворешниот дел на раката со ширина од околу 1 см. Шината и стабилизаторите минуваат низ канали од контрастен материјал кои се сместени долж целиот производ и истите може да се отстранат.<br>На почетокот и на крајот на производот има два ремена со лепенка со ширина од 2 см, со кои производот се прицврстува за раката и рачниот зглоб. На средината на производот се наоѓа текстилен ремен со ширина од 5 см кој се намотува околу зглобот и се закопчува со помош на лепенка, со што се постигнува саканото ограничување на движењето на зглобот.<br>Благодарение на текстилниот ремен и свитливата алуминиумска шина, движењето на зглобот е отежнато.<br>Производот е наменет да се употребува како стабилизатор на рачниот зглоб.<br><br>(*) (Види фотографија А и Б)<br>Фотографија А | 6307 90 10 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 6307 и тар. подброј 6307 90 и 6307 90 10.<br><br>Производот не може да се прилагоди на посебните ограничувања на болниот, но има повеќефункциска намена. Затоа производот нема карактеристики, според начинот на работа или прилагодливоста на посебните ограничувања на болниот, со кои би се разликувал од обичните помагала за општа употреба (види забелешка 6 кон Глава 90 и пресуда во споените предмети C-260/00 до C-263/00, Lohmann GmbH & Co. KG и Medi Bayreuth Weihermuller & Voigtmann GmbH & Co. KG v Oberfinanzdirektion Koblenz, ECLI:EU:C:2002:637). Поради тоа распоредувањето во тарифен број 9021 како ортопедско помагало е исклучено.<br>Плетениот текстилен материјал од кој се изработени ракавот и ременот го даваат суштинскиот карактер на производот согласно општото правило 3 (б), поради тоа што неговата присутност преовладува количински како и поради неговата улога во функционирањето на поизводот. Средишниот текстилен ремен со лепенка е суштински за постигнување на посакуваното ограничување на движењето на зглобот.<br>Поради тоа производот се распоредува во тарифна ознака 6307 90 10 како „останати готови производи". |

| | | |
|---|---|---|
| <br>Фотографија Б<br> | | |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 304

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 677/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој се состои од четири ногарки за маса изработени од прост метал, прицврстени со навртки со четири метални плочки кои ги држат ногарките заедно.<br>За да се избегне лизгањето и да се заштити подот, долниот дел на секоја од ногарките е обложен со гума.<br>На горниот дел од ногарките се наоѓаат отвори за завртки на кои се прицврстува плочата од масата.<br><br>(*) (Види фотографија)<br> | 9403 90 10 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 9403 и тар. подброј 9403 90 и 9403 90 10.<br>Распоредувањето како довршен мебел е исклучено бидејќи на производот му недостига клучниот дел – работната плоча на масата.<br>Производот затоа ќе се распореди во тарифна ознака 9403 90 10 како дел од мебел изработен од метал. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 305

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 712/2015** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Несоставен модуларен екран (т.н. „ЛЕД панел") кој се состои од неколку модули во облик на плочки, при што димензиите на секоја плочка се приближно 38 x 38 x 9 см.<br>Секоја плочка содржи црвени, зелени и сини светлечки диоди и има резолуција од 16 x 16 пиксели, простор помеѓу точките од 24 мм, светлина 2000 cd/m² и фреквенција за освежување на сликите поголема од 300 Hz. Содржат и контролна електроника.<br>Екранот е претставен заедно со ситемот за обработка кој се состои од следното:<br>- видео процесор кој ги прифаќа разните влезни сигнали ( како што се CVBS, Y/C, YUV/RGB, (HD-) SDI или DVI) и овозможува прилагодување на сликата/видеозаписот до големина на екранот,<br>- сигнален процесор со кој се овозможува прилагодување на пикселите од влезниот сигнал до екранот.<br>Обработениот сигнал се праќа од процесорот на сигналот до разводникот на податоци со употреба на кабел со оптички влакна. Потоа разводникот на податоци ги праќа податоците до различни плочки на екранот.<br>Екранот е погоден за употреба при спортски или забавни случувања, за огласи во малопродажба итн., но не е погоден за гледање од близина. | 8528 59 39 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, 2 (а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8528 и тар. подброј 8528 59 и 8528 59 39.<br>Со оглед на тоа дека на екранот може да се прикажуваат видео записи, не може да се смета како електронски апарат за визуелно прикажување со сигнализација. Поради тоа распоредувањето во тарифен број 8531 како индикаторски плочи е исклучено.<br>Согласно неговите дадени карактеристики, како што се големината на екранот, подржаните телевизиски стандарди (CVBS), видео модулот, просторот помеѓу точките кој не е подобен за гледање од близина, како и јаката осветленост, екранот е наменет да се употребува за спортски или забавни случувања, огласување во малопродажбата итн. Поради што не се смета распоредувањето во видови кои се употребуваат исклучиво или воглавно со машини за автоматска обработка на податоци од тарифен број 8471. Затоа распоредувањето во тарифен подброј 8528 51 00 е исклучено.<br>Бидејќи екранот може да прикажува сигнали и од машини за автоматска обработка на податоци на задоволително ниво за практична употреба со машините за автоматска обработка на податоци, се смета дека може да прикажува сигнали добиени од машините за автоматска обработка на податоци со прифатливо ниво на функционалност.<br>Затоа се распоредува во тарифен подброј 8528 59 39 како останати |

| | | |
|---|---|---|
| | | рамни екрани во боја кои можат да прикажуваат сигнали од машини за автоматска обработка на податоци со прифатливо ниво на функционалност. |

Прилог 306

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 803/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во облик на човечки череп изработен од пластична маса, со димензии приближно 9 x 11 x 7 см. Содржи светлечки (ЛЕД) диоди кои трепкаат, напојувани од батерија, сместени во очните шуплини на черепот кои се палат и гасат со помош на прекинувач сместен на дното на производот.<br><br>(*) (Види фотографија)<br> | 3926 40 00 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 3926 и тар. подброј 3926 40 00.<br>Производот неможе да се распореди како светилка во тарифен број 9405 бидејќи не е првенствено наменет за осветлување на простории, ниту пак е специјализирана светилка (види Забелешки на Хармонизиран систем за тарифен број 9405, (I), (1) и (3)).<br>Со оглед на неговите очигледни карактеристики, производот не е исклучиво наменет како празничен производ (види и Забелешки на Комбинирана номенклатура за тарифен број 9505). Тој може да се употребува како украс во текот на целата година. Затоа е исклучено и распоредувањето во тарифен број 9505 како празничен производ.<br>Производот е составен од различни делови во смисол на општото правило 3 (б) за примена на Царинската тарифа. Се состои од делови во форма на човечки череп, изработени од пластични маси, светлечки диоди напојувани од батерија, а кои заедно сочинуваат една целина (види Забелешки на Хармонизиран систем за општо правило 3 (б), (IX)).<br>Производот согласно неговите очигледни карактеристики е наменет за украсување. Осветлувањето е само дополнителен елемент со кој се нагласува неговата украсна употреба. Затоа делот во форма на човечки череп изработен од пластична маса е делот кој на производот му дава суштински карактер согласно општото правило 3 (б) за примена на |

| | | |
|---|---|---|
| | | Комбинирана номенклатура.<br>Производот затоа се распоредува во тарифна ознака 3926 40 00 како останати украсни предмети од пластична маса. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 307

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 804/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Текстилен производ направен за одржување на лице во седечка положба при подигање со дигалка. Производот се состои од ткаен текстилен материјал (полиестер), со основа во вид на правоаголник. На една од двете пократки страни на правоаголникот има два преклопувачки продолжетоци кои служат како седиште. Остатокот од ткаенината служи за придржување на грбот и страничните делови од телото на лицето. Некои делови од ткаенината се тапацирани (со подлошки од полипропиленска пена). Неколку текстилни ремени се сошиени на рабовите на ткаенината како производот би можел да се прикачи на дигалката и да се подигне. (Види фотографија) (*)   | 6307 90 98 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (г) кон Оддел XI и наименување на тар. број 6307 и тар. подброј 6307 90 и 6307 90 98. Распоредувањето во тарифна ознака 8431 31 00 како дел, погоден да се употребува исклучиво или главно за машини од тарифен број 8428 (лифтови, дигалки и сл.) е исклучено, бидејќи производот не е неопходен за функционирањето на дигалката (види предмет C-152/10, Unomedical, ECLI:EU:C:2011:402, став 29, 34 и 36). Освен тоа носилките се исклучени од тарифен број 8431 и се распоредуваат во Оддел XI. (Види Забелешки на Хармонизиран систем за тарифниот број 8431, став четири, точка б). Производот вообичаено се состои од текстилен материјал, а одделните делови се споени со шиење. Производот се распоредува во тарифна ознака 6307 90 98 како "останати готови текстилни производи". |

(*) Сликата е само од информативен карактер

Прилог 308

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 805/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронски инструмент (т.н. "отклонски жироскоп"), со тежина од 35 гр. кој се состои од најмногу три сензори на аголна брзина, во куќиште со димензии 24 x 24 x 28 мм. Исто така куќиштето содржи сензор за температура, разна електроника и кабел.<br>Инструментот мери аголна брзина во опсег приближно од 50-1200°/s (степени во секунда) и благодарение на електронските компоненти емитува електричен сигнал кој е пропорционален со измерените вредности. Сигналот не се прикажува на самиот инструмент, туку со помош на кабел се пренесува на други апарати со кој е поврзан инструментот.<br>Сензорот за температура дава информации за компензација на евентуалните варијации на излезниот сигнал предизвикани со промената на температурата.<br>Намената на инструментот е да им даде насока за правилната положба за работа на разните апарати како што се ветротурбините, моторите или индустриските машини. | 9031 80 38 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Глава 90 и наименување на тар. број 9031, тар. подброј 9031 80 и 9031 80 38.<br>Бидејќи инструментот содржи сензори на аголна брзина и сензор за температура, станува збор за сложена машина која е склопена како една целина, согласно Забелешка 3 кон Глава 90 (Забелешка 3 кон Оддел XVI).<br>Бидејќи сензорот за температура главно се употребува за добивање на информации за компензирање на излезниот сигнал, главната функција на инструментот ја вршат сензорите за аголна брзина.<br>Инструментот не се употребува за навигација, поради што се исклучува неговото распоредување во тарифен број 9014 како навигациски инструменти или како нивни делови и прибор.<br>Иако инструментот го мери бројот на степени во секунда, не е сличен на мерачите за брзина од тарифен број 9029, бидејќи мерните вредности не се прикажуваат на инструментот, туку во облик на електричен сигнал се пренесуваат на други апарати.<br>Предметот се распоредува во тарифна ознака 9031 80 38 како останати електронски инструменти, апарати и машини за мерење и проверка, што не се на друго место спомнати или вклучени во Глава 90. |

Прилог 309

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1384/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот ("книга сложувалка") се состои од сложувалка, едукативни текстови, мапи и други илустрации меѓусобно поврзани во книга изработена од картон, со димензии приближно 34 x 24 см, со вкупно 14 страници.<br><br>Секоја втора страница содржи сложувалка од приближно 40 парчиња за сложување, со мапа, информации и илустранции на еднобојна позадина. Сложувалките се надоврзуваат и ги надополнуваат едукативните текстови, мапи и илустрации кои се наоѓаат на спротивните страници.<br><br>Види фотографија (*)<br><br> | 9503 00 69 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. подброј 9503 00 и 9503 00 69.<br><br>Производот на прв поглед може да се распореди во тар. број 4901 како печатена книга или сличен печатен материјал, или во тар. број 9503 како сложувалка. Меѓутоа, во ниту еден од наведените два тар. броеви не е наведен прецизен опис на предметниот производ во согласност со општото правило 3 (а).<br><br>Од причини што не може да се утврди што му дава суштински карактер на производот, дали едукативните текстови, мапи и илустрации (тар. број 4901) или сложувалките (тар. број 9503), согласно општото правило 3 (б), производот ќе се распореди во тар. број кој е последен по нумерички редослед од тар. броеви кои подеднакво се земаат во предвид.<br><br>Затоа, производот се распоредува во тар. ознака 9503 00 69 како останати сложувалки. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 310**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1385/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ наменет за подобро одгледување на растенијата во затворен простор и стимулирање на нивниот раст.<br>Производот е со димензии околу 80 x 80 x 160 см и се состои од рамка изработена од шупливи челични цевки. Страните, врвот и дното се изработени од текстилен материјал кој може да се затвори во потполност, а неговата внатрешност е премачкана со слој кој рефлектира светлина. На текстилниот материјал се наоѓаат отвори за вентилација, вода и електрична енергија. Водоотпорен е и не пропушта светлина. На него се зашиени патенти со што се овозможува полесен пристап во внатрешноста на производот од сите страни.<br><br>Види фотографија (*)<br> | 6307 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 6307 и тар. подброј 6307 90 и 6307 90 98.<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 9403 како "Друг мебел" е исклучено бидејќи производот не се користи за опремување на приватни станови, хотели, канцеларии, школи, цркви и слично, односно, се користи за олеснување на одгледувањето на растенијата и стимулирање на нивниот раст (види Коментарски забелешки на Хармонизиран систем (КЗХС) за тар. број 9403, став два).<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 9406 како "монтажна зграда" исто така е исклучено, бидејќи конструкцијата е наменета за употреба во затворени простории.<br><br>Премачкувањето на внатрешната страна на текстилниот материјал, кој рефлектира светлина и отворите за вентилација, вода и електрична енергија се важни за подобро одгледување на растенијата во внатрешноста на производот. Затоа токму текстилниот материјал му дава на производот суштински карактер во смисол на Општото правило 3 (б).<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 6307 90 98 како "Други готови текстилни производи". |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 311

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1721/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цели школки (Meretrix meretrix, Meretrix lyrata) во лушпа, подложени на топлинска обработка а потоа замрзнати, збиено спакувани во мрежи, претставени во пакувања од 10 кг.<br><br>Во текот на топлинската обработка школките се потопуваат во вода на температура помеѓу 98°C и 100°C, најмалку 7 минути. За време на потопувањето температурата во внатрешноста на школките достигнува најмалку 90°C за 90 секунди.<br><br>Производот не е погоден за непосредна употреба. | 1605 56 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 1605 и тар. подброј 1605 56 00.<br><br>Едноставното попарување (блаширање) кое се состои од благ топлински третман кој како таков не подразбира готвење, не го исклучува распоредувањето од Глава 3 (Види забелешки од Комбинирана номенклатура кон Глава 3, Општи одредби, точка 2). Меѓутоа, школките кои биле подложени на топлински третман при што температурата во внатрешноста на школката достигнала најмалку до 90°C за 90 секунди, не се сметаат како бланширани, туку како готвени школки.<br><br>Затоа производот се распоредува во тарифна ознака 1605 56 00 како подготвени школки. |

**Прилог 312**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1722/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во облик на крема подготвен за малопродажба во пластичен сад со содржина од 227 гр.<br><br>Производот се состои од вода, естер на масна киселина, диметикон, растително масло, емулгатор, глицерин, арома, конзерванси, згуснувач и боја.<br><br>Пакувањето на производот не одговара на пакување на производ за малопродажба наменет за нега на кожата, бидејќи производот е главно наменет за сензуална масажа и стимулација. | 3307 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Глава 33 и наименување на тар.број 3307 и тар. подброј 3307 90 00.<br><br>Производот не може да се третира како препарат за нега на кожата согласно тар. број 3304 бидејќи не е подготвен како производ за нега на кожата во пакување за малопродажба (види Коментарски забелешки на Хармонизиран систем (КЗХС) за тар. број 3304, дел А, точка 3).<br><br>Производот е наменет за употреба како други козметички препарати, подготвен во пакувања за малопродажба за таа намена (види Забелешка 3 кон Глава 33 и КЗХС за Глава 33, Општи одредби, став четири, точка (а)).<br><br>Затоа производот се распоредува во тарифна ознака 3307 90 00 како други козметички препарати. |

**Прилог 313**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1723/2015** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ со стехиометриски состав сочинет од магнезиум алуминат (магнезиум алуминиум оксид) со структура на кристална решетка, хемиски определен производ во облик на неправилни гранули, грутки или прав. Производот има содржина на магнезиум, пресметан како магнезиум оксид, со маса од приближно 28% тежински алиминиум, пресметани како алуминиум оксид, со приближно 72% тежински.<br>Производот се употребува во производство на огноотпорни тули и плочки кои се употребуваат во челичната индустрија.<br>Производот се добива со хемиска реакција на фузиран магнезиум оксид и алуминиум оксид во ротациона печка. | 2841 90 85 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 кон Глава 28 и наименување на тар. број 2841 и тар. подброј 2841 90 и 2841 90 85.<br>Производот е добиен со хемиска реакција на фузирани суровини во ротациона печка. Тој е стехиометриска смеса (хемиски определена) во која бројот на атоми на присутните елементи може да се изрази како соднос на мали цели броеви. Производот не е минерална суровина или руда и затоа не може да биде распореден во Глава 25 или 26.<br>Производите во облик на неправилни форми на гранули, грутки или во прав се суровини за производство на производи од тар. број 6815. Распоредувањето во тар. број 6815 е исклучено, бидејќи производите не се сметаат како готови, ниту како полуготови производи.<br>Поради својот стехиометриски состав производот е во согласност со Забелешка 1. точка (а) кон Глава 28, во која се утврдува дека тар. броеви од оваа Глава се применуваат само за хемиски определени соединенија (т.е. оние кои имаат стехиометриски состав).<br>Како хемиски определен производ со кристалната решетка, тој се распоредува како неоргански хемиски производ од Глава 28 согласно својот хемиски состав.<br>Затоа производот се распоредува во тарифна ознака 2841 90 85 како останати соли на оксиметали или пероксиметални киселини. |
| 2. Производ со нестехиометриски | 3824 90 96 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | состав со содржина на магнезиум, пресметан како магнезиум оксид со маса приближно 20 – 35% тежински и алуминиум, пресметан како алуминиум оксид, со приближно 58 – 78% тежински.<br>Производот има структура на кристална решетка во облик на неправилни гранули, грутки или прав.<br>Производот се употребува во производство на огноотпорни тули и плочки кои се употребуваат во челичната индустрија.<br>Производот се добива со хемиска реакција на фузиран магнезиум оксид и алуминиум оксид во ротациона печка. | | на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 3824 и тар. подброј 3824 90 и 3824 90 96.<br>Производот е добиен со хемиска реакција на фузирани суровини во ротациона печка. Производот не е минерална суровина или руда и затоа не може да биде распореден во Глава 25 или 26.<br>Поради својот нестехиометриски состав производот не е во согласност со Забелешка 1, точка (а) кон Глава 28, во која се утврдува дека тар. броеви од оваа Глава се применуваат само за хемиски определени соединенија (т.е. оние кои имаат стехиометриски состав), па поради тоа распоредувањето е исклучено од Глава 28.<br>Производите во облик на неправилни форми на гранули, грутки или во прав се суровини за производство на производи од тар. број 6815. Распоредувањето во тар. број 6815 е исклучено, бидејќи производите не се сметаат како готови, ниту како полуготови производи.<br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 3824 90 96 како останати хемиски производи и подготовки на хемиската или на други сродни индустрии, неспомнати ниту вклучени на друго место. |
| 3. | Производ наречен "фузиран магнезиум со хром" во форма на неправилни сиви гранули, фрагменти или прав со различни величини на зрна, со нестехиометриски состав на магнезиум оксид и хром оксид.<br>Производот има структура на кристална решетка и се употребува во производство на огноотпорни тули и плочки кои се употребуваат во челичната индустрија.<br>Производот се добива од фузиран магнезиум оксид и | 3824 90 96 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 3824 и тар. подброј 3824 90 и 3824 90 96.<br>Производот е добиен со хемиска реакција на фузирани суровини во ротациона печка. Производот не е минерална суровина или руда и затоа не може да биде распореден во Глава 25 или 26.<br>Поради својот нестехиометриски состав производот не е во согласност со Забелешка 1, точка (а) кон Глава 28, |

| | | |
|---|---|---|
| хромова руда во електрична печка. | | во која се утврдува дека тар. броеви од оваа Глава се применуваат само на хемиски определени соединенија (т.е. оние кои имаат стехиометриски состав), па поради тоа распоредувањето е исклучено од Глава 28.<br>Производите со неправилни форми на гранули, грутки или во прав се суровини за производство на производи од тар. број 6815. Распоредувањето во тар. број 6815 е исклучено, бидејќи производите не се сметаат како готови, ниту како полуготови производи.<br>Затоа производот се распоредува во тар. ознака 3824 90 96 како останати хемиски производи и подготовки на хемиската или на други сродни индустрии, неспомнати ниту вклучени на друго место. |

Прилог 314

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1785/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн „продолжеток со реси за бришење под„ или „моп„), сочинет од текстилен корд фиксиран на адаптер кој е дизајниран за поврзување на производот со рачката.  | 9603 90 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 9603 и тар. подброј 9603 90 99 00. <br><br> Снопот од текстилни реси монтиран на рачка го сочинува бришачот на под. Производот е сноп од текстилен корд, реси, фиксиран на пластичен адаптер кој служи за да се поврзе со рачката. Оттука, моп главата треба да се разгледува како некомплетен производ каде суштинскиот карактер го дава моп главата согласно ОП 2(а), зашто пластичниот адаптер е дизајниран за да се монтира на рачката (Види Коментар на ХС за тар. број 9603 (Г), прв параграф. <br><br> Производот оттука се распоредува како „бришач за под„ во тар. подброј 9603 90 99 00. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 315

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1799/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во облик на прав, подготвен за малопродажба во пластична кутија која содржи 300г производ. Препорачана дневна доза (10 г) се состои од (во милиграми):<br><br>амино киселини (мешавина на аргинин и цитрулин) 5 200<br>Витамин Ц (како аскорбинска киселина) 500<br>Л-таурин 300<br>- Витамин Е (како Д-алфа-токоферил ацетат) 90<br>- алфа-липоична киселина 10<br>фолна киселина 0,4<br>лимонов балзам 50<br>-калциум (како калциев карбонат) 66<br><br>Производот исто така содржи и мали количини на лимонска киселина, сукралоза и силициев диоксид.<br>Согласно декларацијата на производот, истиот е диететски додаток во исхраната на луѓето и допринесува за одржување на добра состојба на организмот.<br>Препорачаната доза е 10 г (2 мерици). | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 1 (а) од Глава 30, и наименувањето на тар.број 2106 и тар. подброј 2106 90 92 00.<br><br>Производот е препарат означен како додаток во исхраната наменет за прехрана на луѓето и содржи витамини и аминокиселини.<br>Производо не е наменет за дијагностицирање, лечење, излекување или спречување на болест во смисол на тар.број 3004. Иако содржи значително поголема количина на витамини Ц и Е од препорачаната дневна доза, не ги исполнува условите од точка (а) од дополнителната забелешка на Глава 30. Оттука распоредувањето во 3004 е исклучено.<br>Со оглед дека производот е спакуван во амбалажа со индикација за одржување на општото здравје или добра состојба, тоа е прехранбен производ неспомнат ниту вклучен на друго место (види Коментарски објаснувања за 2106, втор став, точка (16).<br>Оттука пеоизводот се распоредува во тар. подброј 2106 90 92 00 како други прехранбени производи. |

Прилог 316

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.1800/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Преносен електронски уред со димензии 7x 60 x 110 мм и тежина 100 г, кој се состои од следниве делови во заедничко пластично кукиште:<br><br>- ЛЕД дисплеј во боја со екран осетлив на допир со дијагонални мерки на екран од 8,9 см (3,5 инчи) и резолуција 960 x 640 пиксели,<br>- CPU (central processing unit) единица,<br>- РАМ меморија од 256 MB,<br>- Меморија за складирање 32 ГБ,<br>- Модул за безжично поврзување со други уреди и интернет,<br>- Литиумска батерија која се полни,<br>- Микрофон, и<br>- Камера за снимање видеа и слики.<br><br>Опремен е со следниве интерфејси:<br><br>- Приклучок за полнење на уредот и спојување со други уреди, на пример машина за автоматска обработка на податоци (АДП) и<br>- 3,5 милиметарски приклучок.<br><br>Уредот му овозможува на корисникот, меѓудругото, поврзување со интернет, преземање , извршување и измена на програмски апликации, примање и праќање на е-пошта, играње игри како и преземање, снимање и репродукција на музика, видеа и фотографија. | 8471 30 00 | Распоредувањето е утврдено согласно со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Одел XVI, Забелешка 5 (А) од Глава 84 и наименување за тар. број 8471 и тар. подброј 8471 30 00 00.<br><br>Уредот е конструиран за вршење на две или повеќе дополнителни или алтернативни функции во смисол на забелешка 3 од Оддел XVI (обработка на податоци, комуникација по пат на безжична мрежа, снимање и репродукција ан звук и видеа, снимање видеа и фотографии, прикажување фотографиии и видеа).<br>Имајќи ги предвид објективните својства на уредот, а посебно неговите можности за преземање, складирање и извршување програми, главна функција му е обработка на податоци (види исто така Класификациско мислење на ХС 8471.30/2,3 и 4).<br>Другите функции се сметаат за секундарни.<br><br>Оттука уредот се распоредува во тар. подброј 8471 30 00 како преносен уред за автоматска обработка на податоци, со маса не поголема од 10 кг, сочинет од најмалку централна процесорска единица, тастатура и дисплеј. |

Прилог 317

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2253/2015 | Распоредување (Тар. Ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Предмет (тн лајсна за спречување провев или дихтунг за подножје на врата), сочинет од алуминиумска основа со димензии приближно 100 х 3 см и пластична четина од влакна со должина приближно 2 см и напречен пресек од 1 мм, кои се прицврстени на основата. Основата на едната страна е прекриена со самолеплива фолија.<br><br>Подлогата треба да се прицврсти за подножјето на вратата со помош на самолепливата фолија. Четините го исполнуваат просторот помеѓу подножјето на вратата и подот и на тој начин спречува струење на воздух, влез на нечистотии итн.<br><br> | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 3926 и тар. подброј 3926 90 97 00.<br><br>Со оглед на своите објективни карактеристики предметот е наменет за исполнување на просторот помеѓу поножјето на вратата и подот со што се спречува струење на воздухот , влез на нечистотии итн. Предметот не е наменет да се користи како четка за чистење. Распоредувањето во тар. број 9603 затоа е исклучено.<br><br>Производот е сложен производ кој се состои од различни компоненти, те алуминиумска основа, пластична четина и самолеплива фолија. Суштинска карактеристика на предметотот е четината влакна заради својата улога при употреба на производот. Распоредувањето во тар. број 7616 како други производи од алуминиум е исклучено.<br><br>Производот оттука се распоредува во 3926 90 97 00 како други производи од пластична маса. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 318

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2254/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со тврди корици (тн фото-книга) изработен од хартија со приближни димензии 21 x 31 cм, со печатени персонализирани фоографии во полни бои и краток текст кој се однесува на активност, настан, особа итн., кои се прикажани на соодветната фотографија. | 4911 91 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 4911 и тар. 4911 91 00 00.<br><br>Исклучено е распоредувањето во тар. број 4901 како книга зашто производот не се употребува за читање (види и Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 4901, прв став.) .<br><br>Производот е наменет за прикажување на лични фотографии за приватни цели.<br>Затоа се распоредува во тар. подброј 4911 91 00 00 како фотографии. |

**Прилог 319**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ)<br>бр.2255/2015** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со кружен облик (тн вибрациски мотор во облик на кована пара- „coin vibration motor", со дијаметар од 9 мм и дебелина 4 мм со вграден еднонасочен електромотор со напон 4 V и моќност 1W.<br><br>Производот е наменет за употреба во таблети, мобилни телефони итн., за креирање вибрациски ефект. Тој вибрациски ефект е е последица на ротација на осовина на моторот на која е монтиран асиметричен тег.<br><br>За потребата на вградување, производот на едната страна е опремен со самолелива трака.<br><br>*Види фотографија (*)<br><br> | 8479 89 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 8479 и тар. подброј 8479 89 97 00.<br><br>Имајќи ја предвид функцијата на производот во создавање вибрации, неговото распоредување во тар. број 8501 како електромотор е исклучено (види Коментар на ХС , дел (II) став 8 точка (б)).<br><br>Производот затоа се распоредува во тар. подброј 8479 89 97 00 како други машини и апарати со посебни функции кои не се спомнати ниту опфатени на друго место. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 320

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2315/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од пластично кукиште кое содржи 4 метални терминали (контакти), диоди и кабли со конектори (тн „ фотонапонска (PV) разводна кутија„)<br><br>Фотонапонската разводна кутија е уред за кабелски пренос на електрична енергија, која не надминува 1000 V и која е произведена од соларен панел, до друг PV модул или инвертер. Функцијата на диодите е само да го заштити производот од пренапон (тн „hot spots").<br><br>Види слика (*).<br><br> | 8544 42 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 3 од Оддел XVI и наименувањето на тар.број 8544 и тар. подброј 8544 42 90 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8541 како диоди е исклучено зашто диодите значително не ги менуваат карактеристиките и својствата на производот како фотонапонска разводна кутија. За главна функција се смета таа за поврзување на или во струјни кола.<br>Со оглед дека производот е опремен со кабли, распоредувањето во тар. број 8536 како апарат за поврзување на или во струјни кола е исто така исклучено (види Коментар на ХС за тар. број 8536, дел (III) (A).<br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 8544 42 90 00 како други електрични спроводници со конектори. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 321**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2316/2015** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со цилиндричен облик со капак, изработен од пластика, придвижуван со батерии (тн „електронска штедна касичка„), со висина 17 см и дијаметар 12 см.<br>На капакот се наоѓа мал ЛЦД дисплеј и отвор низ кој се вметнуваат монети (на пр. евра). Кога монетата рачно ќе се вметне низ отворот, механизмот во канакот (уред за сметање) го препознава дијаметарот на монетата и на дисплејот ја прикажува нејзината вредност.<br><br>Кога ќе се внесат сите монети, една по една, препознатите вредности ги додава на постоечката сума и на ЛЦД дисплејот се прикажува вкупниот износ.<br><br>Нема одземање кога ќе се извади монета од штедната касичка.<br><br>Види слика (*)<br> | 8470 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименувањето на тар.број 8470 и тар. подброј 8470 90 00 00.<br><br>Овој производ е сложена стока, а е сочинет од пластичен контејнер и уред за сметање. Споредбено со обичните касичкиза пари, уредот за сметање му дава суштински карактер на производот. Распоредувањето според неговиот конститутивен материјал, оттука е исклучено.<br><br>Со оглед дека производот нема функција на рачно внесување податоци (монетите не се податоци) не се смета за уред за сметање (види и коментарски забелешки за тар. број 8470 (А) (1)). Имајќи предвид дека уредот за сметање овозможува собирање на најмалку две бројки и дека секоја може да содржи неколку цифри(на пр. EUR 0,02 + EUR 2,00= 2,02), ги исполнува барањата за распоредување како уред за сметање (види Коментар на ХС за тар. број 8470, прв параграф).<br><br>Оттука следи дека целиот производ се распоредува во тар. подброј 8470 90 00 00 како други машини со уред за пресметување. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 322

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2317/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Машина за шиење со слободна рака за домаќинство со вграден електромотор со излезна моќност од 70 W , во суштина опремена со игла плоча (убодна плоча), папуча притисна, куќиште за калем, управувачи, вградено светло, ножна папуча со кабел и разни додатоци (пр. калеми, водилки, комплет игли, двоструки игли итн.). Машината е со маса приближно 7 кг (вклучувајќи и мотор) и нуди повеќе од 24 програми на шиење. Нејзината вредност е поголема од 65 евра.<br><br>Машината работи со горен и долен конец. Еден конец се вденува во иглата а другиот се провлекува испод со помош на чунак ( техника на штеп бод). Машината може да изработи различни видови бод, но основата на сите бодови е претходно наведеното начело. Машината може само да имитира опшивен бод (over lock) и не може истовремено да го сече прошиениот вишок на материјал. | 8452 10 11 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименувањето на тар.број 8452 и тар. подброј 8452 10 11 00.<br><br>Имајќи предвид функцијата на машината, изработката, физичките својства и начинот на работа, машината за шиење се смета за машина за шиење за прошивање (штеп) бод од подбројот 8452 10 зашто изработува само бодови во штеп техника (да се вди Коментар на Комбинираната номенклатура за тар. подброј 8452 10 11 и 8452 10 19, ставка 1 (а)).<br><br>Оттука производот се распоредува во 8542 10 11 00 како машини за шиење за домаќинство, машина за шиење за прошивање (штеп) бод, чија вредност не е поголема од 65 евра по парче. |

**Прилог 323**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2318/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн „футрола/држач за мобилен за надлактот„) изработен претежно од текстилен материјал. Се состои од футрола за мобилен телефон со еластична трака која служи за прицврстување за надлактицата.<br><br>Задната страна на футролата има отвор со прорез во кој се става мобилниот телефон. На предната страна има правоаголен транспарентен панел од пластична фолија. Прозирниот панел е врамен со целуларен пластичен филм кој го прекрива и предниот дел на краткиот крај на траката. Задниот дел на производот и фиксираната трака се сочинети од гумирана текстилна ткаенина (надворешните слоеви од текстилен материјал со слој од целуларна гума меѓу нив). Велкро (чичак) лента е прицврстена за траката , која се провлекува низ два отвора на краткиот крај и така прицврстува за надлактицата на корисникот.<br>(Види слики А и Б (*)<br> | 4202 92 98 | Распоредувањето е утврдено во согласност со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (ј) од Оддел XI, Дополнителна забелешка 1 од Глава 42 и наименувањето на тар.број 4202 и тар. подброј 4202 92 98 00.<br><br>Производот е наменет за држење на посебен производ (мобилен телефон, смарт телефон). Затоа има објективни карактеристики на контејнер на слични контејнери наведени во наименувањето на тар. број 4202 (види Коментар на ХС за 4202).<br><br>Распоредувањето во тар. број 6307 како други текстилни производи оттука е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 4202 92 98 00 како футроли со надворешна површина од текстилен материјал. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |

Прилог 324

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2319/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн „адаптер„ или „исправувач„) наменет за претворање на наизменична струја (100-220 W) во еднонасочна струја (12V, 3,7A) во пластично кукиште со приближни димензии 14 x 6 x 5 см.<br><br>Производот може да се поврзе преку кабел со конектор на AC приклучокот и преку кабел со посебен конектор за посебна конзола за игрици од тар. број 9504. | 8504 40 82 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименувањето на тар.број 8504 и тар. подброј 8504 40 82 00.<br><br>Со оглед дека со тарифниот број 8504 се опфатени статички конвертори (на пр. исправувачи), тој тарифен број дава најточен опис на производот. Затоа распоредувањето во тар. број 9504 како прибор за видео игрици е исклучено.<br><br>Производот се распоредува во тар. ознака 8504 40 82 00 како исправувач. |

Прилог 325

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2320/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ од сјајна ткаена прозирна ткаенина (100% полиестер), која на себе има машински везен украсен детал намотана на ролна калем со должина 300 см.<br><br>Една од двете ивици на производот е порабена со континуиран шав во кој оловна жица е провлечена во шавот. На спротивниот раб има густо ткаен пораб со кој се спречува парање на ткаенината, а краевите по основата излегуваат од ткаенината во облик на реси.<br><br>Должината на ткаенината која се отсекува од ролната одговара на ширината на идната завеса. Таа ткаенина се преобразува во завеса едноставно, со сечење кај густо ткаениот пораб до потребната должина на завесата и порабување на таа страна и двете страни кои се отсечени од калемот. Работ порабен со континуираниот двострук бод го прави дното на завесата и останува ист каков што бил и на калемот (ролна).<br><br>Види слика (*)<br><br> | 6303 92 90 | Распоредувањето е утврдено во согласност со Основните правила 1, 2(а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (г) од Оддел XI и наименување на тар. број 6303 и тар. подброј 6303 92 90 00.<br><br>Производот има суштински карактер на завеса од тар. број 6303 , зашто е очигледно погоден за конверзија во завеса со минорни операции. Откако ќе се исече ткаенината еднаш од ролната, само минорна операција на просто сечење и порабување е потребно (види Коментар на ХС за тар. број 6303, втор параграф).<br><br>Недовршениот производ се смета за готов зашто веќе има еден порабен раб (раб порабен со двострук континуиран бод).<br>Оттука производот се распоредува во тар. ознака 6303 92 90 00 како завеса од синтетички влакна. |

| | | |
|---|---|---|
|   | | |

(*) Сликата е само од информативен карактер

Прилог326

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2321/2015 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Касета од запченици од прост метал (т.н. free hub касета) без механизам за слободно движење. Касетата е сочинета од седум запченици фиксирани заедно, два посебни запченици и подлошка. Најмалиот запченик има 11 запци најголемиот 32 запци.<br><br>Касетата free hub е осмислена така да се постави на механизмот на слободно движење (кој е интегриран во главчината). Погонската осовина на на задното тркало може да се одвои од телото на средиштето (слободно движење). Ова им овозможува на велосипедистите да ги одржуваат педалите во мирна состојба или да ги вртат наназад.<br><br>Види слика (*)<br> | 8714 93 00 | Распоредувањето е утврдено во согласност со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 8714 и тар. подброј 8714 93 00 00.<br><br>Производот може единствено да се монтира на механизмот со слободно движење интегриран во средиштетото за да ја оствари функција на слободно движење, и се смета за слободен верижник (запченик).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. ознака 8714 93 00 00 како слободни верижници. |

(*) Сликата е само од информативен карактер

Прилог327

<table>
<tr><th>Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ)<br>бр.2351/2015</th><th>Распоредување<br>(Тар. ознака)</th><th>Основ за распоредување</th></tr>
<tr><td>(1)</td><td>(2)</td><td>(3)</td></tr>
<tr><td>Градинарски комплет во пластична амбалажа кој ги содржи следниве производи:<br><br>(а) 1 торба од ткаен текстилен материјал со надворешна површина од текстил со 1 поголем внатрешен џеб и 4 помали внатрешни џебови<br>(б) 1 пар ракавици првенствено од ткаен текстилен материјал и во мали делови покриени со целуларна пластична маса на страна на дланката;<br>(в) 1 пар српови од прост метал;<br>(г) 1 градинарска лопатка од прост метал;<br>(д) 12 пластични маркер стапчиња;<br>(ѓ) 1 молив со графитна мина.<br><br>Секој предмет во комплетот поединечно е спакуван во заштитна пластична амбалажа.<br><br>Торбата и ракавиците се изработени од ткаенина со ист декоративен детал (дрва, цвеќе, куќи).<br><br>Види слика (*).<br></td><td>4202 22 90<br><br>6216 00 00<br><br>8201 50 00<br>8201 10 00<br><br>3926 90 97<br><br>9609 10 10</td><td>Распоредувањето е утврдено во согласност со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа.<br><br>Предметите не можат да се сметаат за сет за малопродажба согласно правило 3(б) зашто заедно не задоволуваат одредена потреба и не служат за вршење одредена активност.<br><br>Торбата не се користи за градинарство туку како носач на другите предмети. Може да се користи и независно од градинарските активности.<br><br>Моливот исто така не е градинарски алат и може практично да се користи и надвор од градинарство.<br><br>Ако еден предмет од сетот или повеќе од нив не задоволуваат иста одредена потреба или не е наменет за вршење на иста одредена активност, потребно е да се распореди секој предмет поединечно (види исто така Водич за распоредување во Комбинираната номенклатура на сетови подготвени за малопродажба, дел(II) (( )).<br><br>Поединечните предмети како што се наведени во опис на стока се распоредуваат како што следи:<br><br>(а) Распоредувањето се темели на наименување на тар. број и ознака 4202 22 90 00.<br>Предметот се распоредува како рачна торба со надворешна површина од текстилен материјал во тар. ознака 4202 22 90 00.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | (б) Рапоредувањето се темели на наименување на тар. ознака 6216 00 00 00.<br>Ткаениот текстилен материјал се смета за составен материјал на ракавиците. Оттука предметот се распоредува како ракавици од 6216 00 00 00.<br><br>(в Распоредувањето се темели на наименување на тар. ознака 8201 50 00 00.<br>Предметот се распоредува како срп (ножици за употреба со една рака).<br><br>(г) Распоредувањето се темели на наименување на тар. ознака 8201 10 00 00.<br>Предметот се распоредува како лопата од 8201 10 00 00.<br><br>(д) Распоредувањето се темели на наименување на тар. број 3926 и тар. ознака 3926 90 97 00.<br>Производот се распоредува како други производи од пластчна маса.<br><br>(ѓ) Распоредувањето се темели на наименување на тар. број 9609 и тар. ознака 9609 10 10 00.<br>Предметот се распоредува како молив со графитна мина во тар. ознака 9609 10 10 00. |

(*) Сликата е само од информативен карактер

**Прилог 328**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.2455/2015** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од месо од различни ракчиња и мекотелци (во % по маса):<br><br>- краци од сурови лигни и сипи 25<br>- ленти од сурови лигни и сипи 20<br>- тркалца од сурови лигни 20<br>- варени млади жолти школки 20<br>- бланширани ракчиња 15.<br>Производот се испорачува во замрзната состојба (на температура од 20 Ц) во вреќи од 1 кг (нето маса од 800 грама). | 1605 54 00 | Распоредувањето е утврдено во согласност со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 од Глава 16 и наименување на тар. број 1605 и тар. подброј 1605 54 00 00.<br><br>Производот е сочинет од морска храна (месо од различни ракчиња и мекотелци) дел од нив сурови или бланширани (тар. број 0307) додека други се готвени (тар. број 1605). Таков производ се смета за препарат, имајќи предвид дека готвењето го исклучува од Глава 3, дури и делумно, подготвен со постапка непредвидена во таа глава (види Коментар на ХС за Глава 3 , општи одредби, петти параграф).<br><br>Со оглед дека сипите и лигните преовладуваат по маса, производот се распоредува со примена на Забелшка 2 од Глава 16 во тарифна ознака од Глава 16 која кореспондира на делот кој преовладува во препаратот.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. ознака 1605 54 00 00 како подготвени или конзервирани сипи и лигни. |

**Прилог 329**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.137/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ составен од правоаголно парче на текстилен транспарентен материјал направен од плетена ткаенина од синтетички влакна, пластична шина и ролер механизам од пластика и метал.<br>На едниот крај текстилната ткаенина е фиксирана за ролер механизмот кој е дизајниран за да се фиксира перманентно во панелот на вратата за специфичен модел на возило. На другиот крај, текстилната ткаенина е фиксирана за пластичната шина која има механизам за прицврстување со рамката на прозорецот на моторното возило кога ткаенината е ненамотана обезбедувајќи заштита од сонце. Производот не го покрива прозорското окно комплетно.<br>*Види фотографија (*)<br><br> | 6303 12 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (ѓ) од Оддел XI , и наименувањето на тар.број 6303 и тар. подброј 6303 12 00 00.<br>Распоредувањето во тар. ознака 8708 29 90 00 како дел од прибор од каросерија за моторни возила од 8703 е исклучено зашто производот не е ниту неопходен за функционирање на возилото ниту го адаптира возилото за посебна операција, ниту го зголемува опсегот на операции или овозможува изведување на посебно опслужување поврзано со неговата главна функција (види Случај C-125/10, Unomedical, ECLI:EU:2011:402, параграф 29 и 36).<br>Фактот дека производот е дизајниран да се фиксира во панелот на вратата на специфично моторно возило (постои рез на панелот) и не може да се отстрани и фиксира на било кој прозорски отвор, истиот претставува внатрешна ролетна од тар. број 6303. Покрај тоа, слични вакви производи како внатрешни ролетни за прозори со носечки шини се исто така опфатени во тар. број 6303 (види Коментар на ХС за тар. број 6303, прв параграф, точка (2)).<br><br>Производот е ролетна од текстилен материјал од Оддел XI и не е ролетна од пластика од тар. подброј 3925 30 00 00, зашто пластиката служи само за цели за поврзување.<br><br>Производот е склопен од делови од текстилен материјал, пластика и метал. Оттука тоа е готов производ. |

| | | |
|---|---|---|
|   | | Распоредувањето е во тар. подброј 6303 12 00 00 како внатрешни плетени ролетни од синтетички влакна. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 330

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр.283/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ главно изработен од пластика, со форма на зашилен цилиндер (т.н. „ЛЕД светкава ламба„) приближно 17 см висока. Производот се стеснува кон врвот, со широка основа, и средниот дел е транспарентен. Средниот дел е украсен одвнатре со стилизирана фигура на девојче и исполнет со провидна течност во која плутаат блескави честици.<br><br>Основата содржи неколку светлечки диоди (ЛЕД) кои работат на батерии. Кога производот ќе се протресе, средниот дел благо свети во различни бои. Светлото свети само кратко, отприлика една минута после тресењето.<br>*Види фотографија (*)<br> | 3926 40 00 | Распоредувањето е утврдено согласно со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување за тар. број 3926 и тар. подброј 3926 40 00 00.<br><br>Производот не може да се распореди како ламба во тар. број 9405, зашто првенствено не е дизајнирана за осветлување, на пример на просторија, ниту е специјализирана светилка (види Коментар на ХС за тар. број 9405, (I), (1) и (3)).<br><br>Имајќи ги предвид објективните карактеристики, производот не е во основа наменет за забава на деца или возрасни, (види исто така Коментар на ХС за тар. број 9503, (Г)). Распоредувањето во тар. број 9503 како играчка оттука е исклучено.<br><br>Поради своите објективни карактеристики, производот е главно дизајниран за украсни цели. Светкањето само го засилува украсниот ефект.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 3926 40 00 00 како други украсни производи од пластика. |
| (*)сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 331

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 302/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на пластична табла за цртање со димензии приближни 31 см x 32 см, со светла слоевита пластична магнетна површина за цртање и бришење. Површината е врамена во пластична рамка.<br>Има пенкало за цртање направено од пластика со метален врв поврзан со низата на таблата која со притисок на површината прикажува слики, букви, итн., со користење на магнетните својства на површината. Има и четири магнетни печати изработени од пластика поставени во пластичната рамка, со кои можат да се прават отпечатоци на површината.<br>Функцијата на бришење работи со подигнување на горниот слој од пластиката: механизмот за подигнување на горниот слој е вграден на дното од таблата и ја исклучува магнетната функција.<br>Производот е дизајниран за забава за деца.<br>*Види фотографија (*)<br> | 9503 00 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (а), 3 (б), и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањето на тар.број 9503 и тар. подброј 9503 00 95 00.<br><br>Распореувањето како плоча или табла, со површина за цртање или пишување во тарифен број 9610 е исклучено, производот не е за употреба за пишување или цртање со пенкало, молив, креда, филц маркери (види Коментар на ХС за тар. број 9610).<br><br>Производот има карактеристики на играчка од тар. број 9503. Тар. број 9503 обезбедува многу поспецифичен опис, распоредувањето како други производи од пластика е исклучено.<br>Производот е комбиниран согласно Основното правило 3(б). Составен од пластика и магнена површина, кои заедно формираат целина (види исто така Коментар на ХС за ОП 3(б), (IX)).<br><br>Рамката и површината се направени од пластика. Пластичните компоненти доминираат и на производот му го даваат суштинскиот карактер согласно ОПЗ ( б).<br>Производот оттука се распоредува како други играчки од пластика во тар. подброј 9503 00 95 00. |

(*)сликата е само од информативен карактер

**Прилог 332**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 613/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н "носач (рака) на монитор) од алуминиум, кој се состои од два крака, покретни зглобови и делови за прицврстување на краевите од производот.<br>Наменет е за прицврстување со едниот крај за ѕид или маса и со другиот крај мониторот прицврстен на него.<br>Производот овозможува прилагодување на положбата (висина, ширина и длабочина) на мониторот кој е на него прицврстен.<br>Мониторот може да се движи во сите смерови, во зависност од потребата на корисникот. Истовремено во производот постои можност да се сокријат каблите.<br>Производот може да се прилагоди за употреба со таблети, телефони итн.<br> | 7616 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувание на тар. број 7616 и тар. подброј 7616 99 и 7616 99 90.<br>Распоредувањето на проиводот во тарифен број 8428 како машина за дигање, ракување, утовар или истовар се исклучува, бидејќи главна цел на производот е да обезбеди правилна употреба на опремата прицврстена за носачот, гледано од ергономска гледна точка. Не се ракува со уредот прицврстен на носачот, согласно тарифниот број 8428 (види Коментарски забелешки на Хармонизиран систем (ХС) за тарифниот број 8428).<br>Бидејќи на производот можат да се прицврстат разни уреди, се исклучува распоредувањето во тарифен број 8473 како делови и прибор погодни за употреба исклучиво или главно со машини од тарифни броеви од 8469 до 8472.<br>Распоредувањето во тарифен број 8479 како останати механички уреди со сопствена функција се исклучува, бидејќи производот не извршува ниедна функција посебно, независно од било која друга машина или уред кој е на него прицврстен, (види Коментарски забелешки на ХС за тарифен број 8479, став три, точка (А)).<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 7616 99 90 како останати производи од алуминиум. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 333**

<table>
<tr><th>Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 614/2016</th><th>Распоредување<br>(Тар. ознака)</th><th>Основ за распоредување</th></tr>
<tr><td>(1)</td><td>(2)</td><td>(3)</td></tr>
<tr><td>Производот (т.н. “стакленик за градинарство наменет за хоби”), со димензии приближно 140 x 140 x 200 см, со рамка изработена од челик. Рамката содржи решетки составени од осум полици, по четири на двете страни, од челични жици, со приближни димензии 58 x 28 см. Сите страни на рамката се покриени со свитлива пластична фолија со “ролер” отвор од предната страна, со димензии приближно 86 x 145 см. Отворот може да се затвори со помош на траки од типот “велкро”. Во опишаната конструкција може да влезе личност. Нејзината цел е долготрајно или краткотрајно (на пример, на пазарите) складирање на растенија.<br></td><td>7326 90 98</td><td>Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 7326 и тар. подброј 7326 90 и 7326 90 98.<br>Распоредувањето на производот во тарифен број 9403 како “останато домаќинство” е исклучено бидејќи производот не е наменет за опремување на приватни станови, хотели, канцеларии, школи, цркви, продавници, лаборатории и слично. Производот е наменет за складирање на растенија (види Коментарски забелешки на ХС за Глава 94, Општи одредби, став два, точка (А) и за тарифен број 9403, став два).<br>Распоредувањето на производот во тарифен број 9406 како “монтажна зграда” исто така е исклучено, бидејќи конструкцијата рамномерно е нестабилна и има свитливи ѕидови. Исто така, не е наменет за долготрајна надворешна употреба бидејќи не е водоотпорен.<br>Согласно наведеното, производот се распоредува според материјалот од кој е изработен. Суштински карактер на производот му го дава конструктивниот елемент (метална рамка и полици).<br>Затоа производот се распоредува во тарифна ознака 7326 90 98 како останати производи од железо и челик.</td></tr>
<tr><td colspan="3">(*) Фотографијата е само од информативен карактер</td></tr>
</table>

Прилог 334

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 615/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат (т.н. "приклучна станица за паметен телефон") кој се состои од следните делови:<br>- LCD екран во боја со димензии 29,5 см,<br>- куќиште кое се расклопува со два влеза за USB,<br>- тастатура на допир,<br>- приклучок за паметен телефон,<br>- вклучница за напојување за напон што не надминува 1000 V.<br>- вградени звучници.<br>Кога паметниот телефонот е уклучен, батеријата на апаратот се полни и апаратот истовремено служи и како влезна/излезна единица за вршење на сите функции на паметниот телефон.<br>Бидејќи апаратот не е опремен со уред за конверзија на сигналот, сите сигнали кои ги прима од приклучениот паметен телефон се во непроменет облик.<br>Апаратот не е прикладен за поврзување со машина за автоматска обработка на сигналот. | 8537 10 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 и 8537 10 99.<br>Апаратот е сложен уред кој ги врши функциите од тарифните броеви 8504, 8518, 8528 и 8537. Сите посебни функции кои ги вршат неговите различни компоненти вклучени се во претходно наведените тарифни броеви од Глава 85. Затоа е исклучено распоредувањето на производот во тарифен број 8543 како електронски машини и апарати, со посебни функции, неспомнати ниту вклучени на друго место во Глава 85. Исто така, се исклучува распоредувањето на производот во тарифен број 8543 како електронски машини и апарати, со посебни функции, неспомнати ниту опфатени на друго место во Глава 85.<br>Со оглед на неговите својства, ниедна функција не се смета за главна функција на апаратот, согласно Забелешка 3 од Оддел XVI.<br>Поради наведеното, се распоредува во тарифен број кој е последен по броен редослед.<br>Апаратот се распоредува во тарифна ознака 8537 10 99, како останати плочи, пултови, конзоли, маси, ормани и останати носачи за електрично управување за напон што не надминува 1000 V. |

**Прилог 335**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 663/2016** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронски уред кој служи како аудио интерфејс или миксер за звук (познат како "дигитално-аналоген миксер-конвертор и предзасилувач"), со димензии приближно 48 x 18 x 9 см. Се состои од процесор за звук и ефект, аналогно-дигитален и дигитално-аналоген конвертор и засилувач за микрофон, во кукиште со елементи за управување и приказ, разни аналогни, оптички и дигитални влезови и излези, како и FireWire приклучоци.<br>Неговите главни технички карактеристики се :<br>- хибридно поврзување FireWire/USB2 (можност за приклучување на уред за автоматска обработка на податоци),<br>- миксер за звук со 28 влеза и можност за дигитална обработка на сигнали,<br>- посебна програмска опрема за мешање на звукот,<br>- одвоени приклучоци за слушалки на предната плоча, секој со свои подесувачи на јачина на звук, и<br>- LED часовник на предниот панел за прикажување на статусот.<br>Уредот е наменет за дигитална музичка продукција во студио или во живо на сцената. Може да делува на два начина : во склоп на уредот за автоматска обработка на податоци или самостално.<br>Кога се употребува во склоп на уредот за автоматска обработка на податоци, се употребува за обработка и преработка на звучните сигнали од надворешните извори на звук, како и пре-засилување на сигнали од | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 5 (Д) кон Глава 84 и наименување на тар.број 8543 и тар. подброј 8543 70 90.<br>Бидејќи уредот освен обработка на податоци има и посебни функции (предзасилувач на звук и мешање на звуци), треба да се распореди во правилниот тарифен број согласно неговата функција, или доколку тоа не е можно, во преостанатите тарифни броеви.<br>Функцијата на уредот не е точно покриена во ниту еден друг тарифен број од Глава 85. Уредот треба да се смета како единица за мешање на звук опфатена во тарифен број 8543 (види Коментарски забелешки на ХС за тарифен број 8543, четврти став, точка 4).<br>Затоа уредот се распоредува во тарифна ознака 8543 70 90 како останати уреди и апарати со посебни функции кои не се спомнати, ниту вклучени на друго место во Глава 85. |

| | | |
|---|---|---|
| микрофон. Кога делува самостојно уредот служи како миксер на звук со вградени ефекти. | | |

Прилог 336

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 664/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Преносен апарат со батериско напојување, за снимање и подготвување на видео записи, со димензии приближно 10 x 5 x 2 см и тежина отприлика 120 гр, кој се состои од:<br>- леќи,<br>- LCD екран со дијагонални димензии на дисплејот приближно 5 см (2 инча),<br>- микрофон,<br>- звучник,<br>- процесор,<br>- внатрешна литиум-јонска батерија,<br>- внатрешна меморија со капацитет до 8 GB,<br>- вграден ("flip out") USB приклучник,<br>- HDMI излез,<br>- вграден метал-оксиден полупроводен (CMOS) сензор.<br>Апаратот има функција на дигитално зумирање во два чекора. Со апаратот може да се сними видео запис со резолуција 1280 x 720 пиксели со брзина од 30 слики во секунда во тек на најмногу 2 часа. Апаратот нема можност за снимање на фотографии.<br>Видео записот снимен со апаратот може да се префрли на машина за автоматска обработка на податоци со употреба на вграден USB интерфејс или на телевизиски приемник со употреба на HDMI кабел.<br>Освен тоа, после прикажувањето видео записот може да се префрли од машината за автоматска обработка на податоци на апаратот со употреба на вграден USB интерфејс. Апаратот може да се употребува како преносен уред за складирање на податоци. | 8525 80 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8525 и тар. подброј 8525 80 и 8525 80 99.<br>Исклучено е распоредувањето во тарифна ознака 8525 80 30 како дигитален фотоапарат бидејќи апаратот може да снима исклучиво само видео записи. Иако апаратот не ја врши функцијата на оптичко зумирање, сепак ќе се распореди како видео камера (види предмет C-178/14, Vario Tek, ECLI:EU:C:2015:152, точка 17-29). Со оглед на неговите објективни карактеристики, апаратот е видео камера.<br>Датотеките со видео записи можат да се префрлат од машина за автоматска обработка на податоци и да се складираат во апаратот и таа функција ја вршат самостално без никакви модификации. Затоа се смета дека апаратот може да снима видео записи и од други извори исто како и од вградена телевизиска камера (види предмет C-178/14, Vario Tek, ECLI:EU:C:2015:152, точка 30-39).<br>Затоа е исклучено распоредувањето во тарифна ознака 8525 80 91 како видео камера способна за складирање само звук и слики снимени од телевизиска камера.<br>Апаратот се распоредува во тарифна ознака 8525 80 99 како останати видео камери. |

**Прилог 337**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 665/2016 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Рачен електричен уред (т.н. "пиштол за лепење") наменет за нанесување на топол растопен лепак на дрво и други материјали. Куќиштето на уредот е изработено од пластика, додека заменливата млазница изработена е од обичен метал. Млазницата може да се подесува и со неа може да се регулира протокот на лепак.<br>Кога уредот е вклучен, цевката низ која протекува лепакот контролирана со термостат се загрева и на тој начин се загрева и заменливиот кертриџ со лепак (до максимална температура од 207 °C). Со загревање лепилото омекнува и може да се нанесува на материјалот на кој треба да се лепи.<br>Уредот е наменет за професионална употреба, на пример во индустријата за амбалажа, во индустријата за намештај или при составување на штандови.<br> | 8419 89 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименување на тар.број 8419 и тар. подброј 8419 89 и 8419 89 98.<br>Распоредувањето во тарифен број 8205 како рачен алат од обичен метал, неспомнат ниту вклучен на друго место е исклучено бидејќи функцијата на уредот е опишана во Глава 84.<br>Распоредувањето во тарифен број 8424 како механички уред за исфрлање, дисперзија или распрснување на течност или прав или пиштоли за прскање е исто така исклучено бидејќи лепилото не се исфрла, ниту се распрснува.<br>Распоредувањето во тарифен број 8516 како електротоплински уред кој се употребува во домаќинството е исто така исклучено бидејќи уредот е предвиден за професионална употреба, а не за употреба во домаќинството (види Коментарски забелешки за ХС за тарифен број 8516, (Д)).<br>Распоредувањето во тарифен број 8465 алатна машина за обработка на дрво е исто така исклучено бидејќи уредот не обработува дрво. Освен тоа, уредот не стои на подлога, односно е наменет за држење во рака (види и Коментарски забелешки на ХС за тарифен број 8465).<br>Уредот е предвиден за обработка на материјал со постапка која вклучува промена на температурата на загревање (функција наведена во тарифен број 8419), и може да се смета како негова главна функција, како и за регулирање на протокот на |

| | | |
|---|---|---|
| | | лепилото, како и неговото нанесување (поединечна функција која е неспомната, ниту вклучена на друго место).<br>Уредот затоа се распоредува во тарифна ознака 8419 89 98 како останати машини, електрично загревани, за обработка на материјалот. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 338**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 666/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Статички конвертор во пластично куќиште (т.н. AC/DC конвертор), наменет за конверзија на наизменична струја AC (100 – 240 V) во еднонасочна струја DC (12 V, 1,5 A).<br>Куќиштето е опремено со приклучок за поврзување на наизменична струја и со електричен кабел, со должина од 1,5 метри, опремен со приклучок за еднонасочна струја, кој служи за употреба со разни апарати како конвертор AC/DC.<br>AC/DC конверторот се користи за напојување на декодер на ТВ сигналот ("сет-топ" кутија). Исто така, може да се користи за напојување на многу други апарати, како што се телекомуникациските апарати, машини за автоматска обработка на податоци, апарати за снимање или репродукција на звук/слика, домаќински апарати, како и радио навигациски апарати.<br> | 8504 40 82 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8504 и тар. подброј 8504 40 и 8504 40 82.<br>Распоредувањето во тарифна ознака 8504 40 30 како статички конвертор за употреба со телекомуникациони апарати, машини за автоматска обработка на податоци и нејзини единици е исклучено бидејќи AC/DC конверторот е наменет за употреба со разни апарати.<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 8504 40 82 како исправувач. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 339**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 933/2016** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во облик на жолт прав со мирис на банана, кој се состои од:<br>- ензимски хидролизиран протеин изолат од сурутка (90% по тежина изразени во протеини),<br>- соја лецитин (емулгатор),<br>- природна арома на банана,<br>- Е 104 (боја), и<br>- сукралоза (засладувач).<br>Производот е наменет за малопродажба во пластична кутија со нето содржина од 1,8 кг.<br>Производот е наменет за мешање со пијалоци. Согласно етикетата на производот, една мерна лажица (30 гр) од производот треба да се помеша со приближно 3 dl вода или млеко. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 2106 и тар. подброј 2106 90 и 2106 90 92.<br>Производот содржи хидролизирани белковини и затоа неможе да се распореди во тарифен број 3502.<br>Производот неможе да се распореди во тарифен број 3504 поради присуство на одредени состојки (засладувач, боја и емулгатор) кои му даваат суштински карактер на прехрамбениот производ од тарифен број 2106.<br>Производот е прехрамбен производ наменет за малопродажба и затоа се распоредува во тарифна ознака 2106 90 92. |

Прилог 340

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 934/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ спакуван како сет, кој се состои од следните компоненти:<br>- Правоаголно исечено парче (приближно 14 x 21 cm) изработено од пластична фолија во два слоја, печатено од предната страна со црни и бели мотиви. На задната страна на производот е исечено парче самолеплива лента. Со ова исечено парче можат да се одлепат шест веќе претходно изрежени налепници (пластичниот горен слој е релјефно обликуван).<br>- Три маркери во различни бои. Маркерите се спакувани во мали пластични пакувања.<br>Налепниците се бојат со маркерите и се наменети за украсување.<br> | 4911 91 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Оддел VII и наименување на тар.број 4911 и тар. подброј 4911 91 00.<br>Производот е спакуван како сет за малопродажба. Суштинскиот карактер му го даваат налепниците.<br>Распоредувањето во тарифен број 3919 е исклучено бидејќи формата на налепницата не е рамна, односно е веќе претходно изрежена.<br>Распоредувањето во тарифен број 3926 е исклучено бидејќи печатените мотиви не се во потполност споредни во однос на примарната употреба на стоката (види Забелешка 2 кон Оддел VII).<br>Глава 49 го покрива, со неколку исклучоци, секој печатен материјал чија основна употреба е одредена на неговите печатени мотиви, текстови или илустрации (види Коментарски забелешки за ХС за Глава 49, Општи одредби, став еден).<br>Самолепливите печатени налепници наменети за украсување се опфатени во тарифен број 4911 (види Коментарски забелешки за ХС за тарифен број 4911, точка (10)).<br>Затоа, производот се распоредува во тарифна ознака 4911 91 00. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 341

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 935/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот се состои од филм од метализиран полиетилен терефталат (ПЕТ) кој се употребува како суровина за производство на алуминиумски пигмент и ги има следните карактеристики:<br>- најмалку осум слоеви од алуминум, со чистота 99,8% или повеќе,<br>- оптичката густина на секој слој од алуминиум е до 3,0 D,<br>- секој слој од алуминиум е одвоен со слој од акрилат полимер,<br>- дебелина на секој слој од алуминиум е 30 нанометри (0,03 μm),<br>- слоевите од алуминиум и слоевите од акрилат полимер се поставени на површината од ПЕТ (полиетилен терафталат) фолијата со дебелина од 12 μm.<br>Производот е спакуван во ролни од 50 000 метри по должина. | 7616 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 7616 и тар. подброј 7616 99 и 7616 99 90.<br>Исклучено е распоредувањето во тарифен број 3212 како печатена фолија бидејќи производот не содржи метал во прав агломериран со врзувач, или метал или пигмент нанесен на површина и не е тип кој се употребува за печатење. Затоа, согласно Забелешка 6 кон Глава 32, производот не е печатена фолија.<br>Бидејќи површината од ПЕТ фолијата служи како структурна подлога за слоевите од алуминиум и акрилатниот полимер на двете страни на подлогата од ПЕТ фолијата, затоа не му дава суштински карактер на производот. Суштински карактер му дава алуминиумот и затоа е исклучено распоредувањето како фолија од полиестер или пластична маса во тарифен број 3920 или 3921.<br>Согласно Забелешка 1 (г) кон Глава 76, фолијата од тарифен број 7607 се состои од само еден слој од алуминиум кој може да биде на подлога од пластична маса. Производот има сложена структура бидејќи се состои од неколку слоеви од алуминиум кои се одвоени од ПЕТ фолијата со слоеви од акрилат полимер. Затоа, распоредувањето во тарифен број 7607 како фолија од алуминиум со подлога од пластични маси е исклучено.<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 7616 99 90 како останати производи од алуминиум. |

Прилог 342

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 936/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ наменет за малопродажба во желатински капсули, од кои секоја содржи (во мг):<br>- Симетикон: 275,5,<br>- Желатин, глицерин, диметикон, титаниум диоксид (Е 171), калиум сорбат, боја за храна Е 110 и Е 122: отприлика 196.<br>Производот ги смирува стомачните болки и ја спречува неговата надуеност. Согласно етикетата, производот е наменет за прехрана на луѓе во препорачана дневна доза од една до две капсули после секој главен оброк во текот на денот. | 3004 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (ѓ) кон Глава 21 и наименување на тар.број 3004 и тар. подброј 3004 90 00.<br>Производот има терапевтски својства поради присутноста на симетиконот. Затоа е исклучено распоредувањето на производот во тарифен број 2106 како прехранбен производ неспомнат ниту вклучен на друго место (види Забелешка 1 (ѓ) кон Глава 21).<br>Производот е наменет за малопродажба во одмерени дози и јасно се дефинирани одредени профилактички или терапевтски својства, на пример, против функционална диспепсија.<br>Затоа, производот се распоредува во тарифна ознака 3004 90 00 како лек подготвен во одмерени дози за малопродажба. |

Прилог 343

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 996/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на прав кој се состои од суви лисја од дрво – моринга (Moringa oleifera).<br>Производот се користи како состојка за исхрана (како што се креми, намази, салати, пица, месо, супи или зачини) или посебно за подготовка на чај или како додаток во исхрана. | 1212 99 95 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 1212 и тар. подброј 1212 99 и 1212 99 95.<br>Поради природата на растението, овој производ не е наменет исклучиво само за потрошувачка како зеленчук, односно неговата употреба е разна и сложена: се употребува како состојка во различни видови на храна или посебно за подготовка на чај или како додаток во исхрана.<br>Затоа Moringa oleifera неможе да се распореди како зеленчук од тарифен број 0712.<br>Распоредувањето во тарифен број 1211 се исклучува бидејќи иако станува збор за производ со позитивни ефекти<br>на здравјето на луѓето, главна цел на употреба на овој производ не е "првенствено во парфимерија, во фармација или за инсектицидни, фунгицидни или слични цели" како што е наведено во текстот на тарифниот број.<br>Со оглед на карактеристиките и својствата на производот, треба да се распореди во тарифна ознака 1212 99 95. |

Прилог 344

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1140/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во облик на само греачка налепница за ублажување на болки.<br>Налепницата е произведена од самолеплив материјал наменет за прицврстување на кожата (вратот, рачниот зглоб или рамената).<br>Производот е изработен од мек синтетички материјал кој се прилагодува на обликот на телото и содржи одреден број дискови кои се загреваат кога се изложени на воздух.<br>Дисковите содржат железо во прав, јаглен, сол и вода. Со отворање на поединечните пакетчиња со налепници, тие се изложуваат на воздух и доаѓа до егзотермна реакција. | 3824 90 96 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3824 и тар. подброј 3824 90 и 3824 90 96.<br>Дисковите кои ги содржи производот се употребуваат како извор на топлина поради егзотермната реакција. Тоа на производот му дава суштинско значење како препарат од тарифен број 3824.<br>Затоа производот неможе да се смета како завој или сличен производ од тарифен број 3005.<br>Производот треба да се распореди во тарифен подброј 3824 90 96. |
| Производ во облик на само-греачки појас за ублажување на болки.<br>Појасот е изработен од не-самолеплив материјал кој се прицврстува со помош на самолеплива трака.<br>Производот е изработен од мек синтетички материјал кој се прилагодува према обликот на телото и содржи одреден број на дискови кои се загреваат кога се изложени на воздух.<br>Дисковите содржат железен прав, јаглен, сол и вода. Со отворање на поединечните пакетчиња со појаси, тие се изложуваат на воздух и доаѓа до егзотермна реакција. | 3824 90 96 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3824 и тар. подброј 3824 90 и 3824 90 96.<br>Дисковите кои ги содржи производот се употребуваат како извор на топлина поради егзотермната реакција. Тоа на производот му дава суштинско значење како препарат од тарифен број 3824.<br>Производот треба да се распореди во тарифен подброј 3824 90 96. |

**Прилог 345**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1211/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. "висечка лежалка со држач") со димензии приближно 380 x 120 x 140 см. Изработен е од дрвен држач кој се поставува на под, на кој е закачена висечката лежалка со димензии од 240 x 120 см, изработена од памучна ткаенина. Краевите на лежалката завршуваат со дрвени шипки опремени со јажиња со кои лежалката се врзува за држачот. Тежината на производот изнесува 32 кг и може да издржи лице со тежина до 150 кг.<br><br>(*) Види фотографија<br><br> | 9403 60 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Глава 94 и наименување на тар. број 9403 и тар. подброј 9403 60 и 9403 60 90.<br>Со оглед на своите карактеристики, првенствено својата тежина, како и неможноста лесно да се расклопи, производот не е погоден за превоз кој би овозможил да се користи за кампување. Затоа, распоредувањето во тарифен број 6306 како производ за кампување е исклучено.<br>Производот е пренослив и со оглед на своите објективни карактеристики, проектиран е за поставување на под или тло. Се употребува главно за опремување на отворени простории како што се градини на приватни станбени објекти, хотели, ресторани итн. (види Забелешки на Хармонизиран систем (ХС) за Глава 94, Општи одредби (А)). Затоа се смета дека производот е мебел изработен од различни материјали, и се распоредува во тарифен број 9403 согласно материјалот од кој е изработена потпорната структура (оквирот) и која му дава суштинско значење на производот.<br>Производот се распоредува во тарифен подброј 9403 60 90 како останат дрвен мебел. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 346**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1320/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Плоча и "специјално пенкало" во пакување како сет наменет за малопродажба.<br>Плочата е со правоаголен облик и се состои од два слоја на ткаенина кои по рабовите се сошиени еден за друг.<br>Горниот слој на ткаенината е изработен од текстилни влакна, кој по рабовите е печатен со мотиви, слични на мотивите од цртани филмови. Средниот дел е печатен со шарени мотиви премачкани со бела хемикалија која кога се навлажнува станува проѕирна. Во моментот кога хемикалијата станува проѕирна шарените мотиви на ткаенината стануваат видливи, на пр. мокрите прсти оставаат трагови во боја.<br>"Специјалното пенкало" изработено од пластика се употребува за "пишување" по плочата, на начин на кој неговиот влажен врв го навлажнува површинскиот премаз. "Специјалното пенкало" може повторно да се полни со вода.<br><br>Види фотографија (*)<br> | 9503 00 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 9503 и тар. подброј 9503 00 70.<br>Печатените мотиви по рабовите на плочата и шарените мотиви прекриени со бел слој, како и "специјалното пенкало" кое служи за пишување со помош на вода, упатува на тоа дека ваквиот производ е наменет за забава на деца (види Забелешки на ХС за Глава 95, Општи одредби, став еден). "Специјалното пенкало" не е додаток на плочата бидејќи служи за извршување на главната функција на плочата, т.е со него се "пишува" врз плочата. Перото не служи за прилагодување на плочата за одредена функција, не го зголемува бројот на можности на плочата, ниту пак овозможува извршување на некоја посебна функција поврзана со главната функција на плочата.<br>Иако на плочата може да се "пишува" и на други начини, пенкалото е сепак првенствен начин за пишување. Затоа, "специјалното пенкало" неможе да се смета како помалку значаен производ, согласно став три од забелешката за примена на Номенклатура на Царинска тарифа за тарифен подброј 9503 00 70.<br>Затоа, "специјалното пенкало" е производ од еднаква важност како и плочата и тие два производи се третираат како сет, бидејќи станува збор за различни производи во смисла на наименувањето на тарифен подброј 9503 00 70. Да се ставени во продажба посебно би биле распоредени во различни тарифни |

| | | |
|---|---|---|
| | | подброеви (види Забелешки на ХС за подброј 9503 00 70, став еден). Затоа, распоредувањето во тарифен подброј 9503 00 99 е исклучено.<br>Поради наведеното, производот се распоредува во тарифен подброј 9503 00 70 како "останати играчки, во сетови или во збирки". |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 347**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1321/2016** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот (т.н. "висечка лежалка со рамка") со димензии приближно 230 x 140 x 205 cм. Производот се состои од триаголен држач кој се поставува на под, изработен од метални (челични) шипки, на кој е поставена површина наменета за лежење. Површината за лежење има димензии 100 x 190 cм (ширина x должина) и се состои од благо закривени шипки на на долгите страни и рамни шипки на кратките страни, на кои е закачена ткаенината. Производот е опремен со "покрив" од текстилен материјал и мрежа против комарци.<br>Производот е со тежина од 45 кг и е наменет за лица со тежина до 180 кг. Изработен е од материјал отпорен на временските услови што значи дека е погоден за употреба на отворен простор.<br><br>Види слика (*)<br> | 9403 20 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Глава 94 и наименување на тар.број 9403 и тар. подброј 9403 20 и 9403 20 80.<br>Со оглед на своите карактеристики, првенствено својата тежина, како и неможноста лесно да се расклопи, производот не е погоден за превоз кој би овозможил да се користи за кампување. Затоа, распоредувањето во тарифен број 6306 како производ за кампување е исклучено.<br>Производот е пренослив и со оглед на своите објективни карактеристики, проектиран е за поставување на под или тло. Се употребува главно за опремување на отворени простории како што се градини на приватни станбени објекти, хотели, ресторани итн. (види Забелешки на Хармонизиран систем (ХС) за Глава 94, Општи одредби (А)). Затоа се смета дека производот е мебел изработен од различни материјали, и се распоредува во тарифен број 9403 согласно материјалот од кој е изработена потпорната структура (оквирот) и која му дава суштинско значење на производот.<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 9403 20 80 како останат метален мебел. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 348

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1354/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. "кертриџ со тонер") кој се состои од правоаголно пластично куќиште со тонер, со димензии приближно 11 x 11 x 7 см. Надворешната страна од кертриџот се состои од запчаници кои се посебно изработени, со што се овозможува да функционираат заедно со одредени механички делови од специфични печатари. Внатрешноста на кертриџот е опремена со ротациски механизам кој функционира заедно со запчаниците. Со ротација се спречува агломерација на тонерот кога кертриџот е сместен во печатарот. Кертриџот го ослободува тонерот со помош на електростатско привлекување. | 8443 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) кон Оддел XVI и наименување на тар.број 8443 и тар. подброј 8443 99 и 8443 99 90.<br>Распоредувањето во тарифен број 3707 како хемиски препарат за фотографска употреба е исклучено, бидејќи кертриџот освен тонерот содржи и механички делови како што се запчаници и ротациски механизам.<br>Бидејќи кертриџот содржи запчаници со посебна намена, затоа е наменет за употреба на точно одреден печатар. Тоа е клучно за механичкото функционирање на печатарот, бидејќи механичките делови на печатарот функционираат заедно со механичките делови на кертриџот, така што печатарот не би можел да функционира без точно одреден кертриџ (види мислења од Светска царинска организација за распоредување 8443 99/2 и 8443 99/3).<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 8443 99 90 како дел од печатар. |

Прилог 349

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1645/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во облик на неправилни, рамни, кафеави, тврди фрагменти (со дебелина приближно 2 мм) или снегулки, произведен од:<br>- Борова смола (исто така позната како талово масло или колофониум), со масен удел приближно 58 – 69 %,<br>- Анхидрид на малеинска киселина, со масен удел приближно 1-4%<br>- Различни феноли, со масен удел приближно 11 – 24%,<br>- Формалдехид, со масен удел приближно 5,5 – 9% и<br>- Пентаеритрол, со масен удел приближно 7 – 12%.<br>Производот е добиен во повеќефазен процес кој започнува со трансформирање на колофониум и анхидрид на малеинска киселина во колофониумско соединение. По додавање на магнезиум оксид (како катализатор за понатамошните реакции), фенол и формалдехид се создава полимеризирана смола. На крај, со додавање на пентаеритритол, се естерифицира<br>групата на слободни масни киселини во смолата.<br>Предметниот производ се употребува во индустријата за печатење како средство за лепење. | 3909 40 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (а) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 3909 и тар. подброј 3909 40 00.<br>Распоредувањето во тарифен број 3506 како средство за лепење на база полимер од тарифен број 3901 до 3913 е исклучено согласно примената на Општо правило 3 (а), бидејќи производот е детално опишан во тарифен број 3909.<br>При производство на дериват на колофониум, соединението на колофониум се естерифицира со етилен гликол, глицерин или друг полихидроксилен алкохол (да се видат и Забелешките на ХС за тарифен број 3806). Меѓутоа, во конкретниот случај за предметниот производ, пред естерификацијата со полихидроксилен алкохол (во случајов пентаеритритол) доаѓа до полимеризациска реакција со фенолот и формалдехид. Затоа, распоредувањето во тарифен број 3806 како дериват на колофониум е исклучено.<br>Молекулите на полимеризираниот полупроизвод имаат молекуларна маса од околу 5000 – 30 000 g/mol. Потоа со додавање на пентаеритритол се естерифицираат групите на слободни масни киселини со што следува вкрстено врзување со зголемување на молекуларната маса за приближно 100 000 g/mol. Затоа добиениот производ е полимер од Глава 39, кој поради големата молекуларна маса се разликува од соединенијата и дериватите на колофониум од тарифен број 3806. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Производот се распоредува во тарифна ознака 3909 40 00 како фенолна смола. |

Прилог 350

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1758/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн „мемориска игра со карти„) сочинета од 20 квадратни карти од картон, со димензии приближно 60x60 mm. Сите карти имаат ист дизајн/слика на позадината и различни слики на лице. Секоја карта содржи слика која може да се спари со друга карта (парот има иста слика на лицето).<br><br>Играта со карти која е погодна за два до четри играчи.<br><br>(*) Види фотографија<br> | 9504 40 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувание на тар. број 9504 и 9504 40 00 00.<br>Тар. подброј 9504 40 00 00 опфака карти за играње од сите видови. Формата на картите и начинот на кои се користат (со држење во раце и /или со положување на маса) не е релевантно (види Коментар на ХС за тар. број 9504, точка (11)). Распоредувањето во тар. подброј 9504 90 80 00 како други игри оттука е исклучено.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. подброј 9504 40 00 00 како карти за играње. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 351**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕЦ) бр.**<br>1759/2016 | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од тело со навој направен од поцинкуван челик и глава од пластика. Телото со навој произведено е со валање и има должина од 23 мм и дијаметар од 6 мм. Кружната глава е со дијаметар од 14,5 мм и има слот или вдлабнатина за алати.<br>Производот е наменет за употреба како „ногарка„ за мебел (исто така може да се користи со други предмети кои се наменети за да се стават на под) и служи за прилагодување на висината на предметот со завтрување или одвртување на навојниот дел.<br><br>(*) Види фотографија<br><br> | 7318 15 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименувание на тар. број 7318 и тар. подброј 7318 15 90 00.<br>Производот е композитна стока сочинет од два материјала. Компонентата која на производот му го дава суштинскиот карактер е телото со навој изработено од позинкуван челик кој служи за прилагодување на висината на предметот со навртување.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8302 како метални држачи, фитинзи и слични производи погодни за мебел е исклучено, со оглед дека намената на производот не е својствена на неговите видливи карактеристики и може да секористи и со други стоки освен со мебел. Производот има објективни карактеристики на завртка од 7318. Оттука производот се распоредува во тар. подброј 7318 15 90 00. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 352**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1760/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат составен од валидатор на банкноти и каса (тн „note float unit„ ) со димензии од приближно 10 x 24 x 44 см.<br>Валидаторот на банкноти користи оптичка скенер технологија за проверка на автентичноста на банкнотите согласно однапред дефинирани спецификации.<br>Банкнотите кои се потврдени од валидаторот поминуваат во касата. Кога касата ќе го достигне капацитетот (главно 30 банкноти), банкнотите автоматски се сортираат и дистрибуираат понатаму до друга каса со капацитет од главно 300 банкноти.<br>Апаратот се користи, на пример, кај автомати за игри, паркинг машини, итн. за наплата за добиена услуга или производ.<br>Аапаратот може и да исплаќа банкноти.<br>Апаратот е секогаш поврзан со тн „host controller„ домаќин контролор (кој не е присутен во момент на презентација, увоз) кој ги регулира однапред дефинираните спецификации на банкнотите и нивното насочување во различни каси.<br><br>Види фотографија (*) | 8472 90 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8472 и тар. подброј 8472 90 70.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 9031 како мерен или прецизен апарат за проверка е исклучено, имено апаратот е повеќе од инструмент за проверка опфатен со овој тар. број. Дополнително на функцијата за проверка на автентичноста на банкнотите, исто така извршува други функции како сортирање и дистрибуирање на банкнотите помеѓу различни каси за чување и издавање на банкноти. Сите функции се извршуваат од апарати кои се опфатени со тар. број 8472.<br><br>Апаратот оттука се распоредува во тар. подброј 8472 90 70 како канцелариска машина. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 353**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1761/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој работи на батерии (тн „апарат за видео инспекција„ сочинет од:<br>-контролна единица со управувачка палка, уред за снимање, слот за мемориска картица и LCD дисплеј со дијагонални мерки на екран од приближно 9 см (3,5 инчи),<br>- флексибилен електричен кабел со должина од 3 м со дијаметар од приближно 7 мм,<br>- камера,<br>- LED светла.<br><br>Апаратот е главно наменет за технички преглед на празнини. Со апартатот може да се снимаат и сочуваат видео слики. Сликите може да се гледаат во реално време.<br><br>Види слика (*)<br> | 8525 80 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 од Оддел XVI, и наименување на тар.број 8525 и тар. подброј 8525 80 91.<br><br>Распоредувањето како мерен или контролен инструмент за проверка, уреди и машини во тар. број 9031 е исклучено имајќи предвид дека намената на апаратот не е за проверка или мерење на празнините, туку да направи слики и да да ги конвертира во електричен сигнал снимен како видео слика (види исто така Коментар на ХС за тарифен број 8525).<br><br>Апаратот е сочинет од индивидуални компоненти кои се поврзани наменети заедно да допринесат за јасно дефинираната функција, опфатена со еден од тарифните броеви од Глава 84 или 85 глава. Имајќи ги предвид објективните карактеристики, функцијата на апаратот е снимање и сочувување на видео слики. Распоредувањето како монитор од тар. број 8528 оттука е исклучено.<br><br>Оттука, истиот ќе биде распореден во тар. подброј 8525 80 91 како видео камера рикордери, само со способност да снима звук и слика преземени од телевизиска камера. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 354

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1957/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од следниве електронски компоненти: стартер, актуатор, регулатор и единица за стопирање (тн „електронска контролна единица„ (ECU) сместена во правоаголно куќиште од алуминиум со мерки од 98 x 74 x 20 mm и тежина од 160 грама.<br><br>Производот ги напојува предните ксенон светла на моторните возила.<br><br>Кога светлата ќе се вклучат производот прво ја конвертира еднонасочната струја (DC) од 12V од електричниот систем на таблата во 1200 V DC и ја пренесува до палењето (кое не е присутно со предметната стока во момент на увоз). Второ, производот ја конвертира еднонасочната (DC) во наизменична струја (AC) за светлата да светат и континуирано генерира напон кој е потребен (85 V) да ги одржува светлата да светат колку е потребно.<br><br>Види слика (*)<br> | 8504 40 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар.број 8504 и тар. подброј 8504 40 90.<br>Распоредувањето како контролна единица во тар. број 8537 е исклучено, со оглед дека производот е дизајниран за конвертирање од еднонасочна (DC) 12 V во DC 1200 V и да ја конвертрира DC 12v во AC 85 V , кои се функции опфатени со тар. број 8504.<br><br>Кко ниедна од функциите кои може да се разгледаат не може да се смета за главна функција на апаратот согласно значењето на забелешка 3 од Оддел XVI , се распоредува во тарифен подброј кој се јавува последен во нумеричкиот ред.<br><br>Производот се распоредува во 8504 40 90 како други статички конвертери. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 355

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1958/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од 27 вклучници во кукиште (тн „ уред за дистрибуција на напон„) со димензии од приближно 5 x 8 x 173 см. Кукиштето е опремено со електричен кабел со должина од приближно 3 м и приклучок за поврзување со главниот електричен штекер во мрежата.<br><br>Се употребува за снабдување со електрична енергија со напон од 230 V за различни компоненти монтирани во кабинет „rack mounted„. Производот е монтиран во вертикална положба во стандардни мрежни кабинети. Производот исто така ги регистрира и ги пренесува интерните податоци (како струја, напон, излез и користење) и алармните пораки (ако вредностите одат над или под одредени прагови) преку вклучената комуникациска картичка.<br><br>Види слика (*) | 8537 10 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 99.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 8544 како кабел опремен со конектори е исклучено, со оглед дека производот е направен да фукционира како апарат за дистрибуција на електрична струја.<br>Со оглед дека производот се состои од повеќе вклучници, кабел и едница за комуникација, истиот треба да се распореди во тар. подброј 8537 10 99 како други табли, панели, конзоли, маси, кабинети и други основи, опремени со два или повеќе апарати од тар. број 8535 или 8536 за дистрибуција на електрична струја. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 356

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1962/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Несоставена врата за туш кабина, дизајнирана да биде монтирана и фиксирана на ѕид, сочинета од следниве компоненти:<br>- два панела, изработени од сигурносно стакло (ESG EN 12150), со димензии од 2100 x 860 x 6 mm (фиксиран/не лизгачки панел),<br>- два алуминиумски профили да бидат фиксирани на едната страна на секој од панелите, со димензии 2100 x 25 mm кои содржат шини, пластична заптивка и четири отвори за завртки,<br>- држачи, гредички, плочи, оков, стеги и други елементи за фиксирање направени од високо квалитетно железо,<br>- завртки, хексадецимални клучеви, контакти и анкери,<br>- спојници, прицврстувачи (магнетна спојница, за затворање на панелите од вратата, спојница заптивка за заптивање помеѓу фиксираните и подвижни делови).<br>Стаклото е натопено и обработено за заштита од бигор, нечистотија и талог од средство за чистење.<br><br>Види слика на производот кој е веќе склопен (*) | 7020 00 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а), 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувание на тар.број 7020 и тар. подброј 7020 00 80.<br><br>Производот е композитна стока, која е презентирана несоставена, изработена од различни компоненти. Со оглед дека профилите се наоѓаат само на едната страна на секој панел, производот не се смета за производ за поставување во рамка (види Коментар на Комбинираната номенклатура за Глава 70, општи одредби, втор параграф). Профилите, фиксирачките уреди, завртки, спојници, прицврстувачи, итн се компоненти од подреден карактер. Оттука стаклото го дава суштинскиот карактер на производот.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7326 како други производи од челик или во тар. број 7610 како рамки направени од алуминиум затоа е исклучено.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7013 како производ од стакло од вид кој се користи за тоалет или слични цели е исто исклучено, со оглед што сами мали подвижни артикли, делови се опфатени (види Коментар на ХС за тар. број 7013, прв параграф (2)).<br><br>Распоредувањето во тар. број 7007 како сигурносно стакло е исто исклучено имајќи предвид дека овој број опфаќа сигурносно стакло но не и производи изработени од такво стакло. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | Производот оттука треба да се распореди во тар. подброј 7020 00 80 како други производи од стакло. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 357

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2033/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од сјај за забна паста во форма на темно сини честички кои се раствораат кога се четкаат забите и ѝ даваат сина боја на пената која се формира од забната паста. Материјата за боење се задржува на исчистените заби, овозможувајќи одраз на сина светлина од забната глеѓ и на тој начин предизвикувајќи забите да изгледаат побели во некој ограничен временски период.<br><br>Производот е сочинет од следниве состојки (% по маса):<br><br>- хидроксипропил метилцелулоза приближно 55,<br>- пропилен гликол приближно 21,<br>- син пигмент приближно 17,<br>- полисорбат 80 приближно 4,<br>- црвена боја приближно 3.<br><br>Синиот пигмент и црвената боја служат како материи за боење.<br>Производот е во рефусно пакување. | 3204 19 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 3204 и тар. подброј 3204 19 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 3912 како целулоза и нејзини деривати, на друго место неспомнати или опфатени, во примарни форми, е исклучено со оглед дека хидроксипропил метилцелулозата, и покрај тоа што е предоминантна по маса, служи само како носач на материјата за боење но не му дава на производот суштински карактер.<br><br>Синиот пигмент и црвената боја, служат како материи за боење, и му даваат на производот суштински каркатер.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. подброј 3204 19 00 како препарат на база на мешаница од материи за боење од две или повеќе од тарифните подброеви 3204 11 до 3204 19. |

**Прилог 358**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2221/2016** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од три флексибилни цевки поврзани заедно со дел за поврзување со Y облик. Секоја од овие цевки има Луеров конектор на крајот. Производот има тотална должина од приближно 16 см и дијаметар на цевките од приближно 4 мм. Производот е направен од различна пластика како поливинил хлорид и акрилен полимер.<br>Луеровиот конектор се користи за поврзување на производот со други цевки и/или уреди (на пример шприцеви) на начин кој превенира истекување.<br><br>Производот се користи во различни области како во медицина, лабораториска работа, истражувања и други области каде се бара конекција која превенира истекување.<br><br>Види слика (*)<br> | 3917 33 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 39 и наименување на тар.број 3917 и тар. подброј 3917 33 00.<br><br>При презентирање при увоз производот не се идентификува како дел од медицински инструмент согласно значењето на забелешка 2 од Глава 90. Оттука, распоредувањето во тар. број 9018 е исклучено.<br>Имајќи ги предвид објективните карактеристики и својства, производот ги исполнува условите од тар. број 3917 и ги исполнува барањата на Забелешка 8 од Глава 39.<br><br>Оттука истиот се распоредува во тар. подброј 3917 33 00 како други цевки, незајакнати или поинаку комбинирани со други материјали, со фитинзи. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 359**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2223/2016 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн „дигитален микроскоп„ ) со цилиндрична форма со должина од приближно 10 см и дијаметар од приближно 3 см. Дигиталниот микроскоп е опремен со четири Лед диоди, комплементарен метал-оксид-полупроводник (CMOS) сензор и кабел со УСБ конектор. Производот функционира само поврзан со машина за автоматска обработка на податоци и нема вградено можност за снимање.<br><br>Производот има можност за зголемување на објектите во опсег од 10-200 пати со помош на оптички леќи и преземање слики како и видео слики кои потоа се снимаат на машина за автоматска обработка на податоци со користење на соодветен софтвер.<br><br>Види слика (*)<br> | 8525 80 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 5 (Е) од Глава 84 и наименување на тар.број 8525 и тар. подброј 8525 80 19.<br><br>Производот е способен да функционира како влезна единица на машината за автоматска обработка на податоци, телевизиска камера, и како дигитален микроскоп.<br><br>Распоредувањето како влезна единица на машината за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471 е исклучено со оглед дека производот покажува специфична функција освен обработка на податоци.<br><br>Распоредувањето како сложен оптички микроскоп од тар. број 9011 е исто така исклучено со оглед дека производот нема карактеристики на производ од овој број (види Коментар на ХС за тар. број 9011 прв параграф и втор параграф (I)).<br><br>Со оглед дека сликата од зголемениот објект може да се прикаже и ако е потребно да се сними на машината за автоматска обработка на податоци само после преземањето со посредство на CMOS сензор, производот има карактер на телевизиска камера.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. подброј 8525 80 19. како телевизиска камера. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 360

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2224/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електричен апарат (тн „безжичен звучник адаптер„) во кукиште со димензии од приближно 52 x 52 x 13 mm и тежина од 26 г.<br>Безжичниот звучник адаптер е сочинет од:<br>вградена батерија на полнење,<br>дигитален/аналоген конвертер,<br>трансмитер на база на Bluetooth технологија и приемник (Напреден Аудио Дистрибутивен Профил Advanced Audio Distribution Profile (A2DP).<br>USB влез за полнење, и<br>аудио влез од 3,5 мм, за поврзување со систем звучник (не е присутен за време на презентација, увоз).<br><br>Апаратот овозможува корисникот да слуша музика од смартфон или сличен џебен уред на домашен аудио систем или преку засебни звучници.<br><br>Аудио сигналот е испратен безжично преку Bluetooth од смартфонот до апаратот. Во апаратот, дигиталниот сигнал се конвертира во аналоген сигнал и се праќа со кабел до домашниот аудио систем или до засебните звучници. Апаратот има pause/play копче кое овозможува стопирање и стартување на музиката, но не дозволува селекција на музика или контрола на гласност. | 8517 62 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, наименување на тар.број 8517 и тар. подброј 8517 62 00.<br><br>Со оглед дека апаратот само праќа и прима аудио сигнали безжично преку Bluetooth (A2DP), и не создава аудио сигнал и не произведува звук самостојно, истиот не може да се смета како апарат за репродукција на звук. Распоредувањето во тар. број 8519 оттука е исклучено.<br><br>Функцијата на апаратот е да прима аудио податоци безжично од уред (на пример од мобилен телефон) и да ги предава тие податоци до звучниците преку кабел. Функцијата на прием, конвертирање и предавање на податоците е опфатена со наименувањето на тар. подброј 8517 62 00.<br><br>Оттука апаратот треба да се распореди во тар. подброј 8517 62 00 како машина, уред за прием, конверзија и предавање на глас или друг податок. |

**Прилог 361**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2225/2016** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цилиндричен производ воглавном изработен од челик (различно од лиено железо) со должина од приближно 35 см и дијаметар од приближно 19 см на неговата поширока страна (тн „ролер за гасеница „).<br>Производот е сочинет од следните главни компоненти:<br>Цилиндрична школка со градуирано кужиште за водиците на ланецот; високо полирано вратило, две бронзени чаури и прстени на двата краја.<br>Производот е направен за употреба со ланчана гасеница на багер ровокопач, во комбинација со други слични валјаци на гасеницата за надолжно и попречно водење на трасата на ланецот.<br><br>Види слика (*)<br> | 8431 49 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) од Оддел XVI, и наименување на тар.број 8431 и тар. подброј 8431 49 80.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8708 како делови или прибор за моторни возила од тар. број 8701 до 8705 е исклучено како производ не дизајниран за употреба со моторни возила од овие броеви.<br>Објективните карактеристики на производот (облик и големина) се оние кои од ролерот дизајнирани за употреба со ланецот на ролерот од типот на гасеничарски багер од 8429.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. број 8431 49 80 како делови погодни за употреба само или главно со машини од тар. броеви 8425 до 8430 освен од лиено железо. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 362**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 181/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Единечна стаклена полица испорачана со метални држачи за поставување на ѕид. Стаклената полица се состои од проѕирен стаклен панел со приближни димензии 60 × 13,5 × 0,7 cm, со неправилна форма и обработени рабови (предниот раб е закривен) и два држачи од легура на бакар и цинк (месинг), обложени со никел и хром. Стаклената плоча има два отвори кои служат за поставување на држачите. Производот е презентиран во расклопена состојба, со завртки и спојници наменети за монтажа, спакувани во картонска кутија. Види слика (*).  | 9403 89 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и Забелешка 2 (а) од Глава 94 и наименувањето на тар. број 9403 и тар. подброј 9403 89 00. Производот се смета за парче мебел од тарифен број 9403. Согласно Забелешка 2 (а) од Глава 94, оваа Глава опфаќа единечни полици презентирани со носачите за поставување на ѕид. Распоредувањето во тарифен број 7020 како останати производи од стакло е исклучено. Стаклената полица му дава суштински карактер на производот. Металните држачи, навртки и влошки служат исклучиво за поставување на стаклената полица на ѕид. Согласно наведеното, распоредувањето во тарифен подброј 9403 20 80 како друг метален мебел е исклучено. Производот се распоредува во тарифен подброј 9403 89 00 како мебел од други материјали. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 363

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 182/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производи (т.н. "држачи за палци за конзола за видео игри") со дијаметар околу 20 mm и висина 6 mm од силикон (пластика), со нелизгава површина. Изработени се од самолеплив алуминиумски профил исечен во облик на подлогата. Овие држачи се користат како капи за палките за играње на конзолата за видео игри. Капите за држачите за палци се наменети за заштита на управувачот од пот, трошење и оштетувања кои настануваат при интензивна употреба, како и за да го спречат лизгањето на прстите од управувачот со својата нелизгачка површина.  | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3926 и тарифен подброј 3926 90 и 3926 90 97. Држачот за палец само ја подобрува функцијата на управувачот на видео играта. Тие не вршат прилагодување на управувачот за одредени операции, не вршат одредена услуга во однос на главната функција на управувачот или конзолата за играње. Согласно наведеното, распоредувањето како прибор за конзоли за видео игри и машини од тарифен број 9504 е исклучено. Производот затоа ќе се распореди согласно материјалот од кој е изработен во тарифен подброј 3926 90 97 како останати производи од пластични маси. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 364**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 183/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. „подлога татами во облик на сложувалка") од етилен винилацетат (ЕВА) во форма на плоча со димензии 100 x 100 см, со нелизгачка површина и дебелина 3 см. Плочите кои имаат сигурносен систем на поврзување на принципот на сложувалка, цврсто се поставуваат на друга површина и така ја формираат подлогата.<br>Производот е наменет за апсорпција на удари при различни спортски активности (на пример јога, гимнастика и боречки вештини), благодарение на молекуларната структура на подлогата која го штити телото.<br>„Подлога татами во облик на сложувалка" служи и како изолатор од бучава, топлина и влага. Затоа служи како заштита од оштетувања на површината под подлогата и ги штити лицата кои вршат различни активности, на пример кога се употребуваат во детски градинки или кога ја употребуваат уметници.<br>Види фотографија (*)<br> | 3918 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3918 и тарифен подброј 3918 90 00.<br>Распоредувањето во тар. број 9506 како производи и опрема за општа физичка култура, гимнастика, атлетика, други спортови или игри на отворено, е исклучено, бидејќи подната подлога не се употребува само за спорт туку и како заштитна површина кај лица кои вршат и други активности.<br>Поради наведеното, производот се распоредува согласно материјалот од кој е изработен (пластика).<br>Производот се распоредува во тарифен подброј 3918 90 00 како подни подлоги од пластика. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер

Прилог 365

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 200/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електричен апарат кој користи дигитална радиодифузија на звук (DAB) и технологија на модулација на фреквенцијата (FM) при радио прием. Неговите димензии се приближно 115 × 180 × 120 mm и може да работи без надворешен извор на енергија.<br>Апаратот е опремен со вграден звучник, Bluetooth/Advanced Audio Distribution Profile (A2DP) (кој му овозможува на апаратот безжичен пренос на звук од уредите за репродукција на звук (на пр. MP3 плеери) кои исто така се опремени со Bluetooth/A2DP профил), приклучок за поврзување на слушалки и приклучок за поврзување со надворешен адаптер за напојување со електрична енергија. | 8527 19 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XVI и наименување на тар.број 8527 и 8527 19 00.<br>Освен функцијата на радио прием, апаратот прима, конвертира и пренесува податоци (преку A2DP профилот), што претставува функција опфатена со тар.број 8517 (види регулативата за спроведување на Европската Комисијата 2016/2224 (1)). Поради тоа, не може да се смета како апаратот кој е комбиниран со апарат за репродукција на звук (функција опфатена во тар. број 8519).<br>Затоа производот ќе се распореди во тарифен подброј 8527 19 00 како радио приемник кој не е комбиниран со апарат за репродукција на звук. |

Прилог 366

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 209/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Три производи спакувани во сет за малопродажба:<br>а) Нотес со приближно 75 празни листови хартија (на последниот лист од нотесот се напишани контакт податоци за нарачка на дополнителен нотес) со димензии приближно 8 x 14 см. Листовите се поврзани со лепак на горната страна и се перфорирани за да може да се отстрани по еден лист поединечно. Задната страна и мал дел од предната се прекриени со картон;<br>б) Држач за нотесот со димензии приближно 32 × 10 cm, изработен од пластична фолија внатрешно засилена со картон. Картонскиот дел од нотесот е вметнат во засекот направен на држачот. Држачот може да се превитка и да го прекрие нотесот, има џеб направен од транспарентна пластика поставен на горниот дел и јамка од еластичен материјал која го држи пенклото;<br>в) тенко пенкало од пластика со должина околу 10 cm вметнато во текстилната јамка.<br>Види фотографија (*) | 4820 10 30 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар.број 4820 и тар. подброј 4820 10 и 4820 10 30.<br><br>Производот е составен од неколку предмети кои се спакувани како сет за продажба на мало согласно основно правило 3 (б). Нотесот има основна улога во однос на употребата на сетот а тоа е да обезбеди хартија за пишување на мали забелешки или пораки. Држачот е некој вид на обвивка на нотесот која го штити од валкање и оштетување. Поради видливите каратеристики (големина, изглед и вредност) пластичното пенкалото не претставува суштинска компонента на сетот. Било кое друго пенкало или молив може да се употреби за пишување во нотесот. Затоа, нотесот го дава суштинскиот карактер на производот.<br><br>Нотесот се распоредува во тарифен број 4820, кој ги опфаќа нотесите и бележниците од секаков вид (види Коментар на Хармонизиран систем за тар. број 4820, прв став (1)).<br><br>Поради горенаведеното, сетот се распоредува во тарифен подброј 4820 10 30 како "нотеси, агенди и меморандум блокови". |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 367**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 226/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Играчки спакувани во иста амбалажа, составени од:<br>-локомотива на батерии и вагони, од пластика;<br>-дрвени шини;<br>-сообраќајни знаци, автомобили, човечки фигури, животни, дрвја итн.<br>Види фотографија (*)<br> | 9503 00 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тарифен подброј 9503 00 и 9503 00 70.<br>Распоредувањето во тарифен подброј 9503 00 30 како „електричен воз, вклучувајќи колосеци, сигнализација, и останат прибор за нив" е исклучено, бидејќи „комлетот" содржи и други играчки од дрво и пластика, како што се сообраќајни знаци, автомобили, човечки фигури, животни, дрвја итн, кои сами по себе се играчки. Овие играчки не се директно споени со електричниот воз и пругата, како што би бил случај со железничка станица, железнички премин или железнички мост, па поради тоа не се сметаат за прибор за електричниот воз (види објаснување на ХС за тарифен број 9503 под (Г), четврт став)<br>„Комплет" играчката се состои од различни видови на производи за забава на деца или возрасни, спакувани заедно во исто пакување за малопродажба (види објаснување во Коментарот на Хармонизираниот систем за Глава 95 Општи одредби и за тар. подброј 9503 00 70).<br>Оттука, производот ќе се распореди во тарифен подброј 9503 00 70 како „други играчки во сетови или на подлоги". |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 368

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 268/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од бели таблети со следниот состав:<br>- стевиол гликозиди,<br>- натриум карбонат,<br>- натриум цитрат,<br>- леуцин.<br>Двеста таблети (секоја со тежина од 56 мг), подготвени во кутија со џебна големина наменета за малопродажба.<br>Производот има калорична вредност од 0,06 калории по таблета. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и Забелешка 1 (б) од Глава 38 и наименувањето на тар. број 2106 и тар. подброј 2106 90 и 2106 90 92.<br>Согласно Забелешка 1 (б) кон Глава 38, производот неможе да се смета како хемиски производ од Глава 38, бидејќи содржи супстанции со хранлива вредност кои се употребуваат во производството на прехранбени производи. Не постои праг за износот на хранливата вредност. Стевиол гликозиди и леуцинот се сметаат за супстанции со хранлива вредност (види Забелешки на Хармонизиран систем кон Глава 38, Општи одредби, претпоследен став и ставот кој му претходи).<br>Подготовките (како што се таблетите) кои се состојат од засладувачи и прехранбените производи кои се употребуваат за засладување, треба да се распоредат во тарифен број 2106 (види Забелешки на Хармонизиран систем за тарифен број 2106, точка 10).<br>Поради наведеното, производот се распоредува во тарифен број 2106 како останати прехранбени производи од тарифен подброј 2106 90 92. |

Прилог 369

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 285/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Далечински управуван хеликоптер со повеќе ротори (т.н. дрон), со дијагонална должина од 35 см и тежина од 1030 гр, спакуван со далечински управувач, во пакување за малопродажба.<br>Хеликоптерот е опремен со систем за обезбедување на стабилност, модули за спојување на Wi-Fi и глобален систем за позиционирање (GPS). Максималната брзина на летање е приближно 54 км/h, а времетраењето на летот е 25 минути.<br>Далечинскиот управувач работи на фрекфенција од 2.4 GHz и е напојуван од четири батерии.<br>Хеликоптерот може да се управува со далечински управувач (на отворен простор) на растојание до 1000 м. | 8802 11 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8802 и тарифен подброј 8802 11 00.<br>Хеликоптерот неможе да се смета за играчка од тарифен број 9503, бидејќи е опремен со напредни системи за летање и може да постигне значителна брзина.<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 8802 11 00 како хеликоптер со празна маса што не надминува 2000 кг. |

**Прилог 370**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 635/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот претставува празен цилиндричен кертриџ изработен од проѕирна пластика со должина приближно 44 мм, кој на долниот дел е затворен со отстранлив пластичен затворач во облик на заштитен чеп. Горниот дел на кертриџот е во облик на усна кој има мал отвор низ кој може да се вдишува димот.<br>Корисникот го полни празниот кертриџ со посебна течност, која се нарекува "е-течност", и го вметнува во е-цигарата. Кертиџот може повторно да се полни и да се употребува за пушење од 10 до 20 пати.<br>Усниот дел ја превзема улогата на филтер на стандардната тутунска цигара. Кога кертриџот е вметнат во е-цигарата, корисникот го поставува усниот дел во уста и вдишува. Ова му овозможува на распрашувачот на е-цигарата да ја претвори течноста во пареа која потоа се испушта од усниот дел во устата на корисникот.<br><br>Види слика (*).<br>  | 8543 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и Забелешка 2 ( њ) од глава 39, Забелешка 2 (б) кон Оддел XVI и наименуванието на тар. број 8543 и тар. подброј 8543 90 00.<br>Корисникот нема да ја користи е-цигарата без присуство на усниот дел, и димот нема да се ослободи без да се активира распрснувачот. Кертриџот со обликуваниот горен дел има клучна улога во функционирањето на е-цигарата и не претставува едноставен дел изработен од пластика. Распоредувањето во тарифен број 3926 како производ од пластична маса се исклучува. Согласно мислењето за распоредување во Хармонизиран систем (ХС) 8543 70/5 потполна е-цигара се распоредува како останати електрични апарати во тарифен подброј 8543 70.<br>Согласно наведеното, кертиџот се распоредува во тарифна ознака 8543 90 00 како делови на електрични машини и апарати, со посебни функции, неспомнати ниту вклучени на друго место во тоа поглавје. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 371

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 636/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Копци во пар наменети за употреба како механизам за блокирање на сигурносни појаси. Секое копче се состои од метален блокатор на механизмот, пластично куќиште, текстилен ремен, спојувачи од метал и електричен сензор кој испушта звучен сигнал во моментот кога сигурносните појаси треба да бидат прицврстени, а не се.<br>Во вкупниот состав на производот по маса карбонскиот челик преставува 56%, пластичната маса 21%, текстилот 13% и останати материјали 10%.<br>Производот е составен дел од сигурносниот појас кој се употребува, на пример, за седишта на моторни возила.<br>Види слика (*).<br> | 8308 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б), 4 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 кон Оддел XV и наименување на тар. број 8308 и 8308 90 00.<br>Производот се третира како копци бидејќи содржи механизам за блокирање.<br>Распоредувањето на производот во тарифен број 8301 како брава од прост метал е исклучено бидејќи производот не е склоп за прицврстување кој се отвара и затвара со клуч, ниту пак со комбинација на букви или бројки, како ни со електрична брава (види исто така Забелешки на ХС за тарифен број 8301).<br>Распоредувањето во тарифен број 8302 како метален склоп, прибор и слични производи наменети за каросерија е исклучено бидејќи производот не е дел од шасијата на возилото, односно се смета како дел од склопот за сигурносен појас.<br>Распоредувањето во тарифен број 8708 како дел од сигурносниот појас е исто така исклучено бидејќи тарифниот број опфаќа само сигурносни појаси за возила од тарифните броеви 8701 до 8705, но не и нивните делови.<br>Распоредувањето на производот во тарифниот број 8708 21 како некомплетни сигурносни појаси е исто така исклучено бидејќи производот претставува само еден од елементите на комплетен сигурносен појас (кој се состои од пет главни делови: копци, вовлекувач, сидро, ремени и делови за прицврстување) и затоа нема карактеристики на цел |

| | | |
|---|---|---|
| | | или довршен производ. Производот, согласно своите објективни својства и карактеристики е најсличен на копците од тарифен број 8308. Производот се распоредува во тарифна ознака 8308 90 00 како копци од прост метал. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 372

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 960/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на кафеав матен екстракт од ванила (со содржина на вода и содржина на алкохол 35% по зафатнина) во кој има додадено 5% по маса шеќер.<br>Производот има интензивна арома на ванила и препознатлив вкус на алкохол и шеќер. Наменет за малопродажба во пакување од 100 мл шише, и се употребува како подобрувач на вкус кој се додава во јадењата. | 2103 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 2103, 2103 90 и 2103 90 90.<br>Производот не може да се смета како растителен екстракт од тарифен број 1302 бидејќи со додавање на шеќер производот добива карактеристика на прехранбен производ (види Забелешки на ХС за тарифен број 1302, став 1, точка (А)).<br>Подготовките за зачинување на јадења добиени од различни состојки се распоредуваат во тарифен број 2103 (види и Забелешки на ХС за тарифниот број 2103, став 1, точка (А)).<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 2103 90 90 како мешан зачин или средство за зачинување. |

Прилог 373

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1166/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електричен апарат (т.н. „видео конвертер"), со правоаголен облик, со димензии од приближно 17 x 14 x 4 см. Апаратот ги има следниве вклучници:<br>- сериски дигитален интерфејс (SDI),<br>- високо дефинирачки мултимедијален интерфејс (HDMI),<br>- RJ-45 интерфејс, и<br>- приклучок за напојување.<br><br>Апаратот е дизајниран за конвертирање на видео сигнали од SDI формат во HDMI формат.<br><br>RJ-45 интерфејсот служи за поврзување на апаратот за Етернет само за ажурирање и заради потребата од елктрично напојување за ваквото ажурирање (Power over Ethernet (PoE) | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименувание на тар. број 8543 и тар. подброј 8543 70 90<br><br>RJ-45 интерфејсот (комуникациска функција преку Етернет) е помошна во однос на главната функција (видео конверзија), зашто служи само да го прифати ажурирањето додека видео сигналите не се пренесуваат преку интерфејс. Распоредувањето во тарифен број 8517 е исклучено.<br>Затоа, апаратот се распоредува во тарифен подброј 8543 70 90 како други електрични машини и апарати, кои имаат засебни функции, на друго место неспомнати ниту опфатени во Глава 85. |

Прилог 374

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1167/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Плетен градник (61% најлон, 20% еластин, 12% памук, 7% вискоза), со прилагодливи широко обложени прерамки централно поставени над градите, со обликувани корпи и еластичност во задниот дел на основата.<br><br>Имаат извезен дизајн на прерамките и корпите и декоративен лак во централниот дел.<br><br>Производот се закопчува со прилагодливи куки и окца за прицврстување („hook and eye fastening").<br><br>Градникот има постава во корпите, со отвори странично за вметнување на потполнки (полнења) за визуелно зголемување на градите (за естетски цели) или за вметнување на форми од гради после мастектомија.<br>Види слика (*).<br><br>  | 6212 10 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 6212, и тар.подброј 6212 10 и 6212 10 90.<br><br>Производот има објективни карактеристики (формата и конструкцијата) на градникот од тарифен број 6212, кој вклучува градници од сите видови ( види Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 6212, втор параграф (1)).<br><br>Иако производот може да го носи и жена после мастектомија, распоредувањето во тарифен број 9021 како ортопедско помагало или како дел од прибор од вештачки дел од тело е исклучено зашто во моментот на увоз, објективните карактеристики на производот се од типот на тие за градници од тарифен број 6212 и не дава никаква индикација на финална употреба (за естетски или медицински цели).<br><br>Страничните отвори не го прават производот производ од тарифен број 9021 со оглед дека тие може да служат и за двете намени и за вметнување на полнетици за зголемување на градите (естетски цели). Слично на тоа, широките прерамки, централно поставени над градите се вообичаена карактеристика за градници со поголеми корпи од тарифен број 6212.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тарифен подброј 6212 10 90 како градници. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер

**Прилог 375**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1168/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ ( т.н. „ навлака за волан") изработена од пластика (поливинил хлорид (PVC)), во форма на круг со дијаметар од 38 см.<br><br>Производот е дизајниран за покривање на воланот за моторни возила за да го подобри неговиот изглед, да го заштити воланот против потење, трошење и абење од неговата употреба и за заштита на рацете од топли и ладни екстреми.<br><br>Види слика (*).<br> | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3926, и тар. подброј 392690 и 3926 90 97.<br>Распоредувањето во тарифен подброј 8708 94 како дел од волан е исклучено зашто производот не е од суштинско значење за функцијата на воланот.<br><br>Распоредувањето во тарифен подброј 8708 99 како други делови и прибор за моторни возила од тарифен број 8701 до 8705 е исто така исклучено зашто производот не е од суштинско значење за функцијата за моторното возило, ниту го адаптира возилото за посебна операција, или да го зголеми опсегот на операции, или да овозможи да служи за посебна одредена услуга поврзано со неговата главна функција (види Случај C-152/10., немедиицнски, ECLI-EU>c-2011>402, параграф 29 и 36).<br><br>Оттука производот се распоредува согласно неговиот конститутивен материјал (пластика) во тарифен подброј 3926 90 97 како производи од пластика. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер

**Прилог 376**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1169/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на топче (т.н. „paintball") изработено од цврста желатинска обвивка со содржина на водена боја.<br><br>Производот е дизајниран да се кориси како проектил за „paintball" пушки (воздушни пушки со брзина на млазницата од 91 метар во секунда) за време на друштвената игра „paintball".<br><br>Види слика (*).<br> | 9306 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа , забелешка 1 (њ) од Глава 95 и и наименување на тар. број 9306, и тар. подброј 9306 90 и 9306 90 90.<br>Производот е дизајниран како проектил за „ paintball" пушка, која е воздушна пушка за тарифен број 9304 поради негова голема брзина на млазницата (види Регулатива на ЕЦ No. 242/96 (OJ) L 31, 9.2.1996,p.16)).<br><br>Топчето „paintball" е проектил кој се користи за пукање со воздушна пушка слично на пелети или пикада.. Оттука, топчето „paintball" е друг вид на муниција (види Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 9306, (A) (3)).<br><br>Распоредувањето како производ од Глава 95, оттука е исклучено со примена на забелешка 1(њ) од таа Глава.<br><br>Затоа, производот се распоредува во тарифен подброј 9306 90 90 како проектил. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 377

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1170/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Компактен апарат на батерии (т.н. „пулс оксиметер“) комбинира електричен процесор, пар светлечко-емитирачки диоди (LED) , фото диода и LED дисплеј ((нудејќи различни режими на прикажување) во една единица. Има и индикатор за слаби батерии, аларм функција во случај на висок или низок пулс или крвен кислород, и „клип“ во прилог на прстот.<br><br>Се користи како неинвазивен метод во мониторинг на снабдувањето со кислород кај личноста и за мерење на пулсот со начин на оптичка радијација. После прикажување на прстот од лицето, ЛЕД диодите водат светлина со две различни бранови должини низ прстот до фото диодата. Ја мери промената во апсорпцијата на секоја од брановите должини и потоа го утврдува/ калкулира кислородна сатурација и срцева фреквенција.<br><br>Може да се користи во професионалната медицинска пракса и за истражување, спорт, бизнис итн. (на пример, кислородни комори, екстремни планинарења, длабинско морско нуркање; од пилоти, пожарникари, астронаути итн.).<br><br>Види слика (*). | 9018 19 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 9018, и тар. подброј 9018 19 и 9018 19 10.<br><br>Апаратот спаѓа во опсег на тарифен број 9018 кој опфаќа широк асортиман на инструменти и уреди кои, во огромно мнозинство на случаи, се користат само во професионална пракса за да заштити или третира болест или лечење за оперативен зафат, итн. Инструментите и уредите распоредени овде може да се опремени со оптички уреди; тие исто така може да се користат на струја (види Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 9018).<br>Додека овој тип на апарати може да се користат од непрофесионалци, тие се од тип за употреба за медицински цели зашто обезбедува информација за „ виталните телесни функции“ кои има потреба да бидат понатаму анализирани од професионалци.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 9027 како инструменти и апарати за физички или хемиски анализи со користење на оптичка радијација оттука е исклучено.<br><br>Затоа следи да се распореди во тарифен подброј 9018 19 10 како инструменти и апарати за симултано мониторирање на два или повеќе параметри. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 378**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1233/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Ново повеќенаменско возило со погон на сите четири тркала (од типот на „комби"). Возилото има мотор со клипен мотор со внатрешно согорување на палење со помош на компресија и зафатнина на цилиндер што надминува 1500 см3, но не надминува 2500 см3. Вкупната бруто маса на возилото приближно изнесува 2800 кг.<br><br>Возилото има два реда на седишта, првиот ред со две седишта (возачко седиште и „клупа седиште" на која можат да седат двајца патници и втор ред со три седишта. Има врати со прозори на двете страни од првиот ред на седишта и од левата страна на другиот ред седишта има прозор, а од десната страна клизна врата со прозор.<br><br>Зад вториот ред седишта има перманитна трајна преграда (преградна решетка), која го раздвојува патничкиот дел од делот за транспорт на стока. Во делот за превоз на стока нема сигурносни појаси ниту прибор за нивно вградување. Од надворешната задна страна во делот за превоз на стока се наоѓа крилна врата, ама во тој простор нема прозори. Возилото има опрема за комфорт на патниците, завршни материјали и прибор какви вообичаено се наоѓаат во патничките делови на возилата.<br><br>Просторот за превоз на стока е со должина од приближно 1,9 м и капацитет на товарење од 4,4 м3. | 8703 32 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 8703, и тар. подброј 8703 32 и 8703 32 19.<br><br>Распоредувањето како повеќенаменско моторно возиоло се утврдува на база на одредени карактеристики кои укажуваат на тоа дали возилото е првенствено наменето за превоз на лица или за превоз на стока (види Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 8703 и 8704 и Коментар нна Комбинирана наоменклатура за тарифен број 8703).<br><br>Распоредувањето во тарифен број 8704 како возило за транспорт на стока е исклучено со оглед на објективните карактеристики и општиот изглед на возилото укажуваат на тоа дека возилото е првенствено наменето за превоз на лица (присуството на втор ред седишта со сигурносна опрема, со прозори за патниците позади, присуството на комфорни карактеристики и во двата дела и за патниците напред и за тие позади). Присуството на перманентна трајна преграда помеѓу делот за патници и делот за транспорт на стока не може да се земат како одлучувачки критериум за исклучување за распоредување во тарифен број 8703 со оглед дека ова е типична карактеристика за многу возила, распоредени како возила за транспорт на лица (типично SUV возила). Види Класификациско |

| | | |
|---|---|---|
| | | мислење од Комитет за Хармонизиран систем за 8703 32/1 и 8703 32/2.<br><br>Оттука, возилото се распоредува во тарифен подброј 8703 32 19 како ново моторно возило главно дизајнирано за транспорт на лица. |

**Прилог 379**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1234/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Композитен производ составен од следниве компоненти:<br>- вертикален алуминиумски столб (колона) со прближно 95 см висина, со осовина на диото и пластични тркалца прицврстени на двата краја на осовината,<br>- склопива хоризонтална алуминиумска плоча дизајнирана за стоење, со пластични тркалца прицврстени на нејзиниот крај и опремени со механизам за кочење,<br>- куфер со надворешна површина направена од лиен пластичен материјал, со приближни димензии 55 см x 30 см x 20 см и прицврстен на вертикалниот столб со стеги кои може да се отворат.<br><br>Производот е наменет за употреба од лица со старост од 8 години или повеќе. Неговата функција за транспортирање стока може да се комбинира со неговата функција како скутер или, може да се влече или турка за да куферот се превезува на тркалца, кога хоризонталната плоча е подигната.<br><br>Види слика (*).<br> | 4202 12 50 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број<br>4202, и тар. подброј 4202 12 и 4202 12 50.<br><br>Производот е композитна стока. Производот е првенствено наменет за транспорт на стока во куфер. Тоа може да се оствари така да лицето стои на хоризонталната плоча и го турка производот (со спуштена плочка) или лицето може да го турка или влечи на ист начин како и обичен куфер со тркалца (со подигната плоча).<br><br>Составните делови на скутерот (ромобил) , (составните делови кои не се вообичаен дел од куферот со тркалца т.е. склопивата хоризонтална плоча со пластични тркалца (со кочници), се споредни и го олеснуваат превозот на стоката во куферот. Затоа куферот го дава суштинското значење на на производот. Распоредување во тарифен број 8716 како други возила, или во тарифен број 9503 како скутер, соодветно е исклучено.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тарифен подброј 4202 12 50 како куфер со надворешна површина од лиена пластика. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 380

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1267/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на фин, бел прав без мирис сочинет од микросфери (големина на честици < 10 μm) со густина приближно од 2,1-2,5 г/см3.<br><br>Микросферите се сочинети од нефелин или нефелин сиенит кој бил загреван за да го направи материјалот повеќе елипсоидно-обликуван и со заоблени ивици. Како резулта на овој процес, нефелинот или нефелин суенитот формира сјајна површина. Нефелин и нефелин суенит се натриум калиум алуминосиликати.<br><br>Производот се користи како адитив за бои, и лакови, премази и филмови како би се намалило нивото на испарливи органски соединенија, би се зголемила количината на полнила, да се подобри цврстината, да се додаде сјај, отпорност од абење и пилинг. | 2842 10 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 2842, и тар. подброј 2842 10 00.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 2529 е исклучено зашто сјајната површина на нефелин или нефелин сиенит значи дека кристалната структура е модифицирана со процесот на загревање (види Забелешка 1 од Глава 25 и исто така Коментар на Хармонизиран систем (HSEN) од Глава 25, Општи одредби, втор параграф).<br><br>Распоредувањето во тарифен број 2621 е исклучено зашто производот не е ниту згура ниту пепел, ниту е остаток добиен при спалување на градски отпад.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 3816 е исклучено зашто нема додадено врзивно средство (види исто така Коментар на Хармонизиран систем HSEN за тарифен број 3816, прв параграф).<br>Распоредувањето во тарифен број 3824 е исклучено зашто тарифниот број, кој има поконкретен опис има предност во споредба со тарифен број кој обезбедува поопшт опис.<br><br>Распоредувањето во тарифниот број 6806 е исклучено зашто производот не е експандиран минерален материјал.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 6815 е исклучено зашто производот не е завршен или незавршен производ од |

| | | |
|---|---|---|
| | | минерални супстанции, туку е помошен материјал кој се користи во производство на производи.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тарифен подброј 2842 10 00 како двојни или комплексни силикати, вклучувајќи алуминосиликати, независно дали се или не хемиски дефинирани. |

**Прилог 381**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1268/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на фини бели восочни перли од приближно 1 мм во дијаметар, добиени од рафинирано палмино масло.<br>Овој производ е сочинет од:<br>- хидрогенизиран цврст палмин стеарин,<br>- не-хидрогенизиран цврст палмин стеарин,<br>- оптички обелувач (приближно 0,01% по маса).<br><br>Палминиот стеарин е добиен со подложување на повеќестепено фракционирање на палминото масло и цврстиот стеарин (цврстата фракција) е издвоена од мекиот стеарин. Потоа, дел од цврстиот стеарин се подложува на процес на хидрогенирање, и мешање со не-хидрогенизираниот дел од цврстиот стеарин и со оптичкиот обелувач. Потоа од добиениот производ се изработуваат перли.<br><br>Производот е со восочен карактер и се користи како суровина во производство на свеќи.<br><br>Точка на капење е 59,2°C +_ 0,5°C и вискозност измерена со ротационен вискозиметар што не надминува 10 Pas на температура од 10°C над точката на капење.<br><br>Производот е пакуван во вреќи од 25 кг. | 3404 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 5, прв параграф, (а) од Глава 34 и и наименување на тар. број 3404, и тар. подброј 3404 90 00.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 1516 е исклучено зашто производот е мешавина од хидрогенизиран цврст стеарин и не-хидрогенизиран цврст стеарин. Производот е преработен толку што повеќе не е опфатен со тарифниот број 1516, и не е ниту масло ниту маст. Освен тоа, присуството на оптички обелувач го исклучува производот од тарифен број 1516.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 1517 е исклучено зашто производот не е јастива мешаница или препарат опфатен со тарифниот број 1517.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 1521 е исклучено зашто производот е главно сочинет од палмин стеарин кој е триглицерид.<br><br>Во согласност со Забелешка 5, прв параграф, (а) од Глава 34, хемиски произведени органски производи со восочни особини, независно од тоа дали се водорастворливи или не, се опфатени со тарифен број 3404. Производот исто така го исполнува критериумот за вештачки восок (види исто така Коментар на Хармонизиран систем за тарифен број 3404.А).<br><br>Оттука, производот се распоредува во тарифен подброј 3404 90 00 како други вештачки восоци и подготвени восоци. |

**Прилог 382**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1465/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Уред (т.н. „безжична плоча за полнење“) составен од адаптер со кабел од должина од приближно 180 см и плоча за полнење. Кабелот има конектор за поврзување со плочата за полнење. Плочата е со кружна форма со висина од приближно 8 мм, дијаметар од приближно 80 мм и тежина од 51 г.<br><br>Адаптерот ги конвертира (претвора) наизменичната струја (AC – 240 v) во еднонасочна струја (DC 12V) и ја пренесува до плочата. Во плочата еднонасочната струја се конвертира (инвертира) во повеќенасочна и потоа повеќенасочната се претвора во електромагнетно поле.<br><br>Уредот е дизајниран за безжично полнење на апарати. И плочата и апаратот кои се полнат се опремени со „Qi“ технологија, која е стандард за безжично полнење на апарати. Безжичното полнење се врши преку електромагнетно поле.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 8504 40 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 8504, и тар. подброј 8504 40 и 8504 40 90.<br>Функциите на уредот (тековно исправување, инвертирање, и конвертирање во електромагнетно поле) се опфатени во тарифен подброј 8504 40. Распоредувањето во тарифен број 8504 50 е исклучено.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 8504 40 30 како статички конвертери од вид кои се користат во телекомуникациони апарати, машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици е исклучено зашто AC/DC адаптерот е дизајниран да обезбеди струја за различни електрични апарати.<br>Со оглед фактот дека ниту исправувањето, инвертирањето ниту конвертирањето во електромагнетно поле не му дава на уредот суштински карактер, истиот ќе се распореди со примена на Основното правило за применување на Хармонизиран систем 3 (в).<br><br>Оттука, уредот се распоредува во тарифен подброј 8504 40 90 како други статички конвертери. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 383**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1476/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. „LED заболекарско светло") направено од различни материјали како стакло, пластика и различни метали и вклучувајќи неколку светлечки диоди (LED). Прицврстено е за вртлив носач. Вртливиот носач може да биде прицврстен на заболекарска столица или на пример, на ѕид или на плафонот на стоматолошка хирургија.<br><br>Дизајнирано е така да овозможува осветлување на усната шуплина за време на стоматолошки зафат. Нивото, бојата и мострата на произведеното светло е специфично за употреба од страна на заболекарите.<br><br>Види слика (*).<br> | 9405 40 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувание на тар. број 9405, и тар. подброј 9405 40 и 9405 40 99.<br>Распоредувањето во тарифен број 9018 како медицински инструмент или помагало е исклучено, зашто тарифниот број исклучува некои производи од комплетната забарска опрема (како светилки без сенки), кога се презентираат посебно; овие производи се распоредуваат во нивните соодветни тарифни броеви (види исто така Коментар на Хармонизиран систем (HSEN) за тарифен број 9018, дел (II), (ii) и исклучувањата во дел (II)).<br><br>Производот има карактеристики и дизајн на електрична светилка или расветно тело од тарифен број 9405, кој опфаќа специјализирани електрични светилки и расветни тела кои може да бидат направени од било кој материјал и можат да користат различен извор на светлина (види исто така HSEN за тарифен број 9405, дел (I).<br><br>Затоа производот, кој е сочинет од различни материјали, и ниту еден од нив не му дава суштински карактер, се распоредува во тарифен подброј 9405 40 99 како други електрични ламби и расветни тела од други материјали освен пластична маса. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 384**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1971/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електронски уред, т.н. ССД диск (анг. Solid State Drive – SSD) со димензии отприлика 100 x 70 x 7 мм, формат 2,5 инчи и капацитет на меморирање на податоци од 128 GB.<br>Производот е електронски уред за меморирање на податоци на полупроводнички елементи, изграден на цврста основа и флеш меморија за меморирање на податоци и меморија со динамички пристап (анг. Dynamic Random Access Memory - DRAM).<br>Опремен е со интерфејс САТА (анг. Serial Advanced Technology Attachment - SATA) кој овозможува интегрирање во машината за автоматска обработка на податоци, а се употребува како внатрешен уред за меморирање на податоци.<br><br>Види слика (*).<br>  | 8471 70 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 5 (В) од Глава 84 и наименуванието на тар. број 8471 и тар. подброј 8471 70 98 00.<br>Уредот има објективни карактеристики како што се интерфејс САТА, големина и формат, кои се карактеристични за уреди што првенствено се користат во машините за автоматска обработка на податоци и уредот може да биде директно поврзан со централна процесорска единица и може да прифати или испрати податоци во форма која системот може да ја користи. Распоредувањето во тарифен број 8523 како полупроводнички уред за меморирање на податоци се исклучува.<br>Затоа уредот се распоредува во тарифен подброј 8471 70 98 00 како останати единици за меморирање за машини за автоматска обработка на податоци. |

(*) Сликата е само од информативен карактер

Прилог 385

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1983/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на необработена плоча, ширина приближно 125 см, дебелина приближно 7,5 см и должина приближно 2000 см. Изработена од лепење на фурнирани слоеви од смрека, бор или комбинација на слоеви од двата видови на дрво.<br>Слоевите на фурнир се поставени така што насоката на дрвените влакна е иста во сите слоеви. Некои слоеви можат да бидат поставени вертикално. Поединечните слоеви се залепени со фенол формалдехид лепило во текот на постапката на компресија при висока температура. Рабовите и краевите на површината се обложени со восок.<br>Почетната дебелина на слојот од фурнири кои се користат за производство на овој производ изнесува од 2,8 до 3,2 мм и густина од 445 кг/м$^3$ (фурнир од смрека) и 500 кг/м$^3$ (фурнир од бор). Во текот на постапката за компресија (со компресија од 2,8 Н/мм$^2$), дебелината на поединечните слоеви на готовиот производ изнесува околу 2,75 мм, густината на финалниот производ е обично 540 кг/м$^3$ (фурнир од смрека) и 620 кг/м$^3$ (фурнир од бор).<br><br>Види слика (*).<br> | 4412 99 85 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието на тар. број 4412 и тар. подброј 4412 99 85 00.<br>Производот е сличен на ламинирано дрво како што е дефинирано со тарифниот број 4412 (види Забелешки на Хармонизиран систем за тар. број 4412, трет став). Распоредувањето во тар. број 4413 е исклучено, бидејќи производот не е во согласност со дефиницијата за "згуснато (збиено) дрво" во Забелешка 2 кон Глава 44, бидејќи производот кој е подложен на компресија, неговата густина се зголемува само за 24%, а површината на производот останува мека, што е исто така видливо во физичкиот преглед на производот.<br>Распоредувањето во тар. број 4418 исто така е исклучено бидејќи производот не може да се дефинира како дрво што се користи за изградба на згради во облик на составени производи или препознатливи несоставени делови (види Забелешки на Хармонизираниот систем на тар. број 4418, прв став). Производот е наменет за општа употреба и нема објективни карактеристики поради што би бил препознатлив како градежна столарија и производи за градежништво од дрво.<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 4412 99 85 00 како останати ламинирани дрва. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 386**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2157/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со следен состав (% по маса):<br>- етил алкохол 70<br>- бензин (погонско гориво) 30 во согласност со EN 228.<br>Производот се употребува како суровина за производство на гориво за моторни возила.<br>Се увезува во рефусна состојба. | 2207 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 12 кон Глава 22 и наименувањето на тар. број 2207 и тар. подброј 2207 20 00 00.<br>Производот е мешавина од етил алкохол и бензин (погонско гориво). Процентот на бензинот во производот го прави несоодветен за човечка исхрана, но не ја спречува употребата на производот за индустриски цели (Забелешки на Хармонизиран систем за тарифен број 2207, четврти став).<br>Производот се распоредува како денатуриран етил алкохол од тарифен подброј 2207 20 00 00. |

**Прилог 387**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2244/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот се состои од две хоризонтални и две вертикални профилирани шини од екструдиран алуминиум, кои заедно формираат рамка која може да се прицврсти на ѕидот со помош на завртки. Производот е дизајниран да се користи за фиксирање на панели на ѕидни плочки. Обликот на хоризонталните профилирани решетки овозможува панелот да може да се лизне во нив, со што овозможува полесно да се отстрани и замени панелот кога тоа е потребно.<br><br>Види слика (*).<br> | 7616 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 7616 и тар. поброј 7616 99 90 00.<br>Распоредувањето во тар. број 8302 како "фитинзи, прибор и слични производи погодни за мебел, врати, скалила, прозорци, ролетни, каросерии, седларски производи, куфери, сандаци, кутии или слично" е исклучено. Профилираните шини се дизајнирани за прицврстување на панелите на ѕидни плочки на ѕидот и по својата природа панелите што се прицврстуваат на ѕидни плочки се разликуваат од производите што се прицврстуваат со употреба на производите од тар. број 8302 (види Забелешки на Хармонизиран систем за тар. број 8302, втор став, (Г) и (Д)). Според тоа, производот е распореден во тарифна ознака 7616 99 90 00 како „други производи од алуминиум". |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 388**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2245/2017** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот (т.н. даска за бања) направена од пластика со нелизгава површина и димензии околу 35 × 69 см.<br>Производот има отвори за протекување на вода, рачка и вграден сад за сапун. На долната страна е опремен со четири носачи што се подесуваат и наменети за прилагодување согласно ширината на кадата. Производот може да му помогне на корисникот кога влегува и излегува од кадата, а исто така може да се користи и како седиште или како полица за производи за капење.<br><br>Види слика (*).<br> | 3924 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3924 и тар. подброј 3924 90 00 00.<br>Производот не е парче мебел бидејќи не е наменет за монтажа на подот, ниту за закачување, прицврстување на ѕид. Затоа, во согласност со Забелешка 2 кон Глава 94, распоредувањето како парче мебел во тар. број 9401, 9402 или 9403 е исклучено.<br>Согласно наведеното, производот се распоредува во тарифна ознака 3924 90 00 00 како други предмети за домаќинство и хигиенски или тоалетни производи од пластична маса. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 389

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2246/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Неосветлени алуминиумски плочи (т.н. позитивни топлински плочи осетливи на ласерски диоди), со правоаголна форма чија една страна надминува 255 мм по должина, обложени од едната страна со емулзија (во суштина содржи алкална растворлива смола, една или повеќе инфрацрвени бои (фото термички конвертор) и супресор на растворливост (боја)) осетлива на инфрацрвени ласерски диоди на бранова должина од 830 nm.<br>Тие се дизајнирани за употреба со CTP (анг. Computer To Plate technology – CTP) опрема за средно и големо печатење. Со цел да се продолжи животниот век на готовиот производ, плочите се подложени на т.н. процес на "печење", при што се зацврстува сликата после развивањето. | 3701 30 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 кон Глава 37 и наименување на тар. број 3701 и тар. подброј 3701 30 00 00.<br>Производот има објективни карактеристики на неосветлена фотографска плоча обложена со осетлив материјал на светлина.<br>Во Забелешка 2 кон Глава 37 е наведено дека терминот "фотографски" се однесува на процесот на добивање видливи слики, директно или индиректно, преку дејство на светлина или други форми на зрачење на површината осетлива на светлина.<br>Фотографските плочи од Глава 37 се плочи со еден или повеќе слоеви на која било емулзија осетлива на светлина или други форми на зрачење со доволно енергија за предизвикување на реакција на фотон (или светлост) осетливо на зрачење, односно зрачење со бранова должина не поголема од околу 1 300 nm во електромагнетен спектар (вклучувајќи ги и гама зрачењето, ултравиолетовото зрачење и блиското инфрацрвено зрачење), како и зрачења со честички (или нуклеарни), или за монохроматски или полихроматографски репродукции (види Забелешки на Хармонизираниот систем кон Глава 37). Бранова должина на која е осетлив осетливиот слој на овие плочи (830 nm) е покриен со опсегот на прифатливи бранови должини за тар. број 3701.<br>Затоа, распоредувањето во тарифна ознака 8442 50 00 00 како плочи за печатарски цели е исклучено, бидејќи |

| | | |
|---|---|---|
| | | плочите осетливи на светлина се опфатени во тар. број 3701 (види Забелешки на Хармонизиран систем за тарифен број 8442, став (Б) и мислење за распоредување HSC 3701.30 / 1 од 2015 година).<br>Плочите се распоредуваат во тарифна ознака 3701 30 00 00 како останати фотографски плочи и филмови со било која страна по должина надминува 255 мм. |

Прилог 390

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2247/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. "грејна подлога") со димензија приближно 190 × 80 × 4 см и тежина околу 11,5 кг. Обложена е и содржи елемент за греење (решетка завиткана во тенок слој на ткаенина). Долниот дел на подлогата (под грејачот) се состои од слој од пена со дебелина од 1 см. На горната надворешна страна од подлогата е вграден слој од рамни мазни вештачки камења што содржат турмалин. Површината на производот е тврда и нерамна.<br>Производот е опремен со контролор кој е поврзан со кабел и приклучок за напојување. На контролорот се наоѓа дисплеј кој ја покажува поставената температура, различни индикатори, копче за подесување на бараната температура и копче за вклучување/исклучување.<br>Наменет е за загревање на различни делови од човечкото тело. На него може да се лежи или седи. Може да се одбере температура во распон од 30 до 70° Ц. Вештачките камења (по загревањето) испуштаат долги инфрацрвени зраци.<br><br>Види слика (*).<br> | 8516 79 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 8516 и тар. подброј 8516 79 70 00.<br>Распоредувањето во тар. број 9019 како апарат за масажа е исклучено бидејќи производот не е наменет за употреба со триење, вибрации или механички движења и не е наменет за масажа на телото. Камењата се рамни и мазни со специфични својства на топлински акумулации и неговото емитување е без никакво триење (Забелешки на Хармонизиран систем за тар. број 9019 (II)).<br>Распоредувањето во тар. број 9404 како опрема за кревети и слични производи - душек или перница за кревет е исклучено, бидејќи производот не е наменет за опремување на кревети. Производот е тврд и има нерамна површина. Затоа Забелешката 1 (а) кон Глава 85 не е применлива.<br>Производот функционира како апарат за термотерапија погоден за домашна употреба.<br>Производот се распоредува во тарифен подброј 8516 79 70 00 како други електротермички уреди. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 391**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2248/2017 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. завршница за прицврстување на цевка) произведен од шест жици, со дебелина 3,25 мм. Жиците се направени од галванизиран ладно влечен јаглероден челик. Жиците се протегаат паралелно едни со други и се покриени со облога од цинк. Тие се лабаво свиткани по должина во форма на "U".<br>Производот се користи за прицврстување дрвени телефонски столбови.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 7326 20 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 7326 и тар. подброј 7326 20 00 00.<br>Распоредувањето во тарифен број 7312, како што се впредени жици, јажиња, кабли, плетени ленти или слично е исклучено, бидејќи производот не е цврсто увиен (види Забелешки на Хармонизиран систем за тар. број 7312, прв став и Забелешки на Комбинирана номенклатура за тар. подброеви 7312 10 61 до 7312 10 69).<br>Производот станува цврсто увиен само по инсталирањето на телефонскиот столб.<br>Според тоа, производот се распоредува во тар. подброј 7326 20 00 00 како производи од железна или челична жица. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 392

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 77/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Текстилен производ со квадратен изглед (т.н. „навлака за душек„) изработен од ткаен и печатен текстилен материјал од вештачки или синтетички влакна (100%полиестер) и претставува ткаенина што може да се пере, со димензии приближно 200x60x8см.<br>Производот има патент долж една од подолгите страни за да овозможи да се вметне душекот.<br>На една од подолгите страни прицврстена е текстилна рачка.<br><br>Види слика (*).<br> | 6302 22 90 | Распоредувањето се утврдува во склад со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванието на тар. број 6302, и тар. подброј 6302 22 и 6302 22 90.<br>Производот е изработен од материјал кој може да се пере и има патент кој овозможува одвојување на производот од душекот во било кој момент, поради што е погоден за перење (да се погледнат Коментарите на Хармонизираниот систем за тарифен број 6302, прв став).<br>Следствено на тоа, производот има објективни карактеристики и својства на постелнина.<br>Поради што производот ќе се распореди во тарифна ознака 6302 22 90 како „ постелнина која не е плетена или кукичана, од вештачки или синтетички влакна". |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 393**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 81/2018** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електричен апарат за третман на кожа и за отстранување на влакна со ласерска технологија, со употреба на два ласера со различни бранови должини (755 и 064 нм). Димензиите на апаратот се отприлика 104х38х64см, а тежина 82кг.<br>Третманот за кој е презентиран вклучува отстранување на влакна, козметичко подмладување, третман на вени на лице и нозе, третман за нерамномерна пигментација (на пр. нееднакво потемнување по изложување на сончева светлина) како и третман на други васкуларни и бенигни пигментирани лезии.<br>Апаратот е дизајниран да се користи и во салони за убавина без интервенција од лекари но и во овластени медицински центри под надзор на медицински лица.<br><br>Види слика (*).<br> | 8543 70 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието на тар. број 8543 и тар. подброј 8543 70 и 8543 70 90.<br><br>Фактот дека апаратот, пред се, овозможува естетски подобрувња, а може да работи и надвор од медицинско опкружување (во козметички салони) и без вклучување на лекари, укажува дека производот не е наменет за употреба во медицината. Со апаратот може да се лечат едно или повеќе различни заболувања, но таков третман може да се изведува без мецинско опкружување, поради што нема доволно индикации кои можат да утврдат дека апаратот е наменет за употреба во медицината. (Да се види предмет С-547/13, Oliver Medicall, ECLI:EU:C:2015:139). Поради тоа е исклучено распоредувањето во тарифен број 9018 како апарат наменет за употреба во медицината.<br><br>Следствено апаратот се распоредува во тарифен подброј 8543 70 90 како електричен апарат со посебна функција, неспомната ниту вклучена на друго место во Глава 85. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 394**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 220/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Механички апарат (т.н рачен распрскувач) кој се состои од челична стуктура, пластичен резервоар со запремнина од отприлика 60 литри со платнена облога, со ротациски распрскувач на дното со две пневматски гуми.<br><br>Види слика*<br> | 8424 89 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, со забелешка 2 кон Глава 84 и наименувањето на тар. број 8424 и тар. Подброј 8424 89 70.<br><br>Апаратот одговара на описот од тарифниот број 8424 (распрскување на песок и сол) и описот на тарифниот број 8432 (дистрибутер на ѓубриво и машина за сеење). Не може да се распореди врз основа на забелешка 3 кон Оддел XVI бидејќи не врши само една главна функција. Во согласност со забелешка 2 кон Глава 84 апаратот кој одговара на описот на еден или повеќе тарифни броеви од 8401 до 8424 и истовремено одговара на описот на еден или повеќе тарифни броеви од 8425 до 8480 се распоредува во тарифниот број кој одговара на предходната група (во овој случај во тарифен број 8424)<br>Апаратот може да се употребува и како апарат за земјоделие или хортикултура од тарифниот подброј 8424 82 како сите други апарати од тарифниот подброј 8424 89. Со оглед на неговите карактеристики ниедна од тие функции не се смета за главна функција на апаратот во смисла на забелешка 3 од Оддел XVI и не се смета дека билокој од наведените два подброеви содржат точен опис на апаратот. Поради тоа апаратот се распоредува во последниот тарифен подброј по нумерички редолсед.<br>Апаратот се распоредува во тарифна ознака 8424 89 70 според ХС како останати механички уреди за исфрлање, дисперзирање или прскање на течност или прав. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 395

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 267/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Производот (таканаречен „masterbatch") во облик на термопластични пелети кои се составени од :<br>малсо од лаванда,<br>масло од мента ,<br>цитронела<br>натриум бензоат,<br>- полимер ( etilen-vinil-acetat (EVA) или полиетилен со ниска густина LDPE)<br>Производот се употребува како суровински материјал за додавање на етерични масла во тек на процесот на трансформирање на пластиката. Целта е да се спречи одредени животни да се ги гризат и оштетуваат готовите пластични производи. | 3302 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 2 кон Глава 33 и наименување на тар. број 3302 и тар. подброј 3302 90 и 3302 90 90.<br>Распоредувањето во тар. број 3901 е исклучено бидејќи полимерната содржина на производот (EVA или LDPE) служи само како носач на етеричните масла.<br>Етеричните масла се главна компонента и на производот ја даваат главната карактеристика (т.е какрактеристика на отпорност која одврака глодари, термити и други животни).<br>Поради тоа, производот се распоредува во тарифна ознака 3302 90 90 како останати мешавини на ароматични супстанции и мешавина на база на една или на повеќе такви супстанции, од вид што се користи како суровина во индустријата |
| 2. Производот (таканаречен „masterbatch") во облик на термопластични пелети кои се составени од :<br>перметрин (ISO)<br>- тимол масло<br>- еугенолово масло<br>- цитрално масло<br>- дентониум бензоат<br>- деривати на бензоева киселина<br>лидокаин (INN)<br>полимер (etilen-vinil-acetata (EVA) или полиетилен со ниска густина LDPE) | 3808 91 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 3808, и тар. подброј 3808 91 и 3808 91 10.<br>Распоредувањето во тар. број 3901 е исклучено бидејќи полимерната содржина на производот (EVA или LDPE) служи само како носач на инсектицидите.<br>Распоредувањето во тарифен број 3302 е исклучено од причина што присуството на етеричните масла е во трагови (тимол масло, еугенолово масло и цитрално масло). Затоа тие не придонесуваат значително за основниот карактер на производот. Инцектицидот ( перметрин (ISO) е |

| | | |
|---|---|---|
| | | главната компонента и му дава на продуктот основен карактер (делување против термити)<br>Поради тоа производот се распоредува во тарифна ознака 3808 91 10 како инсектициди на база на пиретроиди. |

Прилог 396

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 407/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производот со назив „кафеава сплотена алуминиумска згура" нус-производ добиен при производство на обичен електро-корунд во електрични печки.<br>Производот е составен од следните состојки<br>железо 75<br>силикон 15<br>титаниум 5<br>алуминиум 3<br>други метали 3<br><br>Производот се користи за концентрирање на металните руди со селективна флотација во процесот на гравиметриска сепарација. | 7202 29 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, забелешка 3 (а) кон Глава 26; забелешка 1 (в) кон Глава 72; забелешка 2 за подброевите од Глава 72 и наименување на тар. број 7202, и тар. подброј 7202 29 90.<br><br>Распоредувањето во тарифниот број 2620 е исклучено затоа што производот не ги исполнува наводите од забелешката 3 (а) од Глава 26.<br>Хемискиот состав на тој производ ги исполнува забелешките од 1 (в) кон Глава 72 со која се дефинираат феро легурите и забелешка 2 за тарифните подброеви од Глава 72 со која се дефинираат феролегурите од тарифниот број 7202.<br><br>Две важни карактеристики на тој производ кои се во согласност со описот на феро легури, се дека овој производ се користи во гравиметриската сепарација на метални руди и се подготвува во електрични печки (види забелешки од Хармонизираниот систем за тарифниот број 7202, четврт и шести став).<br>Поради хемискиот состав на производот кој овозможува негова употреба во гравиметриска сепарација на метални руди со селективна флотација, производот се распоредува во тарифен број 7202 како феро- легура.<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 7202 29 90 како останати феросиликанска легура. |

**Прилог 397**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 553/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од две цевки кои се држат заедно со осигурачи, со вкупна должина од приближно 150 см и дијаметар на секоја цевка од приближно 0,8 см. Цевките се заварени и направени од алуминиумска легура.<br><br>Производот е дизајниран да се користи во моторни возила за пренос на течноста за ладење од моторот до изменувачот на топлина под командната табла на возилото.<br><br>Види слика (*).<br> | 7608 20 20 | Распоредувањето е утврдено согласно со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименувањето на тар. број 7608, и тар. подброј 7608 20 и 7608 20 20.<br><br>Распоредување во тар. подброј 8415 90 00 00 како делови за уреди за климатизација во тар. подброј 8419 90 85 како други делови од машините за третман на материјали со процес кој вклучува размена на температура или во тар. подброј 8708 91 99 како делови за радијатори од моторни возила е исклучено, зашто, на основа на објективните карактеристики на производот не го идентификува како само или главно погоден за употреба со вакви производи (види забелешка 2 (б) од Оддел XVI и забелешка 3 од Оддел XVII).<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 7608 20 20 како алуминиумски цевки, од легури на алуминиум, заварени. |

(*) Сликата е само од информативен карактер

**Прилог 398**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 603/2018 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Перниче на надувување од пластика (т.н. перниче за инвалидска количка), со димензии приближно 40 x 40 см, сочинето од две правоаголни меѓусебно поврзани комори п комори исполнети со воздух. Секоја комора содржи врекичка наполнета со воздух, од пластика, прекриена со тенок слој од силикон.<br><br>Перничето е прилагодливо согласно со степенот на надуваност на двете комори, што предизвикува позицијата на пластичната вреќичка во секоја комора да се поместува кога корисникот седи на перничето.<br><br>Перничето има изменлива навлака против лизгање од текстилен материјал и има две "велкро" ленти прицврстени од долната страна.<br><br>Производот е намнет за превенција кај корисникот да не се развијат чиреви од притисок. Обезбедува ослободувачки ефект на седечките коски и го подобрува комфортот на корисникот.<br><br>Види слика (*).<br> | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието на тар. број 3926 и тар. подброј 3926 90 и 3926 90 97.<br><br>Распоредувањето на производот во тар. број 9404 (премети на постелнина и слични стоки) е исклучено зашто пневматските перници се исклучени од овој тар. број согласно значењето на Заб. 1 (а) од Глава 94 и, оттука пневматските перници од пластика се распоредуваат во тар. број 3926 (види исто така Коментар на ХС за тар. број 9404, последен параграф, (б)).<br><br>Распоредувальето во тар. подброј 8714 20 00 како делови и прибор за колички за инвалидизирани лица е исто така исклучено, зашто производот не е препознатлив за употреба само или главно со колички за инвалидизрани лица согласно значењето на Забелешка 3 од Оддел XVII. Со оглед на објективните карактеристики, производот може да се користи за многу седишта и столици исто како и за седишта од инвалидски колички. На пример, производот не е дизајниран за употреба со специфично седиште, зашто нема специфични средства со кои би се прицврстиле со што би се идентификувало истото за употреба со специфично седиште. Навлаката против лизгање и "велкро" тип траките може да се прицврстат на многу различни типови седишта. Оттука нема ништо со што би се идентификувал производот за употреба со специфичен тип на седиште (види исто така Коментар на |

| | | |
|---|---|---|
|  | | ХС за тар. број 8714, прв параграф, (i)).<br><br>Од друга страна, распоредувањето во тар. подброј 8714 20 00 како делови и прибор од колички за инвалидизирани лица е исклучено зашто производот ниту е неопходен за функционирање на количката, ниту за адаптира количката за посебна операција или за зголемување на опсегот на операции или да овозможи изведба на посебен сервис поврзан со неговата главна функција која е овозможување на хендикепираното лице да се движи (види пресуда , judgment of the Court of 16 june 2011, Unomedical, C-152/10, ECLI;EU;C;2011;402, параграфи 29, 30 и 36). Инвалидска количка функционира на ист начин како и без перницата. Перничето само ја прави количката повеќе комфорна и поиздржлива за корисникот.<br><br>Иако производот е сочинет од различни компоненти (перниче од пластика и навлака од текстилен материјал), производот се распоредува како да е перница од пластика зашто перницата му дава на производот суштински карактер согласно значењето на Основно правило 3 (б). Текстилната компонента е само за заштита и да ја задржи основната компонента на место. Производот оттука се распоредува согласно со конституивниот материјал во тар. подброј 3926 90 97 како "други производи од пластика". |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 399**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 787/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. "стегач за ортоза") изработен од неколку парчиња од текстилен материјал сошиени заедно, со отвори за петата и прстите,порабен околу отворите и ивиците на производот. "Вамп делот" (предниот горен дел) е затворен со јазик направен од хеклан текстилен материјал. Другите текстилни делови се сочинети од неколку слоја на еластичен хеклан текстилен материјал.<br><br>Плоча од еластична пластика е фиксирана за текстилот и само делумно видлива од надворешната страна на производот. Пластичната плоча се протега околу петата и има окца околу вамп областа на производот икуки за врвки по должина на вратилото за да допушти затегнување на производот околу стапалото и фибулата со текстилни врвки.<br><br>Пластичната плоча му дава некоја стабилност на производот. Сепак е флексибилен и, кога ќе се затегне со врвките, прави притисок на стапалото и фибулата.<br><br>Производот е прикажан да се носи внатре во чевелот и се користи за бандажирање на зглобот во случај на искривени зглобови и контузии на зглобот, лигаментни солзи и лезии, и за заштита од вакви повреди, како и во случај на нестабилност на лигамент. Меѓутоа, истиот не може комплетно да превенира специфично движење на дефектниот дел од телото. | 6307 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименувањето на тар. број 6307 и тар. подброј 6307 90 и 6307 90 10.<br><br>Производот не може да се прилагодува на специфичен хендикеп на пациент но има мулти-функционална употреба. Сличен е на обичен текстилен бандажер кој се замотува околу лигамент и затегнува околу некои делови за да се примени притисок за поддршка на заздравувањето или за заштита од понатамошни повреди, како би се осигурале некои несакни движења да не се изведуваат несвесно како рефлексни движења (види Коментар на Комбинирана номенклатура (CNEN) НА Европска заедница за тар. подброј 90 21 10 10, втор параграф).<br><br>Затоа, објективните карактеристики на производот се такви што не го одделуваат истиот од обичните потпори за општа употреба, главно, заради материјалот од кои се изработени (флексибилни материјали), методот на делување (со примена на притисок преку затегнување) или прилагодувањето на специфичниот хендикеп на пациентот (види Забелешка 6 од Глава 90 и пресуда од 7 ноември 2002, Lohmann and Medi Bayreuth, Jointed cases C-260/00 ДО C-263/00, ECLI:EU:C:2002:637, параграфи 39 и 45).<br><br>Меѓутоа, производот не може да се распореди како "ортопедско помагало" во тар. подброј 9021 10 10 |

| | | |
|---|---|---|
| Во постоперативна рехабилитација, го олеснува враќањето на носивост на полна тежина.<br>Види слика*<br> | | како резултат на неговата еластичност, не може комплетно да заштити специфично движење на дефектниот дел од телотоза да се исклучат понатамошни повреди (види Коментар на Комбинирана номенклатура за тар. подброј 9021 10 10, втор параграф).На пример во случај на истегнати лигаменти, производот би требало искосувањето на зглобот да го направи неможно дури и во случај на трчање или скокање. Меѓутоа, текстилниот материјал и флексибилниот пластичен материјал од кои е направен производот не може да ја поднесе тежината на телото за време на трчање.<br><br>Посакуваниот ефект на примена на притисок е добиен од пластиката исто така добро како и од текстилните материјали. Затоа, двата материјали се еднакво важни согласно со значењето на Основното правило 3(б) за примена на Комбинираната номенклатура и производот треба да се распореди во тар. број кој се јавува последен во нумеричкиот редослед од оние кои подеднакво треба да се земат предвид (тар. број 3926 и 6307).<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 6307 90 10 од Комбинираната номенклатура, како други готови текстилни производи. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 400

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 837/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производсочинет од следниве состојки (% по маса):<br><br>- Вода 41,6,<br>- Шеќер 18,1,<br>- Глицерин 15,1,<br>- Лимонска киселина 13,9,<br>- Малтодекстрин 4,1<br>- Аскорбинска киселина 3,0,<br>- Стевиол гликозиди 1,8,<br>- Природна арома 1,1,<br>- Минорни количини од витамини $Б_6$, $Б_{12}$ и фолна киселина ($Б_9$).<br><br>Производот е безалкохолен, ароматизиран, и обоена течнст што се користи како додаток во исхрана после растворање. Не е за директно пиење.<br><br>Производот е презентиран за употреба за поддршка на имуниот систем и да обезбеди енергија на човечкото тело. Дневната доза на производот е два милилитри, која треба претходно да се раствори пред конзумација. Оваа дневната доза вклучува 40 мг од витамин Ц, 1 мг од витамин $Б_6$, 200µг од фолна киселина и 2µг од витамин $Б_{12}$.<br><br>Производот е презентиран во 60 мл пластично шишенце со капалка за директна малопродажба. | 2106 90 98 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 2106, и тар. подброеви 2106 90 и 2106 90 98.<br><br>Распоредувањето во Глава 30 како лек е исклучено зашто специфични болести, заболувања или нивни симптоми за кои производот се користи, не се индицирани. Оттука, производот не ги исполнува барањата на Дополнителната забелешка 1 од Глава 30, прв параграф, точка (а).<br><br>Распоредување како пијалок во Глава 22 е исклучено со оглед дека производот не е за директно пиење (види Коментар на Комбинирана номенклатура за Глава 22, Општи одредби, втор параграф, втора реченица).<br><br>Производот содржи засладувач, различни витамини и висока количина на глицерин. Затоа, има многу покомплексен состав од обичен шеќерен сируп опфатен во тар. подброеви 2106 90 30 до 2106 90 59 (види исто така Коментар на Хармонизиран систем за тар. број 2106, точка (12)).<br><br>Неговата намена за посебна употреба е исто така индикативна од неговото пакување и декларација како додаток во исхрана за малопродажба. Тоа е јасно од објективни карактеристики и својствана производот, посебно од составот, исто така како и од формата на неговата презентација, зашто производот е наменет за специфична |

| | | |
|---|---|---|
| | | употреба за поддршка на имуниот систем повеќе отколку за општа употреба, како што е случај за шеќерни сирупи.<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 2106 90 98 како други прехранбени производи. |

**Прилог 401**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 838/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производсочинет од влошка за еднократна употреба, за користење со ношир за деца, составена од пластична вреќичка во која повеќеслојно абсорпционо перниче направено од хартија и суперабсорпционен полимер од полиакрилат во форма на гранули е прицврстено на дното на вреќичката.<br><br>Овие суперабсорбентни полиакрилатни гранули се трансформираат во гел кога ќе дојдат во контакт со урина. | 3924 90 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б)и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 3924, и тар. подброј 3924 90 00.<br><br>Распоредување во тар. број 4818 е исклучено зашто суштинскиот карактер на производот не е од хартиенаите компоненти туку од суперабсорбентниот полимер од полиакрилат.<br><br>Распоредување во тар. број 9619 е исклучено зашто производот не е обликуван така да одговара на човечкото тело (види Коментар на ХС) за тар. број 9619).<br><br>Производот е комбинација од пластика и други материјали. Производ кој комбинира пластика и други материјали се распоредува во Глава 39 под услов да е задржан суштинскиот карактер на производ од пластика (види исто така Коментар на ХС, Општи одредби од Глава 39).<br><br>Суштинскиот карактер на производот е обезбеден од полимерот суперабсорбент, хартијата само се смета дека има функција на носач или пакување.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 3924 90 00 како други предмети за домаќинство и хигиенски или тоалетни производи, од пластика. |

**Прилог 402**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1207/2018** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ изработен од топло валан нелегиран челик обложен со легура на сребро и никел.<br>Производот е во облик на кружна капа (со дијаметар од 2,7 см) со благо спуштен центар свиткан во длабнатината, со мали воздушни празнини во свитканиот дел. Капата е поврзана преку вдлабнатиот дел со навој (дијаметар 0,5см). Производот има вкупна должина од 2,5 см.<br>Производот е наменет да се користи како елемент за подесување на сигналот во филтерот на фреквенции (Филтерот за фреквенции - се користи кај базните станици за целуларни мрежи за пренос на сигнали со одредени фреквенции) и ги филтрира високите и ниските фреквенции, на начин што се навртува во конструкцијата на филтер.<br>Производот е клучен во процесот на подесување, при што кружната капа служи како резонатор. Било какво оштетување на површината на оваа кружна капа ќе доведе до дисторзија на радио брановите.<br><br>Види слика (*).<br> | 8517 70 00 | Распоредувањето е утврдено согласно со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) од Оддел XVI и наименуванието на тарифен број 8517, и тар. подброј 8517 70 00.<br>Бидејќи производот не служи за монтажа или за прицврстување на делови, не може да се распореди како завртка или навртка. Затоа, производот не може да се смета како дел од општа употреба согласно Забелешка 2 од Оддел XV. Затоа е исклучено распоредувањето во тар. број 7318.<br>Производот е дел од базната станица на целуларната мрежа согласно Забелешка 2 (б) од Оддел XVI и клучен е за пивната работа поради специфична изработка и димензии и не може да се користи за други цели (види точка 29 од случајот C-152/10 Unmedicia ECLI: ЕУ: C: 2011: 402).<br>Затоа производот се распоредува во тарифен подброј 8517 70 00 како дел од апаратот за предавање или прием на глас, слика или други податоци во безжична мрежа. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

Прилог 403

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1208/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електричен аналогнен апарат што содржи сензори (т.н „кислороден анализатор„) со големина приближно од 240x220x200 мм и тежина приближно 4.3кг.<br><br>Апаратот детектира и мери кислород во траги по принцип на кулометриска технологија и прецизно го мери процентот на кислородот во струи од чист гас или во смеси од гасови со користење на принципот на парамагнетна технологија. Апаратот е опремен со LCD монитор за приказ на резултатите од мерењето. Исто така опремен е и со аудио и визуелен аларм, аналоген и дигитален излез и двонасочна сериска комуникација.<br><br>Апаратот се користи при индустриските процеси со гасови и при контрола на квалитетот. | 9027 10 10 | Распоредувањето е утврдено согласно основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Комбинираната номенклатура, и согласно тарфните ознаки на КН 9027, 9027 и 9027 10 10 10. Апаратот ги има карактеристиките и функциите на апарат за физичка или хемиска анализа (апарати за анализа на гас или чад) од тарифен број 9027. Да се разгледаат и забелешките од Коментарот на Хармонизираниот систем за Глава 9027, прв став, точка (8), што ги опфаќа електричните апарати за анализа на гасови или чад, за одредување или мерење на содржината на гасот, што се користат за анализа на запаливи или запалени гасови во печките за кокс, при производство на гас, во високите печки итн. Распоредувањето во тарифниот број 9026 како инструменти, или апарати за мерење или контрола на протокот, нивото, притисок или други променливи величини на течности или гасови е исклучено бидејќи инструментите и апаратите за физичка или хемиска анализа се поспецифично опфатени со тарифниот број 9027 (да се види забелешките од ХС за тарифниот број 9026, став еден, со исклучување (г)). Апаратот е сложен производ согласно основното правило 3 (б), и се распоредува според компонентата што на овој производ му дава суштински карактер. Детектирањето и мерењето на кислородот во гасот се смета за функција што го прави суштинскиот карактер на апаратот. Според тоа, апаратурата треба да биде распореденаво тарифен подброј 9027 10 10, како електронски уред за анализа на гас или чад. |

**Прилог 404**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1209/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Обувки (т.н. "обувки за танц") што го покриваат стопалото, но не и листот од ногата, отворени во предниот дел.<br>Обувките се изработени од едно парче текстилен материјал сошиен со ѓонот и петата, поставен со текстилна постава. На ѓонот се пришиени две парчиња кожа, еден под предниот дел од табанот, а другиот под петата.<br>Предниот текстилен дел на ѓонот е направен со кружен облик за да ги опфати прстите на нозете.<br>Текстилниот дел од стапалото помеѓу двете парчиња од кожа е еластичен и набран со еластична лента што е сошиена на внатрешниот дел од обувките. Таа служи за затегнување на стапалото при танцување.<br>Обувките имаат две парчиња клеточна пена прекриени со текстилен материјал сошиени од внатрешната страна веднаш на кожните парчиња од кожа, но сепак не се поголеми од ѓонот и прават контакт со подот при танцувањето.<br>Отворот на обувките може да се затегне со еластичната лента.<br>На горниот дел од обувките се наоѓаат две еластични ленти за подобро прицврстување на обувките за стапалото.<br>Кога обувките се во употреба (кога се стои со нив на под) делот од обувките што не ги покрива страничните и горните делови на стапалата и оној што го допира подот содржат приближно 33% кожа и 67% текстилни материјали.<br><br>Види слика* | 6405 20 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието на тар. број 6405 и тар. подброј 6405 20 и 6405 20 99.<br>Производот не е исклучен од Глава 64 врз основа на забелешката 1 (б) кон Глава 64 бидејќи производот има нашиени делови на надворешниот ѓон. Исто така со набраниот преден дел се добива релативно тврд заоблен ѓон за ножните прсти.<br><br>Од причина што материјалот од кој е составен горниот дел на обувките е и дел од ѓонот, а поради утврдување на на границата на горниот дел и ѓонот, се смета дека ѓон е делот од обувките кој не го покрива страничниот и горниот дел на стапалото (да се видат дефинициите за горништа во забелешките со објаснување на Хармонизираниот систем (ХС) со Глава 64, општи одредби, став (Д)).<br><br>Материјалот од кој е изработен наворешниот дел од ѓонот е текстилниот материјал бидејќи зафаќа најголема површина што го допира подот кога обувките се во употреба (кога се стои со нив на под) во смисла на забелешката 4 од Глава 64 (да се видат забелешкитесо објаснување од Хармонизираниот систем за Глава 64. Општи одредби, став (С)).<br>Поради тоа производот се распоредува во тарифна ознака 6405 20 99 како останати обувки со горништа и надворешен ѓон од текстилен материјал. |

| | | |
|---|---|---|
|    | | . |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 405**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1243/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Темно кафеав, воден екстракт, со следниов состав (% по тежина):<br>бетаин 40,<br>вода 40,<br>сахароза 2,2,<br>пепел 3 и<br>други органски супстанции (како амино киселини и органски киселини).<br><br>Производот е добиен од меласа од шеќерна репка со филтрација, хроматографско прочистување и дополнителна концентрација на бетаин. На тој начин содржината на шеќерот е намалена од приближно 60% на 2%, а содржината на бетаин е зголемена од 5% на 40%. Производот се употребува само како премикс/додаток во добиточната храна за олеснување на варењето и одржување на стабилноста на цревата.<br>Производот е спакуван во контејнери од 1.000 кг или се увезува во рефусна сотојба. | 2309 90 96 | Распоредувањето се утврдува со општите правила 1 и 6 за толкување на Комбинираната Номенклатура и согласно тарифните ознаки на КН 2309, 2309 90 и 2309 90 96.<br>Производот не може да се распореди во тарифен подброј 1703 како меласа, бидејќи не содржи доволна количина на шеќер (види ги и појаснувачките забелешки на Хармонизираниот систем) на тарифниот број 1703, прв став, претпоследна реченица).<br><br>Производот не може да се распореди во тарифен број 2303 како други отпадоци добиени при производството на шеќер, поради неговото производство од меласа и неговата намена да се употребува како премикс за добиточна храна (види во забелешките на ХС за тарифниот број 2303, буква (D)).<br>Премикс за добиточна храна што ја подобрува дигестијата кај животните е препарат што се употребува во исхраната на животните од тарифен број 2309 (види исто така забелешки од на ХС 2309, дел (II) (C), точка (1)). Оттука производот се распоредува под тар. подброј 2309 90 96 како препарат што се употребува за исхрана на животните. |

**Прилог 406**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1489/2018** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ од пластична маса во форма на сет наменет за малопродажба, што се состои од:<br>- три спојки за црева за наводнување;<br>- распрскувачки млазници со механизам за регулирање на водата и затворање или отворање на протокот;<br>- приклучоци со гумени заптивки (т.н. „О-прстени").<br>Производот е наменет за градинарска употреба за прскање и наводнување на растенијата.<br><br>Види слика (*).<br> | 8481 80 99 | Распоредувањето е утврдено согласно со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието на тарифен број 8481, и тар. подброј 8481 80 и 8481 80 99.<br><br>Млазницата за прскање што го менува видот на водениот млаз и го регулира протокот на течноста, му дава суштински карактер на сетот.<br><br>Производот не е систем за наводнување (види Забелешки на Хармонизиран систем (ХС) за тарифен број 8424, (Д)) или механичка глава на градинарски распрскувач. Ги има сите видливи карактеристики на млазница за цевки со славина, вентил или друг уред за регулирање на протокот на течности и типот на млаз, што е исклучена од тарифниот број 8424 (види Забелешки на ХС за тарифен број 8424 (Г)). Млазниците за цевки и слични на нив, што се опремени со славини или вентили за распрскување на млаз, се распоредуваат во тар. број 8481 (види Забелешки на ХС за тарифен број 8481, точка 11). Оттука, распоредувањето на овие производи во тар. број 8424 е исклучено.<br>Производот се распоредува во тарифна ознака 8481 80 99 како други вентили. |

(*) Сликата е само од информативен карактер

Прилог 407

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1530/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со правоаголна форма изработен од пластична маса, со големина приближно 18 × 5 × 2 мм. Производот е опремен со пластична лента за да се фиксира на мобилниот телефон и гумена заптивка.<br><br>Производот е наменет за покривање и заштита на USB приклучокот на одреден модел на мобилен телефон.<br><br>Производот го штити мобилниот телефон од вода и прашина. | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено согласно основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Комбинираната номенклатура и наименувањето на тарифен број 3926 и тарифен подброј 3926 90 и 3926 90 97.<br>Производот не е дел од мобилен телефон согласно Забелешка 2 од Оддел XVI, бидејќи ниту механичкото, ниту електричното функционирање на телефонот не зависи од производот (види Судски пресуди од 15 мај 2014 година, податоци I/O, C-297/13, ECLI: EU:C:2014:331, точка 35 и од 20 ноември 2014 година, Rohm Semiconductor, C-666/13, ECLI:EU:C:2014:2388, точка 46). Производот служи исклучиво за заштита на мобилниот телефон. Затоа, распоредувањето во тарифен број 8517 како дел погоден за употреба исклучиво или главно со безжични телефони е исклучено.<br>Производот треба да се распореди согласно материјалот од кој е изработен кој на производот му дава суштински карактер. Пластичната маса му дава на производот суштинско карактер, бидејќи преовладува количински и игра важна улога при неговата употреба.<br>Според тоа, производот е распореден во тарифна ознака 3926 90 97 како други производи од пластична маса. |

**Прилог 408**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1531/2018** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Плоснат флексибилен производ изработен од пластична фолија со воздушни меурчиња, со округла форма со дијаметар од приближно 305 см.<br>Производот е наменет за употреба како прекривка за базени за пливање или базени за деца, за одржување на оптималната температура на водата и чистота на базените.<br><br>Види слика*<br>  | 3926 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванието на тар. број 3926 и тар. подброј 3926 90 и 3926 90 92.<br>Распоредувањето на производот во тарифен број 9506, како дел или прибор за базени е исклучено, бидејќи производот не се препознава како производ кој исклучиво или главно е погоден за употреба кај базени за пливање, согласно Забелешка 3 кон Глава 95. Покрај тоа, производот не може да се смета како дел или прибор за базени за пливање од тарифен број 9506, бидејќи производот не е неопходен за функционирање на базенот, не го прилагодува базенот за некоја одредена функција, не го зголемува обемот на неговата функционалност, ниту пак овозможува вршење на одредена функција поврзана со главната функција која е пливање или капење (види пресуда на суд од 16 јуни 2011 година, Unomedical, C-152/10, ECLI: ЕУ:C:2011:402, ставови 29 и 36). Базенот не може да се користи додека е покриен.<br>Распоредувањето на производот како плочи, листови, филмови, фолии и ленти од тарифен број 3920 или 3921 е исклучено врз основа на Забелешката 10 од Глава 39, бидејќи производот е исечен во кружна форма, наместо да биде несечен или во правоаголна форма.<br>Производот оттука се распоредува согласно материјалот од кој е |

| | | |
|---|---|---|
| | | изработен во тарифна ознака 3926 90 92 како други производи од пластична маса изработени од фолија. |
| (*) Сликата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 409**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1785/2018** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Изолирани кабли (т.н. stacking кабли) со различни должини опремени со конектори на двата краја.<br>Секој кабел се состои од 32 изолирани единечни проводници за напон што не надминува 1000 V, споени во 16 сплетени парови што не се извртени.<br>Паровите се обложени со метална фолија и метални нишки.<br><br>Каблите се поврзуваат со преклопници кои формираат преклопна станица (т.н. stacks) и се користат во телекомуникациските мрежи (локални компјутерски мрежи - LAN). Овозможуваат двонасочен пренос на податоци помеѓу преклопниците користејќи Етернет технологија. Каблите немаат дополнителни функции (на пр. напојување).<br><br>Види слика*<br> | 8544 42 10 | Распоредувањето е утврдено согласно основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура и наименувањето на тарифен број 8544 и тарифен подброј 8544 42 и 8544 42 10.<br>Преносот на податоци помеѓу уредите што користат телекомуникациска технологија, како што е Ethernet, се сметаат за телекомуникациски согласно тарифна ознака 8544 42 10 (види Регулатива за спроведување на ЕУ бр. 1112/2012 (1)). Предметните кабли се наменети за употреба во телекомуникациски мрежи конфигурирани како локални компјутерски мрежи (LANs). Затоа, тие се сметаат за електрични проводници опремени со уреди за поврзување што се користат во телекомуникациските мрежи (види Забелешки на Комбинирана номенклатура (КН) за тар. подброј 8544 42 10).<br>Затоа, овие производи се распоредуваат во тар. подброј 8544 42 10 како други електрични напонски проводници со напон што не надминува 1000 V, со приклучоци од видот што се користат во телекомуникациите. |

(*) Сликата е само од информативен карактер

Прилог 410

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 1864/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ изготвен од следните состојки (% по маса):<br>- рибино масло 99,7307;<br>- токофероли 0,1885;<br>- сончогледово масло 0,0808.<br>Рибиното масло е мешаница од масла добиени од следните рибни семејства: Engraulidae, Osmeridae, Carangidae, Clupeidae, Salmonidae и Scombridae. Ова рибино масло не е масло од црн дроб од риба.<br>Токоферолите се намерно додадени во рибиното масло за да се спречи оксидацијата на липидите. Сончогледовото масло служи како носач и за зголемување на волуменот на токоферолите пред тие да се додадат во рибиното масло. Покрај тоа, сончогледовото масло овозможува правилно растворање на токоферолот во рибиното масло при мешањето.<br>Производот е во рефусна состојба за употреба во производство на меки желатински капсули. | 1517 90 99 | Распоредувањето е утврдено согласно основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура и наименувањето на тарифен број 1517 и тарифен подброј 1517 90 и 1517 90 99.<br>Производот не може да се распореди во тарифен број 1504 како рибино масло затоа што е помешан со сончогледово масло, а наименувањето од тој тарифен број не вклучува мешаници на масла од животинско и растително потекло.<br>Јастивите мешаници на масла од животинско и растително потекло треба да се распоредат во тарифниот број 1517 (види Забелешки на ХС за тар. број 1517, прв став, точка 3).<br>Оттука производот се распоредува во тарифен подброј 1517 90 99 како јастива мешаница на масла од животинско и растително потекло. |

Прилог 411

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 2041/2018 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Кабелски конектори ("машки или женски тип") за напон кој не надминува 1.000 V, изработени од бакар.<br>Производот од едната страна има или вклучник (т.н. машки конектор) или штекер (т.н. женски конектор), а од другата страна контактен уред во форма на фитинг заштитен со слој изолационен материјал.<br>Производот се употребува за поврзување на жици или кабли кои не се коаксијални кабли.<br>Производот ја постигнува врската така што "машкиот конектор" се поврзува со "женскиот конектор" без употреба на било какви алатки. | 8536 69 90 | Распоредувањето е утврдено согласно основните правила 1 и 6 за примена на Комбинираната номенклатура и наименувањето на тарифен број 8536, и тарифен подброј 8536 69 и 8536 69 90.<br>Производот има видливи карактеристики на вклучник (машки конектор) или штекер (женски конектор) опремен со еден контактен уред (види Забелешки на ХС од Глава 8536 (II) (А) (1) и Забелешки на КН за тарифни подброеви 8536 69 10 до 8536 69 90). Затоа, неговото распоредување во тарифна ознака 8536 90 10 како други конектори и контактни елементи за жици и кабли се исклучува.<br>Соодветно на тоа, производот се распоредува во тарифна ознака 8536 69 90 како други вклучници и штекери. |

**Прилог 412**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 321/2019** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Кружен производ со дијаметар од приближно 500 мм и маса од приближно 23 кг. Изработено е од сфероидно графитнолеано железо (ковано железо, EN-GJS-500-7). Производот е обоен со црн битумен за заштита против корозија.<br><br>Производот е сертифициран согласно EN 124 стандард (капаци за сливници и контролни шахти за коловозни и пешачки зони) и се користи како капак за канализација (на пример, за атмосферска канализација).<br><br>Види слика (*).<br> | 7325 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 7325, и тар. подброј 7325 99 и 7325 99 90.<br><br>Распоредувањето на производот во тарифен подброј 7325 10 00 како други производи од нетемперирано железо е исклучено зашто нетемперираното леано железо не се деформира при напрегање под притисок, додека сфероидното леано железо се деформира при напрегање при влечење и исто така при напрегање под притисок до одреден степен. Оттука сфероидно графитно леано железо како такво не може да се смета за нетемперирано железо (види, аналогно, пресуда од 12 јули 2018, Profite Europe, Здружени предмети С-397/17 и С-398/17, EU: C:2018:564).<br><br>Распоредувањето на производот во тар. подброј 7325 99 10 како други леани производи од темперирано железо исто така е исклучено затоа што сфероидното графитно леано железо и темперираното леано железо се разликуваат по својот состав и по методот на нивно производство. Дури и ако сфероидно графитно леано железо има карактеристики слични на тие од темперираното железо (EN-GJM), сепак претставува посебна категорија (EN-GJS) (види, аналогно, пресуда од12 јули 2018, Profit Europe, Здружени предмети С-397/17 и С-398/17, EU: C:2018:564).<br><br>Производот оттука се распоредува во тарифен подброј 7325 99 90 како "други леани производи од друго железо". |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер

**Прилог 413**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 612/2019** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1.Производ изработен од ткаен текстилен материјал (памук) во форма на кула која стои на метална рамка кој се прикачува на еден од краевите по висина на кревет за кој е прицврстена со шрафови. Не може да стои самостојно и да се поместува. Има отвори во форма на отсечоци кои наликуваат на врата и прозори. Украсен е во склад со уредувањето на детската соба.<br><br>Види слика (*). | 6304 92 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 6304, и тар. подброј 6304 92 00.<br><br>Производот не е првенствено наменет за забава на деца затоа што не може да се поместува и не е шатор за игра (види и Коментарски објаснувања на ХС за тар. Број 9503 (Г), прв став, точка 23. Имајќи ги предвид неговите објективни својства (нестабилност, конструкција, високи прозори, потреба од прицврстување на шрафови), производот не е наменет за игра, туку служи за декоративни цели. Оттука распоредувањето во тар. број 9503 како „други играчки", е исклучено.<br><br>Тоа е украсен производ од текстил наменет за детска соба (види Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 6304.)<br><br>Оттука се распоредува во тар. подброј 6304 92 00 како други производи за внатрешно опремување, исклучувајќи производи од тар. број 9404, од памук, освен плетени или кукичани. |
| 2. Производ изработен од ткаен текстилен материјал (памук) во форма на кула кој се закачува по висина на креветот се до подот за да се направи покриен простор под креветот.<br><br>Има отвори или во форма на отсечоци кои наликуваат на врата или како расцеп во ткаенината. Украсен е склад со уредувањето на детската соба. | 6304 92 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број<br>6304, и тар. подброј 6304 92 00.<br><br>Производот не е првенствено наменет за забава на деца затоа што го покрива просторот под креветот (види Коментарски објаснувања на ХС за тар. Број 9503 (Г) прв став). |

| | | |
|---|---|---|
| Види слика (*).<br> | | Оттука распоредувањето во тар. број 9503 како „други играчки", е исклучено.<br><br>Тоа е украсен производ од текстил наменет за детска соба (види Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 6304.)<br><br>Оттука се распоредува во тар. подброј 6304 92 00 како други производи за внатрешно опремување, исклучувајќи производи од тар. број 9404, од памук, освен плетени или кукичани. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 414

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 613/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
| --- | --- | --- |
| (1) | (2) | (3) |
| Навртка од нерѓосувачки челик со внатрешен навој. Има форма на орев со прирабница на едниот крај.<br><br>Производот е наменет за употреба во цевоводен хидрауличен систем за сопирање кај моторните возила.<br>Кога производот ќе се затегне, составните делови на приклучната спојница се поставуваат во правилна положба и ја зацврстуваат хидрауличната заптивка.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 7318 16 39 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувание на тар. број 7318, и тар. подброј 7318 16 39.<br><br>Производот има објективни карактеристики на „производ со навој" од тар. Број 7318.<br><br>Распоредувањето во тар. Број 7307 како прибор за цевки е исклучено зашто производот само ги притиска деловите кои го сочинуваат приклучокот во спојницата и не е во допир со течноста која се пренесува низ цевоводот. Внатрешниот навој на производот не е конструиран да ја формира или одржува хидрауличната заптивка.<br><br>Производот не може да се распореди како недовршен прибор/спојница на основа на општото правило 2 (а) за примена на ХС зашто нема суштински карактеристики на довршен прибор/ спојница.<br><br>Завртки, навртки, тирфони, итн. погодни за употреба во монтажа на прибор за цевки се исклучени од тар. број 7307 (види и Коментарски објаснувања на ХС за тер. Број 7307, исклучувања, точка (б).)<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 7318 16 39 како други навртки од нерѓосувачки челик |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 415**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 643/2019 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој е составен од правоаголни челични плочи со димензии 48,26 см (19 инчи) и правоаголни носачи од пластична маса.<br><br>Носачите се на плочата прицврстени нормално и имаат отвори на пократката страна спротивна од плочата.<br><br>Производот на двата краја е перфориран за да може со навртки да се прицврсти во челични ормари по должината која одговара на должината на производот (ормари од 48,26 см), кои можат да се употребуваат во подрачје на телекомуникација, системи за обработка на податоци, итн.<br><br>Производот е наменет за организирање на каблите во ормарите.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 8302 42 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (в) и 3 од Оддел XV, Забелешка 1 (г) од Глава 94 и наименување на тар. број 8302, и тар. подброј 8302 42 00.<br><br>Челичната плоча му дава суштински карактер на производот затоа што таа плоча се прицврстува во ормарите потпирајќи и држејќи ги носачите на местото.<br><br>Со тарифниот број 8302 опфатени се општонаменски прибор и производи за монтирање од прост метал, кои се употребуваат на пр. за домаќинство, врати, прозори, каросерии итн, дури и ако се проектирани за посебни намени (види Коментар на ХС за тар. Број 8302, прв став).<br><br>Челичните ормари се распоредуваат како мебел во смисол на забелешка 2 од Глава 94 (види и мислење за распоредување во ХС 940320/3 и 940320/4).<br><br>Производот има објективни карактеристики на прибор од прости метали погодни за мебел кои се распоредуваат во тар. Број 8302.<br><br>Согласно Забелешка 2 (в) од Оддел XV производите од тар. број 8302 се делови за општа употреба.<br><br>Распоредувањето во тар. број 9403 како делови од мебел, оттука е исклучено на основа на Забелешка 1 (г) од Глава 94. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Производот оттука се распоредува во тар. подброј 8302 42 00, како друг оков, прибор и слични производи од прости метали погодни за мебел. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 416**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 644/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат за прецизно пренесување на капки течност (т.н. „уред за автоматизирано пипетирање„) со димензии приближно 540 x 680 x 930 мм и тежина околу 128 кг.<br><br>Апаратот се состои од два уреди за прием на микроплочките (појдовна плочка и одредишна плочка), две шипки за дејонизација и ултразвучна глава кои се наоѓаат во компактно куќиште со контролна светлечка диода, мал дисплеј и копче за случај на опасност.<br><br>Апаратот користи метод на акустично исфрлање на капки (Acoustic Droplet Ejection) при што звучната енергија (насочени ултразвучни импулси) се употребува за да се пренесат исклучително мал волумен на капки од течноста од изворната плочка на одредишната плочка со исклучителна прецизност и точност.<br><br>Системот пренесува капки со волумен 2,5 нанолитри по исфрлање, овозможувајќи така пренос на поголеми количини на течност. Од изворот се исфрлаат повеќе капки до 500 пати во секунда.<br><br>Апаратот се употребува за подготовка на мостри во лабораториите за да пренесат одредени количини на реагенс од едната до другата микроплочка. | 8479 89 97 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 8479, и тар. подброј 8479 89 97.<br><br>Апаратот е сложен производ во смисол на Основното првило 3 (б) и се распоредува спрема составниот дел што на производот му дава суштински карактер. И покрај фактот дека мерењето и анализата се потребни за да се обезбеди прецизно дозирање на течност, точното дозирање на исфрлени капки со помош на ултразвук се смета за функција која на апаратот мудава суштински карактер.<br><br>Распоредување во тар. број 9026 како инструмент или апарат за мерење или контрола на проток, ниво, притисок или останати променливи величини на течности или гасови е исклучено зашто мерењето и анализата се помошни функции на апаратот.<br><br>Оттука апаратот се распоредува во тар. подброј 8479 89 97 како други машини и механички уреди со сопствена функција, неспомната ниту опфатена на друго место. |

**Прилог 417**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 645/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ изработен од ткаен текстилен материјал (памук) составен од три меѓусебно сошиени текстилни џебови за закачување на ограда од креветот.<br><br>Производот е наменет за чување на мали предмети. Џебвите можат да бидат украсени за да бидат во склад со уредувањето на детската соба.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 6307 90 98 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7(ѓ) од Оддел XI и наименување на тар. број 6307, и тар. подброј 6307 90 98.<br><br>Џеповите не се сметаат за производи за внатрешно опремување, туку служат како единици за чување предмети (види Коментарски објаснувања на Хармонизиран систем за тар. Број 6304).<br><br>Оттука е исклучено распоредувањето на производот во тар. Број 6304 како други производи за внатрешно опремување. Се работи за готов текстилен производ кој не е посоодветно опфатен во други тарифни броеви од Оддел XI или на друго место во смисол на тар. број 6307 (види Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 6307).<br><br>Производот се распоредува во тар. Подброј 6307 90 98 како друг готов производ. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 418

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 646/2019 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Монтажни вериги за гасеничар (т.н. „верижен ланец„) од лиен челик, кој се состои од алки (карики) поврзани со зглобови. Кариките имаат издупчени отвори за прицврстување на плочи со правоаголен облик (т.н. „папучи„) кои не се дел од презентираниот производ.<br><br>Дизајнот на производот, особено присуството на издупчените отвори на кои се поврзуваат плочите („папучите„) го дефинираат производот како ланец за гасеничар (катерпилар), (кој истовремено служи за пренос на погон и го овозможува движењето на машината), погоден за употреба самостојно или како главна машина заедно со машините за работа со земја од тар. број 8429.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 8431 49 20 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (ѓ) од Оддел XV, Забелешка 2 (б) од Оддел XVI и наименување на тар. број 8431, и тар. подброј 8431 49 20.<br><br>На основа на објективните карактеристики производот е препознатлив како дел погоден за употреба исклучиво или главно со машини од тар. број 8429 (види и мислење за распоредување во ХС 8431.49/1). Објективните карактеристики (големина и облик) се карактеристики на ланците на гасеницата наменети за употреба со машини од тар. број 8429. Во согласност со тоа исклучено е распоредување во тар. број 7315 како ланец од железо или челик.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 8431 49 20 од Комбинираната номенклатура, како други делови погодни за употреба исклучиво или главно со машини од тар. броеви од 8425 до 8430 од леано железо или леан челик. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 419**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 647/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Аудио апарат (т.н. soundbar) за репродукција на звук од аудио фајлови со различен формат и од различни интерфејси. Неговите целокупни димензии се приближно 110 x 14 x 7 см.<br><br>Уредот е опремен со:<br>-интерфејс за Ethernet;<br>-Bluetooth и Wifi мрежно поврзување;<br>-дигитален оптички влез и влез/излез за RCA аудио кабл;<br>-два USB влеза, од кои едниот е во мини формат наменет за сервисирање на производот.<br>Уредот може да се употребува со други уреди за репродукција на звук или со приемен апарт за телевизија. Исто така може да репродуцира аудио фајлови складирани на USB флеш меморија или од интернет радио. Може да создаде просторен звук со „surround sound" звучен ефект и стерео ефект. | 8519 81 45 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 8519, и тар. подброј 8519 81 45.<br><br>Уредот обединува функција на звучник од тар. број 8518 (ако се употребува со други уреди за репродукција звук или со приемни апарати за телевизија) и функција на уред за репродукција на звук од тар. број 8519 (ако репродуцира аудио датотеки од USB преносна (флеш) меморија или од интернет радио).<br><br>Земајќи во предвид дека уредот има и функција на аудио репродукција, распоредувањето во тар. број 8518 е исклучено.<br><br>Бидејќи апаратот е опремен со USB приклучок, тоа значи дека користи полупроводнички медиуми. Оттука производот ќе се распореди во тар. подброј 8519 81 45 од Комбинираната номенклатира како „ други апарати за репродукција на звук кои користат полупроводнички медиуми". |

Прилог 420

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 705/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Вртимушка од пластични материјали, со испалувач и механизам за повлекување.<br><br>Вртимушката се придвижува преку испалувачот и механизмот за повлекување. Може да се користи за разонода самостојно. Друга можност е два или повеќе такви производи да бидат употребени од повеќе лица одеднаш (се исфрлаат во наменска арена во облик на сад (која е презентирана одделно)), кои се натпреваруваат кој ќе ја собори вртимушката на противникот.<br><br>Види слика (*). | 9503 00 95 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. подброеви 9503 00 и 9503 00 95.<br><br>Производот е вртимушка која се смета за играчка од тар. број 9503 00 (види Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 9503, (Г), (xix). Има карактеристики на играчка за забава.<br><br>Иако производот може да се употребува за натпревар на две или повеќе лица, таквата употреба не е својствена кога производот е презентиран одделно (без наменската арена). Затоа распоредувањето во тар. број 9504 како производ за друштвена игра е исклучено.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. подброј 9503 00 95 како други играчки од пластични материјали. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер



Прилог 421

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 822/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. „сврдел со навој„) со кружен напречен пресек, со должина приближно 55 см, со надворешен пречник 6 см, направен од врело поцинкувани челични лимови.<br><br>Едниот крај од свредлот е со конусен облик и има навој, а на другиот крај има елемент во облик на буква У со отвори за шрафови.<br><br>Производот е направен за навртување во тлото на земјата или друг темел за трајно прицврстување на дрвените столбови на конструкцијата (кога ќе се постават во одредена положба, остануваат во таа положба) со нивното монтирање во елементот во облик на У буквата и нивно прицврстување со завртки.<br><br>Сврдлите се употребуваат кај дрвените конструкции, соларни енергетски системи, конструкции за градини и бини, оградни системи, огласни паноа и натписи итн.<br><br>Види слика (*).<br> | 7308 90 59 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XV и наименување на тар. број 7308 и тар. подброеви 7308 90 и 7308 90 59.<br><br>Производот има видливи карактеристики на „делови од конструкција од тар. број 7308. Тој е поконкретно наменет за монтажа на конструктивните елементи; кога еднаш ќе се постави конструкцијата, таа останува во истата положба. Тој има отвори во кои во се вметнуваат завртки со кои се прицврстуваат елементите на конструкцијата при монтажа (види Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 7308, став 1.).<br><br>Распоредувањето во тар. број 7326 како други производи од железо или челик е исклучено, затоа што производите кои се употребуваат во конструкции се распоредуваат во тар. број 7308 (види и Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 7326, точка (1)).<br><br>Оттука производот ќе се распореди во тар. подброј 7308 90 59 како други делови на конструкции од челик. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 422**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 823/2019** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Готов производ од човечка коса, кој претставува прамен од подготвена човечка коса, поврзана на крајот од коренот. Вака подготвениот прамен од коса, директно се спојува со сопствената коса на лицето без понатамошна подготовка, под дејство на топлина.<br><br>Види слика (*).<br> | 6704 20 00 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 6704 и тар. подброј 6704 20 00.<br><br>Поврзувањето на коренот на влакната производот го прават да се смета како дополнително обработен што е различно од опфатот на тарифен број 6703. Затоа се исклучува распоредување во тар. број 6703 како човечка коса, уредена, истенчена, белена или поинаку обработена.<br><br>Поврзувањето на коренот на влакната и фактот дека е тој претставува производ кој без понатамошна преработка е подготвен за спојување со сопствената коса на лицето, треба да го сметаме за производ од човечка коса опфатен во тарифен број 6704 (види и Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 6704, став 1, прв подстав).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 6704 20 00 како плетенки и слично, од човечка коса. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 423**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 830/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со правоаголна форма со заоблени ивици изработен од лиена пластична маса (поликарбонат), во форма на школка која ја покрива задната и бочните страни на мобилен телефон, со приближни димензии од 7 х 14 х 0,8 см.<br><br>Надворешната површина на задниот дел е прекриена со слој од кожа, додека внатрешата страна која доаѓа во допир со позадината на мобилниот телефон е поставена со вештачки влакна (микрофибер).<br><br>Направен е за држење ио заштита на задината и бочните страни на мобилниот телефон. Предниот дел на телефонот останува непокриен.<br><br>Види слика (*).<br> | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3926 и тар. подброеви 3926 90 и 3926 90 97.<br><br>Согласно своите видливи карактеристики производот е направен за држење и заштита на задната и бочните страни над мобилен телефон. Заштитата ја обезбедува материјалот од кој е направена навлаката (поликарбонатна пластична маса).<br><br>Кожниот слој на надворешниот страна на позадината на производот го подобрува неговиот изглед и служи само како дополнителен украс кон главната заштитна намена. Оттука, материјалот што му дава суштински карактер на производот во смисол на Основно правило 3 (б) е поликарбонатната пластична маса од која е изработен заштитниот слој.<br><br>Затоа распоредувањето на производот во тар. број 4205 како други производи од кожа е исклучено.<br><br>Распоредување на производот во тар. број 6307 како други готови производи е исто така исклучено, затоа што од вештачки текстилни влакна е изработена само поставата .<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 3926 90 97 како други производи од пластични маси. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 424

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 921/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ во форма на таблета со содржина на 400 мг S-adenozil-L-metionin disulfat p-toluensulfonat, од кои активната состојка е S-adenozil-L-Metionin (понатаму во текстот „SAMe„).<br><br>Производот содржи и помала количина на микрокристална целулоза, магнезиум хидроксид, стеаринска киселина, магнезиев стеарат, силика анхидрид, калциев оксид и компонента за прекривање (премаз).<br><br>Производот е наменет за употреба како додаток во исхраната што ја олеснува нормалната функција на црниот дроб, му помага на телото да ги исфрли штетните материи и го поддржува оштото добро емоционално здравје.<br><br>Препорачана дневна доза е една таблета. Производот е во рефусно пакување. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Дополнителна забелешка 5 од Глава 21 и наименување на тар. број 2106 и тар. подброеви 2106 90 и 2106 90 92.<br>Количината на активната состојка „SAMe„ во поединечна таблета не е погодна за спречување или лечење на болести и заболувања. Затоа рапоредувањето на производот во тар. број 3004 е исклучено.<br><br>Оттука, производот претставува прехранбен производ неспомнат ниту опфатен на друго место (види забелешка и Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 2106, втор став, точка (16).<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 2106 90 92 како прехранбен производ неспомнат и неопфатен на друго место. |

**Прилог 425**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 922/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ, кој се состои од фини гранули во беж боја, кои содржат бели честици, во рефусна состојба<br><br>Производот содржи:<br>-метионин,<br>-цистин,<br>-калциев пантотенат,<br>-тиамин хлорхидрат,<br>-пиридоксин хлорхидрат,<br>-пара-аминобензоева киселина,<br>-екстракт од просо (*Panicum miliaceum*),<br>-екстракт од пченични никулци,<br>-медицински квасец,<br>-железо,<br>-цинк,<br>-бакар (во комплекс),<br>и помошни материи.<br><br>Понатаму во понатамошниот процес, производот се хомогенизира како би можел да се полни во капсули.<br>Производот е наменет за употреба како додаток во исхрана за спречување на опаѓање на косата и забрзување на нејзиниот раст. Може да се користи и за сува и лушпеста кожа, чешање и себореа, како и за зајакнување на ноктите. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 2106 и тар. подброеви 2106 90 и 2106 90 92.<br>Производот е препарат во рефусна состојба кој главно содржи хранливи нутритивни материи (протеини, основни витамини и минерали) потребни за поттикнување на раст на здрава коса и нокти. Затоа распоредувањето на производот во тар. број 3003 е исклучено (види забелешки со објаснувања на ХС за тар. број 3003, трет и шести став).<br><br>Оттука, производот е прехранбен производ на друго место неспомнат ниту опфатен (види и Коментарски забелешки на ХС за тар. број 2106, втор став, точка (16)).<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 2106 90 92 како прехранбен производ на друго место неспомнат ниту опфатен. |

**Прилог 426**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 923/2019** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. Производ, кој се состои од алкохолна течност со алкохолна јачина од 4-6%..<br><br>Се произведува со мешање на ферментиран сок од јаболко и дестилиран алкохол, газирана вода, шекер, лимонска киселина, арома, конзерванс (Е202), кофеин и боја (Е102, Е124).<br>Додавањето на дестилиран етил алкохол во ферментиран сок од јаболко ја зголемува неговата алкохолна јачина: 62,05 литри ферментиран сок од јаболко на 18% вол. (11,7 литри алкохол ) се меша со 37,95 литри дестилиран етил алкохол со 28,28 % вол. (10,73 литри алкохол). Вкупната содржина на алкохол во производот ја прават ферментираниот алкохол со 51 % и дестилиран алкохол со 4 9 %..<br><br>Добиената смеса со додавање на газирана вода се разредува на алкохолна јачина од 4 % до 6 % вол. Се додава и шекер, лимонска киселина, конзерванс (Е202), кофеин, бои (Е102, Е124) и арома (на пр. манго, рум, маракуја или порто).<br><br>Производот е наменет за правење коктели. Мирисот и вкусот се алкохолни, кисели и сладок.<br><br>Производот е наменет за човечка консумација и подготвен е во пакување за малопродажба во контејнери со волумен од 2 литри или помал. | 2208 90 69 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 2208 и тар. подброеви 2208 90 и 2208 90 69.<br>Производот е алкохолен пијалок кој не ги задржал својствата на производ од тар. број 2206 (види Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 2206, трет став) затоа што се додадени супстанции кои довеле до губење на својствата и карактеристиките на ферментиран сок од јаболко.<br><br>Фактот дека дестилираниот алкохол не надминува 49% присутен алкохол во производот, било во количина или во проценти, а преостанатите 51 % настануваат во постапка на ферментација, не е критериум за распоредување зашто не постои правило на поголем процент со кое се одредуваат карактеристиките на производ од тар. број 2206.<br><br>Оттука распоредувањето на производот во тар. број 2206 е исклучено затоа што производот има објективни својства слични на својствата на алкохолен пијалок, а не пијалок добиен со ферментација на одредено овошје или растение.<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 2208 90 69 како други алкохолни пијалоци во контејнери со запремина од 2 литри или помалку. |
| 2. Производ кој се состои од алкохолна течност со алкохолна јачина од 15%. | 2208 90 99 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број |

| | | |
|---|---|---|
| Се произведува со ферментација на екстракт од шеќерна репа со 93.4 % масен удел на сахароза (96,7 % сахароза на сува материја), протеини, минерали во трагови, влакна и вода.<br><br>Постапката на ферментација се постигнува со додавање вода и квасец и се продолжува се до постигнување на алкохолен удел од 15%. Квасецот потоа се отстранува со седиментација и микрофилтрација. Производот нема специфичен мирис и вкус, освен мирис и вкус на алкохол.<br><br>Наменет е за употреба во производство на алкохолни пијалоци.<br>Се увезува во рефусна состојба. | | 2208 и тар. подброеви 2208 90 и 2208 90 99.<br>Екстрактот од шеќерна репка с неутрален суров шеќер и затоа не може да има вкус, мирис и/или изглед на пијалок произведен од одредено овошје или природен производ. Затоа нема добиено карактеристики на производ од тар. број 2206, туку својства на етил алкохол од тар. број 2208.<br><br>Производ, кој се добива со преработка на ферментиран екстракт од шеќерна репа и наменет за употреба како суровина во производство на алкохолни пијалоци, неутрален што се однесува до боја, мирис и вкус, што е резултат на прочистување (вклучувајќи микрофилтрација) и затоа се распоредува во тар. број 2208.<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 2208 90 99 како други неденатурирани етил алкохоли во контејнери со зафатнина поголема од два литри. |

**Прилог 427**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 924/2019** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. „кутија за оптички влакна со конектори„) со цилиндричен облик и дијаметар приближно 140 мм и висина 400 мм. Масата на производот изнесува приближно 2,5 кг. Изработен е главно од пластика, со некои мали елементи (носачи и шрафови) изработени од метал.<br><br>Дното на производот има четири отвори за кабли. Кога производот е целосно склопен, основата е фиксирана за пластичното куќиште со отстранлив затворач.<br><br>Внатре се наоѓа пластична разводна плоча прицврстена за основата на производот. Таа плоча содржи специфични жлебови за подесување на оптичките влакна/оптички кабли и е опремена со конектори.<br><br>Производот е како целина наменет за заштита на оптичките влакна/оптичките кабли и може да се користи за разни видови мрежи.<br><br>Види слики (*)<br>  | 8536 70 00 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 од Глава 85 и наименување на тар. број 8536 и тар. подброј 8536 70 00.<br><br>Распоредувањето во тар. подброј 8536 90 10 е исклучено зашто во тој тар. подброј се опфатени „конектори и контактни елементи за жици и кабли„ т.е електрични апарати за спојување со електрична врска.<br><br>Производот има карактеристики на конектори за оптички влакна, снопови од оптички влакна или оптички кабли кои едноставно механички ги усогласуваат оптичките влакна од крај до крај во дигитален линиски систем (види исто така Коментарски објаснувања на ХС за тар. број 8536, дел IV).<br><br>Имајќи ги предвид неговите карактеристики, производот оттука се распоредува во тар. подброј 8536 70 00 како конектори за оптички влакна, снопови од оптчки влакна, снопови од оптички влакна или оптички кабли. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 428**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 925/2019** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ со цевчест облик (т.н. спортски појас) од плетен материјал со 88 % полиестер и 12% еластин и обем 66 см. Изработен е од две правоаголни плетени парчиња од текстилен материјал со исти димензии кои се поставени еден на друг и сошиени од три страни, со што се добива облик на еластичен „спортски појас„ со две лица.<br><br>Производот е опремен со рефлектирачки траки, плоснат џеб со патент затворач и два мали отвори, од кои едниот има врвка со еластична трака. Не е опремен со никаква тока.<br><br>Производот е наменет да се носи околу половината, на пример при спортски активности. Џебовите и отворите служат за чување на мали предмети како клучеви, кредитни картици и слично.<br><br>Види слики (*). | 6307 90 10 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (ѓ) од Оддел XI и наименување на тар. број 6307 и тар. подброеви 6307 90 и 6307 90 10.<br><br>Спортскиот појас има објективни карактеристики на готов текстилен прозвод во смисол на тар. број 6307 и согласно Забелешка 7 (ѓ) од Оддел XI.<br><br>Производот не е посебно наменет за чување одредени производи. Не е ниту посебно обликуван и неговата внатрешност не е посебно опремена. Производот не е сличен на контејнери кои се распоредуваат во тар. број 4202 (види прв и четврти став како и исклучување (в) од Коментарските објаснувања на ХС за тар. број 4202). Согласно со тоа, исклучено е распоредување на производот во тар. број 4202.<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 6307 90 10 како „други готови плетени производи„. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер






Прилог 429

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 926/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Предмет со димензии приближно 160 x 54 x 38 см и тежина приближно 1,5 кг, се состои од два споени слоја од текстилен материјал и материјал за внатрешно полнење од пластична маса со целуларна структура. Внатрешната страна на текстилниот материјал е обложена со пластика.<br><br>Предметот има наслон кој се состои од рамка на склопување изработена од метални шипки, која е делумно вградена во производот. Вреќата за чување е сошиена на ивицата на наслонот. Висината на наслонот може да се подесува со помош на каиш со пластично копче.<br><br>Предметот може да се склопува заради пренесување или чување. Во горните агли на наслонот пришиен е каиш за носење, а со помош на повеќе траки за прицврстување, велкро, наслонот може да се прицврсти на површината за лежење при пренесување или чување.<br><br>Презентиран е како простирка за кампирање или простирка за плажа.<br><br>Види слика (*). | 6306 90 00 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименувание на тар. број 6306 и тар. подброј 6306 90 00.<br><br>Суштински карактер на производот во смисол на Основно правило 3 (б) му дава текстилниот материјал зашто тој го сочинува главниот дел на површината.<br><br>Имајќи ги предвид објективните карактеристики (мала тежина, обложеност со пластика за заштита, брзо отворање и склопување за носење) предметот е дизајниран за употреба на отворено или за носење, на пример, кампирање, плажа итн., каде се употребува привремено (види Коментарските објаснувања на Коминирана номенклатура за тар. подброј 6306 90 00).<br><br>Распоедувањето на производот во тар. број 9404 како опрема за кревети и слични производи е исклучено затоа што производот не е дизајниран за опремување на кревети ниту е сличен на душек или сличен предмет.<br><br>Производот се распоредува во тар. подброј 6306 90 00 како други производи за кампирање. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер



Прилог 430

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 927/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Корпа со димензии приближно 32 x 27 x 20 см во облик на квадрат.<br><br>Производот е составен од челични жици (дијаметар на жицата е приближно 4 мм) и хартија. Жицата се наоѓа по должина на рабовите на квадарот и ја сочинува рамката. Рамката ги потпира ткаенината од нишките од основата и лентите од хартија. Секоја лента се состои од две превиткани и надолжно сплетени нишки од хартија кои се сплетени заедно. Секоја сплетена лента од хартија е со ширина од 5,5 мм. Жицата е целосно покриена со хартија.<br><br>Види слики (*) | 6307 90 98 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 од Глава 63 и наименување на тар. број 6307 и тар. подброј 6307 90 98.<br>Корпата не е производ за домаќинство изработен од железо или челик од тар. број 7323, бидејќи жицата изработена од челик не му дава суштински карактер на производот, односно хартијата е таа што му дава суштинско значење на производот огласно Основното правило 3(б), бидејќи производот има изглед на корпа од хартија. Производот нема изглед на корпа од метал бидејќи жицата е целосно покриена со хартија и не е видлива. Покрај тоа, производот главно е направен од хартија. Затоа, распоредувањето во тар. број 7323 е исклучено.<br>Со оглед на тоа дека хартиените ленти се сплетени, тие се сметаат за предиво од хартија (текстилно предиво) во смисла на тар. број 5308 (види Забелешки на ХС за тарифен број 5308, (Б) предиво од хартија, трет став).<br>Распоредувањето на производот во Глава 46 е исклучено врз основа на Забелешка 1 од Глава 46, бидејќи текстилните предива не се сметаат за "материјали за плетарија".<br>Покрај тоа, предивата се ткаени заедно создавајќи ткаенина (од извртени ленти). Затоа, корпата не е производ од предиво од хартија, односно е производ изработен од ткаенина и неговото распоредување во тар. број 5609 (види исто така Забелешки на ХС за тар. број 5609, прв и трет став, (в)).<br>Готови текстилни производи од било кој текстилен материјал, кои не се на |

| | | |
|---|---|---|
| | | друго место подетално опишани во Номенклатурата, се распоредуваат во Глава 63 (види исто така, Забелешки на ХС за Глава 63, Општи одредби, (1), прв став).<br>Според тоа, производот треба да се распоредува во тарифен подброј 6307 90 98 како други готови текстилни производи. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер





**Прилог 431**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 928/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (т.н. "кутија со оптички влакна без конектори") со цилиндрична форма и дијаметар од приближно 140 мм и висина од 400 мм. Тежината на производот е приближно 2,5 кг. Производот е изработен главно од пластика со неколку мали елементи (носачи и завртки) изработени од метал.<br>Основата на производот е обезбедена со четири кабелски отвори. Кога производот целосно ќе се состави, дното се прицврстува на цилиндричната пластична обвивка на производот со округла прилагодлива стега.<br>Во внатрешноста се наоѓа спојка која е направена од пластика, прикачена на основата на производот. Оваа спојка содржи одредени жлебови. Производот не е опремен со конектори.<br>Како целина производот е наменет за заштита на кабли.<br><br>(*) Види слики<br>  | 3926 90 97 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 3926 и тар. подброј 3926 90 97.<br>Распоредувањето во тарифен подброј 8536 70 00 како "конектори за оптички влакна, снопови со оптички влакна или кабли" или тарифен подброј 8536 90 10 како "приклучоци и контактни елементи за жица и кабли" (кои се електрични апарати за поврзување) е исклучено, бидејќи производот претставува само кутија. Не е опремен со конектори за оптички влакна, оптички влакна или оптички кабли, ниту пак содржи "врски и контактни елементи за жици и кабли". Распоредувањето во тар. број 8538 како "делови погодни за употреба само или главно со апаратот од тар. број 8535, 8536 или 8537" исто така е исклучено, како резултат на отсуство на конектори, контакти или можност за нивно вградување, па поради тоа производот не може да се смета ниту како електричен апарат од тарифен број 8536 ниту како дел од него.<br>Согласно наведеното, производот треба да се распореди според материјалот од кој е изработен (пластика), односно во тарифен подброј 3926 90 97 како производ од пластика. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 432

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1082/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Завртка изработена од челик. Завртката има тело со навој и кружна, рамна и мазна глава со заоблена долна страна. Производот може да биде со различни димензии.<br><br>Производот е наменет за монтажа на тенки метални плочи (листови) со хидраулични или пневматски преси. Главата на завртката се поставува во рамнина со плочата, а делот со навој останува вертикално поставен на плочата.<br><br>На тој начин се создава машки навој, кој овозможува со помош на дополнителен мутер го спојува металниот лист со друг елемент кој понатаму може да се одвои со одвртување во обратен правец.<br><br>(*) Види слики<br> | 7318 15 95 | Распоредувањето е утврдено согласно Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 7318 и тар. подброј 7318 15 95.<br>Производот има навој и се користи за монтажа или прицврстување на стоки и лесно расклопување на истата без оштетување. Производот има објективни карактеристики на завртка од тар. број 7318. Затоа, распоредувањето во тар. подброј 7318 19 00 како други производи со навој е исклучено (види и Забелешки на ХС за тарифен број 7318 (А)).<br>Производот се распоредува во тар. подброј 7318 15 95 како други завртки од челик. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 433**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1404/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пар од зашилени врвови сочинети од пластика и метал (челик со врв од волфрам) специјално дизајнирани да бидат прицврстени за стапчиња за Нордископешачењесо клик-он систем.<br><br>Види слика (*).<br><br> | **9506 91 90** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Глава 95 и наименувание на тар. број 9506, и тар. подброј 9506 91 90.<br><br>Нордиските стапчиња за пешачење не можат да се сметаат за стапови за одење, бастуни како тие од тар. Број 6602. Објективните карактеристики на Нордиските стапчиња за пешачење се разликуваат од бастуни за одење од тар. број 6602 со оглед дека истите се дизајнирани да се користат во пар да го туркаат телото нанапред слично на движењето во крос скијање.Рачките се вертикално продолжување бна стапчињата слично на рачките кај стапчињата кај крос скијањето, додека рачките на стапчињата за одење се хоризонтално продолжување на стапчињата за да за да им дозволат на корисниците да ја одржуваат тежината со стапчето.<br><br>Нордиското одење, пешачење, е различно од обичното одење зашто горниот дел од телото работи на туркање на телото напред со помош на стапчињата и, оттука може да се како физичка вежба согласно значењето на тарифен број 9506.<br><br>Врвовите имаат карактеристичен облик и дизајн и специфичен систем на прицврстување што ги прави погодни за употреба само или главно со стапчињата за Нордиско-одење (производи од тар. број 9506) согласно Забелешка 3 од Глава 95. Распоредување во тар. број 6603 како делови на стапови за одење, бастуни од тар. број 6602, оттука е исклучено согласно Забелешка 1 (в) од Глава 66. |
| | | Врвовите оттука се распоредуваат во тар. подброј 9506 91 90 како делови на производи и опрема за општа физичка вежба. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 434

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1661/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Бледо жолт течен производ кој е сочинет од 93% етил естри на масни киселини како и 7% олигомери и парцијални глицериди. Производот е направен од риби како инчуни, сардела и скуша. Производниот процес вклучува рафинација, хидролиза, етил естерификација и фракционирање. Во текот на хидролиза и етил естерификација триглицеридите се трансформираат во етил естри на масни киселини. Производот е предвиден за понатамошна преработка во прехранбената индустрија, добиточна храна и фармацевтска индустрија.Се пакува и испорачува во заштитна атмосфера во челични буриња со капацитет од 190 кг. | 2106 90 92 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 (б) од Глава 38 и наименување на тар. број 2106, и тар. подброј 2106 90 и 2106 90 92.<br><br>Распоредување во тар. број 1516 е исклучено зашто производот се состои главно од етил естри добиени со естерификација на масни киселини со етанол и не со глицерол. Степенот на процесирање на кој производот бил подложен оттука го надминува тоа што е дозволено под тарифен број 1516 каде само ре-естерифицирани триглицериди се опфатени со тој тарифен број (види Коментар на Хармонизиран систем за тар. број 1516, дел (Б), точка (2).<br>Освен тоа, етил естрите на масните киселини не се растителни или животински масти и масла (види исто така Коментар на ХС за Глава 15, Општи одредби, дел (А), втор параграф).<br>Распоредување на производот во Глава 38 е исклучено, како производ кој има нутритивна вредност и се користи во подготовка на прехранбени производи за човечка исхрана (види забелешка 1(б) од Глава 38).<br>Производот оттука се распоредува во тарифна ознака 2106 90 92 како други прехранбени препарати (види исто така ХС мислење за распоредување 2106.90/37). |

Прилог 435

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1811/2019 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Подвижна самобалансирачка машина на електричен погон, т.н робот за телеконференција (англ. Telepresence robot). Составена е од следниве главни составни делови во едно кукиште со две тркала монтирани на оската:<br>- акцелерометар и жироскоп,<br>- електромотор,<br>- Bluetooth модул,<br>- батерија која се полни.<br>Производот има приклучок за полнење на батеријата, статус светло и вертилален телескопски столб со моторизирана контрола на висината. Столбот на врвот има одвоив држач за таблет компјутер. Држачот е опремен со USB приклучок за полнење на таблетот. Производот може далечински да се контролира со помош на компатибилен уред (таблет и сл.) со безжични комуникациски функции со помош на Bluetooth. Се користи за транспорт и подигање или спуштање на таблетот и напојување на таблетот со електрична енергија.<br><br>Види слика (*).<br> | 8428 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименување на тар. број 8428, и тар. подброј 8428 90 и 8428 90 90.<br><br>Производот само го поместува таблетот и го снабдува со електрична енергија; не овозможува на таблетот да врши други работи освен тие за кои е дизајниран. Затоа истиот не е ниту за адаптација на таблетот за одредена операција, ниту го зголемува неговиот опсег на операции, ниту пак извршува одредена услуга во однос на главната функција на таблетот (види пресуда од 16 јуни 2011 година, Unomedical, C-152/10, EU: C:2011:402, став 29, и види исто така Коментар на ХС за тарифен број 8473, втор параграф).<br><br>Оттука, распоредување во тарифен број 8473 како дополнителна опрема за употреба исклучиво или главно со машини од тар. броеви 8470 до 8472 е исклучено.<br>Распоредување во тар. броеви 8479 или 8543 е исклучено зашто производот изведува неколку функции од машини кои упатуваат на тарифните броеви од Глава 84 или 85 (Оддел XVI), како што е подигање и манипулирање (транспорт и дигање или спуштање на таблет), обезбедувајќи струја на уредот и комуникациска функција по пат на Bluetooth протокол.<br>Со примена на Забелешка 3 од Оддел XVI, истиот би требало да се распореди во апаратите кои одговараат на главната функција.<br>Производот е дизајниран за транспорт и дигање или спуштање на таблетот и, оттука, ова е неговата главна функција во смисол на Забелешка 3 од Оддел XVI.<br>Другите функции се помошни.<br>Производот оттука се распоредува во тарифна ознака 8428 90 90 како други машини за дигање, манипулирање, натовар или истовар. |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер

**Прилог 436**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1812/2019 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Шише за вода за повеќекратна употреба направено од боросиликатно стакло, опремено со капаче со навој изработено од нерѓосувачки челик. Капачето има внатрешен о-прстен направен од силикон што обезбедува непропустливо запечатување.Шишето има јамка за носење прицврстена за капачето и силиконска обвивка против лизгање за практична употреба, која може и да се отстрани.<br><br>Шишето е со висина од приближно 220 мм и дијаметар од 60 мм. Дијаметарот на вратот е приближно 30 мм. Шишето има капацитет до 0,6 л.<br><br>Види слика (*).<br><br> | **7013 99 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 7013, и тар. подброј 7013 99 00.<br><br>Распоредување во тар. број 7010 како шишиња, балони и други контејнери, од стакло, од вид за употреба за транспорт или пакување на стоки, е исклучено, зашто производот не се користи комерцијално (види исто така Коментар на ХС за тар. број 7010, прв параграф, Коментар на ХС за 7013, последен параграф, точка (б), и и исто така Мислење за распоредување во ХС 3924.90/2).<br><br>Производот отчука се распоредува во тарифна ознака 7013 99 00 како други производи од стаклоод видови што се употребуваат за на маса, во кујна, за тоалетни цели, внатрешна декорација или слични цели. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

Прилог 437

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 186/2020 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Полиакрилни еластомери во форма на бели блокови од приближно 63 × 40 × 15 см што се состојат од:<br>- два или три вида акрилат мономери (етил акрилат и еден или два од следните мономери: н-бутил акрилат и 2-метоксиетил акрилат),<br>- мали количини на мономер со реактивно место кое содржи хлор, епоксидна или карбоксилна група.<br>Вредноста на јодниот број на овие полиакрилни еластомери е помал од 4. | 3906 90 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 3906, и тар. подброј 3906 90 и 3906 90 90.<br>Вредноста на јодниот број и присуството на мономер со реактивно место укажува дека не е можно производот да се вулканизира со употреба на вообичаен сулфурен систем.<br>Производот може да се вулканизира со помош на системи без сулфур. Одредени видови може да бидат вулканизирани со систем сапун/сулфур во кој сулфурот има улога на збрзувач на реакција, наместо како агенс за вулканизација. И во двата система, резултатот на вулканизацијата е С-О-С врска. Оттука стоката неможе да биде опфатена со дефиницијата за синтетичка гума наведена во Забелешка 4 (а) од Глава 40, со оглед на тоа дека не можат да бидат вулканизирани со сулфур. Согласно наведеното, стоката не може да се распореди во Глава 40.<br>Стоката ќе се распореди во тарифен подброј 3906 90 90 како други акрилни полимери во примарна форма. |

**Прилог 438**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 191/2020** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Флексибилни цевки со надворешен слој од плетена ткаенина од вештачки материјал (85% најлон, 15% еластин) и внатрешен слој во форма на гел, изработен од пластичен материјал со неклеточна структура.Флексибилните цевки се со различна должина (65 до 150 мм) и дијаметар (од 15 до 30 мм).<br><br>Производот е наменет за да го намали притисокот и болката од триењето на чувствителни прсти и нокти на рацете и нозете. Должината на производот може да се прилагоди со сечење.<br>Производот е подготвен за малопродажба. | 6307 90 10 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 1 кон Глава 63 и наименување на тар. број 6307, и тар. подброј 6307 90 и 6307 90 10.<br>Распоредувањето во тарифен број 3005 е исклучено затоа што стоката нема карактеристики на вата, газа, завои или слични производи, во форма или пакување за продажба на мало за медицински цели.<br>Распоредувањето во Глава 39, како пластична маса и производи од пластични маси, е исклучено, согласно Забелешка 2 (м) од ова Глава, бидејќи производот е изработен од текстилни материјали од тар. број 5903 (текстилни материјали импрегнирани, обложени, покриени или ламинирани со пластика).<br>Производот е готов производ, подготвен за употреба, со што производот претставува готов текстилен производе во согласност со Заблешка 7 б) од Оддел XI. Покрај тоа што производот е составен од текстилен материјал од тар. 5903 (текстилни материјали импрегнирани, обложени, премачкани, покриени или ламинирани со пластика), распоредувањето во Глава 59 е исклучено во согласност со Забелешка 8 (а) од Оддел XI, бидејќи Глава 59 не опфаќа готови производи, согласно значењето на Забелешката 7 од истиот Оддел.<br>Во тарифен број 6307 се распоредуваат останатите готови производи изготвени од било која текстилна ткаенина, во согласност со Забелешка 1 од Глава 63, под услов да не се наведени во другите тарифни броеви од Оддел XI. Во овој тарифен број се опфатени и производи што може да се прилагодат со помош на |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, **ц.о. – Скопје**
**бул. Партизански одреди бр.** 29, **Поштенски фах** 51
**в.д Директор и одговорен уредник – Татијана Лалчевска**
**телефон:** +389-2-55 12 400
**телефакс:** +389-2-55 12 401

**Претплатата за** 2020 **година изнесува** 12.200,00 **денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации:** 15 **дена.**
**Жиро-сметка:** 300000000188798.
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.**
**Цената на овој број е** 450 **денари.**

ISSN 0354-1622
2020222